**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ИСТОРИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1944 – 1991)

**- ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА -**

**МЕНТОР**

**Проф д-р Виолета Ачкоска**

**КАНДИДАТ**

**М-р Игор Јуруков**

**Скопје, 2016**

## Содржина

**Вовед** ............................................................................................................ **5**

**I ГЛАВА**

**Образованието и образовната политика во Народна/Социјалистичка Република Македонија 1944 - 1991 година** ............................................ **12**

1.1. Образованието во Народна/Социјалистичка Република Македонија во периодот 1944 – 1970 ............................................................................ 12

1.2. Образовната политика во Социјалистичка Република Македонија 1970 – 1991 ............................................................................ 43

**II ГЛАВА**

**Историското образование во основното и средното образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија 1944 - 1991 година** .......... **55**

2.1. Местото и улогата на историската наука во образованието во Народна/Социјалистичка Република Македонија ............................................ 55

2.2. Наставниот предмет историја во основното образование ........................... 59

2.3. Наставниот предмет историја во средното образование ........................... 61

2.4. Учебниците по историја во основното и средното образование ................. 65

2.5. Дополнителните наставни средства за работа во основното и средното образование во Република Македонија ............................................................ 86

2.6. Учебниците по историја во основното и средното образование ................. 121

**III ГЛАВА**

**Историската наука во високото образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија** ............................................................................ **195**

3.1. Улогата на Филозофскиот факултет во образованието во Народна/Социјалистичка Република Македонија ............................................ 195

3.2. Вишата педагошка школа и развојот на историското образование ............ 206

**IV ГЛАВА**

**Влијанието на историската наука и на историското образование на развојот на свеста на граѓаните во Република Македонија ........................................ 209**

**V ГЛАВА**

**Предизвици на историското образование во Република Македонија ........231**

5.1. Влијанието на надворешната политика на историската наука и на историското образование ........................................................................................ 231

5.2. Внатрешни политички влијанија на историската наука и историското образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија ................. 235

5.3. Иднината на историската наука и историското образование и предизвиците кои предстојат ........................................................................................ 245

**Заклучок ........................................................................................ 250**

**Извори и литература ........................................................................ 255**

# Вовед

Македонскиот народ има богата историја, во која се испреплетуваат периодите кои се дел од еден долготраен процес за создавење на сопствена држава и релизирање на таа замисла. Во двата периоди, иако во дијаметрално спротивни услови, се развивале различни сегменти од општественото живеење кој денес станале дел од македонската историја. Оваа тема е дел од историјата на Македонија, кога се формирала, развивала и менувала државата и институциите кои биле во нејзина служба, историски период кога македонската држава ќе биде дел од федерација со стремеж да стане самостојна и независна, и кој е посебно важен за македонскиот народ. Образованието, а преку него и развојот на личностите и општеството во Македонија, историското образование, а преку него и развојот на националните слободи и градењето на идентитетот на Македонците имаат посебно место и значење во мозаикот наречен Република Македонија и се дел од животот на секој Македонец.

Кога зборуваме за историското образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1944 – 1991), не може а да не потенцираме дека тоа е комплексна тема која што опфаќа еден голем временски период исполнет со настани и личности кои се значајни за создавањето на првите институционални размислувања и пишувања на македонската историја, едновремено со создавањето на првите образовни институции во Република Македонија, како и со донесувањето на различни документи за македонското образование во периодот по 1944 година. Мноштвото настани во образованието воопшто, а посебно на историското образование се издвојуваат и поради значајната карактеристика на образованието - дефинирано како развоен процес. Комплексноста е уште подлабока ако се има во предвид дека до 1944 година историското образование во однос на македонскот народ и на Македонија како држава не постоело, а неговиот развој се следи до 1991 година. Мора да се нагласи дека прилично долгиот историски период има повеќе потпериоди подеднакво значајни за историјата на целокупното образование, но и на историското образование кое е посебно самото по себе. Освен многуте периоди, темата обработува богатство од настани и правци кои се движат од формирање и развојот на институциите кои го третираат историското образование (од општи до специјализирани), со посебен

акцент на времето по Втората светска војна, но и во подоцнежниот период. Во рамките на создавањето и развојот на образованието во Македонија воопшто, свое посебно место има литературата која за првпат се појавува во една самостојна македонска држава. Тоа е дотолку позначајно бидејќи за првпат преку институциите на системот се појавуваат дела посветени на македонската историја, се формираат книгоиздателства, но што е позначајно се создава државно-правно организиран систем на основни, средни и високо образовни институции за историја, како мрежа преку која што се изучува историјата како наставен предмет. Сите набројани сегменти го прават историското образование суштинско и значајно за развојот на македонската држава во периодот кој се обработува.

Во темата се испреплетуваат различните концепти и доктрини на гледањето на македонската историја, почнувајќи од дела пишувани во приближно иста временска рамка кои се однесуваат на ист историски период, но едното објавено во 1950 година, а другото објавено во 2012 година. Во двата труда се наоѓаат записи за македонската историја и видување на историјата на Македонија, првиот на Димитар Влахов, а вториот на Павел Шатев каде е претставена македонската историја, проткаена со помалку или повеќе идеологија, како и со надворешните и внатрешните влијанија на сите кои биле засегнати од третирањето на историјата на македонскиот народ. Засегнати помалку или повеќе од доказите од македонската историја, многумина со дотогашните свои историски ставови и тврдења се нашле загрозени, па кон македонскиот народ и неговата историја почнале да се произнесуваат како кон заедничката, барајќи заедничка југословенска историја, претставена во одредени историски периоди. Во темата ќе бидат претставени и материјали, книги, учебници, историски читанки и учебни помагала по историја кои биле присутни во македонското образование до 1991 година. Во организираниот образовен систем првенствено значење имале наставните програми по историја, кои се негова основа и појдовна точка за реализација на наставата и за пишување на учебниците. Учебниците се надоврзуваат на наставните програмите по историја, обработени систематски за основното, средното и високото образование во споменатиот период. Истите се менувале, дополнувале со податоци и се развивале со нови податоци и содржини, но и во согласност со моменталната идеолошка матрица. Наставните планови и учебниците се нужно меѓусебно поврзани и даваат посебна тежина на темата.

Поради нивната важност и широката употреба, дадено им е значајно место, односно во трудот се опфатени одредени аспекти кои се однесуваат на учебниците по историја во основното и средното образование, како и друга литература и нивното влијание во општеството.

Во поглед на легислативата образованието и неговото институционално конституирање на образовните институции во Република Македонија, како и постојаниот развоен процес е тема во која се вклучени директно образовните процеси на повеќе нивоа. Образованието за Република Македонија по Втората светска војна има посебно значење со самиот факт што за прв пат институционално тоа било дел од еден организиран државен систем во кој наставата се изведувала на македонски јазик. Наставните предмети кои за прв пат требало да овозможат изучување на македонскиот јазик, македонската историја, музичкото и ликовното образование, географијата биле предметите кои го сочинувле националното јадро, односно т.н. „национални предмети". Овие предмети кај луѓето требало да влијаат во креирањето на свеста при изградбата или надградбата на национален и државниот идентитет.

При обработката на темата секогаш се има во предвид фактот дека образованието во Република Македонија и историското образование од 1944 до 1991 година било дел од југословенскиот федеративен образовен систем и тие се развивале во рамките на истиот. Оттука, процесите кои се одвивале во Република Македонија се државно и идеолошки поврзани со оние на федерално ниво. И покрај тоа, македонскиот образовен систем, македонската историска наука и македонското историско образование имаат свои специфичности и карактеристики, кои се најзабележителни во пишувањето на историја, во наставните програми по историја во основното и средното образование, односно при формирањето на наставните предмети во рамките на високото образование. Развојот на овие процеси не значело само развој на историското образование и научната мисла, туку и развој на свеста кај луѓето за нивната историја и идентитет.

Во суштинската мисла за историјата и историските процеси во Југословенската федерација и во Народна/Социјалистичка Република Македонија несомнено големо влијание имале југословенските федерални власти кои ја докажувале и оправдувале државноста преку докажувањето на заедничката историја и словенското потекло на сите народи кои живееле во федерацијата, како постулат на постоењето и градењето на идентитетот на истата. Покрај тоа,

влијание имале и многубројните внатрешни и надворешни фактори, кои сакале да ги оправдаат теориите за непостоењето на македонскиот народ или за негово постоење од 1944 година, претставени пред се во лицето на соседните држави, но и во лицето на старите југословенски историчари, сите директно или индиректно учесници во поделбите на Македонија. Проучувајќи го периодот од 1944 до 1991 година идеологијата е неизбежна во сите периоди од историската наука, но и од предметот историја, посебно во деловите директно поврзани со народноослободителната борба и социјалистичката револуција. Дефинирајќи ја идеологијата како „квази теорија на која што и недостасуваат одлучувачки карактеристики потребни за да биде вистинска научна теорија"[1] и во оваа тема теоретскиот дел се признава како основа за објаснување и градење на научно знаење секогаш поткрепено со докази и документи, додека идеологијата повеќе се однесува на спротивставување на определени теории и политички влијанија на изучувањето на историјата, предавањата, учебниците и сл. Во таа смисла како систем на верување затворена за противречни докази идеологијата ќе биде спомената во повеќе делови од темата, како начин на селективно презентирање и интерпретирање на одредени докази. Доказите и нивната селективност се однесувале на оправданоста од постоењето на државата, заедничкото потекло на народите кои живееле во федерацијата, значењето на социјалистичката револуција како и на нејзиниот социјалистички развој. Историското образование и историската наука во овој период ќе се изборат и ќе докажат, покрај сите притисоци дека историјата на еден народ може вешто да се крие и забранува, но неможе да се избрише. Така образовните и научните работници до 1991 година ќе успеат на различни начини да ги вклучат сите периоди од развојот на македонската историја и на тој начин се обиделе да ни дадат една слика за етногенезата на македонскиот народ. Разните притисоци врз историчарите на сите нивоа во голем дел случаи не довеле до резултат на елиминирање на дел од историјата и идентитетот. Забранетите периоди, како антиката и убедувањата за еднаквоста во стариот век и т.н заедничко историско јадро секако имале резултати кои биле краткотрајни и кои не ги спречиле вистинските историски факти да излезат на површината и да станат дел од македонската историска наука и од македонското историско образование. Од друга страна потенцирањето на

---

[1] Општествено истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи, В. Лоренс Њуман, Скопје, Просветно дело, 2009

словенското потекло и на периодот на социјалистичката револуција и народноослободителната војна, иако, се потенцирале и по бројот на страните заземале највисоко место во литературата, не успеале да ги засенат вистинските историски настани кои во погоден момент станале дел од историското образование.

Во овој дел, исто така, треба да се истакне и непомалку значајниот дел на изградбата на училиштата и институциите, поправањето на училиштата и набавувањето на материјал за истите, кој е дел од историското образование и од историјата на образованието.

„Историското образование во Македонија“ е тема обработувана повеќекратно во определени сегменти на теми пишувани за образованието воопшто, кои обработувајќи ги или споменувајќи ги другите делови на образованието покрај другото го третираат и историското образование, како и на сродни теми кои го обработуваат односот на учебниците и националниот идентитет во основното образование, високото образование и слично, никогаш недавајќи целосна слика на сега обработуваната тема. Пишувањето на оваа тема ќе биде обид да се обработат што е можно повеќе прашања за историското образование, се со цел да се даде што пореална и комплетна слика за историското образованието во Република Македонија во периодот од 1944 до 1991 година.

Да се истражува историското образование во Македонија во периодот од 1944 до 1991 година значи да се споредат гледиштата за македонската историја воопшто, како по Втората светска војна така и подоцна и да се види како тие влијаеле на креирањето на историското образование во Република Македонија. Да се обработува историското образование во периодот од 1944 до 1991 година значи да се разгледаат голем број на документи, списи, наставни програми, учебници и друга литература посветени на историското образование во спомнетиот период до кој авторот на овој труд можел да дојде. Да се зборува за темата, исто така, значи да се претстави формирањето на мрежата на основни и средни училишта во кои се изучувала историјата како наставен предмет и да се увиди и претстави основањето на високо образовните и другите институции кои се занимавале со историја.

При обработката на темата секако од големо значење е и методологијата како и начинот на истражување, методите, дефинирањето на одредени поими и

сл. Во трудот, предничи и во најголем дел е застапено општественото истражување[2] претставено преку методите и методологиите што истражувaачите систематски ги применуваат за да создадат научно знење за одредена општествена тема. Иако во претходната реченица се споменуваат поимите методологија и методи, два поими кои често се мешаат или се сметаат за синоними, даваме објаснување дека методологијата е поширока од методите и таа ги вклучува истите. Методологијата е разбирање на општествено организацискиот контекст, филозофските претпоставки, етичките принципи и политичките прашања на иницијатива од општествени истражувачи коишто користат методи. Методите за оваа тема се специфични техники кои мерат и набљудуваат одредени аспекти од општествениот живот, собирање, обработка и анализа на податоците, како и давање на извештаи за резултатите.

Од техниките кои беа користени предничи историско-споредбеното истражување кое ги испитува аспектите на општествениот живот во еден или неколклу историски периоди, споредува една или повеќе култури или комбинира историски периоди и култури. Овој вид на истражување бидејќи комбинира теорија со собирање на податоци комплетно е соодветен за обработка на темата „Историското образование во Македонија". За темата ова историско - споредбеното истражување како истражувачка техника ќе биде носечка и затоа што ќе бидат користени мешавина од докази за обезбедување на што порелевантни факти. Доказите ќе бидат во вид на документи, книги, постоечка статистика, весници, дневници, учебници, дополнителни наставни помагала, фотографии, набљудувања и интервјуа, кои по анализата ќе бидат дадени во описна и објаснувачка форма.

Историското образование во Македонија има свои поставени хипотези кои преку набљудување, испитување и докажување, како и преку анализирање и претставување на релевантни податоци ја покажуваат релевантноста на поимите, темата и прашањата опфатени со истата. Во темата се става акцент на следните прашања: 1. Какво било образованието и образовната политика во Република Македонија во периодот од 1944 до 1991 година? 2. Кои се документите врз кои се темело историското образование? 3. Кои се првите автори кои учествувале во пишувањето на македонската историја и какви биле учебниците по историја?

---

4.Каков бил развојот на основното и средното историско образование во Република Македонија (1944 – 1991)? 5. Каков бил развојот на високото историско образование во Република Македонија (1944 – 1991)? 6. Какво било влијанието на историската наука и историското образование на развојот на свеста на граѓаните на Република Македонија за споментиот период? и 7. Кои се предизвиците на историското образование во Република Македонија?

Одговорот на овие прашања ќе придонесат да се одговори на основното прашање: Какво било историското образование во Република Македонија во периодот од 1944 до 1991 година? Исто така, при обработката на темата, како и при пишувањето провејуваат и хипотезите кои се однесуваат на идентитетот на македонскиот народ, учебниците по историја, литературата посветена на заедничкото историско јадро, прифаќањето на југословенството како државен идентитет, социјалистичката идеологија, прашања кои можеби на прв поглед не доаѓаат до израз, но се сепак значајни за оваа тема.

Прашањата кои се погоре наведени од техничка гледна точка се обработени во вовед и пет глави кои содржат поднаслови и тоа: 1. Образованието и образовната политика во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1944 - 1991); 2. Развојот на основното и средното историско образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1944 - 1991); 3. Развојот на високото историско образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1944 - 1991); 4. Влијанието врз историската наука и историското образование врз развојот на свеста на граѓаните на Народна/Социјалистичка Република Македонија (1944 - 1991) и 5. Предизвици за историското образование

Сепак со обработката на оваа тема како што претходно беше напоменато не се дадени одговори на сите прашања поврзани со историското образование во Република Македонија, но се очекува темата да претставува поттик на историчарите кои се занимаваат со оваа проблематика да се стремат кон постојано надополнување на темата и нудење на одговори на делумно одговорените или недоволно обработените прашања.

# I ГЛАВА:

## Образованието и образовната политика во Народна/Социјалистичка Република Македонија 1944 - 1991 година

### 1.1. Образованието во Народна/Социјалистичка Република Македонија во периодот 1944 - 1970

Македонската држава своето политичко и правно формирање го врзува за периодот на Втората светска војна, како и во годините кои следуваат. Во овој период Македонците за прв пат имале можност на територија која успеале да ја ослободат, да формираат државни органи и да ја организираат власта. Всушност, по борбите за ослободувањето на Македонија и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ - кога била конституирана македонската држава, потребна била нејзина понатамошна изградба. Со создавањето на македонската држава започнал "период на транзиција не само на стопанскиот развој и на политичката власт туку и во сферата на науката, културата, образованието и секојдневниот живот на луѓето" (Даринка Петреска, Политиката, идеологијата и македонската историографија 1944 - 1953, Взаемни влијанија и рефлексии, Годишен зборник на Филозофски Факултет на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Скопје, 2006, стр. 197). Од сите споменати области инвестирањето во образованието, науката и културата, односно инвестирањето во луѓето и нивните потенцијали било според многумина најоправдано за развојот на македонската држава.

Развојот на образованието започнало непосредно по војната, кога биле направени големи промени во оваа област, а истиот продолжил и во подоцнежните периоди, кои историски имаат големото значење за образованието воопшто, но и за развојот на Македонија. Кога зборуваме за образованието во Македонија треба да нагласиме дека тоа има длабоки корени и свој историски континуитет, почнувајќи од времето на сесловенските просветители Кирил и Методиј и Климентовиот охридски универзитет, преку црковно-училишните општини, па се до училиштата и образовните институции во Македонија пред Втората светска војна. Исто така, во Македонија се образувале и работеле голем број на истакнати македонски дејци, кој давале дух на образованието, секој во своето време. Сепак треба да се нагласи дека Македонија до 1944 година, бидејќи не постоела независна македонска држава не постоеле ниту услови за

образование на мајчиниот јазик. Единствено до оваа година постоеле образовни институции на јазиците на трите држави кои учествувале во поделбата на Македонија со Букурештkиот мировен договор. И покрај ваквата положба на Македонија и Македонците многу луѓе се труделе да стекнат одредено образование, а голем дел од нив се приклучиле кон македонското ослободително движење. Така, голем број од дејците на Македонската револуционерна организација работеле во училиштата во Македонија, како наставен кадар, а еден дел од нив биле биле назначени за уќилишни инспектори од страна на Бугарската егзархија. Но, исто така со жалење може да се констатира дека во периодот на Втората светска војна еден голем дел од образованите и воопшто писмени луѓе во Македонија ги загубиле животите, па по завршувањето на војната нивниот број бил мал. Од наведените причини кога ќе се погледне состојбата по завршувањето на Втората светска војна, може да се види дека бројот на неписменото население бил голем, односно според податоците од декември 1944 година, неписмени биле 67,5% од вкупното население во Македонија[3]. Поради ваквите состојби потребни биле образовани кадри кои сакале да работат во образованието, односно во повоениот период клучни биле поправки на училиштата или изградба на нови и описменување на населението.

Училиштата во текот на војната биле делумно уништени, делумно претворени во воено-полициски објекти, а само мал дел биле сочувани, иако и во овие, во поголем дел од инвентарот бил уништен и разграбен. Со еден збор податоците по војната покажуваат дека училиштата биле неупотребливи за одржување на настава и прием на ученици. Според споментите податоци кои се однесуваат за територијата на Република Македонија 18% од училиштата биле целосно, а 82% делумно уништени[4].

Земајќи ги предвид претходно наведените податоци, за развој на државата неминовно било да се создадат услови за описменување на населението, како и да се подготви кадар кои требало да го изврши овој процес. Затоа во периодот од Првото заседани на АСНОМ до 1950 година започнал процес на обнова на

---

[3] Нада Јурукова, Основното воспитание образование во Македонија (1944-1950), стр.73, споредено со ДАРМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к. 27

[4] Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Институт за национална историја, Скопје, 1990, стр.73, споредено со ДАРМ, фонд: Председателство на Владата на НРМ, Скопје, 1945, к.3. Извештај на Земската конференција за направените штети во Македонија за време на окупацијата

образованието, пред се на основното, при што преку тој процес требало да се создаде кадар кој понатаму требал да придонесе кон развојот на македонската држава. Ваквиот воспитно образовен процес продолжил и по 1950 година, а развитокот и реформите во образованието биле се пообемни, како процес кој се развива и опфаќа размена и прифаќање на позитивни искуства од поединци, институции и други држави, кој траел во периодот кои се обработува, меѓутоа трае до ден денес, а прифаќајќи го образованието како развоен процес се надеваме дека ќе продолжи и во иднина.

На Првото заседание на АСНОМ во манистирот Св. Прохор Пчински биле поставени темелите на македонската држава, пред се со прогласувањето на првата меѓународно призната држава на македонскиот народ кој бил рамноправен со другите народи и со признавањето на македонскиот јазик. Македонскиот народ со голем ентузијазам го започнал развитокот и изградбата на својата држава, во сите сфери, вкучувајќи го и образованието, како суштинско и неопходно во развитокот на државата. Со оглед на големиот број на неписмено население најголемо внимание му се посветувало на описменувањето на луѓето преку основното образование, како појдовна точка во системот на образовни степени, но и преку созавањето на образовни институции, како чинители за создавање на слободната македонска интелегенција која ќе придонесе во формирањето и развитокот на младата македонска држава.

За полесно спроведување на својата политика, Президиумот на АСНОМ на својата прва седница, одржана на 6 август 1944 година, во селото Рамно, Кумановско, донел одлука за организирање на осум оддели (Поверенства) на Президиумот, меѓу кои било и Поверенството за просвета. Поверенството за просвета при формирањето имало своја структура, која што требало да му овозможи организирана и ефективна работа, односно преку обласните, окружните и околиските НОО, биле формирани просветни оддели, кои работеле на создавање на мрежа на училишта, обезбедување на наставен кадар и спроведување на наставата на целата територија на Република Македонија. Треба да се истакне дека во периодот на ослободувањето и непосредно по него овие оддели ја понеле најголемата одговорност и тежина на образовната и културната дејност.

Во Президиумот на АСНОМ за образованието биле задолжени, повереникот за просвета Епаминонда Поп Андонов[5] и референтот за просвета Димче Стојанов - Мире[6], а ангажирани биле бројни македонски интелектуалци од кои посебно се истакнале Крум Тошев, Љубен Лапе, Димче Левков, Блаже Коневски, Воислав Илиќ, Михајло Петрушевски и други.

Поставеноста на Поверенставото за просвета, просветните оддели и другите тела овозможувале во периодот по војната да се воспостави образование кое требало да се развива во подоцнежниот период со определена динамика.

Како што е веќе споменато најзначаен дел од образованието во Македонија по втората светска војна било основното образование, кое што требало да ги описмени лугето и да создаде основа за создавање на кадар кој ќе работи во сите области на индустрискиот и општествениот развиток на Македонија. Во овој период основното образование требало да покаже дека македонската држава функционира на целата територија, преку воведувањето на јазикот, историјата, географијата и другите предмети во училиштата, и истовремено да ги покаже и придобивките од извојуваната победа. Секако образованието било и основа за создавање на младина која ќе ја сака и почитува државата, од која пак се правела основа за понатамошната изградба на личноста. Затоа во целиот овој период на основното образование му се давало посебно значење. Просветната политика во

---

[5] ПОП-АНДОНОВ, Епаминонда (Струмица, 1898 - во окол. на Софија, Бугарија, 1968) - делегат на АСНОМ и прв повереник за народна просвета во ДФМ. Завршил основно и средно образование во родниот град и во Скопје. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Белград (1922). Меѓу двете светски војни бил професор по филозофија, психологија и француски јазик во повеќе места (Струмица, Бања Лука, Сараево, Врање и Скопје). Член на КПЈ од 1944 г. Во НОБ се вклучува во 1944 г. Бил член на Иницијативниот одбор за свикување на Првото
заседание на АСНОМ, делегат на АВНОЈ и на АСНОМ и секретар и член на Президиумот на АСНОМ. На третата седница на Президиумот на АСНОМ (2-5. 09. 1944) предлага да се издаде македонски буквар, да се отворат гимназии и учителски школи и да се проучи прашањето за отворање универзитет во Македонија. Формира
Комисија за „унификација на македонскиот јазик, односно Комисија за македонската азбука и ја раководи нејзината работа. Бил член на Уставотворното собрание за донесување на Уставот на НРМ (1946). Бил директор на Народната библиотека во Скопје (1947-1951) и професор на Педагош ката академија (1952-1966).

[6] МИРЕВСКИ, Димитар Стојанов (Димче Мире) (Прилеп, 10. 10. 1910, Скопје, 4. 9. 1991) – археолог, историчар и архивист, национален деец, политичар. Основно образование завршил во Прилеп, гимназија во Битола и Филозофски факултет (Група археологија) на Белградскиот универзитет (1935). Учествувал во организирањето на работничките штрајкови во Прилеп и во изборите во 1936 и 1938 г. Од политички причини бил апсен и прогонуван
и до 1940 г. не можел да добие државна служба. Бил еден од учесниците на разговорот на група македонски интелектуалци (К. Рацин, Љ. Арсов и др.) со проф. Н. Вулиќ (1939) во врска со македонското национално прашање. Подоцна бил професор во српската гимназија во Пеќ ( до април 1941) и во бугарските гимназии во
Кратово 1941 –1942) и Ловеч (Бугарија, 1942 - 1943). Поради анифашистичката дејност бил отпуштен од работа и интерниран во работниот логор во Чучулигово (Пиринскиот дел на Македонија, до август 1943), каде што се нашле со М. Андонов- Ченто, Љ. Лапе и други македонски дејци. По враќањето во Македонија станал борец на Втората а потоа на Петтата македонска НО бригада. Бил член на АСНОМ (од август 1944). На Второто заседание на АСНОМ бил избран за член на Президиумот и повереник за просвета на ДФМ. По Ослободувањето бил член на Президиумот на Народното собрание, министер за просвета на НРМ (1947-1951), директор на Дирекцијата на поштите, претседател на Народното собрание на НРМ (1951-1955), народен пратеник во Републичкиот собор на Народното собрание на НРМ, претседател на Одборот за просвета, претседател на Здружението на архивиститена Македонија, претседател на Матицата на иселениците од Македонија, а до пензионирањето директор на Архивот на Македонија (1960-1978).

повоениот период несомнено како примарна цел го имала описменувањето на неписменото население, но истовремено преку просветната политика требало да се придобие населението и од нив да се направат „подобни граѓани“ и послушни воспитаници во духот на југословенството и социјалистичката революција. Затоа е важно прашањето да се направи дистинкција помеѓу оние кои ја креирале просветната политика и оние чија што задача била да ја спроведуваат.

Во претходниот дел, кога се потенцираше разлика помеѓу креирањето на политиката во образованието и спроведувањето на истата, треба да се прецизира разликата помеѓу состојбата околу ова прашање пред и по политиките на владата која дејствувала во периодот кога Методија Андонов – Ченто бил претседател на Президиумот на АСНОМ. Иако можеби во споменатиот период не е соодветно да се зборува за „политики“, сепак треба да се истакнат разликите кои произлегуваат од документите и ставовите. Имено, според докуменитите донесени во времето на заседавањето на Президиумот на АСНОМ и на Поверенставата, Владата во овој период, несомнено креирала политика, а владите кои ќе следат спроведувале политика. Имено, во рамките на насоките кои ги дава владата на Андонов, во наставните програми и во документите се забележуваат предмети и програма која што треба да ги изградат македонскиот дух и македонската младина.

За функционирањето на повоената власт посебно било значењето на просветните оддели кои биле организациски единки клучни за образованието. Просветните оддели пред почетокот на новата - прва учебна година требало да обезбедат просторни и технички услови за одвивање на образовниот процес, односно работеле на првиот сегмент неопходен за реализација на настава, односно на создавање на неопходни услови преку изградба и поправка на училишните згради кои биле целосно или делумно уништени. Преку извештаите на просветните оддели може да се види состојбата на училиштата. Така, според извештајот напишан на 22 декември 1944 година од Љубен Лапе[7] кој бил

[7] ЛАПЕ, Љубен ( Прилеп, 11. 10. 1910 - Скопје, 24. ЏИ 1985) - историчар, унив. професор, член на МАНУ. Се школувал во Прилеп и во Белград, каде што ги завршил студиите по историја. Бил професор по историја во Подгоричката гимназија. По капитулацијата на Југославија (1941) се вратил во Македонија (Прилеп). За време на бугарската окупација бил професор во Струмица, а потоа бил преместен во Панаѓуриште (Бугарија). Бил одведен во логорот Чучулигово (1943). По капитулацијата на Бугарија (во есента 1944) бил ослободен, се вратил во Македонија и бил поставен да ја раководи просветата во Битолската област. Бил помошник на повереникот за просвета (од јануари 1945), станал еден од основачите на Филозофскиот факултет (1946), на Педагошката академија (1947), на Институтот за национална историја (1948), на Архивот на Македонија, на Друштвото на историчарите на Македонија и др. Бил директор на Институтот за национална историја (1952-1956), еден од покренувачите и редактори на Гласникот на ИНИ и на сп. Историја.Бил избран за дописен (1972), а потоа и за редовен член на МАНУ (1974).

раководител за просвета од Битолската област, просветувањето на македонскиот народ започнало уште за време на воените дејства, но се истакнува дека отворањето на училиштата не било рамномерно[8]. Притоа се истакнуваат причините за нерамномерното отварање на училиштата. Најчестите проблеми биле изгорените училишта и немањето на инвентар, а нерамномерноста посебно била изразена во односот село - град. Затоа се преземала иницијатива за менување на училишните згради и нивно поправање.[9] Во изградбата и поправањето на училишните згради учествувале сите кои можеле да дадат било каков придонес во изградбата: учителите, населението, учениците и војниците. Професорот Лапе, во перодот непосредно по војната, во улога на раководител на битолскиот просветен оддел истакнал: *"Благодарение на народната власт и лубовта на народо кон просветата нај-верните синој работеја и дејне и нојкје за да и попра училиштата или да и преместа во други згради. Има примери во Кавадарска и Охридска околија кај шо се поправа училиштата од самите ученици сетне станале учители во тие села. И така, горе-долу са стегна зградите за училишта во целата облас за да и прибера македонските деца."*[10]

Активното вклучување на граѓаните и желбата за образование се рефлектирала и преку сведоштвата на одредени учетели и ученици, посебно во делот на подготовката на училиштата за нивно отпочнување со работа. Така, во скопско во повеќе села забележани се појави на отварање на училишта, поправки, прилагодувања на куќи и племни, и изградба на нови за што имаме и усмени сведоштва.[11] Во едно од сведоштвата се вели: *"Во Љубанци при крајот на 1944 година по предлог на народната власт се донесе решение да почне со работа основно училиште. Бате Блаже Слезенковски, Велко Христовски, Милошев и јас почнавме со организација. Растурените клупи, столиците и другиот инвентар го собравме и според нашите способности ги обновивме. Сите работевме како кртици. Се очистија училниците и другите простории. Се*

---

[8] Извештај од Околискиот НОО Битола до Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ од декември 1944 година, Поверенство за народна просвета, АСНОМ документи, Скопје 2001, том I, кн. 6, док. 50, стр. 211

[9] Исто.

[10] Исто.

[11] Сведочењата се направени по Методот на усната историја со помош на интервју кое го подготвил и реализирал Игор Јуруков. Сведоштвата се од големо значење за времето за кое пишувам и се драгоцен извор. Поради нивната вредност пренесени се големи делови, се со цел да се прикаже состојбата во периодот по војната.

*создадоа елементарни услови за работа. Јас станав кум. Го крстив училиштето Гоце Делчев".*[12]

Иако состојбата била тешка, се вложувале максимални напори, од учителите, населението и самите ученици, за што говорат и следниве сведоштва.

*"Во село Радишани најпрво приспособив една племна. Во племна учевме. После му ја земав куќата на еден српски колонист кој имаше убава и големе куќа. Тој беше уште тука. Кога му ја побарав да ми ја даде за школо тој ме удри по носот и ме избрка. Му реков дека секако ќе му ја земам. Напишав писмо до одборот и му ја земаа, а мене ми ја дадоа за школо. После и него го избркавме. Во поново време изградивме право училиште.*

*Кога ме преместија во Арачиново селото беше разурнато. Со селаните ставивме прозори на училиштето. Клупи и столчиња немаше. Јас носев даски со коњи од моето село, Љубанци. Таму имаше пилани. Дрвата ги сечевме на помали парчиња во село Арачиново. Таму сам направив клупи за пишување и клупи за седење. Требаше да дојде мисија со Англичани и јас им бев домаќин. Најдов еден лим - тој ми беше табла. Изделкав стапче за покажувач и од едно стапче направив метро кое беше изрезбано, да ги покажувам мерните единици. Учениците пишуваа на што можеа да најдат, пошто моливи и тетратки немаше. Англичаните беа задоволни."*[13]

Треба да се спомене дека условите биле најтешки во селата и битно се разликувале од условите во градовите. Селата биле неразвиени, а населението несвесно за образованието и образовните процеси. За ваквите разлики сведочи д-р Воислав Кушевски, кој во текот на војната бил учител во селото Бањани (Скопско). Тој вели: "*Таму луѓето уште спиеја на рогозина, а знаете каде е Бањани... и не е само тоа*". [14]

Условите во селата во Скопско ги надополнува учителката Спасија Николова, преку своите сеќавања за учителствувањето во село Зелениково. Таа раскажува за радоста со која ја примила задачата, но и тешкотиите со кои се соочувала. "*Самото село незнаев каде се наоѓа, немав никаква претстава за*

[12] Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) од Бојко Стојановски, просветен работник во пензија, сведок на настаните, работено по методот на усната историја. Истото е во сопственост и се чува од автпрот. Скопје, 2007.
[13] Исто.
[14] Проф.д-р Атанас Николовски, "Професорот Христо Зографски во образовните процеси во слободна Македонија", стр. 27, авторот се осврнува на Тркалезната маса на тема "Развојот на воспитанието и образованието во Скопје и скопско 1944-45" одржана во Скопје на 25.10.1986.

*далечината и местоположбата! Декември 1944 година... превозни средства никакви, а селото оддалечено триесет и неколку километри од Скопје. .. имаше снег до колена, беше тешко бавме измрзнати па моравме да пренокиме во селото Орешје."*[15] Утредента групата учители стигнале во село Зелениково , каде селаните не го криеле своето изненадување. Сега требало да ја приспособат училишната зграда. "*Немаше ниту една погодна училница за изведување на настава, ниту просторија за живеење... Училиштето требаше да се очисти, во него престојувале и војски, да се наместат врати, прозорци, да се врати училишниот инвентар, кој беше засолнет од населението во соседните села. Бевме непопустливи, упорни и настојчиви во настојувањето училиштето да го доведеме во ред и да ги прибереме учениците. Соработката со одговорните луѓе и помошта на месните организации и населението, придонесоа за кусо време да се создадат услови за работа".*[16]

Од документите и податоците до кои можеше да се дојде за одбележување е односот на населението кон образованието. Кај населението се бележеле различни реакции, посебно кај родителите на учениците. Такка, во најголемиот број случаи кои ги сретнуваме во нашата литература во градските и селските средини се забележува прифаќањето на учителите со радост и со љубов, а се вели дека децата со нетрпение сакале да одат на училиште. Но, постојат и сведоштва кои ни зборуваат за поразлични ставови и мислења од оние прикажани во литературата. Во сведоштвата се гледа дека немало секаде позитивен и добар однос кон учењето и училиштето, што ни дава за право да заклучиме за појава на отпор кој се јавувал кај населението, најмногу поради неинформираноста и поради недоволно изградената свест за образование. Така, во едно сведоштво се забележува: "*Сега училиштето требаше да заживее, да се слуша детскиот жагор, македонскиот збор... Требаше да се приберат учениците од селата Пакошево, Таор и Ново Село, кој се наоѓаа преку реката Вардар. Со таа цел тргнавме по селата да ги запишуваме учениците.. Наидовме на големи потешкотии, недоразбирања, недоверба. Имаше многу деца кои прераснале и воопшто не оделе на училиште, а други подолго паузирале... Родителите тешко се сложуваа да ги пуштат децата бидејќи тие им помагаа во полските*

---

[15] Проф.д-р Атанас Николовски, "Професорот Христо Зографски..., сведоштво на Спасија Николова на Тркалезната маса на тема "Развојот на воспитанието и образованието. стр. 29
[16] Исто.

*работи и, според нив, и тие не оделе на училиште, па, ете, го туркаат некако животот... А луѓето живееја многу бедно, примитивно. Некој живееја со стоката, ... Нам ни беше чудно, бидејќи дотогаш не бевме посетиле некое село.*"[17]

Ваков однос на населението е забележан во повеќе села во Скопско, Тетовско, Струмичко и на други места, каде децата не биле во училиште, посебно во деновите кога се работеле полските работи, а има и деца кои на училиште оделе во училиште во зависност од времето. "*Мојата мајка одела на училиште само кога врне, бидејќи нејзиниот татко му соопштил на учителот дека останатите денови таа мора да оди на поле*". (Игор Јуруков, Сведоштво на жител од полошкото село Стенче со иницијали С. Б. кој сакаше да остане анонимен).

Во текот на изградбата на училиштата, но и потоа од кога почнала учебната година се јавувале разни тековни проблеми. Еден интересен пример е забележан во струшкото село Глобочица, од каде што учителот испратил писмо до Околискиот НОО - Струга, во кое се вели: "*Нашево училиште нема табла, јас побарав од НОО на селото да ми набави табла. Тој ми рече дека селото нема можност да ми набави табла... Ве замолувам испратете една писмена наредба до селово за да во најскоро време набави табла која ми е многу потребна и без која не можам да работам*".[18] Покрај потешкотиите со обезбедувањето на просторни и технички услови за одвивање на образовниот процес, во Македонија сериозен проблем во образованието претставувал недостатокот од соодветен наставен кадар. Бројот на писмените луѓе бил мал, па се гледало на секој начин да се придобијат сите оние кои имале било какво образование, а сакале да бидат учители. За подобрување на состојбата, Президиумот на АСНОМ донел заклучок во наставно-воспитната работа да бидат ангажирани младинци со пониска училишна подготовка, дури и лица кои немаат доволно образование, но имаат наклоности за вршење на учителска работа.[19] Се препорачувало до НОО да се работи со сите сили кои можеле да се искористат. За распоредот на Наставниците се грижело Поверенството и Народно ослободителните одбори. Во некои случаи

---

[17] Исто, стр.31.

[18] Историски архив - Охрид, фонд: Околиски НОО Струга, 1944, к.1.1.

[19] ДАРМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1944, к.2. Записник бр. 3 од седницата на Президиумот на АСНОМ одржана од 2 до 5.09.1944.

наставниот кадар добивал и наредба за распоредување на работа, која речиси и да неможела да се одбие.

Проблемот со учителите бил еден од најтешките проблеми за решавање. Првиот чекор што бил преземен е ослободувањето на и онака малиот број на учители од военатa служба, односно нивно отпуштање од Петнаесеттиот корпус од македонската војска кој требало да замине на фронтовите ширум Југославија и нивно ставање на располагање на Поверенството за просвета. Тоа биле сите учители од 18 до 25 години, односно 70% од учителите во Битолскиот округ.[20] Се истакнува дека поради ова се заканувала опасност многу училишта да бидат затворени, посебно училиштата во селските средини. Официјалните податоци зборуваат дека во декември 1944 година биле затечени околу 337 учители и 140 професори.( ДАРМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1945, к.8. Извештај за Поверенство за просвета од 1. III. 1945.) Според сеќавањата на Димче Мира[21] во Македонија во тоа време имало вкупно околу 620 учители. ( Иван Глигориевски, Првите учители на македонски јазик (1943 - 1948), (Сведоштво на Димче Мира) Скопје, 2007, стр.109). Со овие учители (со учителска школа) и со околу 120 луѓе со високо образование од областа на просветата, науката и културата, требало да се задоволат потребите на Поверенството, Поверенствата во областите, околиииите и градовите, основните и средните училишта, ако и за ангажирање за организирање на учителски курсови. За подготвување на нови учители биле повикани сите кои имале завршено шести, седми и осми клас, а кои немале матурирано, биле “мобилизирани”, им биле одржани убави патриотски говори и биле испратени на курсови. Македонија само за учебната 1944/45 година имала потреба од 3000 учители и 450 професори.[22]

За подготвување на наставен кадар организирани биле краткотрајни учителски курсови кој траеле најпрво четири дена, а потоа од 15 до 25 дена, одржувани биле семинари, отварани биле посебни училишта за учители со посебни прилагодени за тоа предмети, а биле одржувани и напредни курсови за интелектуалци.

Со цел наставниот кадар кој веќе имал учителска школа, да се потсети на работата, за учителите со завршена учителска школа организирани биле три

[20] Извештај од Околискиот НОО Битола, цит. дело, стр. 211.
[21] Димче Мира се среќава и под името Димче Стојанов-Мире.
[22] Нада Јурукова, Основното восп. ...1944-1950, стр.76, споредено со Лазар Лазаров, Просветната политика на НРМ од 1944 до 1956 година, Скопје, 1984, XXXIX, бр. 1-2, 18-38

дневни и четиридневни курсови. Според досегашните податоци првиот ваков семинар бил одржан во Крушево, на него учествувале околу 30 курсисти, а сличен курс бил одржан и во село Бегниште, Тиквешко.[23]

Како еден од позначајните и поголеми собири за образование на учетили кој се среќава во литературата посебно е курсот за учители во село Семерин, Гевгелиско одржан од 23 до 31 октомври 1944 година, кој траел 8 дена и на кој биле оспособени 34 учители. Бидејќи се покажал како успешен одржан бил уште еден курс за учители кој траел од 13 до 23 ноември 1944 година, овопат во градот Гевгелија на кој биле оспособени уште 40 учители од гевгелиско-валандовско-дојранскиот регион. (Иван Глигориевски, Првите учители на македонски јазик (1943 - 1948) цит. дело. стр. 120, спор. Нада Јурукова, Основното восп. ...1944-1950, цит. дело. стр.113). На овој курс обработени биле повеќе содржини од повеќе области, од кои најзначајни биле мајчиниот јазик, историјата, педагошката работа и хигиената, а по завршувањето на курсот врачени биле уверенија за назначување на учители.

Учесници на курсот за учители во своите искази сведочат за начинот на кој што биле повикани, за патот до село Семерин и за самиот курс. *“Беше месец октомври 1944 година. Беше пазарен ден... кај нас пристигна мојот соученик Милчо Иќокаев и ми донесе писмо. И што да прочитам. Во него пишуваше:”Ве повикуваме во текот на утрешниот ден да одите во село Семерин, на Кожуф планина, под директива на илегалниот комитет на Партијата заедно со триесетина други младинци.” Таму ќе се одржувал курс за учители...*“ (Иван Глигориевски, Првите учители... , Сведоштво на Марија Каракашлиева, стр.120)

За начинот на создавањето на млад учителски кадар, нивното постојано усовршување имало и едноипол месечни курсеви и летни учителски школи. *“По завршувањето на тогашен седми клас тогашната општинска власт во Кратово изврши мобилизација за вклучување во процесот на образование. Во 1944 година некои учители беа распоредувани во одделенска, а некои во предметна настава. Некои ученици од петти клас гимназија беа мобилизирани за учители по селата. Тие учители после за три лета посетувајќи семинари, добија звање учители. Јас одев на едноипол месечен курс од тогашните постари учители.*

---

[23] Нада Јурукова, Основното восп. ...1944-1950, според сеќавањата на Димче Стојанов-Мире и на Апостол Апостолов, стр.112.

*Во летото 1945, по завршувањето на учебната година, заминав на семинар, кој траеше три месеци. На тој семинар се демонстрираа знаења од областа на методиката, педагогијата, македонскиот јазик и практичната настава. Полагавме Македонски јазик - писмена тема и Практика, и така се здобив со звање учител".* (Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) од Павлина Лесева, просветен работник во пензија, сведок на настаните, работено по методот на усната историја во Скопје, 2007).

При организирањето на учителските курсови НОО внимавале, за учители да бидат избрани личности кои имаат углед во народот, кои се соодветно образовани или кои се близу до завршување на образованието, Народно ослободителните одбори превземале обврска да обезбеди исхрана и сместување за учителите и да обезбедат соодветна план и програма.

Постоечките учители од Битолската област биле ангажирани во поширокита културно просветна дејност и биле усовршувани преку конференции. Документитие посочуваат на две вакви конференции во Струга и во Дебар, со наслов: "Воспитната цел и наставните принципи на младата македонска држава".(Извештај од Околискиот НОО Битола до Поверенството за прос... цит. 213). Покрај споментите конференции, кон крајот на војната започнале подготовки за учителски школи, кои започнале со работа во првите денови од ослободувањето на Македонија.

Поточно, на Трета седница на АСНОМ, одржана во манистирот Св. Прохор Пчински од 2 до 5 септември 1944 година било донесено решение за отварање на учителска школа со која би требало да биде решен проблемот со учителскиот кадар. Најпрво се отворила Учителската школа во Скопје, која почнала со работа на 1 март 1945 година, а во учебната 1945/46 се отворила Учителска школа во Штип. Следната година, во учебната 1946/47 отворена била и Учителска школа во Битола. На овој начин се сметало дека ќе се реши прашањето од недостаток на учители, но истите бие премалку за системски да се реши прашањето, со оглед на потребата од кадар во одделенска и предметна настава. Се смета дека конечно прашањето на учителите било решено со отварањето на Вишата педагошка школа која својата работа ја почнала на 1-ви ноември 1947 година во Скопје, и била единствената педагошка институција во Македонија од таков вид.

Во целиот овој процес на работа за надминување на недостатокот од кадар се преземале и други активности, односно се донесувале закони и се формирале

определени тела кои требало да помогнат во надминување на проблемите. Имено, за да го организира и осигура подигањето и понатамошното усовршување на средните и нижите стручни училишта и курсеви во НР Македонија, бил донесен Законот за Петогодишниот план за развој на народното стопанство на НР Македонија, за периодот 1947-1951 година. Во член 79 овој закон свое место нашло и образованието. Врз основа на член 29 точка 3 од Законот на НР Македонија, Владата на донела Уредба за основање на Комитет за средни и нижи стручни училишта и курсеви.(„Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 31/47) Комитетот требало да го заживее средното образование, но првенствено да направи стручен кадар образуван во стручни училишта или курсеви. Задачи на Комитетот биле: изработка на план за средни и нижи квалифицирани стручни кадри; планирање запишување во средни и нижи стручни училишта и курсеви; евиденција на учебници и прирачници за средни и нижи стручни училишта и курсеви; решавање на прашања поврзани со стипендии, финансиски средства, како и надзор на работата на училиштата. Воедно, Комитет за средни и нижи стручни училишта и курсеви е една од првите институции која е стручна, научна и истражувачка.

Во периодот од 1944 до 1950 година, во тешки услови, наставниот кадар работел со голем ентузијазам и постигнувал задоволителни резултати. Наставниот кадар во извештаите непропуштал да ја спомене лошата економска состојба на учителите.

Од одредени документи се дознава за потешкотите во годините по ослободувањето, а дел од нив биле и сместувањето и платата на учителите. Во годините по војната најголем дел од учителите имале месечни примања, но има сведоштва на еден дел од учителите кои според нив работеле без месечна плата. За нив се грижело селото каде што престојувале. Селаните им давале храна, огрев, сместување, а скоро секаде посебно ги ценеле учителите. За грижата има бројни примери. "*Бевме многу почитувани од селаните. Кога живеев во Арачиново, одвоен од семејството, ми дадоа соба за сместување, во школото. Селото ме ранеше, ми носеа јадење секој ден, најчесто месено. Редот го знаеја сами. За огрев исто. Плата немав. Си направив и бавчичка во дворот. Имаше и учители што чуваа свињи, крави и кокошки...*" (Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) од Бојко Стојановски). Во друго сведоштво се вели: "*Двете многу млади неискусни бевме сместени во една зграда без огрев, санитарии и*

*осветлување. Единствено светло ни беше кандило кое гореше со фитил и свинска маст, а за плата и непрашувавме* ".[24]

Проблемот со платата е забележан во исказите на дел на учителите и затоа е вреден да се спомене. Во разговор со соговорниците платите и пензиите на просветните работници се неизбежни теми. Пензионираните просветни работници сметаат дека имале успеси во работата со тоа што створиле генерации на ученици со кои можат да се гордеат, кои достигнале на високи позиции, а за трудот не се платени и ценети адекватно. Оттука се наоѓаат повредени и заборавени од децата на кои им го посветиле животот. Најголем дел од нив сметаат дека немаат средства за достоинствен живот. Сите учители почнале да примаат плата во 1946 година, со што бил надминат овој проблем. Во подоцните години поради малите плати поголемиот број на школувани учители ќе одбиваат да работат во образованието и се запослувале на подоходовни, а помалку одговорни работни места.

Иако можеби немале примарано место како подготовката на училиштата за отпочнување на наставата и обезбедувањето на кадар кои требало да работи во образовните институции, учебниците и наставните помагала во Република Македонија во годините по војната имале големо значење за воспитно-образовниот процес по војната.

Според повеќето стручни лица кои се занимавале со оваа проблематика по завршувањето на војната непостоењето на учебници бил можеби подеднакво голем проблем како и претходно споменатите проблеми со училиштата и наставниот кадар. Посебно големи се проблемите со учебниците по предметите кои непостоеле дотогаш или биле интерпретирани на различен начин. За учебници на македонски јазик во овој период не може да се зборува и поради фактот што сеуште не била кодифицирана македонската азбука, немало правопис и граматика, па следствено на тоа неможело да има и други учебници на македониски јазик. За јазикот во овој период сеуште се воделе дискусии, и сеуште не било решено кои наречја ќе бидат доминантни при кодифицирањето на литературниот македонски јазик.

Во изворите, односно во документите кои се однесуваат на образованието во периодот непосредно по војната се забележуваат проблеми со немањето и

[24] Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) од Павлина Лесева

недостатокот на учебници и учебни помагала.Така во извештаите на околиските прочелници се споменуваат големи проблеми во реализирање на наставата поради неснабденоста со книги (учебници) и друг наставен материал во училиштата. "*Во писмата кои им беа упатени на обласните и на околиските органи на власта во областа на просветата им рековме дека ќе работат врз основа на она што сега го имаат, а ние во скоро време очекуваме и руски учебници со кои горе-долу ќе задоволиме дел од оваа потреба*".[25] Според сведочењата и расположливите материјали се користеле учебници од старите режими: српски и бугарски, кои се преведувале на народен македонски јазик, а истотака и руските учебници кои тогаш биле добивани и се преведувале на народен македонски јазик. Преводите на веќе постоечки учебниците можеле да користат, привремено, додека не се направеле нови учебници и тоа по сите предмети освен по т.н. "национална група предмети": Македонски јазик и Историја. Во националната група предмети одредени професори и стручни лица сметат дека покрај Македонскиот јазик и Историјата, спаѓа и Географијата. Овие предмети не постоеле, бидејќи македонскиот народ до ослободувањето во 1944 година бил поробен, при што следстено на тоа било нормално да не постојат учебници од кои можело да се преведе историјата на македонскиот народ, или мајчиниот јазик. До овој период македонскиот народ наместо македонскиот изучувал јазик на државата поробувач, што било случај и со историјата.

За надминување на проблемот тогашниот министер за просвета, Димче Стојанов - Мире и професорот Љубен Лапе, направиле упатство како треба да се предава материјата од областа на историјата, при што се внимавало најмногу да биде застапена националната историја. "*Гледавме содржината да биде, пред се, од националната историја, зашто дотогаш за неа никој не беше предавал ... никој, никаде во никој учебник, ни за време на окупацијата, ни во периодот меѓу двете светски војни, особено тогаш воопшто не станувало збор за македонска историја ...* "[26].

Во привремениот наставен план и програма за работа во основните училишта во Македонија од I до VII одделение во учебната 1944/45 година, предвидени биле VII одделенија во кои се изучувале од 7 до 11 наставни предмети

---

[25] Иван Глигориевски, Првите учители ... (1943-1948), цит. дело, стр.113 (Сведоштво на Димче Мира)
[26] Исто, стр. 114.

во зависност од возраста на учениците. Во националната група предмети се забележува предметот *народен јазик*, наместо денешниот предметот македонски јазик, а *историја* се учела од III (трето) одделение. По бројни барања и настојувања, во 1946/47 во основните училишта бил преименуван предметот "народен јазик" во "македонски јазик" за што голема заслуга има проф. Блаже Конески.

Бидејќи непостоеле учебници, за овие предмети учителите се насочувале да го следат весникот "Нова Македонија", во кои требало да има текстови кои ќе одговараат на наставните содржини додека учебници не се напишат.

Едно интересно сведоштво за учебниците вели: "Учебници немавме, подоцна донесовме учебник по македонски јазик Буквар, тој го донесоа кога беше направен, пошто немавме азбука, граматика. Други книги немаше. Преведувавме руски, српски и бугарски книги и ги користевме за учење. Многу го користевме весникот Нова Македонија, кај што излегуваа текстови за историја и земјопис[27], текстови размножувавме на шапирограф[28]."[29]

За задоволување на потребите во училиштата во првите години по Втората светска војна било предложено да се учи од учебници на другите јазици на народите, односно на блиските јазици до македонскиот, а пред се на српски јазик, што било одбиено од учителите. Со изучувањето на материјалот на српски јазик се сметало дека требало да се избегнат проблемите со недостатокот на наставници, но и со учебниците. Состојбата во Македонија во поглед на учебниците за разлика од состојбите во другите републики била сложена и обременета со одредени прашања поврзани со минатото. Имено, во другите републики од Југословенската федерација, пред војната, а и по неа постоеле учебници кои биле на јазиците на кои и претходно се учело, за разлика од Република Македонија каде што никогаш не се учело на македонски јазик, па следствено на тоа не постоеле ниту учебници на македонски јазик. Проблемот бил дотолку поголем ако се знае дека стандардизираниот македонски јазик немал своја кодификација, па неможело да се пристапи кон пишување на учебници или други наставни помагала. Во овој период за да се помогне и да се користат какви-такви материјали од наставнити предмети на македонски јазик се препорачувале

[27] географија – забелешка И. Јуруков.
[28] еден вид фотокопир – забелешка И. Јуруков.
[29] Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) со Бојко Стојановски, ... Скопје, 2007

текстови од наведените извори кои биле собрани и истите биле публикувани во учебници за еден или т.н. Читанки со содржини за повеќе предмети.

За проблемот со учебниците и издавачката дејност се заложила и Владата на Народна Република Македонија, при што на 16. 04. 1945, со Уредба го формирала Државното графичко индустриско претпријатие - ДГИП ( подоцна државното книгоиздателство на Македонија - ДКМ) Гоце Делчев, со основна цел: "да издава книги, часописи, брошури со научно и художествено содржение, стручна и друга литература, школски преводи итн.[30]

По основањето на ДГИП (ДКМ) Гоце Делчев во Скопје, почнале да се печатат и првите учебници на македонски јазик, и тоа во 1945 година: Буквар со читанка, македонски правопис и збирка македонски народни песни. Во 1946 година испечатени биле: првата македонска граматика, Буквар со читанка (ново издание), напатствија за работа со Букварот, и Одбрани четива од повеќе предмети, за работа во основните училишта и гимназиите.

Во наставата до учебната 1946/ 47 немало учебници, што наоѓало на отпор кај македонските интелектуали. Најгласен меѓу нив бил Блаже Конески кој не се согласувал општо југословенската политика на чекање во образованието да важи и за Македонија. Тој велел: Ние преминавме една школска година без никакви, ниту најнужни учебници. А проблемите се бројни: програмски, разлики со старите учебници, општо југословенски- освен за националните предмети.

Блаже Конески укажува на нерешителност и колебливост при што за учебната 1946/47 укажува: "Неа ние не можеме да ја поминеме без учебници!".[31] Ова биле први барања кои имале национален призвук, по апсењето на Владата на Андонов, кои повторно ги истакнале нерешените прашања важни за Македонците. За да се надминат "општојугословенските состојби" и а се пристапи кон изработувањето на учебници составени биле: "Комисија за учебници во гимназија" и "Комисија за учебници во основните училишта".

Во овој период интензивно се работело на јакнењето на југословенскиот карактер на заедничката држава и структурното уништување на националното, за сметка на југословенското, кој бил присутен и во образвната политика, при што националните предмети биле строго контролирани. Поради ова во годините по ослободувањето се предлагало училиштата во Југославија да ги користат

---

[30] Проф. Зографов, стр. 79
[31] Исто.

учебниците кои што ги користеле пред војната, што било неприфатливо во Македонија, бидејќи образовновниот процес требало да тече на друг јазик. Затоа дел од македонските интелектуалци се спротивставиле на ваквата политика и веќе во 1945 и 1946 година, биле испечатени основните учебници за описменување на народот. Најголем критичар на образовната политиката бил Блаже Конески, кој во весникот Просветно дело отворено говорел за погрешната политика на државата во однос на македонските просветни прилики. Б. Конески: "Ќе се удри со ова еден почеток од кај што понатаму ќе се разгрне и другата работа. Треба да се надмине чекањето на другите со побогата традиција и сила. Ние треба да работиме самостојно, па ќе имаме можност да се корегираме. Учебниците имат за нас поголемо значење од оние за другите јазици - излегуваат првпат и се утврдува нашата национална заедница"[32].

Проблеми ќе се појават и околу веќе официјално признатиот Македонски јазик, кој бил долго време нарекуван "народен јазик". Како конкретен успех се забележува наставниот план од 1947/48, со кој првпат дотогаш именуваниот "народниот јазик" се преименува во Македонски јазик.

Наставниот план и програма од 1947/48 за првпат го воведува македонскиот јазик во наставата, најпрво во основното училиште, а потоа и во средните училишта, но со голема макотрпна работа и со колебливост од страна на истите оние кои го создавале.

Како и учебниците своевиден проблем биле и наставните програми. Во образованието, од ослободувањето и отпочнувањето на првата настава во учебната 1944/45, па до подготовката на првата наставна програма се користеле "наследените, но корегирани и дополнувани наставни програми од Кралството Југославија". Во новосоздадената заедничка држава според законот се налагал диригиран процес на договарање и усогласување на плановите и програмите.[33]

Сепак за овој период важно е тоа што во Македонија за прв пат се утврдува веќеспоменатата "националната група предмети": Македонски јазик, Историја, Географија, кои претходно не постоеле, односно биле најстрого забранувани и биле делови од некои други предмети на соседните држави, во зависност од тоа кои ќе си го присвоел дадениот материал како свој - национален. Националната група предмети барала посебно внимание и посебно објаснување. Како пример,

---

32 Исто, стр. 81.
33 Исто, стр. 100.

Македонскиот јазик бил пропратен и со историја на литературата и историја на јазикот, како и со теорија на литературата. Македонските автори биле опширно и добро објаснети, додека истите овие автори во општо југословенската историја биле објаснети површно, а некаде и едвај споменати.

Големо влијание на развитокот на образовната политика во Македонија имале професорите кои работеле во Министерството за просвета, кои биле несомнено квалитетни, вредни и одговорни, но потекнувале од образовниот систем на Кралството Југославија, при што понекогаш тие биле под влијание и прифаќале сугестии од новото југословенско раководство, кои биле дискутабилни за Македонија.

На ставовите на просветните работници во Македонија, секако влијаеле и резолуцијата на Информбирото, апсењата, смената на првата македонска влада, која се залагала за целосна и слободна независна македонска држава и постапките на полицијата со кои преку сеењето страв се покажувал општојугословенскиот карактер на Македонија за сметка на македонскиот. Се ова било дел од формирањето на македонската држава и дел од македонската историја.

Развитокот на образованието и воедно пишувањето на учебници по предметот историја, во ова време почнало да биде раководено и контролирано од Комунистичката партија на Југославија, која што го наметнала своето влијание во сите делови од општеството и животот. Комунистичката партија ја истакнувала потребата за образование и воспитание гледајќи преку него како низ систем за воспоставување на новата "комунистичка" и "југословенска" идеологија и како апарат за докажување на оправданоста од живеењето на Македонците во федеративна Југославија и владеењето на Комунистичката партија. Како и со секоја друга власт, и во општеството кое го раководела Комунистичката партија сѐ почнувало од неа, односно сѐ претходно не било добро и се сметало за непријателски елемент. Така, на пример наставата по историја во периодот по војната, во привремениот наставен план и програма за работа во основните училишта во Македонија од I до VII одделение во учебната 1944/45 година, била добро замислена, но не можела да се реализира, поради гледиштата на заедничката југословенска држава. Имено овој наставен план и не профункционирал во пракса бидејќи наскоро бил заменет со друг, но за оваа проблематика поопширно се објаснува во следните теми. Сепак неговата

поставеност и содржина се поклопуваат со денешните наставни планови, односно со право можеме да кажеме дека со наставниот план кој не почнал да се реализира биле поставени контурите на изучувањето на историјата во независна Република Македонија по 1991 година.

Многу работи стануваат појасни ако се погледне првиот наставен план по историја. Имено, ако ја погледаме програмата по историја од 1945 година ќе видиме дека таму постојат: античка историја, средновековна историја, историја на новото време и историја на македонскиот народ и на југословенската заедница. Во сите овие периоди на историјата споменати се Македонците и нивната историја, како на пример Античка Македонија, Средновековна Македонија, при што јасно македонскиот народ се издвојува како посебна целина и има своја историја од антиката па до создавањето на југословенската федерација. Но, што би се случило доколку македонскиот народ го поврзеле со антиката и со најстарите народи? Дали тогаш Македонците ќе се охрабреле и ќе сакале да ги соединат своите територии или ќе биле порамноправни со дотогашните нации во федерацијата, посебно со Србите кои се поставувале во надредена позиција над другите народи? Политиката на оваа влада и на Методија Андонов секако била македонскиот народ да го добие своето место во историјата и во севкупните односи помеѓу балканските народи, па затоа и спроведувала образовна политика која што требала да го подигне духот на Македонскиот народ.

Во 1946 година, Владата ќе биде сменета со еден вид на државен удар, а нејзините членови биле затворени, како и поголемиот дел од нивните заменици. За новата влада и за македонските интелектуалци ова било предупредување и порака, да внимаваат на следните дејства кои ќе ги прават. Идејата за самостојна Македонија во рамките на федерацијата и за самостојно водење на политика во Македонија тука ќе запрат, а Владите кои ќе доаѓаат ќе бидат само спроведувачи на политиката на Југословенската федерација.

За улогата на владите и министерството за просвета по 1945 година зборуваат и бројните документи од Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ). Просветната политиката на Македонија по Втората светска војна ја воделе Сојузното министерство за просвета и поверенството, односно министерството за просвета на Македонија. По отстранувањето на владата која дејствувала во периодот кога Методија Андонов – Ченто бил претседател на Президиумот на АСНОМ, се поставува прашањето колку министрите за просвета

во владата на Лазар Колишевски[34], Никола Минчев[35] и Димче Мира самостојно донесувале решенија. Од неколку документи се гледа дека суштинските промени биле носени од Белград, а во Македонија биле само спроведувани.

Во 1944/45 Повереноството за просвета било раководено од Повереник, на кој му помагал Референт, а во 1945/46 година Министерството за просвета на ДФМ било раководено од Министер, на кој му помагал помошник министер. Решенијата се спроведувале преку одделенијата, и тоа општо одделение за школство – отсек за основно и средно образование, одделение за народно просветување: отсек за фискултура и одделение за наука и култура: отсек музика.[36] Во целокупниот систем на раководење од документите се забележува дека главниот збор го имал Повереникот за просвета (подоцна министер).

По смената на власта примерите за несамостојноста во работата и раководењето од Белград, односно спроведувањето на политиката на федерацијата се бројни. Министерствата требало само координирано да спроведуваат решенија. Министествата во Народна Република Македонија не носеле самостојни одлуки и мегусебно се координирале најчесто поради прагматични причини. Пример за тоа е документот со кој во учебната 1946/47 од страна на Министерството за

---

[34] Лазар Колишевски (Свети Николе, 12. 02. 1914 - Скопје, 6. 07. 2000) металски работник, комунистички и национален деец, народен херој на Југославија и државник, претседател на првата влада на НРМ, организационен секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Бил секретар на партискиот комитет во Военотехничкиот завод, каде што работел, организационен секретар на Окружниот комитет на КПЈ во Крагуевац и делегат на Петтата земска конференција на КПЈ (Загреб, 1940). Поради политичката активност повеќе пати бил апсен и прогонуван. По одлука на ПК на КПЈ за Србија, заради формирање организација на КПЈ, бил испратен на партиска работа во Смедеревска Паланка. Потоа,
по одлука на ЦК на КПЈ, бил испратен за организационен секретар на ПК на КПЈ за Македонија (септември 1941), каде што дошол во отворен судир со ставовите на Методија Шаторов-Шарло. Како раководител на Покраинскиот воен штаб. Во отсуство бил избран и за делегат на Второто заседание на АВНОЈ (1943), за член на Президиумот на АВНОЈ и делегат за Првото заседание на АСНОМ. На Второто вонредно заседание на АСНОМ бил избран за претседател и кооптиран за претседател на Работното тело при президиумот на АСНОМ. По Ослободувањето бил претседател на првата Влада на НРМ (16. ИВ 1946) и претседател на Извршниот совет на НРМ, а обавувал и други значајни функции.

[35] Никола Минчев, (Кавадарци, 20. 10. 1915 – Скопје, 6. 04. 1997) – учител, борец, политичар и државник. Како учител бил припадник на прогресивното младинско движење (од 1935), учесник во НОБ (1941), член на КПЈ и на МК на КПЈ во Кавадарци (1942), командант на Третата оперативна зона на НОВ и ПОМ, политички секретар на
Третиот обласен комитет на КПМ, делегат на Првото заседание на АСНОМ, повереник за изградба на народната власт во Федерална Македонија (дек. 1944), министер за образование во Првата влада на НРМ (16. ИВ 1945),
член на ЦК и на Политбирото на ЦК на КПМ и член на Извршниот комитет на ЦК на СКМ. Бил и на високи државни функции: претседател на Извршниот совет (влада) на НРМ, член на СИС на Југославија, претседател на Собранието на СРМ, републички и сојузен пратеник. Носител е на Партизанска споменица 1941.

[36] ДАРМ, Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 - 1950), Организациона поставеност во министерството, Скопје,1945, к1, ( 01.0170.0001.0001/0001 – 0001)стр. 1.

финансии било побарано да се испрати организационата шема на Министерството за просвета и “бројно стање на основните и гимназијалните училишта во Македонија со бројот на учениците”.[37]

На Македонците наместо да креираат политика најчесто им биле оставени организациските работи во министерствата, раководењето на администрацијата и слични помалку значајни државни работи. Се создавала администрација на послушници во органите на власта и во нивните раце била сконцентрирана моќта, која овие ја употребувале за лични цели и на повеќе начини ја злоупотребувале. Администрацијата понекогаш се обидувала да искреира нешто ново, да се бори за ставови кои биле важни за Македонија и за нејзиниот идентитет, но ваквите луѓе секогаш биле надвладеани од останатите .

Примери за работењето биле многубројните шеми на Министерството за просвета кои се разликувале по тоа што се зголемувал бројот на помошниците министри и на помошниот персонал. Новина во 1946 година е појавата на планското одделение и административниот дел (персонално одделение, сметководство, архива, ревизори, економат итн). Со министрството во овој период раководел Никола Минчев, помошник бил Димче Левков, кој раководел со трите задолженија на помошник министерот.

Во прилог на шемата се доставува и податокот на бројот на училиштата и учениците според кои во Македонија имало 1135 основни училишта со вкупно 113 271 ученици и 23 гимназии со 14 567 ученици. Доставен е податок и за средни стручни школи: 5 со 662 ученика.[38]

За подобро спроведување на просветната политка во 1948 година, под раководство на министерот за просвета Димче Мира направена била нова организациона шема на работните места во министерството. Во Образложението на организационата структура на Министерот за просвета на НРМ, постоеле седум одделенија и тоа: Персонално одделение, Секретаријат, Планско одделение, Одделение за школство, Наставно одделение, Одделение за народно просветување и Одделение за култура и уметност. Под директно раководство на министерот биле Персоналното одделение, Секретаријатот и Планското одделение, а со Одделението за школство, Наставното одделение, Одделението

[37] ДАРМ, Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 – 1950), Организациона сема на поставеноста на Министерството за просвета на ДФМ за 1946 г. Скопје, 25.07.1946, к1, (01.0170.0001.0003/0004 – 0012) стр. 5.
[38] Исто, стр.6.

за народно просветување и Одделението за култура и уметност раководел помосник министерот.[39]

Во овој период се воведува и ново место на помошник министер кој требало да раководи со дел од одделите, но ваков нема да биде именуван до 1949 година.

За поуспешно спроведување на политиката на Министерството за просвета и за да се стекне впечаток дека се работи, а секако истото тоа и да се прикаже пред претпоставените сојузни органи, се воедувале постојани небитни новини и организациони шеми. Покарај постојаните организациони шеми, освен во собирањето на административци во министерството, се вовеле предшколски и воншколски институции. Впрочем и овие новини биле воведени по директива, но се еден позитивен чекор во развојот на македонскиот образовен систем.

Се основаат детски градинки, детски домови, пионерски домови, детски летувалишта и одморалишта, се правеле и граделе детски паркови и игралишта. Потоа се дава предлог за формирање на ученички домови и интернати за учениците од гимназиите и седмолетките, а воедно се укажува и на потребата од поголема контрола во задолжителноста на основното образование. За прв пат отсекот за култура и уметност се предлаг да раководи со театрите (обласни) за теарарските групи, хоровите, играорните групи какко и со фискултурата и предвојничката обука.

На 1.07.1949 повторно е донесена нова организациона шема на министерството за просвета, каде повторно се гледа само една политика на спроведување на решенијата на сојузното министерство, што ни дава за право да кажеме дека политиката не се водела од Скопје, туку само се спроведувала. Новата организациона шема опфаќала: I. Одделение за школи по која потпаѓале: 1. Група за предшколско и воншколско воспитување, 2. Група за основни и седмогодишни школи, 3. референт за култура и предвојничка обука. Постоеле и II. Персонално одделение и III. Одделение за култура и уметност и за народно просветување кое било приклучено по решеније на конференцијата одржана во министерството за наука и култура на владата на ФНРЈ.[40]

---

[39] ДАРМ, Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 – 1950), Организациони шеми со образложенија за поставеноста на министерството за просвета на НРМ во текот на 1948 година. Скопје, 20.01.1948, к1, (01.0170.0001.0005/0015 – 0025

[40] ДАРМ, Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 – 1950), Организациона шема со предлог за структурата на обласните поверенства за просвета и култура, дадени од министерството за просвета на НРМ. Скопје, 1.07.1949, к1, стр.47 (01.0170.0001.0009/0046 – 0050).

Од страна на Министерството за просвета испратена била шема која од претходните години се разликува по тоа сто се зголемува бројот на помошници министри на тројца: отсек за средни стручни школи, контролен сектор и за народна просвета.

Кога зборуваме за образованието и образовната политика во Македонија како и за нивната улога во процесите кои се случувале, доаѓаме до извесни прашања кои се поставуваат, и предизвикуваат двојба по одредени проблеми и термини. Во однос на постоењето на образованието по војната е јасно дека постоело, и несоодветно за дискусија е прашањето околу ова. Следно прашање кое се поставува и кое претставува дилема е дали во Република Македонија од 1945 до 1950 година имало образовна политика? Исто така, се поставува прашањето како би ја дефинирале просветната политика и кој ја креирал?

Одговоите на овие прашање нема лесно да ги пронајдеме, бидејќи околу нив постојат повеќе различни мислења. Образованието во Македонија до 1945 година било воспоставувано од различните окупатори кои владееле со територијата на Македонија. Нивната политика била сосема јасна: воспоставување на образовен систем кој ќе биде во полза на државата со цел Македонците да се асимилираат и да се однародат, односно да прифатат туѓа историја, јазик и култура. Ваквата образовна политика била посебно активна по Балканските војни и распарчувањето на Македонија, при што секоја од државите на својот окупиран дел од Македонија, отварала училишта на официјалниот јазик, додека македонскиот јазик не само што не бил признат туку бил најстрого забранет. На сметка на македонскиот јазик, историја и култура, во училиштата се изучувале српскиот, бугарскиот и грчкиот јазик, историја и култура, преку кои се правеле обиди Македонците да бидат асимилирани и од нив да се создадат подобни Срби, Грци или Бугари.

Во текот и по Втората светска војна, Македонците се избориле за слобода на еден дел од нивната територија, каде што ја воспоставиле федеративна Македонија, од делот кој бил под српска власт, односно по распаѓањето на федерацијата, денешната Република Македонија. Во Демократска Федеративна Република Југославија, подоцна ФНРЈ и СФРЈ, која ги признавала Македонците, нивниот јазик и култура, се поставува прашањето колку Македонците биле навистина признати и какви биле нивните права и слободи. Оттаму е прашањето, и колку тие навистина можеле да воспостават власт и политика на територијата

на федеративна Македонија, вклучувајќи ја тука и просветната политика. Ако во претходниот период Македонците се однародувале со тоа што биле нарекувани Срби, Грци, и Бугари, во овој период Македонците се однародувеле со тоа што биле југословенизирани. Поточно започнал период кога била истиснувана секоја појава во која што македонското се ставало пред југословенското, а во голем дел од Македонците преку пропагандата, толку длабоко бил всаден пројугословенскиот дух, што последици чувствуваме и денес. Значајно и големо влијание во овие случување имала и добро смислената просветна политика.

Според досегашните истражувања изразот просветна политика во федеративна Македонија, можеме да го употребиме за периодот кога на власт била владата која дејствувала во периодот кога Методија Андонов – Ченто бил претседател на Президиумот на АСНОМ. По елимирањето на Методија Андонов – Ченто од политичката сцена од страна на југословенското раководство, потпомогната од домашните комунисти, кои што алчноста за власт и привилегии ја ставиле пред националниот интерес, во федеративна Македонија е прекинато креирањето на политика во сите сфери, па и во образованието. По овој настан доаѓа само до просто спроведување на политиката, која ја диктирала федерацијата преку своите тела односно до спроведување на решенијата на федерацијата. Секако во овој период треба да се истакне и залагањето на одредени македонски политичари и функционери, кои имале обиди да воведат новини и посамостојно да се спроведува просветната политика во федеративна Македонија, но за жал во тоа многу малку успеале, бидејќи секогаш биле погласни противниците на македонизмот кои успевале да надвладеат над останатите.

Од погоре наведените причини не е едноставно да се дефинира постоењето на образовната политика и нејзината поставеност во федеративниот систем, а посебно поставеноста на основното и средното образование во креирањето и спроведувањето на политиката.

Може слободно да се каже дека наставата во Република Македонија по 1944 година започнала да се реализира во училишта кои биле разрушени и се приспособувале за одржување на настава, со наставен кадар кој не бил броен, ниту пак потполно соодветен за реализирање на настава и со голем број на неписмено население. Возобновувањето на училиштата, создавањето на наставен кадар и описменување на населението биле главните задачи во периодот од 1944 до 1950 година, кога ќе почнат да се развиваат и унапредуваат

одредени процеси во образованието. Имено, освен основната задача: описменување на населението во периодот по 1944 година и создавањето на соодветен наставен кадар и изградба на училишта, во периодот од 1950 до 1974 година ќе бидат создадени научни институции кои се занимавале со развојот на образованието. Важноста на ваквите институции е дотолку поголема ако се земе во предвид дека тие подготвуле наставни планови според кои се подготвувале учебници и се реализирала настава. Во овој период најголемиот дел на учебниците се преведуваат, но постоеле и случаи кога биле пишувани од македонски автори. Паралелно со ова во периодот 1944-1970 ќе се работи на создавање на нов државен идентитет - југословенскиот. Неслучајно е избрана 1970 година во објаснувањето на некои од процесите и поимите, бидејќи по неа ќе настапи периодот на либерализмот и послободното изразување на националните чувства.

При проучувањето на образованието по Втората светска војна се забележува дека се споменува основно и средно образование, но точното и прецизно дефинирање на образованието ќе биде направено со неколку закони кои се од суштинско значање за целокупниот образовен систем. Во македонското основно образование најпрво бил донесен Законот за седумгодишно основно образование[41], а наскоро и неговото надополнување, односно Законот за изменување и дополнување на законот за седумгодишно основно школуење[42]. И двата акта биле донесени во 1949 година. Со првиот закон се воведува задолжително седумгодишно основно образование, за сите деца, од двата пола, и при што седум годишното „школување“ се делело на: ниже четворогодишно основно училиште и више, односно тригодишната прогимназија или нижа гимназија. Дополнувањето на законот е во насока на постепено воведување на осумгодишно образование, при што со измените седмогодишното образование се заменува со осмогодишно образование, односно вишето основно образование или прогимназијата со измените и дополнувањата траела четири години. Овие закони требале да ја зајакнат писменоста и ги обврзувале граѓаните на основно осумгодишно школување. Мора да се каже дека спроведувањето на законите не

---

[41] ДАРМ, Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 – 1950), Организациона шема со предлог за структурата на обласните поверенства за просвета и култура, дадени од министерството за просвета на НРМ. Скопје, 1.07.1949, к1, стр.47 (01.0170.0001.0009/0046 – 0050).

[42] Исто, стр.196

било рамномерно на територијата на целата република, туку во овој период сеуште имаме разноврсно образование и различен број на години кои се изучувале во училиштата. Така се среќаваат четиригодишни, седумгодишни и осумгодишни основни училишта, кои вториот дел од образованието, од петто до седмо, односно до осмо одделение го нарекувале и прогимназија или нижа гимназија. На основните училишта се надоврзувале гимназиите и другите средни училишта. Има случаи кога наставата од петто оддление па понатаму се сметала во дел од гимназиското образование, па покрај поимите прогимназија и нижа гимназија се појавуваат и долни и горни класови од полните гимназии, при што од петто до седмо, односно осмо оддление биле нижи класови, додека потоа следувале вишите класови на полната гимназија. Ваквата состојба на своевидна конфузија во системот, била оправдувана со примарната цел, односно описменувањето на населението кое било најзначајно во повоениот период. За образованието во Македонија значајна е реформата која била направена во образованието во 1958 година кога бил донесен Општ закон за школство.

Републичкиот завод за унапредување и проучување на школството унапредувајќи го образованието во 1956 година доставило Елаборат за преодните облици за остварување на задолжителното осумгодишно школување[43], каде се објаснува постоењето на петтото и шесттото одделение во воведувањето на осумгодишното образование, како и проблемите со наставниците и наставниот кадар во овие одделенија. Се претпоставувало дека кај наставниците и учениците голем проблем претставувал начинот на работа, односно престројувањето на учениците и училиштата од работа со еден учител во една училница според стариот систем и работата на повеќе учители по повеќе наставни предмети. Со елаборатот се пропишувал и статусот на нишите гимназии кои требало да бидат засебни установи со посебно раководство , како и полните гимназии во кои пак се пропишувало вишите одделенија од осумгодишното образовние сега влегувале во составот на гимназиите. Подоцна според елаборатот било и постапено, односно донесен бил нов закон за школство. Истото се истакнува и во заклучоците од Комисијата за реформата на школскиот систем, според која задолжителната школа требала да биде единствена за целата младина, а формите за остварување на задолжителното образование:

[43] ДАРМ, Завод за унапредување и проучување на школството, Елаборат за преодните облици за остверување на задолжителното осумгодишно школување, 1956, стр. 2

четиригодишни, осумгодишни, виши и нижи гимназии, требало да добијат единствена физиономија, преку единствената осумгодишна народна школа.[44]

Една од големите и значајни реформи се појавува со донесувањето на Општиот закон за школство во 1958 година кога била направена реформа на училишниот систем преку основање на единствени осмогодишни основни училишта. Со реформата се укинати нижите гимназии и долните класови од полните гимназии со што се унифицира системот. Ваквата единственост на основното образование ке се задржи во следните педесет години, односно до воведувањето на деветгодишното основно образование. Но, покрај споменатото реформата имала и посуштинско значење. Со реформата од 1958 година се овозможува покрај редовната настава да се развиваат и други форми и активности во образованието. Така се појавуваат: слободни ученички активности, производствена и друга корисна работа, културна и јавна дејност на училиштето и физичко и здравствано воспитување на учениците. Реформата извршила значајни измени во самата настава со што се вовеле нови наставни предмети, исфрлени биле старите застарени предмети, кои се јавуваат како резултат на развојот на науката и техниката, а образованието е прифатено како развоен процес кој требало да се менува согласно потребите на општеството. Исто така, воведени биле дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности кои давале посебна можност учениците да ги надополнат своите знања и вештини и да ги покажат и усовршат своите способности.

За резултатите од реформата направени се и истражувања од страна на релевантни институции. Имено, Републичкиот завод за унапредување и проучување на школството за учебната 1958/59 година, во 1959 година изготвило извештај. Според Годишниот извештај за успехот и работата на основните училишта во Народна Република Македонија во учебната 1958/59 година, работеле 1510 основни училишта од кои 1240 четиригодишни, 31 петогодишни и шестогодишни и 239 осумгодишни училишта.[45] Воведувањето на петтото и подоцна шесттото оделение се должи токму на оваа реформа, односно четиригодишните училишта за првпат ги добиваат овие одделенија. Затоа и училиштата се споменуваат како петгодишни и шестгодишни во овој преоден

[44] Ист, стр. 17.
[45] ДАРМ, Годишен извештај за успехот и работата на основните училишта во НР Македонија во учебната 1958/58, Завод за унапредување и проучување на школството, Октомври, 1959, стр. 1

период. Во овој документ се споменува и фактот дека во одредени градови (Охрид, Битола, Велес.) се работело во три и четири смени, додека во селските училишта во две смени, што укажува на проблемот со просторните услови во училиштата.

Законите кои се донесувале во сферата на образованието за соодветно да функционираат во секојдневието требало да бидат поткрепени и од стручни институции кои ќе водат грижа за образованието и ќе го унапредуваат истото. Првата институција која била формирана за потребите на унапредувањето на образованието во Република Македонија бил Комитетот за средни и нижи стручни училишта и курсеви од 1947 до 51 година, кој веќе е споменат, по што ќе биде формиран Совет за просвета, наука и култура, кој ќе функционира од 1951 до 1956 година. Овој совет под своја надлежност имал 47 установи и 6 претпријатија, меѓу кои и факултетите, научните и уметничките установи и се грижел за како што се вели „усклaдување на мрежата на основното, средното и високото школство со потребите на стопанството; за системот на организацијата и раководењето на општо образовното и стручното школство во НР Македонија, за подобрување и унапредување на школското законодавство; за создавање на учебници ... “.[46] Овој Совет за просвета, наука и култура со Законот за органите на Управата на НР Македонија ќе биде укинат односно на негово место ќе бидат формирани два нови совети: Совет за школство и Совет за просвета и култура.[47]

Покрај споменатите комисии и совети, заради континуирано унапредување и проучување на школството, Извршниот совет на Народното собрание на Народна Република Македонија му предложил основање на Завод за унапредување и проучување на школство. Народното собрание врз основа на член 71 став 1 точка 1 од Уставниот закон на НР Македонија, донел Решение бр. 214 за основање на Завод за унапредување и проучување на школство.[48] Заводот бил формиран на 11 август 1955 година за унапредување и проучување на школство бил формиран од Извршниот совет на НРМ со споменатот решение и бил под раководство и надзор на Советот за просвета на НРМ, а неговата основна функција била вршење на просветно-педагошка служба во републиката. Според

---

[46] ДАРМ, Годишен извештај за успехот и работата на основните училишта во НР Македонија во учебната 1958/58, Завод за унапредување и проучување на школството, Октомври, 1959, стр. 1
[47] Указ бр. 10 од 29. 05. 1956 година, „Службен весник на НРМ“, бр. 14/56.
[48] „Службен весник на НРМ“ бр. 5/56.

податоците со кои располагаме Заводот започнал со работа на 1. 01. 1956.[49] Во периодот на формирањето основните задачи на заводот биле: Развој на мрежа за осумгодишно образование во НР Македонија; Согледување на резултатите и проблемите во реформата на основното училиште; Положбата и проблемите на наставниот кадар и Перспективниот развој на стручните училишта во НР Македонија. Оваа институција е една од клучните во полето на образованието, како единствена која ќе ги креира наставните планови и програми, на учебниците и учебните помагала и ќе работи на постојано усовршување на образованието во Република Македонија.

Сите наведени институции и органи имале и своја законска поддршка. Откако во 1958 година бил донесен Општиот закон за школство, во 1960 година бил донесен и Закон за просветно-педагошка служба на Народна Република Македонија. Со двата закона образованието се унапредувало, иако истото следело насоки од федералните власти во однос на просветната политика, при што се мисли дека воглавно институциите во Република Македонија во повеќе сфери, па и во образованието работеле под директно влијание на југословенската федерација.

Во периодот од 1960 почнале да работат и општинските и меѓуопштинските заводи на Републичкиот завод за унапредување на школството кои биле задолжени за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитание. Одново биле поставени задачи на Републичкиот завод, тоа биле:

- Следење, проучување, развивање и унапредување на системот и организацијата на образованието и воспитанието;
- Изработување предлози на основите на наст. планови и програми за восп. работа; разработка на основите и грижите за остварувањето на наст. планови и програми и програмите за воспитната работа;
- Проучување на условите за остварување на наставните планови и програми и програмите за воспитна работа; изработување на методиски упатства, нормативи и стандарди;
- Следење и проучување на учебниците, прирачниците и другите нас. средства и давање предлози за нивната примена и усовршување;
- Вршење педагошки увид во изведувањето на наст. и воспитната работа, укажување стручна помош и давање предлози за остварување на наст. планови и програми за восп. работа;

[49] Биро за развој на образованието, 25 години Републички завод за унапредување на образованието, Скопје, 1981.

- Вршење на експериментална проверка на новите содржини, методи, форми и средства за воспитно-образовна работа;
- Следење и разработување на системот на оценувањето и напредувањето на учениците и нивното усовршување;
- Следење и проучување на резултатите и достигнувањата во областа на педагошката теорија и пракса
- Разработување на системот на усовршување на кадрите во воспитувањето и образованието;
- Информирање и издавачка дејност по прашањата за унапредување и развој на образованието и воспитанието и др.

Улогата на ново формираниот Завод за унапредување на школството се гледа и од задачите на, каде што доминираат зборовите: следење, проучување, разработување и информирање, а недостасуваат термини како давање насоки, совети, итн, кои се значајни и ќе се појават во еден друг период од развојот на образованието во Република Македонија. Во однос на горенаведеното посебна специфика за овој период е појавата и развојот на т.н. југословенски јадра, кој требале да го истакнат југословенскиот карактер на федеративна Југославија. Идеата на јадрата била тие да се формираат по повеќе предмети, а посебно кај наставните предмети кои припаѓале на националната група предмети со посебен акцент на предметите поврзани со општеството, државното уредување, историјата и географијата. Ваквото истакнувањето на југословенскиот карактер преку јадрата бил генерално прифатен од федеративните членки, кои го спроведувале секоја на свој начин. За некои федерални членки југословенското јадро било значајно и тоа се почитувало доследно, за други пак националното јадро си го задржало своето место: Од документите во Република Македонија може да се заклучи дека специфично е што југословенството се поставило над националното, што не било пак пример за другите републики во федерацијата, каде што националното имало приоритет над југословенството. Со развојот на југословенските јадра требало да се развие еден нов државен идентитет, претставенво една нова југословенска нација, што се покажало како лошо решение.

Работата на институциите помалку или повеќе ќе остане на опишаното ниво се до 1991 година, по осамостојувањето на Република Македонија, кога ќе настанат одредени промени во функционирањето на Завод за унапредување на школството.

## 1. 2. Образованието и образовната политика во Социјалистичка Република Македонија 1970 - 1991

Образованието и образовната политика во седумдесетите години се разликувале од она во претходно обработениот период, а разликите биле суштински и значајни, иако истите се надоврзувале на реализираните активности по војната. Ова е период кога отварањето на училишта и формирањето на воспитно образовните институции биле надминати, а наставните планови, програми и учебници веќе имале свој развој. Веќе не станувало збор ниту за недостаток на кадарот кој го имало во доволен број. Сите споменати прашања биле веќе апсолвирани по што биле создадени услови за нивно усовршување и надградување. Но, се чини дека се започнало со одредената демократизација на државата која исто така ќе се појави во периодот околу седумдесеттите години. Поточно, во доцните шеестети години во целото југословенско општество се забележувапослободно развивање на мислата, истакнување на националното пред југословенското, и воопшто се покажувале знаци на демократизација на општеството во повеќе сегменти. Во контест на демократизацијата на општеството се одвивале активности кои нашле свој одраз и во Македонија. Така, забележани се дејствата од страна на одредени македонски комунисти, кои преку културата ја истакнувале македонската национална идеја и почнале да влијаат на општественото мислење. Од македонските комунисти во овие процеси се издвојувал и имал значајна улога Крсте Црвенковски[50] кој земајќи ги предвид времето и околностите во кои живеел се смета дека постигнал големи успеси, пред се во образованието и културата. Успехот на Крсте Црвенковски бил поврзан со институционалното делување, односно тој своите ставови ги искажувал јавно.

---

[50] ЦРВЕНКОВСКИ, Крсте Трајков (Прилеп, 16. 07. 1921 – Скопје, 21. 07 2001) – припадник на комунистичкото, младинското и студентското движење, партиски и државен раководител. Уште како гимназијалец политички дејствувал во Прилеп и потоа во Скопје. Во 1935 г. бил член на СКОЈ, потоа на КПЈ и на Месниот партиски комитет во Прилеп (1939). Поради полициските прогони преминал на илегална работа. По бугарската фашистичка окупација работел на организирање на оружената востание и учествувал во нападот на участокот во Прилеп на 11 октомври 1941 г. Бил политички комесар на Првиот партизански одред „Гоце Делчев". Од крајот на годината бил на партиска работа во Западниот дел на Македонија (под италијанска окупација), секретар на ОК на КПЈ во Тетово. Во илегалната партиска техника го издавал весникот „Братство" и други партиски пропагандни материјали. Во септември 1942 г. по предавство во Гостивар бил уапсен и одведен во затворот во Тирана. Во април 1943 г. избегал со 27 затвореници и повторно се активирал на истиот терен како секретар на првиотОбластен комитет на КПМ. Во декември 1943 г. го организирал Основачкиот конгрес на НОМСМ, бил избран за секретар, подоцна и за претседател. По капитулацијата на Италија бил поставен за организационенсекретар на СКОЈ за Македонија, а од јуни 1944 г. за заменик-комесар на Првата македонско- косовска бригада. По Ослободувањето вршел високи политички и државни функции во Републиката и во Федерацијата: член и претседател на Владата на Македонија, министер за образование и култура во Владата на СФРЈ, политички секретар на ЦК на КПМ, член на Извршното биро на ЦК на СКЈ, потпретседател на Претседателството на СФРЈ. Поради барањето за поголема самостојност на републиките во СФРЈ, дошол во судир со официјалната политика и во 1974 г. бил разрешен од сите функции и пензиониран. Прогласен за Народен херој.

Крсте Црвенковски преку комисиите за образование и култура, успеал во учебниците, читанките и во литературата да вметнат содржини и поими кои дотогаш не биле присутни, односно некои дотогаш забранети содржини кои се однесувале на Македонија. Тој успеал да ја вметне во историјата и географијата Македонија во нејзините етно-географски граници, односно почнале да се споменуваат и Пиринска и Егејска Македонија. Тоа било прв случај во повоениот период. Самото споменување нема да имало големо значење, доколку истото не почнало да влијае на други општественици. Имено, ова бил добар знак за македонските интелектуалци, кои што почнале да размислуваат поинаку од официјалната политика. Бројот на овие луѓе не бил голем, а причините за тоа може да се лоцираат во тоа што во Република Македонија степенот на писменост бил на завидно ниво, интересот за историјата и географија поради маргинализацијата бил мал, како и поради тоа што имало мал број на интелектуалци, посебно оние кои размилсувале прогресивно, но и поради пропагандата на федеративна Југославија која што била спроведувана. Можеби доколку било поинаку некои национални процеси би заживеале повеќе, но во актуелното време луѓето кои размилсувале прогресивно и слободно биле под лупата на режимот. Самиот Крсте Црвенковски поради неговите ставови, прогресивното однесување и барањето за поголема самостојност на републиките во СФРЈ, дошол во судир со официјалната политика, по што бил разрешен од сите функции кои ги извршувал и бил пензиониран.

Седумдесетите години од дваесетиот век се специфични освен по повторното будењето на националните чувства кај народите и менувањето на односот кон југословенството и по појавата на идејата и доктрината за социјалистичкото самоуправување. Во образованието за следење на државните политики биле направени промени, при што во рамките на споменатиот правец во 1970 година била донесена Резолуција на Собранието на СФРЈ за развој на воспитанието и образованието, а во 1972 било извршено “Усовршување на основното образование со Општа програмска структура на основното училиште со наставни планови и програми”. Оваа своевидна реформа ориентирана во правец на марксистичката и самоуправната доктрина во образованието и воспитанието во основното и средното училиште, ја истакнувала самоуправна улога на училиштето: училиштето да ги запознава учениците со самоуправувањето и да ги оспособи учениците за вршење на самоуправна

функција на училиштето. Идејата за самоуправувањето во училиштата било надополнување на просветната политика која во овој период посветувала посебно внимание на: самоуправувањето, народно ослободителната борба и револуцијата, а го нагласувала братството и единството кај југословенските народи и народности.

Крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години ќе донесат одредени новини во образованието во Република Македонија, покрај во развојот на општата мисла и идеологијата и во дуги сегменти но со послаб интензитет. Времето кое доаѓало диктирало одредени промени кои биле специфични за периодот по седумдесеттите години, односно воспитанието и образованието по овој период бележело суштински измени и подобрувања. Така во овој период градбата на училиштата повеќе не се споменува или нема првенствено значење како што било случај во периодот по војната, бидејќи како поминувало времето проблемот со училишните згради бил на задоволително ниво или се решавал тековно. Тоа не значи дека училишни згради не се граделе, туку во однос на претходниот период кога просторни услови речиси воопшто и немало, сега истите постоеле, со прашање колку биле адекватни за одржување на настава. Во периодот на седумдесититие години ќе почне изградба на нови училишни згради, кои потполно ќе ги задоволуваат просторните услови на населението во градовите, додека во селата изградбата на училиштата стагнирала. Ваквата состојба ја диктирало пред се преселбата на населението кое било актуелно во споментиот период.

Во периодот по седумдесеттите години повеќе не се поставувал проблемот со неписменото население како круцијален, туку населението како-така било описменето и се описменувало и обучувало за работа. Индустријализацијата налагала да се образува население кое преку двогодишни, тригодишни и четиригодишни средни училишта ќе бидат на располагање на стопанството. Описменувањето било решено и законски со законски измени кои се носеле во правец на задолжителното основно образование за целото население.

Образованието и образовната политика во македонското основно образование несомнено имале своја развојна компонента, која се прикажува најпрво преку донесувањето на Законот за седумгодишно основно образование[51],

[51] ДАРМ, Закон за воведуење седумгодишно школуење во Македонија 1.70.2.58.стр.192

потоа со неговото дополнување со Законот за изменување и дополнување на Законот за седумгодишно основно школуење[52] донесени во 1949 година, кои пак биле основа за Општиот закон за школство донесен во 1958 година. Со овие закони биле поставени контурите на македонскиот образовен систем, кои во периодот по седумдесетите години продолжувале да се надградуваат. Донесувањето на законите не значело дека веднаш сите ученици во сите училишта веднаш почнале да посетуваат настава. Процесот бил постепен и нерамномерен на целата територија на републиката, но истиот процес бил подеднаков и на територијата на целата федерација. Навиките на населението, потребата од сите членови на семејството во производството и работата околу домаќинството и општата свест на населението, посебно во руралните средини си го правеле своето. Населението се школувало толку колку што луѓето мислеле дека им било потребно. Веќе во почетокот на седумдесетите години станало навика на населението наставата задолжителоно да се посетува од основното до средното образование, а свеста за запишување на вискoто образование ќе бележи пораст.

Преку споменатите закони за образование и задачи на образовните организации јасно се гледа дека политиката на новата држава била да биде образован кадар кој ќе работи во индустријата, стопанството и во селото. Образованието истовремено со развивањето на способностите за работа преку плановите и програмите во основното, средното и високото образование вршело и индоктринација на населението преку одредени наставни предмети, како на пример преку историјата.

На сите претходно споменати акти во седумдесетите години се надоврзува Резолуцијата за развојот на воспитанието и образованието врз самоуправна основа донесена од Собранието на СФРЈ во 1970 година. Врз основа на оваа резолуција донесени биле нови планови и програми во кој се дефинирале целите, задачите и содржината на воспитно-образовната дејност. Во документите централно место имала воспитно образовната дејност и функција на училиштето, а истата се остварувала преку наставата и вонннаставните активности.Исто така, утврдени биле воспитно-образовни подрачја при што се истакнувало дека наставата се остварувала преку природната и општествената група предмети,

[52] ДАРМ, Закон за воведуење седумгодишно школуење во Македонија 1.70.2.58.стр.196

како и преку воспитно-образовните наставни области, редовните и факултативните наставни курсеви и часот на одделенскиот раководител, а јасно се дефинирани и воннаставните активности. Во контекст на наведеното сведочи Информацијата на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието: „Некои активности во самоуправното преобразување на основното воспитание и образование“, во кој се наведува: „До 1972 година дејностите за остварување на воспитната функција на основните училишта, освен за наставата, не беа сосем содржински определени.[53] Оттука биле превземени наведените промени.

Во 1972 година од страна на републичкиот педагошки совет усвоени биле „Општиот и наставниот план за основните училишта во СР Македонија и динамика за негова примена“.[54] Во споменатиот документ дадени се наставните планови до 1972 и наставните планови од 1972/73 до 1976/77 година со динамика за нивна примена.

Во основното образование во овој период се зголемил фондот на часовите по мајчин јазик, математика и странски јазик, а се укинал предметот *основи на социјалистичкиот морал,* со тоа што во 7-мо одд се задржал предметот *основи на општественото морално воспитание*. Дошло и до зголемување на обуките за креативност на наставниците, кои биле поттикнати од Заводот за унапредување на школството, при што максимално можно биле ангажирани наставниците и учениците со дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, производствената и општествено-корисна работа.

За стручно усовршување на наставниците од основните училишта и училиштата за средно образование во Социјалистичка Република Македонија во 1971 година донесен бил Правилник за организација на стручното и педагошкото усовршување на наставниците од основните училишта и училиштата за средно образование.[55] Со овој правилник се предвидувало наставниците да се усовршиваат перманентно преку одржување на обуки и предавања. Но, и покрај барањата за усовршување на наставата еден дел од наставниците немале интерес, а еден дел немале ниту соодветно обрзование, односно своето место не

---

[53] Некои активности во самоуправното преобразување на основното воспитание и образование, информација, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 3

[54] Општ наставен план за основните училишта во СР Македонија и динамика на примена, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, јули 1972

[55] Службен весник на СР Македонија“ бр.21 од 28.08.1971 година

го гледале во образованието. За структурата на наставниот кадар и нивното образование Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието извршил истражување според кое голем дел од наставниците по предметите одбрана и латински јазик биле несоодветни за предавање во училиштата, согласно нормативите за настаен кадар. По несоодветност следувале наставните предмети: математика, физика, филозофија, логика, психологија, социологија, хемија, руски и турски јазик. Може да се каже дека имало и предмети кои во целост имале соодветен наставен кадар, како македонски јазик, историја и географија. Интересно е што во стручното образование голем дел од наставниот кадар кои ги предавал стручните предмети бил адекватен, но не биле со постојано работно место во училиштата, туку биле ангажирани хонорарно.[56] Оттука, се доаѓа до заклучок дека перманентно усовршување на наставниците било потребно и понатаму со настојување наставниците да бидат и законски обврзани да учествуваат на обуките кои биле организирани за нивно усовршување.

Иако, се работи за период во кои веќе бил изграден систем на училишта кои бил правно поткрепен со закон и истиот требало само да се одржува, сепак во образованието како развоен процес имало и промени. Промените требало да го следат времето кое што доаѓало и да работат на усовршување на образованието, како процес. Оттука, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието вршел постојани истражувања на потребите на општеството и следењето на модерните текови. Така за разлика од повоениот период кога се барале кадри кои воопшто биле писмени, во периодот по седумдеститe години се барале високо образовани кадри кои можеле да одговорат на потребите на времето кое се споменува.

Во 1976 година бил донесен нов закон за основно образование. Според определбите на новиот закон „заради натамошно рационализирање на воспитно-образовната дејност“[57] биле направени извесни усовршувања во наставните планови и програми. Усовршени биле наставни планови и програми, истите биле изработени во 1980 година по што биле имплементирани во наставата во

---

[56] ДАРМ, Стручно и педагошко усовршување на наставниците од основните училишта и училиштата за средно образование во СР Македонија - информација, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1976.
[57] Некои активности во самоуправното преобразување на основното воспитание и образование, информација, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 4

основното образование. Со сите наведени документи се правел обид за поврзување на сите фактори на основното образование во единствена целина, со што се поткрепувал тогашниот социјалистички систем со концептуално осмислено образование.

Во периодот кој се обработува особено јасни и насочувачки биле ставовите заземени на X и XI конгрес на СКЈ и на VI и VII конгрес на СКМ во поглед на воспитанието и образованието, по што во осумдесетите години донесен бил „Договор на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини за заеднички основи на системот на воспитанието и образованието".(Некои активности во самоуправното преобразување на основното воспитание и образование, информација, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 1). Во документот особено се нагласувале следните определби: 1. Предучилишното воспитание и образование мора да стане дел од воспитно-образовниот систем, а предучилишните организации треба да ги подготват децата за на училиште; 2. Треба да се постигне целосно остварување на задолжителното воспитание и образование и да се обезбеди негово наполно завршување; 3. Воспитно-образовните организации треба да развиваат интензивна работа со родителите и да ги оспособуваат за воспитување на децата во духот на нашето самоуправно социјалистичко општество.(Некои активности во самоуправното преобразување на основното воспитание и образование, информација, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 1-2).

Седумдесеттите години и периодот кој следувал се исто така и години во кои се развива и средното образование. Иако и во овој временски период основното образование го имало приматот, сепак се бележи реформа на гимназиското и на средното стручно образование. Според анализите на републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, во настојувањата за реформа на гимназијата извршени биле доста крупни измени, како во однос на местото и положбата на гимназиите во новиот образовен систем, така и во внатрешната структура и организацијата на наставата и образованието. Имено, измените одат во правец на усмерување на организацијата на наставата според потребите на заедницата, земајќи ги во предвид желбите и интересите на учениците. Така, скоро сите гимназии биле насочени во две насоки: природно-

математичка и хуманистичко-јазична. Покрај споменатите насоки во некои гимназии постоеле и педагошка, управно-правна и економска насока. За усовршување на наставата со цел на учениците да им се помогне во нивното понатамошно образование бил зголемен бројот на часови за одделни наставни дисциплини, слободните активности добиле нов третман, наставата требало да биде осовременета со современи наставни средства, форми и методи во наставниот процес, се со цел учениците подлабоко да навлезат во одредени научни дисциплини. Воведувањето на општотехничкото образование и производствената работа во реформираната гимназија претставувале револуционерен чекор во образованието и воспитувањето на младите. Во таа смисла, овие новини претставувале една од најсуштинските промени, по кои реформираната гимназија битно се разликувала од претходната. Меѓу другото со промените кои настанале, посебно во делот на општотехничкото воспитание и производствената работа гимназијата се доблližила со т.н. „социјалистичка практика", а подоцна и со „самоуправниот социјализам", каде теоријата и праксата требало да се обединат, а ученикот требало свесно да размислува. Споменатите реформи биле пропратени и со промена на наставните планови и програми и со раздвижување на наставниот кадар во училиштата во правец на изнаоѓање на нови форми и срества за изведување на наставата. За осовременување на наставата наставницуте посетувале и семинари, а биле одржани и советувања од републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието за парвилна интерпретација на новите наставни планови, програми и други документи. Сево ова било секако пропратено и со донесување на нови упатства, правилници и други прописи, со што се сметало дека ќе се подобрела работата на гимназиите.

Во гимназиското образование во овој период, во структурата на некои наставни дисциплини извршени биле и подлабоки принципиелни измени. Таков бил случајот со литературата, историјата и биологијата. Во историјата на пример поголемо место и акцент се давале на најновата национална историја и на современите светско-историски текови.

Покрај ова преку донесување на правилници и прописи уредени биле: оценувањето и напредувањето на учениците, пофалбите, казните и наградите за учениците, завршните испити се со цел учениците да бидат мотивирани, активни и полни со одржливи знаења и вештини.

Паралелно со реформата во гимназиското се одвивала и реформа во стручното образование. Поточно, се смета дека во периодот на реформата на образованието, во стручното образование биле извршени крупни и суштествени промени кои биле согласно со барањата во општеството во периодот на седумдесеттите и осумдесеттите години. Секако интенција во претходно споменатиот период, како и денес била да се создадат стручни училишта кои ќе ги привлечат најдобрите ученици, кои своето образование би го продолжиле во овие училишта, а потоа и во соодветното високо образование. Сите овие интенции и тенденции претставувале простојано вложување на напори за реформа на стручнното образование и негова адаптација кон потребите и во правец на формирање на личност која ќе биде оспособена да биде производител и управувач со призводните процеси.

Во средното образование документите сведочат за Законот за средно образование и воспитание донесен во 1979 година. Во законот утврдени се основите на новиот систем на насочено средно образование усогласени со општествените определби и ставови за социјалистичка самоуправна преобразба на воспитанието и образованието.[58] Ваквите општествени и структурни промени барале усогласување на наставните планови и програми, но не само во средното образование. Промените самите по себе биле сложени и барале промени и во наставните планови и програми во основното образование, според определена динамика, промени на кадарот, негово усовршување, учебници и сл. Треба да се истакне дека најголемиот број од предизвиците кои се постевиле пред државните институции ќе биде решен, по што ќе се заклучи дека најголем број од вработените веќе се со високо образование, а учебниците биле обезбедени со посебна програма за издавање на учебници од страна на „Просветно дело".

Вака осмисленото образование барало големи промени во образовниот процес во стручното образование. Промените се движеле од организација до промена и усовршување на формите и методите на работа на наставниот кадар во училиштата. Се очекувало промените да донесат стручњаци кои би биле квалификувани и висококвалификувани и кои би се вклучиле во одредени гранки на стопанството и индустријата. Притоа најголемо внимание им се давало на

[58] Архив на Македонија, Извештај од следењето на реализацијата на новите планови и програми за воспитно образовната работа во првите две години од насоченото средно образование и воспитание, Скопје, Завод за унапредување и проучување на школството, март 1985, стр. 1

техничките училишта. Суштината на оваа реформа на стручното образование сепак била поврзана со праксата која требало да добијат учениците после II, III и IV година. Реформата во стручното образование ставила акцент и на формирањето на училишни центри за стручно образование, како и на реформа на наставно-воспитниот процес, создавање на нови наставни програми усклaдени со степените на образованието и структурата на центрите.

Се сметало дека со вака поставеното образование, почнувајќи од основното преку гимназикото и средното стручно образование би се добиле ученици кои по завршувањето на образованието ќе можат да се вклучат во самоуправното социјалистичко општество и да придонесат во неговата изградба. За периодот во кој се правеле реформите може да се каже дека тие биле одлично осмислени, а одредени сегменти и интенции од истите се забележуваат и денес.

Секако реформите донеле подобрување и поврзување на основното образование кое било задолжително со средното образование. Истовремено со подобрувањата забележани биле и проблемите кои се појавиле. Ако се започне со искажувањето на проблемите во основното образование според податоците на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието на Социјалистичка Република Македонија во учебните години 1975/76 и 1979/80 опфатот на ученици во основното образование се движел од 60 до 90% во зависност од средината каде што се наоѓало училиштето.[59] Податоците првенствено покажуваат дека сите деца во I (прво) одделение не се запишувале на време, односно некои се запишувале на 6, некои на 7 и 8 годишна возраст, а некои деца воопшто не се запишувале во основното училиште. Некои ученици пак се запишувале по што се откажувале од посетувањето училиште. Според податоците најголемите откажувања на запишаните ученици настанувале во V, VI и VII одделение, а од запишаните ученици се забележува дека 74% го завршувале основното образованието.[60] Откажувањата биле најзабележителни во селата. Имено „некои родители особено на село, во ридско-планинските региони, не водат грижа за навремен упис и редовно посетување на училиштата на своите деца, па дури и ги спречуваат во тоа", се вели во еден од извештаите на заводот. Други анализи на републичкиот завод покажувале дека голем број на ученици

[59] Архив на Македонија, Извештај од следењето на реализацијата на новите планови и програми за воспитно образовната работа во првите две години од насоченото средно образование и воспитание, Скопје, Завод за унапредување и проучување на школството, март 1985, стр. 10
[60] Архив на Македонија, Извештај од следењето на реализацијата на новите планови и програми за воспитно образовната работа во првите две години од насоченото средно образование и воспитание, Скопје, Завод за унапредување и проучување на школството, март 1985, стр. 11

повторувале и тоа поради пред се запоставувањето на општествената улога на училиштето, но и поради недоволната подготовка на еден дел од наставниците и нерационалноста на наставните програми.[61] Интересно е и наведувањето дека имало и казни за родителите поради непочитување на училиштата, но казните биле ненавремени и не претставувале значителен издаток за родителите во основнните училишта. Во однос на средното образование Републичката заедница за насочено образование истакнува дека сите ученици што завршиле основно образование истото не го продолжувале во средно. Со оглед на фактот што ова образование било незадолжително неможеле да се превземат поконкретни мерки за надминување на овој проблем. Во однос на успехот на учениците во средните училишта изработувани се анализи од страна Републилчкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, кои даваат показатели за општиот успех. Според една од нив од 1980 година во стручните училишта 17% од учениците ја повторувале годината, процент што бил најголем во СФРЈ. Според овие податоци одлични биле 13,5%, многу добри 11%, добри 17,3%, доволни биле 39,7%, додека повторувале илли биле на поправен испит 18,5% од учениците.[62] Причини за ваквиот успех според анализата биле: слабите знаења кои учениците ги noселе од основното образование, оптовареноста на учениците со голем број часови и обемни содржини, незаинтересираност и слаба мотивираност за самостојно учење, изостанување на учениците од редовната и дополнителната настава и др.

Дискрепанцата е голема помеѓу основното и средното образование и при анализата на оценките со кои учениците се запишале во I година во средно образование и оценките со кои истата ја завршувале, што се гледа од следната табела.

| 1979/1980 | Одлични (5) | Многу добри (4) | Добри (3) | Доволни (2) | Недоволни (1) Поправен | Недоволни (1) Повторувале |
|---|---|---|---|---|---|---|
| При запишување во I година | 28,75% | 19,9% | 24,2% | 22,8% | 4,4 % | |
| При завршување на I година | 9,2% | 9,8% | 15,2% | 11% | 33,6% | 14,9% |

Табела 1. Приказ на вреднувањето на учениците во I година од средното насочено образование 1979/80 година[63]

[61] Исто, стр. 13

[62] Успехот од воспитно-образовната работа на насоченото средно образование во учебната 1979/80 година, Анализа, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, ноември 1980 година

[63] Исто

Од ваквите резултати не биле задоволни ниту учениците, ниту наставниците, родителите, а ниту училиштата и факторите кои се занимавале со образованието. За неповолните резултати најчесто биле обвинувани: недостатокот од финансиски средства, тесниот училишен простор, слабата техничка опременост на училиштата со наставни средства, недостигот на стручни кадри кои требало да работат во училиштата и др. Некои од овие забелешки биле оправдани, но секако најголемиот проблем била недоволно развиената свест на населението и недостатокот од образовната култура и навика за образование.

Како заклучно согледување од овој дел може да кажеме дека историјата и развитокот на образованнието и образовната политика во периодот од 1970 до 1991 година бележеле успеси и напредок и во основното и средното образование. Ова е период на реформи кои неможат да го изгубат своето значење поради било која друга последица донесена од нив. Напредокот во образованието бил задоволителен, а се работело на кревање на свеста на населението и создавање на потреба од иницијатива за редовно посетување на основните, но и средните училишта. Состојбата ќе биде ваква до крајот на обработката на темата, до 1991 година кога само основното образование било задолжително, односно кога средното образование како и во повеќето држави било опционално. Состојбата во Република Македонија се измени со воведувањето на задолжително средно образование во 2008 година, кога образованието, учебниците и сместувањето станаа бесплатни и за родителите се обезбедија поволности за посетување, но и казни за непосетување на наставата.

# II ГЛАВА

## Историското образование во основното и средното образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија 1944 - 1991 година

### 2.1. Значењето на наставниот предмет историја за воспитно образовниот систем

Како што е веќе повеќепати констатирано во рамките на овој труд, иако образованието и образовните процеси во Македонија имаат длабоки корени, инстутиционален или организиран образовен систем македонскиот народ немал поради непостоењето на македонска држава која што можела да организира образовен систем. Со Првото заседание на АСНОМ и со поставувањето на темелите на современата македонска држава создадени биле сите услови за институционално организирање на образовен систем. Образовниот систем за првпат требало да опфати организирано основно, средно и високо образование и за првпат изучување на македонскиот јазик и на македонската историја и географија.

Согласно Решението со кое АСНОМ се конституирал како врхвно законодавно и извршно тело и највисок орган на државната власт во Македонија, на наговото прво заседанието бил избран Президиум како законодавен и извршен орган на АСНОМ.[64] Президиумот како извршен орган на АСНОМ ја вршел функцијата на Влада, која што можела да формира поверенства (министерства) за одделни области значајни за функционирањето на државата. На својата прва седница на 6 август 1944 година Президиумот на АСНОМ донел Решение за организирање на поверенства на Президиумот на АСНОМ и именување на нивни раководители.[65] За потребите на образованието од страна на Президиумот формирано било поверенството за просвета, а за повереник бил именуван проф. Епимнонда Поп-Андонов[66]. Од 2 до 5 септември 1944 година на Третата седница

---

[64] Сашо Додевски, 65 години Министерство за образование и наука на Република Македонија, Просветно дело, Скопје, 2009, стр. 10

[65] ДАРМ, Скопје, фонд: 157, АСНОМ (1944-1945), К2, 2/27

[66] Епаминонда Поп Андонов е роден на 3 ноември 1898 година во Струмица. Се школувал во Струмица, Скопје и Белград каде што завршил Филозофски факултет. По дипломирањето работел како професор во Струмица, Врање, Бања Лука, Сараево, Скопје и Приједор. Учествувал во создавањето на културно-уметничкото друштво „Вардар" во Скопје. Бил учесник во НОБ, член на КПМ, член на АНОК, член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, делегат на Првото заседание на АСНОМ, член на Президиумот на АСНОМ избран на Првото заседание на АСНОМ, член на АВНОЈ, Повереник за просвета при Президиумот на АСНОМ (6 август 1944 - 1 јануари 1945), директор на Народната библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје (1947-1951) и редовен професор на Вишата педагошка школа во Скопје. Како повереник за просвета, а потоа и како висок службеник на Министерството за просвета на НРМ, активно бил ангажиран во повоениот

на Президиумот на АСНОМ било донесено Решение за воспоставување на настава во основното образование со траење од 7 години и за воспоставување на настава во средното образование во траење од 5 години. За реализирање на наставта биле подготвени наставни планови планови, а меѓу нив за првпат се појавил наставниот предмет историја.

Наставниот предмет историја е еден од најзаначајните предмети во воспитно образовниот систем и значењето кое што го има е непроценливо. Преку изучувањето на историјата и преку проучувањето на минатото во воспитно образовниот процес општо прифатено е дека треба да се создаваат личности кои можат да ја користат историјата во нејзината позитивна смисла како учителка за минатото. При изучувањето на историјата се смета дека човекот, односно ученикот ќе се стекне со знаења за значајните светски настани и ќе се здобие со трајни и позитивни вредности за својата и за светската историја. Историјата воопшто, а посебно во воспитно образовниот процес би требало да изгради личности кои што ќе ги почитуваат своите национални посебности, но и посебностите и историите на другите. Таа е нераскинливо поврзана со изградбата на националниот идентитет посебно кај младите луѓе и нивното позитивно гледиште на историските настани, од кои можат да научат како треба да дојдат до подобра иднина.

За улогата на наставниот предмет историја во изградбата на националниот идентитет се зборувало многу, во многу држави, и за сите заеднички заклучок е дека таа треба да дозволи слободно градење на идентитетот, почитување на другите како и поврзување на народите преку настани кои се од заедничко значење. Улогата на наставниот предмет историја во Светот и посебно во Европа и неговото значење може да се види, ако се погледнат образовните системи и наставните програми по историја.

Во образовните системи на државите од Европа[67], од наставните планови се гледа дека постојат наставни предмети кои се изучуваат задолжително и континуирано во основното образование, а истите се продолжуваат да се изучуваат и во средните училишта. Тоа се следните наставни предмети: 1.Јазикот на државата; 2. Странски јазик (прв и втор странски јазик); 3. Историја; 4. Физичко

---

развој на просветата и образованието во Македонија. Бил претседател на Педагошкото друштво на СРМ. За својата општествено политичка активност бил одликуван со повеќе награди и признанија. Починал на 17 јули 1958 година.

[67] Обработени беа наставните планови на Словенија, Хрватска, Бугарија, Грција, Италија, Обединетото кралство (Северна Ирска, Англија, Велс), Обединетото кралство (Шкотска), Финска, Норвешка, Шведска, Данска и Германија, Словачка, Чешка, Романија, Полска, Естонија, Латвија и Литванија.

образование; 5. Математика и 6. Информатика. Врз основа на ова истражување се доаѓа до заклучок дека историјата како наставен предмет има големо значење во овие држави и учениците ја изучуваат задолжително и континуирано.

Во контекст на погоре наведеното, како и повеќето држави Југословенската федерација, чиј составен дел била Република Македонија во периодот кој се проучува, му придавала големо значење на наставниот предмет историја. Развојот на образованието и воедно развојот на историското образование изразено преку креирањето на наставните програми, пишувањето на учебници по историја и издавање на друга литература, како и создавање и користење на капитални дела кои се користеле во наставта имало висок приоритет во државата. Специфичност во овој период од 1944 до 1991 година било раководењето и контролирањето на образованието од страна на Комунистичката партија на Југославија, која што го наметнувала своето влијание во сите делови од општеството и животот. Комунистичката партија ја истакнувала потребата за образование и воспитание гледајќи преку него како низ систем за воспоставување на новата "комунистичка" и "југословенска" идеологија и како апарат за докажување на оправданоста од постоењето на Југословенската држава, живеењето на народите, вклучувајќи ги Македонците во федеративна Југославија. Како и со повеќето тоталитарни типови на власт, и во општеството кое го раководела Комунистичката партија сé почнувало од неа, најзините членови биле „избраните од народот" и делувале во негово име, додека сé претходно направено не било добро и се сметало за непријателски елемент. Во текот на годините се менувале раководителите како во федеративна Југославија, така и во Република Македонија, но иако постоеле промени, тешко се менувале политиките кон образованието и кон историјата. Промените можеме да ги следиме преку наставните програми по историја, учебниците по историја, историските читаники и другата литература која се користела во образованието.

Но, од бројни причини одвивањето на наставта по историја според првиот наставен план не била прифатена и нејзината реализација била многу тешка. Со други зборови наставата по историја во периодот по војната, во привремениот наставен план и програма за работа во основните училишта во Македонија од I до VII одделение во учебната 1944/45 година, била добро замислена, но неможела да се реализира. Имено, вака концепираниот наставен план не бил во согласност со гледиштата на државата во однос на историјата. Историјата која се

предавала почнувајќи од годините по војната, морала да одговара на потребите на Југословенската федерација, на комунистичката партија и на нејзината политика, па затоа античката, средновековната и другата историјата на Македонија и борбата на македонскиот народ за самостојна држава ќе бидат прикажувани во склад со југословенската политика на т.н. рамноправност. Личностите кои не се согласувале со комунизмот и југословенската идеја посебно биле прогласувани за негативни под различни имиња како буржуаски елементи, бугарофили и слично. Во историјата која била „по мерка“ на Југословенската федерација по војната се изучувала и се потенцирала Втората светска војна, учеството на КПЈ во војната и придобивките од неа. Наскоро составен дел од севкупниот живот и од историјата ќе стане ликот и делото на Јосип Броз Тито, КПЈ и антифашистичката борба на братските народи на Југославија. Со постојаните потенцирања на овие термини, тие станале составен дел од силната југослоенска пропаганда и се врежале длабоко во умот на македонецот, при што успеале да го стават југословенското пред националното, - заедничкото пред своето. За сите постапки имало оправдување, тие често биле нелогични, и воедно се прикажувало и колку новата власт се грижи за своите граѓани.

Наставата по историја во периодот по војната, во привремениот наставен план и програма за работа во основните училишта во Македонија од I до VII одделение во учебната 1944/45 година, иако била добро замислена, не можела да се реализира, поради тоа што не да одговарала на потребите на комунистичката партија и на нејзината политика. Затоа античката историјата на Македонија и борбата на македонскиот народ за самостојна држава ќе бидат прикажувани во склад со југословенската политика на т.н. рамноправност. Во историјата која се изучувала по војната се потенцирала социјалистичката револуција, работничкото движење, Втората светска војна, учеството на КПЈ во војната и придобивките од неа. Наскоро составен дел од севкупниот живот и од историјата ќе стане Јосип Броз Тито, КПЈ и антифашистичката борба на братските народи на Југославија. Со постојаните потенцирања на овие термини, тие станале составен дел од силната југословенска пропаганда која се стремела да го врежe југословенството длабоко во умот на Македонецот, и да го стави чувството за југословенската припадност пред чувството за македонската национална припадност. За сите постапки имало оправдување, тие често биле нелогични, но биле претставувани како добри и нормални постапки преку кои се прикажувало и

колку новата власт се грижи за своите граѓани, на кои им давала можност да градат државна и национална припадност.

Прогласената рамноправност на народите во југословенската федерација, постоењето на нагласената потреба на Македонците за свое национално самопотврдување, со истовремено пласирање на југословенството и интернационализмот на КПЈ, диктирале и соодветен избор на содржините во наставата по историја во периодот 1944 - 1991 година. Така напоредно со изучувањето на наставните содржини од историјата на македонскиот народ во поголем обем се изучуваа содржини од историјата на другите југословенски народи заради посилно и позабрзано развивање на титовото интегрално југословенство.[68] Историјата преку содржините на учебниците по историја морала да биде посебно објаснета и истите требало да го нагласат братството и единството на југословенските народи и нивниот придонес во антифашистичката борба, како и интернационализмот на КПЈ. Истовремено историјата требала да и даде легитимитет на новата држава на јужните Словени, да го нагласи југословенството и да ги маргинализира националните истории на федеративните републики на Југославија. На овој начин државниот идентитет требало да биде загарантиран и заштитен од неконторлираниот развој на националните идентитети.

## 2.2. Наставниот план на Президиумот на АСНОМ и изучувањето на историјата

Првиот наставен план, односно „Времен план за обука во основните училишта"[69] бил донесен на 30 септември 1944 година. Овој наставен план содржел времетраење, цел на наставата, упатство за организација на наставната работа, времена азбука и наставни предмети по одделенија. Во рамките на наставниот план се забележуваат предмети кои се појавуваат за првапат и кои преку образованието треба да ги изградат македонскиот дух и младина. Во привремениот наставен план и програм за работа во основните училишта во Македонија од I до VII одделение во учебната 1944/45 година, предвидени биле VII одделенија во кои се изучувале од 7 до 11 наставни предмети во зависност од

[68] Виолета Ачкоска, Советското влијание врз историското образование во народна Република Македонија 1945 - 1948 година, Руско-македонски јазични, литературни и културни врски (Материјали од Третата македонско-руска славистичка конференција, Охрид, 9-11 август 2001 г.), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет „Блаже Конески", Скопје, 2006, стр.539

[69] ДАРМ, Скопје, фонд: 157, АСНОМ (1944-1945), К2, 102/291-296

возраста на учениците. Наставниот план содржел повеќе предмети од кој се издвојувала т.н. национална група предмети, во која се забележува предметот ***народен јазик***, наместо денешниот предметот македонски јазик[70], а ***историја*** која се изучувала од III (трето) одделение. Во однос на историјата може да се каже дека во трето одделение по предметот историја се учеле ***сказни од нашата историја***, а во четврто одделение се изучувала ***историја на Македонија и на Југославија***. Во петто и шесто одделение според овој наставен план се изучувала историја по периоди и тоа, во петто одделение: ***историја - стар век*** и во шесто одделение: ***историја - среден и нов век***. Во седмо одделение се изучувала ***историја на Македонија во врска со соседните народи***. Бидејќи непостоеле учебници, за овие предмети учителите се насочувале да го следат весникот "Нова Македонија", во кои требало да има текстови кои ќе одговараат на наставните содржини додека учебници не се напишат.

Од наставниот план се гледа дека историјата не само што постоела како наставен предмет туку во нејзини рамки се изучувале античка и средновековна историја, историја на новото време, историја на македонскиот народ и на југословенската заедница. Во сите овие периоди на историјата споменати се Македонците и нивната историја, како на пример античка Македонија, средновековна Македонија, при што јасно Македонскиот народ се издвојува како посебна целина и има своја историја од антиката па до создавањето на југословенската федерација. Но, ваквата програма не била во согласност со еднаквоста на народите и политиката на докажувањето дека тие настанале од Словените, кои се обединиле во Југословенската федерација. Постарата историја се избегнувала и Македонскиот народ никако не смеел да се поврзе со антиката и со најстарите народи? Дали тогаш Македонците ќе се охрабреле и ќе сакале да ги соединат своите територии или ќе биле порамноправни со дотогашните нации во федерацијата, посебно со Србите кои се поставувале во надредена позиција над другите народи? Политиката на Президиумот на Методија Андонов секако била Македонскиот народ да го добие своето место во историјата и во севкупните односи помеѓу балканските народи, да се објасни неговата етногенеза и формирањето на националниот идентитет. Затоа со овој наставен план се

[70] По бројни барања и настојувања, во 1946/47 во основните училишта бил преименуван предметот "народен јазик" во "македонски јазик" за што голема заслуга има проф. Блаже Конески.

спроведувала образовна политика која што требала да го подигне духот на Македонскиот народ.

Во 1945 година овој наставен план бил заменет, а Президиумот заедно со нејзинот претседател биле сменети, од дел од нив биле апсени, судени, репресирани и затворени. За новата Влада и за македонските интелектуалци ова било предупредување и порака, да внимаваат на следните дејства кои ќе ги превземат. Идејата за самостојна Македонија во рамките на федерацијата и за самостојно водење на политика во Македонија времено запреле, а Владите кои доаѓале и се меннувале во најголем дел биле спроведувачи на политиката на Југословенската федерација.

## 2.3. Наставата по историја на семинарот во Серменин

Освен што била изготвена времена наставна прогама еден од приоритетите на Поверенството за просвета била и обука на наставниците кои ќе ја изведуваат наставата. Во повоениот период, наоѓајќи се под советскиот идеолошки чадор, југословенскиот државно-партиски врв го прилагодувал и образованието на младите, а пред се образованието на учителите според критериумите на марксизмот и ленинизмот. Наставата по историја која што била опфатена на првите курсеви била со теми строго контролирани и направени во духот на марксизмот, ленинизмот, братството и единството и заедничката борба за слобода на народите на Југославија.

Проблемот со учителите бил еден од најтешките проблеми за решавање. Првиот чекор што бил преземен за решавање на овој проблем е ослободувањето на и онака малиот број на учители од воената служба, односно нивно отпуштање од Петнаесеттиот корпус на Македонската војска кој требало да замине на фронтовите ширум Југославија и нивно ставање на располагање на Поверенството за просвета. Тоа биле сите учители од 18 до 25 години, односно 70% од учителите во Битолскиот округ[71]. Се истакнува дека поради ова се заканувала опасност многу училишта да бидат затворени, посебно училиштата во селските средини. Официјалните податоци зборуваат дека во декември 1944 година биле затечени околу 337 учители и 140 професори[72]. Според сеќавањата

[71] Извештај од Околискиот НОО Битола ... цит. дело, стр. 211
[72] АМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1945, к.8. Извештај за Поверенство за просвета од 1. ИИИ. 1945.

на Димче Мира[73] во Македонија во тоа време имало вкупно околу 620 учители.[74] Со овие учители (со учителска школа) и со околу 120 луѓе со високо образование од областа на просветата, науката и културата, требало да се задоволат потребите на Поверенството, Поверенствата во областите, околииите и градовите, основните и средните училишта, како и за ангажирање за организирање на учителски курсови. За подготвување на нови учители биле повикани сите кои имале завршено шести, седми и осми клас, а кои немале матурирано, биле “мобилизирани”, им биле одржани убави патриотски говори и биле испратени на курсови. Македонија само за учебната 1944/45 година имала потреба од 3000 учители и 450 професори[75].

За подготвување на наставен кадар организирани биле краткотрајни учителски курсови кој траеле најпрво четири дена, а потоа од 15 до 25 дена, одржувани биле семинари, отварани биле посебни училишта за учители со посебни прилагодени предмети, а биле одржувани и напредни курсови за интелектуалци.

Во литературата посебно се истакнува курсот за учители во село Семерин, Гевглиско одржан од 23 до 31 октомври 1944 година, кој траел 8 дена и на кој биле оспособени 34 учители. Бидејќи се покажал како успешен одржан бил уште еден курс за учители кој траел од 13 до 23 ноември 1944 година, овојпат во градот Гевгелија на кој биле оспособени уште 40 учители од гевгелиско-валандовско-дојранскиот регион[76]. На овој курс обработени биле повеќе содржини од повеќе области, од кои најзначајни биле мајчиниот јазик, историјата, педагошката работа и хигиената, а по завршувањето на курсот врачени биле уверенија за назначување на учители.

На семинарот во Серменин од областа на историјата биле обработени следните теми, кои се прикажани како што биле распоредени по денови:

1 ден - Имаме ли врска со Александар Македонски и кои се денешните Македонци?

---

[73] Димче Стојанов-Мире е роден на 10 октомври во Прилеп. Дипломирал историја на универзитетот во Белград во 1935 година, по што бил професор во Прилеп, Кратово и Ловеч (Бугарија). Поради својата натичашистичка дејност тој бил интерниран во логорот Чучулигово во Бугарија. Бил референт за просвета во Поверенството за просвета, при првиот Президиум на АСНОМ, Повереник за просвета во Президиумот на АСНОМ избран на Второто заседание на АСНОМ (1 јануари 1945 - 16 април 1945), министер за просвета на НРМ (1947-1951), шеф на кабинетот на претседателот на првата Влада, Лазар Колишевски, претседател на Народното собрание на НРМ (1951-1955) и директор на Архивот на Македонија (1960-1978). Починал на 4 септември 1951 година во Скопје.

[74] Иван Глигориевски, Првите учители на македонски јазик (1943 - 1948), (Сведоштво на Димче Мира) Скопје, 2007, стр.109

[75] Нада Јурукова, Основното восп. ...1944-1950, стр.76, спор. Лазар Лазаров, Просветната политика на НРМ од 1944 до 1956 година, Скопје, 1984, XXXIX, бр. 1-2, 18-38

[76] Иван Глигориевски, Првите учители на македонски јазик (1943 - 1948) цит. дело. стр. 120, спор. Нада Јурукова, Основното восп. ...1944-1950, цит. дело. стр.113,

2 ден - Самоиловото царство и епохата по него

- Народноослободителниот фронт во светот и во Македонија

3 ден - Илинден. (Илинденското востание; неговите национално-револуционерно-ослобителни и социјални карактеристики).

- Федерална Македонија во Демократска Федеративна Југославија (Македонија како рамноправен член на семејството на збратимените југословенски народи).

4 ден - Епохата по Илинден. (Ефектите од востанието, причините за неуспехот, положбата на населението по него).

- Комунистичката партија како водач на денешната борба.

5 ден - Просветната политика во Македонија од страна на поробувачите. Нашите преродбеници.

- Економската политика на поробувачите на Македонија.

6 ден - Македонското прашање во светлината на борбите од 1918 година.

- Сојузниците и техеранската конференција

7 ден - Како започна и кој е крив за Втората светска империјалистичка војна? (2 часа)

- Фашизам (Што е фашизам; каде се неговите корења; што сакаше Хитлер да постигне?)

8 ден - Краток историјат на денешната борба (реферат).

- Народноослободителната војска и Црвената армија (реферат).

Од програмата на деветдневниот курс посебно се видливи запознавањата и учењето на посетителите со историјата и проблемите кои можат да се јават околу изучувањето на овој наставен предмет. Темите кои се обработени се во тесна врска со наставниот план, а секој ден по еден или повеќе часови биле посветени на историјата што ни дава дополнителен податок за важноста на дисциплината.

Иако според подготвувачите на семинарот во историските содржини се вбројани 7 содржини, тие најчесто се испреплетувале со содржините од општествено-политичката и економска тематика. Од петнаесетте теми кои биле обработени, 12 теми се однесуваат на Македонската историја, додека 3 теми се од светската историја. Темите од македонската историја распоредени се по периоди и тоа: од Античката историја (1), од средновековната историја (1), од Илинденскиот период (3), и останатиот дел е од периодот на Првата светска војна

(1), од периодот помеѓу двете светски војни и на Втората светска војна. Во опфатените тематски подрачја забележителен е бројот на содржини со општествено-политичката-економска тематика - 12 содржини од вкупно 55 содржини или 22 %. Во историските содржини евидентно е дека само 1 содржина била посветена на Античката историја и 1 содржина на средновековната историја, додека пак на периодот од Првата до Втората светска војна биле посветени 11 содржини или 73 %. Ова јасно покажувало дека понатамошноста изучување на историјата ќе ги оправдува настанувањето и развојот на социјализмот и борбата за слобода од втората светска војна. Овие теми редовно биле поткрепени со содржините од општествено-политичката и економска тематика.

При организирањето на учителските курсови Народно ослободителните одбори (НОО) внимавале, за учители да бидат избрани личности кои имаат углед во народот, кои се соодветно образовани или кои се близу до завршување на образованието, НОО превземале обврска да обезбеди исхрана и сместување за учителите и да обезбедат соодветна план и програма.

Со ослободувањето на Македонија почнал и развитокот на стручни училишта за учители. На својата Трета седница, одржана во манистирот Св. Прохор Пчински од 2 до 5 септември 1944 година се донело решение за отварање на учителска школа со која би требало да биде решен проблемот со учителскиот кадар. Најпрво се отворила Учителската школа во Скопје, која почнала со работа на 1 март 1945 година, во учебната 1945/46 се отворила Учителска школа во Штип и во учебната 1946/47 Учителска школа во Битола. Конечно прашањето на учителите било решено со отварањето на Вишата педагошка школа која својата работа ја почнала на 1-ви ноември 1947 година во Скопје, и била единствената педагошка институција во Македонија од таков вид.

Со отварањето на овие институции системот на училишта за учители постепено се оформовал, а во подоцнежните години и се усовршувал и надградувал. Сепак семинарот во Серменин е еден од првите кои требало да ги постави контурите на образованието на учителите, а застапеноста на историјата и на историските содржини кои се обработуваат во него заземале значајно место.

## 2.4. Наставните планови и изучувањето на историјата во основното образование (1945-2000)

Со „Времениот план за обука во основните училишта" биле поставени темелите на образованието и насоките кон кое тоа требало да се движи. По првиот наставен план издаден од Поверенството за просвета се нижеле наставни планови, во дидактичка смисла секој подобар и поусовршен од претходниот, со измени кои ги носело времето кое што доаѓало. Секој од овие наставни планови се посебно значајни бидејќи сите содржини во учебниците по историја се пишувани и составувани врз основа на наставните планови и програми, со конкретни дадени цели, задачи, содржини и насоки, кои ги насочувале наставниците за кои била наменета наставната програма, но и оние кои ги пишувале учебниците во идеолошка и во политичка насока. На овој начин преку наставните планови, а подоцна преку содржините во учебниците се вршела идеолошка индоктринација и всадување на вредностите на „новата власт", кој што требало да ги знае секој човек, а посебно младите луѓе кои биле најподложни на влијанија.

Освен во дидактиката каде имало промени во позитивна смисла, првиот „Времен план за обука во основните училишта" претрпел големи измени во содржинскиот дел. Поточно, содржините кои биле поставени со времениот план биле изменети, односно античката историја речиси ја нема во следните наставни планови, а средновековната и националната историја се значително намалени, при што сите се дадени во контест на југословенската идеологија и историја.

Во контекст на претходнонаведеното, Министерството за просвета на Народна Република Македонија преку државното книгоздателство во 1946 година издало „Наставен план и програма за основните училишта во Македонија". Наставниот план опфаќа 4 одделенија, во кои се изучувале следните предмети: народен јазик, историја, земјопис, природознание, сметање, цртање, пеење, фискултура и краснопис. Се изучувале 20 до 26 часа неделно, меѓу кои и часови по наставниот предмет историја и тоа во III одделение - 3 часа неделно и во IV одделение - 4 часа неделно.

Целта на оваа наставната програма по историја вели: „ Да се запознаат учениците со историското минато на нашите народи и нивната татковина Југославија, да се развие кај нив љубов и оддаденост кон татковината и нејзините народи. Да се утврдуе братството и единството меѓу нашите народи, како и да се утврдат сите добивки од народноослободителната војна. Да се воспитуат децата во непомирлива омраза против непријателите на татковината, против сите оние

кои што работат за уништуење на добивките од нашата народноослободителна борба. да се развие кај учениците разбирање за узрочната поврзаност на историските собитија.“[77]


НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРОСВЕТА

НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА
ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА
ВО МАКЕДОНИЈА

1946
ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА

Наставен план и програма за основните училишта во Македонија од 1946 година

Според овој наставен план и програмата по историја во III (трето) одделение се изучувале темите: 1. Запознавање на учениците со праисторијата; 2. За животот на старите Славјани во старата татковина и преселуењето во новите татковини; 3. Јужни Славјани. Живот во новата татковина; 4. Почетоци на државен живот, првите држави. Рисјанство и писменоста; 5. Државата на Јужните Славјани до губитокот на државната самосталност.[78] За IV (четврто) одделение според наставната програма предвидени се следните теми: 1. Пропаѓањето на Југословенските држави и борбата за слобода; 2. Селски бунтови, востанија и движенија; 3. Балканска војна. Првата световна војна. Причини и последствија.

---

[77] Наставен план и програма за основните училишта во Македонија, Министерство за просвета на Народна Република Македонија, Државно книгоиздателство на Македонија, 1946. стр. 22.
[78] Исто, стр. 22-23.

Стварањето на Југославија од 1918-1941 год.; 4. Втората световна војна. Распаднуење на Југославија. Борба за ослободуење и тековините од ослободуењето.[79]

Во самите теми содржани се конкретни наслови, кои треба да се обработат, а се однесуваат на македонската, југословенската и светската историја. Од нив во III одделение македонската историја е застапена во 4, југословенската во 20 и светската во 13 наслови, за кон не е посочено прецизно што се, но се претпоставува дека се наставни единици или содржини. Во IV одделение македонската историја е застапена во 8, југословенската во 24 и светската во 10 наставни единици или содржини.

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| III-то одд. | 13 | 20 | 4 |
| IV-то одд. | 10 | 24 | 8 |

Табела 1. Приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1946 година




Графички приказ за изучувањето на историјата според наставната програма по историја од 1946 година

[79] Исто, стр. 23-24.

Може да се заклучи дека настаната програма по историја од 1946 година во целите не ги споменува Македонците, го гради Југословенството, братството и единството меѓу „нашите народи" и значително внимание и посветува на народноослободителната војна. Од наведените содржини во наставната програма, на македонската историја посветени се 15% од содржините во двете години, што е недоволно и потценувачки во однос на 56% посветени на југословенската историја и 29% посветени на светската историја.

Треба да се истакне и идеологизацијата и зачудувачката цел која што повикува на омраза кон „другите", односно „Да се воспитуат децата во непомирлива омраза против непријателите на татковината, против сите оние кои што работат за уништуење на добивките од нашата народноослободителна борба."[80] Овде не е наведено кои се непријателите на татковината, дали се тоа луѓе кои не се согласувале се режимот или надворешни непријатели и кој работи на уништување на придобивките од народноослободителната борба. Се поставува прашањето дали тука се вбројуваат и Претседателот и повеќето од членовите на Президиумот на АСНОМ и патриотите кои учествувале во војната за ослободување но од различни причини не биле комунисти?

Речиси иста на наставната програма од 1946 година е наставната програма од 1949 година.

Наставната програма по историја од 1952 година е дел од наставните планови на општо-образовите школи за учебната 1952/53[81] изготвени од Советот за Просвета, наука и култура на НР Македонија. Според неа „Целта на наставата по историја бил: 1. да го покаже нивото на општеството во неговиот развиток, да ги открие неговите противречности и да го истакне развитокот на класите и класните борби; 2. да развие кај учениците способност да ги откриваат економските и класните причини за појавата на разните општествени и политички настани; 3. да формира кај учениците марксtotичко гледање на светот и да ги оспособи да можат дијалектичкиот материјализам правилно да го применуваат; 4. да ги оспособи учениците правилно да ја проценуваат прогресивната улога на борбата на угнетените маси и да разбива симпатии спрема нивната борба, како и чувство на омраза спрема сите угнетители и народни непријатели; 5. да развива кај учениците посебен интерес кон историјата на југословенските народи,

[80] Исто, 22
[81] Наставните планови на општо-образовите школи за учебната 1952/53

настојувајќи нивните прогресивни борби во минатото да станат трајна своина на учениците, така што истите да формираат историска традиција кај нив; 6. да покажат дека работничката класа е наследник на сите прогресивни борби во минатото на нашите народи и најдоследен борец за нивно обединување, и дека вистинското братство и единство на нашите народи е искована низ тешките борби на работничката класа и трудбениците од Југославија против сопствената буржоазија и странските завојувачи; 7. да ја истакне раководната улога на КПЈ како авангарда и организатор на трудбениците од Југославија и особено нејзината улога и херојството во времето на НОБ, како организатор на обновата и на социјалистичкиот поредок кај нас; 8. да го истакне решителниот став на КПЈ во борбата против Информбирото за запазување на независноста на земјата и светско-историското значење на применувањето новите форми во управувањето со стопанството; 9. да развие кај учениците социјалистички патриотизам и гордост за нивната припадност кон својот народ, кој раководен од својата Комунистичка партија и другарот Тито, твори нов поредок за свое добро и за пример на другите народи; 10. да развие кај учениците љубов кон самопрегорна работа за победа на социјализмот кај нас и решеност да ја бранат својата социјалистичка татковина.[82]

Според наставниот план и наставната програма по историја во V, VI и VII одделение наставата се одржува со 2 часа неделно, додека во VIII одделение наставата се одржува со 3 часа неделно. Вкупно за новите наставни содржини во 5 одделение предвидени се 37 часа, од кои 29 се однесуваат на светската, 4 на југословенската и 4 на македонската историја. Во VI-то одделение од вкупно 45 часа, според програмата 12 часа се однесуваат на светската, 23 на југословенската и 10 на македонската историја.

Во 7-мо одделение од 45 часа предвидени за нов материјал, 10 се однесуваат на светската, 31 на југословенската, а само 4 на македонската историја. Во 8-мо одделение од вкупниот број на часови за нови содржини предвидени се 54 часа од кои 7 се посветени на светската, 12 на македонската и дури 35 на југословенската историја.

[82] Наставен програм по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, Скопје, 1952, стр. 3-4.

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| V-то одделение | 29 | 4 | 4 |
| VI одделение | 12 | 23 | 10 |
| VII одделение | 10 | 31 | 4 |
| VIII одделение | 7 | 35 | 12 |

Табела 2. Приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1952 година

Од вкупниот број на наставни содржини од V до VIII одделение за историјата на македонскиот народ биле предвидени 16, 6 % од вкупниот материјал.




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1952 година

Од наведените цели и бројот на наставните содржини се заклучува дека македонскиот национален идентитет не можел да дојде до израз и слободно да се развива. На македонскиот народ му се наметнувало чувството дека тие се

најнапред Југословени, па потоа се друго. Во целите Македонците не се споменуваат за разлика од Југословените кои се споменуваат и се столб на наставната програма. Интересно е што веднаш по судирот со Информбирото во наставната програма внесена е цел која наведува на борба против Информбирото, како и целта која што наведува на омраза, односно „Да ги оспособи учениците на чувство на омраза спрема сите угнетители и народни непријатели;“[83] не наведувајќи прецизно на кои „народни непријатели“ се мисли. Во оваа наставна програма засилена е идеологизацијата, па учениците треба да се оспособат за марксистичко гледање на светот, работничката класа е наследник на сите прогресивни борби во минатото, кај учениците треба да се развие социјалистички патриотизам. Според програмата сите народи и процеси се раководени од Комунистичката партија и Јосип Броз Тито, кој творат нов поредок.

Наставниот план од 1959 година битно не се разликува од претходните наставни планови, обременети со политика, идеологија и повикување на омраза во интерес на создавање на новиот државен поредок.

Затоа пак во наставниот план и наставната програма по историја од 1966 година постојат мали, но значителни подобрувања. Имено по првите наставни планови и програми се увидело дека за подготовка на нови и подобри од претходните наставни планови и програми е потребно да се изврши анализа врз основа на која понатамошната работа во воспитно образовниот процес ќе се подобри. Заради подобрување на воспитно образовниот процес и за создавање на поквалитетно образование во пеесетите и шеесетите години почнале да се формираат институции и да се донесуваат закони кои требале да го унапредат образованието. На 11 август 1955 година основан е Заводот за унапредување на образованието и воспитувањето[84], кој меѓу другото требало да врши анализи на податоците, „да разработува и дава предлози за изменување и воведување на нови наставни планови и програми за сите видови школи како и предлози за нивно спроведување.“[85] Заводот започнал со работа на 1 јануари во 1956 година, но првите посериозни резултати од неговата работа забележуваме во шеесетите и седумдесетите години.

---

[83] Исто, стр. 3
[84] Решение бр. 214 на Извршниот совет на НРМ за основање на Завод за унапредување и проучување на школството, 28 јули 1955, Службен весник на НРМ, бр 26/1955
[85] Исто.

Наставниот план и наставната програма за основните училишта од 1966 година се издадени од Републичкиот завод за унапредување на школството во СР Македонија и произлегуваат од една поширока „консултација и анкета на голем број наставнички колективи, стручни друштва, здруженија и поединци, со цел да се даде оценка за целисходноста на наставниот план и програмата и на постигнатите резултати, како и да се добијат сугестии за натамошно усовршување на наставниот план и програмата“.[86]

Според овој наставен план историја се изучува во VI, VII и VIII одделение со два часа неделно. Во поглед на наставата по историјата во наставната програма по историја поставени се јасни задачи помалку обременети со идеологија и политика во однос на претходните програми. Според наставната програма задачите на наставата по историја се: 1. да ги запознае учениците со основните епохи на историскиот развиток на човештвото и со силите што го движат тој развиток, за да се појасни и илустрира позитивниот тек на историјата; 2. да формира кај учениците сознание за постојан развиток на човековото општество, за неговото постепено, но незадржливо движење од пониски кон повисоки форми на општествено-економскиот живот, за постојана борба на човекот за подобар живот; 3. да ги запознае учениците со најзначајните страници од историјата на нашите народи и нивната борба за слобода, а особено со нашата понова историја, Народноослободителната војна, изградбата на социјализмот и да придонесе за развивањето на југословенскиот социјалистички патриотизам и интернациоанлистичкото воспитување на учениците.

За разлика од целите дадени во претходните програми по историја, во задачите на оваа наставна програма нема повикување на омраза кон неистомисленициите и народните непријатели, туку се истакнуваат постојаните промени во историјата, борбата на народите за слобода, народноослободителната борба и интернационализмот. Што се однесува до идеологизацијата неа повторно ја има преку социјалистичките придобивки и изградбата на социјализмот, но таа е во определени рамки.

Во однос на македонската историја повторно Македонците не се споменуваат во задачите на наставата, каде што се споменува борбата за слобода на „нашите народи“ и југословенскиот социјалистички патриотизам. Во VI одделение постојат само 4 задачи од македонската историја, додека 34 се од светската и 16 од југословенската историја. Во VII одделение од 70 набројани

[86] Наставен план и програма за основните училишта во Социјалистичка Република Македонија, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Просветно дело, 1966, стр. 3

задачи: 22 се однесуваат на светската, 33 на југословенската и 15 на македонската историја. Во VIII одделение од вкупниот број на задачи 92 предвидени се 54 за светската, 37 за југословенската и само една за македонската историја.

Бројот на задачите посветени на македонската историја покажува дека македонскиот национален идентитет не се развивал, а македонската историја во вкупниот број на задачи учествувала со 9,3 % во целокупната историја дадена во наставниот план.

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| VI одделение | 34 | 16 | 4 |
| VII одделение | 22 | 33 | 15 |
| VIII одделение | 54 | 37 | 1 |

Табела 3. Приказ на задачите за изучувањето на историја според наставниот план од 1966 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1966 година

Во 1972 година Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија ја предложил, а Републичкиот педагошки совет совет ја усвоил[87] и објавил „Општата програмска структура со наставниот план и програмите за основните училишта во СР Македонија“. Наставниот план и програмите произлегуваат од перманентниот развиток на општеството и на образованието како негов значаен дел. Истите се прилагодени на новото самоуправно социјалистичко општество, кое барало формирање на „многустрана, слободоумна и хумана личност, способна да ги остварува своите функции во сложените услови на животот и на работата.“[88] За разлика од наставниот план од 1966 година кој што содржи само конкретни задачи, овој наставен план и програмите содржат и цели и задачи. Во општите цели веднаш се воочува дека како и претходните, и наставната програма од 1972 година е обременета со идеологија. Меѓу другото во целите на програмата се забележуваат усвојување на знаењата за марксизмот и неговиот научен поглед на светот, развитокот на самоуправното социјалистичко општество, воспитувањето во духот на братството и единството на народите и народностите на Југославија и сл.

Поточно, историјата како наставен предмет во наставниот план од 1972 година е застапена во четири учебни години (од V до VIII одделение) со 1 час неделно во V одделение и 2 часа неделно од VI до VIII одделение.

Задачи на наставата по историја според наставната програма по историја од 1972 година се:

- Учениците да ги усвојат потребните знаења за историските појави и настани, за нивните причини и меѓусебната поврзаност, како и да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото;

- кај учениците да се развива критичко-историското мислење;

- да ги оспособи да се развиваат причинско последичните односи за да го сфатат закономерниот развиток на општеството;

- да се запознаат со минатото на македонскиот народ и другите народи и народности во Југославија; да се развие кај нив љубов кон својот народ и татковината и чувство на гордост што му припаѓаат на народот кој се борел за слобода и човечко достоинство;

---

[87] На седницата одржана на 29.06.1972 година.

[88] Општата програмска структура со наставниот план и програмите за основните училишта во СР Македонија, Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, 1972, стр. 5

- учениците да ја уочат вредноста на развитокот на творечките сили и борбата за егзистенција, самобитност и слобода на македонскиот народ низ вековите;

- да ја сфатат потребата од поврзување на југословенските народи и народности во борбатаза слобода и независност и неопходноста од натамошно изградување на самоуправното социјалистичко општество;

- кај нив да се развива љубов кон тоа општество и готовност да го чуваат и бранат;

- постојано да го одгледува и развива братството и единството на народите и народиностите на СФРЈ и да ја развива свеста за класниот карактер на нашата заедница како заедница на рамноправни народи.[89]

За развитокот на македонскиот национален идентитет преку образованието од големо значење е појавата на задачи посветени на Македонија и на македонската историја. Во наставните програми по историја до 1972 година борбата за слобода на македонскиот народ не се истакнуваше во целите или во задачите, туку се истакнуваше борбата на југословените, нашите народи, братството и единството, омразата кон непријателите на народот и др. Во оваа наставна програма за прв пат во задачите на наставата по историја се споменува борбата на македонскиот народ и тоа е од македонски национален аспект е голема промена во наставните програми по историја. Во една од задачите учениците треба како што се вели „ да се запознаат со минатото на македонскиот народ“, додека во друга „ учениците да ја уочат вредноста на развитокот на творечките сили и борбата за егзистенција, самобитност и слобода на македонскиот народ низ вековите“.

Според наставната програма од 1972 историјата се изучува и во V одделение со еден наставен час неделно, што исто така е новина во однос на наставната програма од 1966 кога во V одделение историјата не се изучувала. Содржините кои се набројани во наставната програма во најголем дел се однесуваат на светската историја и распоредени се по часови, и тоа: 14 часа - светска историја, 4 историја на Македонија и 2 за Југославија. Во VI, VII и VIII одделение наставта се изведува со 2 часа неделно, како и во претходната програма. Од содржините наведени во програмата, во VI одделение се

---

[89] Исто, стр.289.

предвидени вкупно 30 часа за нов наставен мартеријал од кои 15 се посветени на македонската историја, 14 се посветени на југословенската и 11 се посветени на светската историја. Во VII одделение од вкупно 30 часа, најголем дел 14 часа се однесуваат на светската историја, 9 се за југословенската и 7 за македонската историја. Зачудувачки е што во само еден час се предвидува да се опфати материјал кој се однесува на положбата во Македонија по Берлинскиот конгрес, Гоце Делчев, Создавањето на МРО, Илинденското востание, Крушевската република, Македонија и Младотурката револуција и Македонија и Балканските војни. Според наставната програма во VIII одделение се предвидени вкупно 43 часа од кои 20 се за југословенската историја, 12 за македонската и 11 за светската историја.

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| V-то одд. | 15 | 1 | 4 |
| VI-то одд. | 11 | 14 | 15 |
| VII-мо одд. | 14 | 9 | 7 |
| VIII-мо одд. | 11 | 20 | 12 |

Табела 4. Приказ на задачите за изучувањето на историја според наставниот план од 1972 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1972 година

Од вкупниот број предвидени часови во наставната програма по историја од 1972 година, во сите одделенија за историјата на македонскиот народ се предвидени 30,8% од часовите. Ваквиот процент покажува значително подобрување на бројноста на часовите посветени на македонската историја и воедно е показател за зголемениот број на содржини преку кои се развивал македонскиот идентитет.

Во наставниот план од 1981 година се забележува повторно како во претходниот наставен план застапеност на наставниот предмет историја во V-то одделение со еден наставен час неделно и во VI, VII и VIII одделение каде што предметот е застапен со 2 часа неделно. Наставната програма има цели и задачи, а содржините се набројани по одделенија.

Наставна програма по историја од 1981 година има една цел, во која нема идеолошки елементи, за разлика од претходните цели на наставната програма. „Целта на наставата по историја во основното училиште е учениците да се стекнат со основни знаења за битните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне нив научно да ги толкуваат.“[90] За разлика од целта во задачите има споменување на социјализмот и изградбата на самоуправното социјалистичко општество, развивање на југословенскиот социјалистички патриотизам, запознавање со НОБ и социјалистичката револуција, но го нема освртот кон марксизмот.

Во однос на македонскиот народ во една од задачите се вели: „да ги запознае со минатото на македонскиот народ“ со што се дава на знаење дека ќе се работи на изградба на националниот идентитет на македонскиот народ преку историјата. Од набројаните содржини по години во V одделение има 4 содржини за македонската, нема содржини за југословенската и дури 39 содржини се за светската историја. Од содржините за VI одделение на македонската историја се однесуваат 26, на југословенската 22 и на светската историја 46 содржини. Од содржините за VII одделение на македонската историја се однесуваат 26, на југословенската 22 и на светската историја 46 содржини. Содржините за VIII одделение предвидуваат 47 содржини за македонската, 39 содржини за југословенската и 28 содржини за светската историја. Наведените содржини наставникот треба да ги испланира во рамките на 72 часа.

---

[90] План и програма за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование, Историја, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието на СР Македонија, Скопје, 1980. стр 1.

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| V-то одд. | 39 | 0 | 4 |
| VI-то одд. | 46 | 22 | 26 |
| VII-мо одд. | 49 | 16 | 5 |
| VIII-мо одд. | 28 | 39 | 47 |

Табела 5. Приказ на задачите за изучувањето на историја според наставниот план од 1981 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1981 година

Од вкупниот број предвидени содржини во наставната програма по историја од 1981 година, во сите одделенија за историјата на македонскиот народ се предвидени 25,5% од содржините.

Во 1989 година Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, по предлог на Републилчкиот педагошки совет, на седницата одржана на 5.07.1988 година ја донело Програмата по историја за V, VI, VII и VIII

одделение. Програмата содржи цел и задачи. Целта на наставата по историја во основното училиште е учениците да стекнат основни знаења за битните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне научно да ги толкуваат. Додека целта е една и е конкретна, програмата по историја од 1989 година содржи повеќе заеднички задачи, а во секое одделение дадени се и посебни оперативни задачи и содржини за кои за прв пат е нагласено дека се „содржини", за истите имаме дадено конктерен број на часови како за новите наставни единици така и за повторување на материјалот. Оваа наставна програма во својот втор дел ја обработува и организацијата на воспитно-образовната работа. Може да се каже дека оваа наставна програма по наставниот предмет историја е комплетна, прецизна и ги задоволува дидактичките норми и стандарди. Но може да се каже дека оваа наставна програма во поглед на содржината се надоврзува и не отскокнува од претходните.

Во самите цели посветено е внимание на вградувањето на т.н. „Заедничко југословенско јадро"[91] што се гледа и преку самите задачи:

- учениците да ги запознае со минатото на народите и народностите во Југославија;
- да им помогне да ја сфатат потребата од поврзување на југословенските народи и народности во борбата за слобода и независност и неопходноста од натамошното изградување на заедничко самоуправно социјалистичко општество;
- да ги запознае со НОВ и Социјалистичката револуција на народите и нардоностите на Југославија, да ги воспитува на револуционерните традиции од таа борба со идеите на КПЈ - СКЈ во минатото и денес;
- постојано да го одгледува и развива братството и единството на народите и народностите на СФРЈ, укажувајќи на неговите историски корени посебно во НОВ и Социјалистичката револуција;
- кај учениците да развива југословенски социјалистички патриотизам и готовност да го чуваат и бранат нашето самоуправно социјалистичко општество;
- да го сфатат значењето на општонародната одбрана и општествената самозаштита за зачувуање на нашата слобода, независност и мирна изградба на самоуправното социјалистичко општество.[92]

[91] План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование, Историја за В, ВИ, ВИИ, ВИИИ одделение, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Просветно дело, Скопје, 1989, стр. 34.
[92] Исто, стр. 3-4.

На овие општо југословенски цели проткаени со идеологија се надоврзува и една чисто идеолошка цел која вели:

- да придонесе во марксистичкото образование на учениците и да развие способност историски да пристапуваат во забележувањето на особеностите на општествениот развиток на одделни епохи и земји како дијалектичко единство на производните сили и соодветните производствени односи.[93]

Македонскиот народ се споменува двапати, во две од задачите на наставната програма по историја и тоа:

- учениците да ги запознае со минатото на македонскиот народ и
- кај учениците да развива љубов кон својот народ и татковината и чувство на гордост што му припаѓаат на народот кој се борел за слобода, рамноправност, братство и единство;[94]

Со вака поставените цели се задржува претходниот однос кон македонската историја и кон изградбата на идентитетот уште од наставната програма од 1972 година. Во целиот овој период покрај изградбата на македонскиот идентитет се гради и државен југословенски идентитет, чија изградба започнала веднаш по Втората светска војна.

Во однос на содржините набројани во наставната програма за V одделение предвидени се вкупно 27 часа од кои за нови наставни содржини предвидени се 20 часови. Од нив 4 се однесуваат на македонската историја, 1 содржина на југословенската историја и 15 содржини се однесуваат на светската историја. Од содржините за VI одделение за нови наставни содржини предвидени се вкупно 44 часа годишно, од кои 6 се однесуваат на македонската историја, 27 на југословенската и 11 содржини се однесуваат на светската историја. За VII одделение исто како и за претходната година предвидени се 70 часа, од кои за нови наставни содржини предвидени се 48 содржини, од кои 13 се од светската, 23 од југословенската и 13 од македонската историја. Од содржините за VIII одделение предвидени се вкупно 70 часа годишно, од кои 48 се за нови наставни содржини, од кои 7 се однесуваат на македонската историја, 28 на југословенската и 13 содржини се однесуваат на светската историја.

---

[93] Исто, стр. 3
[94] Исто, стр. 3-4

| | Светска историја | Југословенска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| V-то одд. | 15 | 1 | 4 |
| VI-то одд. | 11 | 27 | 6 |
| VII-мо одд. | 13 | 23 | 12 |
| VIII-мо одд. | 13 | 28 | 7 |

Табела 6. Приказ на задачите за изучувањето на историја според наставниот план од 1989 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1989 година

Од обработените податоци за наставните содржини може да се види дека изградбата на македонскиот национелен идентитет е дел од целите и задачите на наставните планови, а исто така е застапен во содржините кои се набројуваат во наставните планови, но во помал број во однос на предходните наставни планови. Застапеноста на содржините од македонската историја во однос на вкупниот број на содржини предвидени во наставната програма од 1989 година е 18, 1%.

Наставната програма по историја од 1991 година се разликува од сите претходни бидејќи е ослободена од идеологијата која што е присутна во сите претходни наставни програми по историја и е најслична на наставната програма

по историја од „Времениот план за обука во основните училишта". Целта на наставната програма е учениците да стекнат основни знаења за битните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогнат историски објективно да ги толкуваат. Задачите на настават по историја според програмата од 1991 се: „1. Учениците да сознаат дека светската цивилизација е дело на заеднички усилби, борби и жртви на луѓето низ вековите; 2. да ја сфатат учениците поврзаноста на историските појави, настани и процеси, кои претставуваат резултат на редица причини како ште се потребите, мотивите, идеите и стремежите на луѓето и народите; 3. учениците во континуитет да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото; 4. Да им укаже на учениците за спротивностите низ историјата и во современиот свет, да ги оспособи критички да ги оценуваат современите историски појави и настани и да сфатат дека соработката меѓу народите и почитувањето на различните интереси е најсигурниот пат за мир и прогрес; 5. да ги запознае учениците со културното наследстово на својот и другите народи, да развие љубов кон културните, научните и уметничките вредности и чувство на одговорност за почитување и чување на тие вредности; 6. кај учениците да развие љубов кон својот народ и својата татковина и почит кон другите народи. Да го запознаат историскиот развиток на другите народи и да се негува свеста за потребата од рамноправна соработка меѓу сите народи во Европа и Светот; 7. да се развие свеста за виталноста и трајно опстојување на македонскиот народ. Да ги воспитува во духот на слободољубивите традиции на својот народ; 8 да ги запознае учениците со значајните процеси и наставни од минатото на јужнословенските народи и народности, етнички групи, како и со нивните соседи и да им укаже на поврзаноста во нивниопт развој со општите закониотоски во развитокот на човечкото општество."[95]

Во задачите од оваа наставна програма покрај тоа што не се споменуваат идеолошките фрази кои беа дел од претходните програми не се споменуваат југословените, југословенскиот социјалистички патриотизам, братството и единството, НОВ и социјалистичката револуција. Македонскиот народ е споменат во една од задачите, во која се вели: „ да се развие свеста за виталноста и трајно опстојување на македонскиот народ. Да ги воспитува во духот на слободољубивите традиции на својот народ".[96] И во претходните неколку наставни планови се забележува задача кој што укажува дека во наставните

[95] План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образобание по историја за V, VI, VII, VIII одделение, Педагошки завод на Македонија, Министерство за образование и физичка култура, Скопје, 1991, стр. 1
[96] Исто.

програми се работи на изградбата на македонскиот идентитет, но оваа наставна програма, послободно во задачите ја истакнува свеста за опстојувањето на македонскиот народ.

Во делот на содржините во V одделение на светската историја посветени и се 35 содржини, додека за историјата на Македонија има 9 содржини. Во VI одделение содржините се поделени на содржини од македонската историја 13, од светската историја 15 и содржини од историјата на Балканските држави 13. Треба да се истакне дека содржините кои беа посветени на југословенската историја сега се именувани како балкански, при што и историјата на соседите на Македонија се дел од овие содржини. Во VII одделение на македонската историја се посветени 19 содржини, на светската 14 и на балканската историја 9 содржини. Во VIII одделение има 26 содржини за македонската историја, 8 содржини за светската историја и 12 содржини за историјата на балканските народи.

| | Светска историја | Балканска историја | Македонска историја |
|---|---|---|---|
| V-то одд. | 35 | 0 | 9 |
| VI-то одд. | 15 | 13 | 13 |
| VII-мо одд. | 14 | 9 | 19 |
| VIII-мо одд. | 8 | 12 | 26 |

Табела 7. Приказ на задачите за изучувањето на историја според наставниот план од 1991 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1991 година

Во наставната програма по историја од 1991 година се забележуваат видливи промени во однос на претходните наставни планови, односно од севкупниот број на наставни содржини на македонската историја посветени и се 38,7%. Преку содржините и задачите од оваа наставна програма се гледа градењето на македонскиот идентитет во наставните програми по историја. Бројот на содржините покажува дека наставата се оттргнува од дотогаш наметнатата југословенска историја и градење на идентитет кои преку содржините добиваше примарно место во наставните програми. Во наставната програма од 1991 година значително и примарно место зазема македонската историја преку која се гради македонскиот идентитет.

Од претходно анализираните наставни програми, можат да се извлечат одредени заклучоци кои се однесуваат на повеќе аспекти и кои ни ги покажуваат разликите помеѓу споменатите програми.

Во однос на бројот на содржините може да се каже дека од 1945 до 1991 година се бележат подеми и падови на содржините посветени на македонската историја и истите се дадени по години во табелата и на графиконот што следат. Бројот на содржини даден во Времениот план за обуки, се намалува во 1946 година кога во Наставните програми во основното образование имаме од 9 до 15% македонска историја, додека во 1972 година наставниот план содржи 30% македонска историја, која постепено ќе опаѓа, се до 1991 година кога таа изнесува 38,7%.

При анализа на задачите од наставните програми може да се забележи дека до 1972 година не се споменува македонскиот народ и неговата борба за слобода, како и дека во одредени наставни програми по историја пред 1972 година се споменуваат термини како што е омраза и сл. Дури по 1991 година се споменуваат целите а) да развие свест за национален идентитет и б) да развива љубов кон својот народ и татковината, што недвојбено посочува на учеството на историјата во изградбата на идентитетот кај секоја личност и на изградбата на македонскиот национален идентитет преку образованието и наставата по историја.

Она што исто така може да се забележи е и изучувањето односно не изучувањето на одредени делови на историјата во првиот „Времен план за обука во основните училишта" каде фигурираат сите периоди од развитокот на историјата и сите периоди од етногенезата на македонскиот народ. Иако

реализацијата на овој план не заживеал, значајна е намерата на повренството за просвета во поставувањето на темите и содржините кои ја опфаќале целокупната историја на Македонија и етногенезата на македонскиот народ. Во наставните планови од 1946 до 1991 година историјата на Македонците започнува со средновековието и Големата пресечба на народите, за во 1991 година повторно да се изучува целокупната историја на македонскиот народ.

Во однос на националниот идентитет, а врз основа на направените анализи на целите, задачите и содржините може да се каже дека се забележуваат неколку периоди во развитокот на македонската историја и националниот идентитет во наставните програми:

- Период од 1945 до 1972 година, кога македонскиот идентитет не се гради како посебен идентитет, туку е маргинализиран во однос на југословенскиот идентитет кој интензивно се гради во овој период.

- Период од 1972 до 1991 година, кога македонскиот идентитет почнува повеќе да доаѓа до израз, но сеуште развитокот на идентитетот е ограничен и се наоѓа во сенка на југословенскиот идентитет и

- Период по 1991 година кога југословенскиот идентитет се губи и доаѓа до израз слободниот развој на македонскиот идентитет, што најочигледно се покажува во задачите од последната наставна програма по историја, каде што децидно стои: да развие свест за национален идентитет.

Наставните планови биле основа за понатамошната настава во училиштата и за изработката на учебниците со наставни содржини кои исто како и наставните програми по историја го развивале македонскиот национален идентитет. Содржините во учебниците ги следеле насоките од наставните програми по историја.

Споменатиот развиток на националниот идентитет низ наставните планови по историја од 1945 до 1991 година може да се види и од графичкиот приказ и од табелата на која што е претставена застапеноста на македонската историја во наставните програми по историја.

| | 1946 | 1952 | 1966 | 1972 | 1981 | 1989 | 1991 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонска историја | 15 | 16,6 | 9,3 | 30,8 | 25,5 | 18,1 | 38,7 |

Табела 9. Приказ на застапеноста на македонската историја во наставните планови од 1946 до 1991 година




Графички приказ за изучувањето на македонската историја во наставните планови од 1946 до 1991 година

## 2.5. Наставните планови и изучувањето на историјата во средното образование (1945-2000)

Во периодот по Втората светска војна, воедно период кога се создавале образовните институции, се отварале првите училишта и се пишувале првите документи и учебници, акцентот воглавно се ставал на основното образование. Јасно било дека во овој период требало да се описменат големиот број на неписмено население и да се создадат кадри кои ќе можат активно да се вклучат како во општеството така и во стопанството, односно кои требало да бидат оспособени да работат. Оттука, вниманието кое му се обрнувало на основното образование и описменувањето на огромниот број на неписмено население,

проблематика за која е претходно пишувано во овој труд, на одреден начин го ставало во втор план средното образование.

Во претходниот материјал, односно во првата глава, направен е осврт на реформите и дефинирањето на средното гимназиско образование и средното стручно образование, пред се во првиот повоен период, но и потоа, кога прку образованието држават имала за цел работно да го оспособуват населението. Од расположливите документи може да се воочи дека средното, а посебно гимназиското образование до шеесеттите години ќе има ограничен развој, односно ќе се јавува во разни облици и со разни имиња, потешко разбирливи, кои можат да звучат и збунувачки од денешна гледна точка. Имено, гимназиското образование до неговото законско поставување ќе се појавува како нижа и виша гимназија, во некои училишта како прогимназија, ќе се појави и поимот полна гимназија, за сето ова да се издефинира со неколку реформи, пред се за воведување на задолжително седумгодишно, а потоа и осумгодишно основно образование на кое ќе се надоврзе средното гимназиско и стручно образование кои во овој период не биле задолжителни. Реформата од 1959 година, која ќе заживее во шеесетите години и појавата на стручните образовни институции, пред се на Заводот за унапредување на школството ќе го исправат образованието и тоа ќе почне да застанува на здрави нозе.

Во вакви услови на недодефинирано образование ќе се појави Наставниот план од 1952 година, кој бил повеќенаменски и каде се дадени Наставната програма по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите. Наставниот план од 1952 година ќе стане дел од основното образование, но и од наставните планови на општо-образовите школи за учебната 1952/53[97]. Плановите и програмите биле изготвени од Советот за Просвета, наука и култура на НР Македонија и тие дефинирале цели. Според програмата по историја „Целта на наставата по историја бил: 1. да го покаже нивото на општеството во неговиот развиток, да ги открие неговите противречности и да го истакне развитокот на класите и класните борби; 2. да развие кај учениците способност да ги откриваат економските и класните причини за појавата на разните општествени и политички настани; 3. да формира кај учениците марксетичко гледање на светот и да ги оспособи да можат

[97] Наставните планови на општо-образовите школи за учебната 1952/53

дијалектичкиот материјализам правилно да го применуваат; 4. да ги оспособи учениците правилно да ја проценуваат прогресивната улога на борбата на угнетените маси и да разбива симпатии спрема нивната борба, како и чувство на омраза спрема сите угнетители и народни непријатели; 5. да развива кај учениците посебен интерес кон историјата на југословенските народи, настојувајќи нивните прогресивни борби во минатото да станат трајна своина на учениците, така што истите да формираат историска традиција кај нив; 6. да покажат дека работничката класа е наследник на сите прогресивни борби во минатото на нашите народи и најдоследен борец за нивно обединување, и дека вистинското братство и единство на нашите народи е исковано низ тешките борби на работничката класа и трудбениците од Југославија против сопствената буржоазија и странските завојувачи; 7. да ја истакне раководната улога на КПЈ како авангарда и организатор на трудбениците од Југославија и особено нејзината улога и херојството во времето на НОБ, како организатор на обновата и на социјалистичкиот поредок кај нас; 8. да го истакне решителниот став на КПЈ во борбата против Информбирото за запазување на независноста на земјата и светско-историското значење на применувањето новите форми во управувањето со стопанството; 9. да развие кај учениците социјалистички патриотизам и гордост за нивната припадност кон својот народ, кој раководен од својата Комунистичка партија и другарот Тито, твори нов поредок за свое добро и за пример на другите народи; 10. да развие кај учениците љубов кон самопрегорна работа за победа на социјализмот кај нас и решеност да ја бранат својата социјалистичка татковина.[98]

Според наставниот план и наставната програма по историја во I, II и III клас наставата се реализирала со 2 часа неделно, додека во IV клас наставата се реализирала со 3 часа неделно. Вкупно за новите наставни содржини во I клас предвидени биле 37 часа, од кои 29 се однесувале на светската, 4 на југословенската и 4 на македонската историја. Во II клас од вкупно 45 часа, според програмата, 12 часа се однесувале на светската, 23 на југословенската и 10 на македонската историја.

[98] Наставен програм по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, Скопје, 1952, стр. 3-4.

| | Светска | Југословенска | Македонска |
|---|---|---|---|
| I клас | 29 | 4 | 4 |
| II клас | 12 | 23 | 10 |
| III клас | 10 | 31 | 4 |
| IV клас | 7 | 35 | 12 |

Табела 2. Приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1952 година




Графички приказ за изучувањето на историја според наставниот план од 1952 година

Од вкупниот број на наставни содржини од I до IV клас за историјата на македонскиот народ биле предвидени 16, 6 % од вкупниот материјал.

Од наведените цели и бројот на наставните содржини се заклучува дека македонската историја не можела да дојде до израз и слободно да се изразува преку наставните планови, а следствено на тоа и преку учебниците. Доколку се навлезе во анализа на оваа програма може да се заклучи дек на македонскиот народ му се наметнувало чувството дека тие се најнапред Југословени, па потоа се друго. Забележливо е и тоа дека во целите Македонците не се споменуваат за разлика од Југословените кои се споменуваат и се столб на наставната програма.

Интересно е што веднаш по судирот со Информбирото во наставната програма внесена е цел која наведува на борба против Информбирото, како и целта која што наведува на омраза, односно „Да ги оспособи учениците на чувство на омраза спрема сите угнетители и народни непријатели;“[99] не наведувајќи прецизно на кои „народни непријатели“ се мисли. Во оваа наставна програма засилена е идеологизацијата, па учениците треба да се оспособат за марксitичко гледање на светот, работничката класа е наследник на сите прогресивни борби во минатото, кај учениците треба да се развие социјалистички патриотизам. Според програмата сите народи и процеси се раководени од Комунистичката партија и Јосип Броз Тито, кој творат нов поредок.

Веќе неколкупати е истакнато дека заради подобрување на воспитно образовниот процес и за создавање на поквалитетно образование на 11 август 1955 година основан е Заводот за унапредување на образованието и воспитувањето, по што се појавуваат наставни планови кои точно го разграничуваат основното од средното образование, правејќи еден единствен образован систем со точно определени нивоа и видови на образование.

Наставните програми по историја по 1955 година се одраз на дидактички постручно и структурирано изработени програми, во гимназиското и стручното образование. Во овој период во наставните планови на двегодишните училишта за стручно оспособување наставниот предмет историја не постои, но затоа историја има во одредени стручни училишта и во гимназиите. Во стручните училишта во овој период, односно до воведувањето на насоченото образование историјата се изучувала со различен број на часови, кој се разликувале од училиште до училиште.

Еден од првите планови кој ќе произлезе од работата на Заводот за унапредување на образованието и воспитувањето е наставниот план од 1962 година за земјоделските училишта. Во него се забележува наставниот предмет историја кој се реализира со 3 часа во прва и со 3 часа во втора година. Наставните програми започнуваат со задачите на наствата, по што следата останатите делови. Во наставната програма по историја во прва година задачите на наставта по историја се: – да ги запознае учениците со најважните историски појави и настани, како и со материјалната и духовната култура на југословенските

[99] Исто, стр. 3

народи и целокупното човештво, - да им помогне на учениците да ги сфатат законитостите во разојот на човечкото општество и кај нив да се развива свест за историска неопходност и оправданост на револуционерните појави на одредени степени од општествениот развиток, како и за неминовноста од победата на социјализмот во светот; - да им овозможи на учениците да ги определуваат напредините опшествени сили кои во разни етапи од општествениот развиток биле носители на прогресот; - да ги оспособи учениците врз основа на проучувањето и запознавањето со историските појави да ги сфатат современите тенденции во развитокот на светот; - да развие кај учениците чувство на љубов кон напредните општествени сили, кон својата татковина, кон социјалистичкото самоуправувачко општество; - да се запознаат учениците со многувековното ропство, страдања на македонскиот народ кој што беше изложен на притисок за неговата асимилација како ретко кој народ и - да дознаат зошто тој народ низ историјата бил присилен да поднесува тешки жртви и да плаќа висока цена за својата слобода. Од задачите на наставата по историја во оваа година воочливо е идеологизацијата на историјата кој се гледа низ призмата на социјалистичката револуција и борбата на работничката класа, на кои им се надоврзува новиот „изум“ на Комунистичката партија на Југославија, социјалистичкото самоуправување.

Наставната програма во прва година покрај задачите на наставта се состои и од набројани теми и содржини, и тоа: Увод, Предисторија – првобитно општество, Стар век – робовладетелско општество, Среден век – Феудално општество, Нов век – капиталлистичко општество. Она што може да се забележи при анализата на Во темите доминира општата и историите на југословенските народи. Историјата на Македонскиот народ е застапена со 15, од вкупно или 70 содржини или со 21% од целокупната наставна програма. Специфично е тоа што при обработката на содржините во наставната програма се јавува следното: Стара Македонија: Географска положба. Особеностите во развитокот на илирските и трачките племиња во Македонија и врските со другите подрачја. Меѓусебни влијанија и мешање на племињата во Македонија. Врските со Егејскиот и Грчкиот свет. Создавање и ширење на Македонскта држава – Филип ИИ, Александар Велики, неговите завојувања и последиците. Распаѓање на државата на Александар Велики. Елинистичка култура. Остатоци од материјалната култура во Македонија. Самите цели погледнати отстрана можеби и не изгледаат лошо,

но она што се крие во суштината на иститe? Суштината е старото гледиште на српските (југословенски) и грчките историчари дека територијата на Античка Македонија, речиси и неодговора со тогашната територија на Република Македонија. Втората поента е дека населението пак које југословенските историчари тврдат дека е југословенско, односно словенизирано за свои претци ги немало Античките Македонци, туку илирските и трачките и грчките племиња, што е потполно неприфатливо и научно неиздржано. Уште поинтересно е што за реализација на сите овие содржини се предвидени 5 часа. Во друг дел од програмата се споменуваат Цар Самуил и борбата против османслиите.

Наставната програма од втора година има 70 содржини распоредени во теми со содржини: Работничкото движење во Европа во првата половина на XIX век, Техниката и науката во светот во втората половина на XIX и почетокот на XX век. и др. меѓу кои и Македонија во втората половина на XIX век и почетокот на XX век. Во оваа програма интерсно е што целокупната борба на македонскиот народ со сите востанија е дадена во една содржина, онаа која претходно е спомената. Следуваат темите: Балканските војни каде се опишува поделбата на Македонија, па темата: Нов век – Епоха на социјалистички револуции. Во оваа тема дедена е борбата во Македонија заедно со другите југословенски народи. Застапеноста на македонската историја е 10%, а забележителна е максимална идологизација и претставувањето на социјалистичката револуција, борбата за слобода на југословенските народи и друго, во духот на истото објаснување дадено во делот на анализата на целите.

Во 1965 година во документите се сретнува наставната програма за стручно двогодишно и тригодишно образование, кое опфаќа задачи од претходната наставна програма од 1962 година за земјоделските училишта, на која се надоврзуваа и следните задачи:

- Да ги оспособат учениците врз основа на проучувањето на истирјата да ги сфатат и разберат современите тенденции во развитокот на современото општество.
- Да се развие кај учениците свесна и активна жубов кон се што е во историјата прогресивно и хумано, како би учениците станале активни борци и носители на прогресот.

- Да се запознаат учениците со посебните законитости кои го одредуваат нашиот социјалистички развиток и улогата и местото на нашата земја во современиот свет.

Оваа наставна програма се состои само од општа историја по XVIII век во која доминира работничкото движење, а во мал дел е дадена и историјата на нашите народи, околу 10%. Македонска историја речиси и да нема.

Следна наставна програма по историја која што се појавила во образованието е од 1966 година. Истата била изготвена од Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија врз основа на чл. 38 од Законот за гимназијата, а се применувала од учебната 1966/67.[100]

Според наставниот план историјата се изучува со 3 часа неделно во 4 години. Задачите на наставата по историја за сите години биле: - да ги запознае учениците со најважните историски настани и појави, со причинската и меѓусебната условеност, со развитокот на производните сили на општеството и влијанието на тие сили врз разлитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото, за да се сфати законитоста во процесот на развитокот на историјата на човечкото општество; – освен со творечките сили во разните фази на развитокот учениците треба да се запознаат и со улогата на личностите во историјата; – да им помогне на учениците да ги сфатат и разликуваат оние општествени сили кои на разните етапи од развитокот на историјата биле носители на прогресот; - да развие верба на учениците во историската неопходност и оправданост на револуционерните појави на одредените степени од развитокот на општеството; - да развива свесна и активна љубов спрема се што е напредно и човечно во историјата и врз основа на проучувањето на историјата да можат самостојно да ги сфаќаат современите настани и процеси и – да формира од учениците свесни борци градители на социјализмот и кај нив да развива спремност за одбрана на својата социјалистичка татковина.

Од посочените задачи се гледа интенцијата на наставната програма за оправдување на државата, на револуцијата и на општествениот систем.

---

[100] ДАРМ, Фонд БРО (Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија) 0801-33, Скопје, декември 1966

Највоочлива е последната задача во која најмногу е изразена идеологизацијата. Таа ги оцртува контурите по кој се движеле наставните програми не само во овој случај туку воопшто од ова време. Некои од нив се слични, несомнено се постручно се изработени од програмите пред 1960 година, но исто така сите го зачувуваат својството на чувар на државата, оправдувајќи ја истата во секој поглед и по секоја цена. Овде експлицитно се нагласува дека задачата на историјата е да формира градители, но и борци за социјализмот, со спремост да ја бранат татковината и политичкиот систем.

Доколку се разгледуваат наставните програми распоредени по години, можеме да дојдеме и до други податоци, како на пример за застапеноста на темите и содржините по години, бројот на содржините кои ја изучуваат националната историја и специфичностите кои се јавуваат кај секоја од нив.

Наставната програма по историја во прва година започнува со изучувањето на историјата од самиот почеток, односно има содржина за историјата како наука, по што следуваат првобитното општество и праисторијата и робовладетелското општество. Во рамките на овие теми не се изучува за Македонија, а се изучува за Стариот Исток, Грција и Рим. Потоа дадени се темите феудално општество и промените во Западна Европа по преселбата на народите до XI век. И во овие теми македонската историја не е спомената освен во последниот дел каде се обработува делот нашите народи во раниот феудализам VII-XII. Овде набројани се населувањето на Словените во Македонија, борби на Бугарите и Византијците за потчинување на Македонија, потпаѓање на поголемиот дел на Македонија под бугарска власт, дејноста на Климент и Наум, Богомилството, Самоиловата држава, Охридската патријархија, положбата на Македонија под Византиска власт и востанијата во XI век. Според бројот на содржините распоредени во овие теми, најбројни се оние од светската или општа историја, застапени со 64 содржини или 81%, 7 или 8,9% се од историјата на „нашите“ народи и 8 содржини или 10,1% се од историјата на Македонија. Во поглед на започнувањето на македонската историја и етногенезата на Македонскиот народ и овде се гледа дека е застапено гледиштето на југословенските, пред се српските историчари пред војната дека македонската историја започнува со доаѓањето на Словените во Македонија, додека претходно не се споменуваат Античките Македонци.

Во наставната програма по историја за втори клас може да ги наброиме следните теми: 1. Развиен феудализам, 2. Југословенските народи во времето на

развиениот феудализам, 3. Потпаѓање на нашите средновековни држави под турска власт, 4. Доцен феудализам, 5. Заведување на апсолутизмот во европските земји и 6. Југословенските народи под власта на туѓинците во XVI-XVII век. Во оваа наставна програма по бројот на содржините можеме да заклучиме дека македонската историја е опфатена симболично со една содржина во која се обработуваат сите југословенски народи, Мариовско-прилепскот бунт од 1564-65, Охридската архиепископија, Карпошевото востание и Општествено економските односи во Македонија во XVIII век, односно од 96 само 5 содржини или 5,2% директно или индиректно се однесуваат на македонскта историја.

Во трет клас од Педагошката гимназија според програмата од 1966 година се изучувавале следните теми: 1. Капиталистичко општество, 2. Национални движења на нашите народи во првата половина на XIX век и источното прашање, 3. Европа од 1848 до 1870 година, 4. Империјализам и 5. Нашите народи од втората половина на XIX век до првата светска војна. Во рамките на оваа година од вкупно 118 содржини, од светската историја биле 75 содржини или 63,5%, од југословенската историја биле 24 или 20,3%, додека од македонската историја имало 19 содржини или 16,2%. Треба да се нагласи дека најголемиот дел од содржините од историјата на македонскиот народ се од последната тема, што значи дека по Словенизацијата на Македонија, втор период на кој му се дава големо значење е периодот на востанијата против Османлиската држава и на развојот на работничкото движење и социјализмот во Македонија.

Во четвртиот или завршен клас од оваа наставна програма се обработува периодот на социјалистичките револуции и Втората светска војна. Оваа програма ги опфаќала следните теми: Епоха на социјалистички револуции, I Светска војна и социјалистичките револуции, Светот меѓу двете светски војни, Југославија 1918 – 1941 година, Втората светска војна и народно-ослободителната војна на Југословенските народи, Светот по втората светска војна и Изградба на социјалистичка Југославија. Според содржините распоредени во овие теми светската историја била застапена со 66 содржини или 59, 5%, југословенската со 42 содржини или 37,8% и македонска историја со 3 содржини или 2,7%.

Според сите наведени показатели евидентно е дека овие наставни програми за Педагошката гимназија ги имаат следните карактиеристики: а) Историјата на македонскиот народ е застапена со 8,55% од вкупниот материјал; б) Наставата ги учи учениците дека во Античкиот период во Македонија живееле Тракијци, Илири

и Грци, не споменувајќи ги Античките Македонци во ниеден контекст, со што се оневозможува правото на етногенеза на Македонскиот народ; в) Историјата на македонскиот народ започнува со средниот век и периодот на Словенизацијата на Македонија; г) Најмногу историја на македонскиот народ се обработува во времето на востанијата против османлиската власт и појавата на работничкото движење и социјализмот; д) најголемиот дел од материјалот се однесуваат на оправдувањето на државата, на револуцијата и на општествениот систем; во задачите, темите и содржините има изразена идеологизацијата, сите ставени во функција на чувар на државата, оправдувајќи ја истата во секој поглед и по секоја цена и ѓ) во една од задачите учениците експлицитно се насочуваат да бидат градители и борци за социјализмот, со спремост да ја бранат татковината и политичкиот систем.

По овие наставни програми по историја се подготвувале нови, во рамките на една поголема реформа на средното образование. Поточно средното образование во периодот на седумдесетите и осумдесетите години ќе почне да се менува во духот на општествените промени, односно согласно социјалистичкото самоуправување кое ќе почне да се прокламира во овој период и надоврзувајќи се на сите претходно споменати заложби за оправдување на постоењето на државата и општествениот систем. Во рамките на општите промени во општеството и во образованието, се вршеле измени и во наставните програми по историја. Така во гимназиското образование постоеле подготвителни и завршни години. Подготвителните години или I и II биле исти за сите гимназии, додоека во III и IV година наставните планови по историја биле различни. Од документите дознаваме дека различни гимназии имале различен број на часови[101]. Така во рамките на едно од таканаречените подрачја на кои биле поделени наставните предмети се бил и наставниот предмет историја. Поточно историјата била распределена во Хуманистичкото образовно подрачје. Притоа во гимназиите со природно-физичка насока, физичко-хемиска насока, хемиско-биолошка насока, јазична насока, специјализирана математичка гимназија, специјализирана класична гимазија предметот историја се изучувал во три години со неделен фонд на часови од 2 часа во прва, 3 часа во втора и 2 часа во трета година. Единствено во општите гимазии и гимназиите со општествена насока во

---

[101] ДАРМ, Наставни планови за гимназиите, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Фонд БРО, К19, 0801-40, Скопје, 1977 година

рамките на хуманистичкото образовно подрачје историја се изучувала во четири години и тоа со неделен фонд на часови од 2 часа во прва, 3 часа во втора, 3 часа во трета и 4 часа во четврта година во гимназиите со општествена насока и со 2 часа во прва, 3 часа во втора, 2 часа во трета и 3 часа во четврта година во општите гимназии. Паралелно со овој процес од страна на стручните институции се подготвувале и издавале и други документи кои ги следеле првите.

Во 1976 година од страна на Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието подготвени биле наставни програми по историја за завршниот период на средното образование[102], односно за III и IV година. На крајот на посочениот документ постои објаснение во кое се вели: „Предметот историја е застапен во сите видови и насоки на гимназиите во СРМ и зафаќа еден курс на развојност на човековото општество“[103]. Во објаснувањето се вели и дека историјата се изучува континуирано во сите гимназии, но со нееднаков број на часови. Потоа се вели дека при реализацијата на наставните програми треба да се има предвид дека тоа е втор концентричен круг што опфаќа содржини од праисторијата до актуелното време и дека истиот е веќе еднаш во одредена форма изучуван, како и дека се очекува продлабочување и проширувања на стекнатото знаење. За подобра реализација на наставата на наставникот му се даваат насоки за користење на часовите, пред се за предавање на содржините, но и за „повторување, воопштување, користење на аудиовизуелни средства, користење на текстови“[104] и друго. На наставникот исто така му се дава и ориентација во соодносот на усвојување на новите содржини и другите часови, односно се сметало дека на наставникот треба да реализира 65% од часовите за нови знаења, додека 35% е за останато.

Интересно е што задачите на овие наставни програми биле исти, со тоа што се разликувал начинот на реализација и бројот на часови, како што е веќе претходно споменато.

Така според наставна програма по историја за гиманазиите во СР Македонија[105], задачи nа наставата по историја биле:

---

[102] ДАРМ, Наставни програми по историја за завршниот период од средното образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Фонд БРО, К20, 0801-40, Скопје, мај 1976 година.
[103] Исто, 32 стр.
[104] Исто, 33 стр.
[105] Исто, 1-2 стр.

- Да ги запознае учениците со најважните настани и појави , со причинската и меѓусебната условеност, со развитокот на производните сили на општеството и нивното влијание врз развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото, за да се свати законитоста на процесот на развитокот на историјата на човековото општество;
- Да ги оспособат учениците причините за класните борби да ги бараат во спротивностите на економските интереси на експлоаторската и експлоатисаната класа и дека таа борба води кон победа на работничката класа и кон бескласното општество;
- Да ги запознае учениците со творечките сили во разните фази од развитокот, правилно да ги запознае со улогата на народните маси како творци на материјалните и духовни добра, како и со улогата на личноста во историјата;
- Да се запознаат учениците со минатото на македонскиот народ, да се воспитаат да го ценат она што е прогресивно и револуционерно во тоа минато и кај нив да развива патриотски чувства;
- Да се запознаат учениците со најважните страници од минатото на народите и народностите во Југославија, да се воспитуваат на НОБ и Народната револуција, да им помогне повеќе да знаат за идеите и водечката улога на СКЈ во минатото и дененеска, кај нив да се развива свеста за припадност на југословенската самоуправна социјалистичка заедница;
- Да ги воспитува учениците на придобивките од работничкото движење во светот, кај нив да се развива чувство на солидарност со работничката класа, а со тоа и интернационалистички дух;
- Да развие кај учениците уверување за историската неопходност и оправданост на револуционерните појави на одреден степен од развитокот на општеството;
- Да развива свесна и активна љубов кон се што во историјата е напредно и човечко и омраза кон се што е назадно и реакционерно;
- Да ги оспособи учениците историски да мислат, критички да се однесуваат кон историските појави од минатото и сегашнината, да се формираат како самостојни и достоинствени личности;

- Да формира од учениците свесни борци, ангажирани градители на социјализмот, со решеност за одбрана на социјалистичка федеративна Југославија, заедница на рамноправни народи и народности.

При анализата на задачите може да се заклучи дека тие не се ослободиле од претходните задачи кои упатуваат на идеологизација на историјата и нејзино ставање во функција на заштита и оправдување на државата и општествениот систем. Ова најексплицитно се гледа во задачата која упатива учениците да се воспитуваат на НОБ и Народната револуција, да им помогне повеќе да знаат за идеите и водечката улога на СКЈ во минатото и дененеска, кај нив да се развива свеста за припадност на југословенската самоуправна социјалистичка заедница, како и во онаа во која од учениците треба да формира свесни борци, ангажирани градители на социјализмот, со решеност за одбрана на социјалистичка федеративна Југославија, заедница на рамноправни народи и народности.

Наставните програми по историја во плановите кои се споменати, односно во гимназиското образование, подложени на направената анализа на содржините дава одредени резултати кои се разликуваат од претходната наставна програма за педагошките гимназии од 1966 година. Разликите се најочигледни во застапеноста на македонската историја во содржините, а најмали во идеолошката индоктринација на учениците, кои веќе се гледаат и во задачите на наставните програми по историја.

За потврда на наведеното можат да се предочат подетални анализи за завршните години на гимназиското образование каде гимназиите и програмите по историја во нив може да се поделат на две групи, на оние кои историјата ја изучувале во III и IV година и гимназии каде завршна година на изучување е трета година.

Гимназиите кои историјата ја изучувале во III и IV година се а) општа гимназија и б) гимназиите со општествена насока. Специфично за овие гимназии е што го изучувале истиот материјал, но со различен фонд на часови, како што е веќе погоре наведено.

Во однос на темите во овие гимназии во III клас се изучувале следните теми: 1. Работничкото движење и социјалистичките идеи до 70-тите години на XIX век; 2. Европа и светот во времето на империјализмот; 3. Југословенските народи од II половина на XIX век до првата светска војна, додека во IV клас се изучувале темите: 1. Најнов век – Епоха на социјалистички револуции; 2. Светот меѓу двете

светски војни; 3. Југословенските народи меѓу двете светски војни; 4. Втората светска војна и нардоноослободителната војна и револуција во Југославија; 5. Светот по Втората светска војна и 6. Изградбата на Социјалистичка Југославија.

Во однос на содржините кои се изучувале во споменатите теми во III клас, светска или општа историја се изучувала со 45,2%, југословенска историја со 19,1% и македонска историја со 35,7%. Во IV клас, светска или општа историја се изучувала со 53,7%, југословенска историја со 50% и македонска историја со 14,3%.

Во останатите гимназии во III година се изучувале темите од IV клас на општата гимназија и гимназијата со општествена насока.

Во спомениот материјал посебно се забележуваат темите и содржините посветени на револуцијата, социјализмот, народноослободителната војна и градењето на социјализмот, од кои народноослободителната војна е детаљно проучена, посебно во движењето на главниот штаб и Јосип броз Тито. Во наставните програми евидентно е дека се дадени сите битки, како Козара, Сутјеска, Неретва, Кадињача, десантот на Дрвар или т.н непријателски офанзиви.

Во поглед на идеологизацијата забележливо е зголеменото изучување на современата историја, и тоа во темата изградба на Социјалистичка Југославија, каде се обработуваат содржини кои се однесуваат на суштината на судирот со Информбирото, крах на политиката на Информбирото и нормализација на односите со СССР и социјалистичките земји, суштина на самоуправниот систем во Југославија, воведување комуналниот систем, а посебно резултати од изградбата на земјата и улогата на КПЈ и СКЈ како водечка сила во југословенското социјалистичко општество. Набројаните содржини кои се обработувале на најдиректен начин не само што го оправдуваат општествениот систем, туку и го величаат системот и го оправдувале судирот со Информбирото, воведувањето на самоуправувањето и секако истакнатата улогата на КПЈ и СКЈ. На овој начин државата ја користела историјата за величење на системот и за оправдување на процесите, општествените промени и општествениот систем.

Според сите наведени показатели евидентно е дека посочените наставни програми ги имаат следните карактиеристики: а) Историјата на македонскиот народ е малку застапена; б) Најмногу историја на македонскиот народ се

обработува во времето на востанијата против османлиската власт и појавата на работничкото движење и социјализмот; в) најголемиот дел од материјалот се однесуваат на оправдувањето на државата, на револуцијата и на општествениот систем; г) содржините кои се обработувале на најдиректен начин го оправдувале судирот со Информбирото, воведувањето на самоуправувањето и секако истакнатата улогата на КПЈ и СКЈ; д) во задачите, темите и содржините има изразена идеологизацијата, сите ставени во функција на чувар на државата, оправдувајќи ја истата во секој поглед и по секоја цена и ѓ) во една од задачите учениците експлицитно се насочуваат да бидат градители и борци за социјализмот, со спремост да ја бранат татковината и политичкиот систем.

Средното образование во 1982 година ќе добие нови контури и нов лик преку воведување на т.н. насочено средно образование. Поточно во времето на социјалистичкото самоуправување, ќе се појави терминот „социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието" во чии рамки се воведувало насочено образование со единствен систем на воспитание и образование. Ова образование е изложено и објаснувано во повеќе концепциски документи, а најважните негови делови биле програмските документи со наставните програми кои се применувале во наставата. Така во концепцискиот документ за општествено-економското програмско подрачје се објаснуваат наставните програми по Историја, Географија и Марксизам и самоуправување. Во почетниот дел на овој програмски документ се објаснуваат „Основите определби за социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието", каде се вели: „Како интегрален дел од единствениот систем на здружениот труд и како дејност од посебен општествен интерес, воспитанието и образованието настојуваат со својата перманентна преобразба да ги следат и одразуваат настанатите промени, а преку соето активно дејствување врз унапредувањето на состојбите во здружениот труд и во општеството во целост. Во таа смисла поизразени зафати во преобразбата на воспитанието и образованието се присутни во изминатата деценија, а особено по одржувањето на X и XI конгрес на СКЈ и VI и VII конгрес на СКМ."[106] Понатаму во документите се вели дека се работи

[106] Фонд БРО, Републичка заедница на насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, План и програма за заедничките воспитно-образовни основи на насоченото средно образование, Историја, Географија, Марксизам и самоуправување, Просветно дело, Скопје 1982. К33.0801-35, стр.5.

за “радикална социјалистичка самоуправна преобразба на воспитанието и образованието“[107] кои ги имаат следните определби: - целокупната воспитно образовна дејност треба, во основа, да се насочи кон воспитание и образование за работа и преку работа; - целокупното воспитание и образование треба да претставува единствен систем со две меѓусебно поврзани компоненти: основно воспитание и образование кое треба да го вклучува и предучилишното воспитание и степенасто насочено образование; во почетокот на насоченото образование да се застапат заеднички воспитно-образовни основи со политехнички карактер; - секој степен и форма од насоченото образование да подготвува за вклучување во работа и за натамошно образование.“[108] Ова образование кое се темелело и постојано се повикувало на Уставите на СФРЈ и СРМ, на конгресите на СКЈ и СКМ, како и на Законот за средно образование и воспитание во фокусот ја имало доктрината на социјалистичкото самоуправување и воспоставувањето на основи за социјалистичка самоуправна преобразба на воспитанието и образованието. Во овој период воспитанието и образованието се гледа како интегрален дел од единствениот систем на здружениот труд и како дејност од посебен општествен интерес за државата. Во целите и задачите на ова образование акцентот се става на работата и трудот, на марксистичкото гледиште на светот, на социјалистичките придобивки и социјалистичкото самоуправување. Суштински важно за оваа реформа или т.н преобразба е што се воспоставуваат одредени заеднички систем и основи за средното образование или со други зборови првите две години во сите училишта пртставувале основа за целокупното насочено образование. Оттука, во овие две години постоеле групи на предмети, а посебно место имале заедничките воспитно образовни основи, кои „претстваувале програмска врска меѓу основното и насоченото образование“.[109] Оваа реформа предвидувала и заеднички основи за образование и стручна подготовка на сите републики и автономни покраини на СФРЈ, односно еднаква поставеност на задолжителните, изборните и факултативните програми. Заедничките основи виле групирани во четири воспитно образовни подрачја, и тоа: - општокултурно, општествено-економско, природно-математичко и

---

[107] Исто.
[108] Исто стр5-6.
[109] Исто, стр. 7.

производствено-техничко подрачје. Во второто од наброените, односно во општествено-економското подрачје влегувала и историјата.

План и програми за заедничките воспитно-образовни основи на насоченото образование по историја, географија и марксизам и самоуправување

Согласно, Планот за воспитно-образовна дејност, односно Планот за воспитно-образовната дејност во првите две години од насоченото средно образование, во Општествено-економското подрачје предметот историја се изучува во првите две години во сите училишта со по 2 часа годишно.

Според овој наставен план „целта на наставта по историја е на учениците да им даде пошироки познавања за значајни општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста, да ги оспособи научно да ги толкуваат како и да развива критичко милсење и марксистички поглед на светот, за да го сватат закономерниот развиток на општеството“.[110]

Задачи на наставата по историја според овој настевн план биле:

- Учениците да ги усвојат потребните знаења за историските појави и настани, за нивните причини и за меѓусебната поврзаност, како и да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото;
- Да ја сфати потребата од поврзување на југословенските народи и народности во борбата за слобода и независност и неопходноста од натамошното изградување на самоуправното социјалистичко општество;
- Да ги запознае учениците со НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија, да ги воспита на револуционерните традиции од таа борба и да се запознаат со идеите на СКЈ во минатото и денес;
- Постојано да ги одгледува и развива братството и единството на народите и народностите на СФРЈ;
- Да ги запознава учениците со социјалниот развиток на социјаллистичките општествени односи во нашата земја и со местото и улогата на СФРЈ во современиот свет;
- Кај учениците да развива југословенски социјалистички патриотизам, готовност да го бранат нашето самоуправно социјалистичко општество;

[110] Исто, стр. 33.

- Да ги оспособува учениците причините за класните борби во историјата самостојно да ги бараат во спротивностите на економските интереси на експлоатиторската и експлоатираната класа;
- Да ги воспиптува учениците на придобивките од работничкото движење во светот, да развива чувство на солидарност со работничката класа, а со тоа и интернационалистички дух;
- Да ги запознае со историскиот развој на другите народи и да негува свест за потребата од рамноправна соработка меѓу сите народи во светот;
- Да развива свесна и активна љубов кон се што е напредно и човечко во историјата и отпор кон се што еназадно, нехумано и реакционерно;
- Да ги оспособува учениците на активна творечка работа, одговорност и самокритичност, да ја развива способноста за критичко историско мислење;
- Да го сфатат значењето и суштината на општонародната одбрана и општествената самозаштита за зачувување на нашата слобода, независност и мирна изградба на самоуправното социјалистичко општество;
- Да придонесе во запознавањето на учениците со културните придобивки на својот и останатите народи, со нивните најзначајни научни, културни и технички придобивки.[111]

Од анализата на задачите, како и во претходните наставни програми се забележува силна идеологизација, повикување на борба против евентуалниот непријател за зачувување на државата, социјалистичкото самоуправно општество, братството и единството, придобивките од работничкото движење, солидарноста со работничката класа, интернационалистичкиот дух итн.

Во I клас на програмата се обработуваат следните теми: 1. Најнов век – Првата светска војна; 2. Октомвриската револуција и создавање на СССР; 3. Светот меѓу двете светски војни; 4. Кралството Југославија од 1919 до 1941 година; 5. Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија од 1919 до 1941 година; 6. Втората светска војна – Светот и Југославија; 7. НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија.

Веднаш треба да се нагласи дека вака поставените теми кои соодејствуваат со целта и задачите, акцентот на историјата го ставаат на

[111] Исто, стр 33-34.

најновиот век и периодот на формирањето и опстојувањето на Југославија, со што потполно историјата ја ставаат во функција на државата и на оправдувањето на општествениот систем. Наведените теми се составени од содржини за кои во програмата се определени точниот број на часови. Според бројот на содржините може да констатира дека 37,5%од нив се од општата или светска историја, 43,75% се од југословенската и 18,75% се од македонската историја. Како што и претходно е напоменато македонската историја не рамномерно застапена при изучувањето на материјалот, а и во оваа наставна програма детаљно се проучува НОВ и Револуцијата, со сите битки и офанзиви кои се случувале во Југославија во овој период. На крајот од наставната програма даден е делот „Објаснение“, кој го насочува наставникот како да ги предава наставните содржини. Во овој дел се истакнува дека повторно се проучува наставниот метеријал од VIII одделение, но продлабочено и проширено, со цел да се добие „една заокружена целина на познавањата од историјата на современото општество и нова социјалистичка Југославија“.[112] Се напоменува и дека наставникот треба убаво да ги проучи наставните програми и содржини од основното образование за да може да предава по посочената наставна програма.

Во II клас на програмата се обработуваат следните теми: 1. Светот и Југославија по Втората светска војна; 2. Јакнењето на силите на социјализмот во светот; 3. Изградбата на социјализмот во Југославија; 4. Воведување на самоуправувањето и развој на социјалистичката демократија; 5. Надворешната политика на Југославија и движењето на неврзувањето; 6. Современ капитализам; 7. Општествено- економските и политичките процеси на земјите во развој; 8. Работничкото, комунистичкото и другите прогресивни движења во светот; 9. Развојот на науката, просветата и културата во светот. Од наставните теми, содржини и задачи во овој клас се гледа дека се испишува новата југословенска историја, без споменување на националните истории на југословенските народи, со теми и содржини кој на најочигледен начин ги величаат социјализмот, изградбата на социјализмот во Југославија, самоуправувањето и социјалистичката демократија, неврзаните, работничкото и комунистичкото движење. Во објаснението на II клас се вели дека се проучува историјата на светот и Југославија по Втората светска војна. Но, позади ова се крие не само

[112] Исто, стр.39

надоврзување на овие теми и содржини со оние од основното образование и од претходниот клас, туку и индоктринација на учениците со знаења кои се во функција на зачување и градење на општествениот систем и на државата, со посебен акцент на самоуправното социјалистичко општество. Во оваа програма се оправдуваат и сите процеси кои ги водела југословенската држава во однос на надворешната политика, како судирот со Информбирото, односот со неврзаните и со капиталистичките држави и сл.

Од наведеното можат да се изведат одредени заклучоци за овие наствни програми, согласно нивните карактеристики, а тоа се: а) Историјата на македонскиот народ не е воопшто застапена; б) Југословенската историја е максимално обработена; в) најголемиот дел од материјалот, а посебно во II клас се однесуваат на оправдувањето на државата, на револуцијата и на општествениот систем; г) содржините кои се обработувале на најдиректен начин го оправдувале судирот со Информбирото, воведувањето на самоуправувањето и секако истакнатата улогата на КПЈ и СКЈ; д) во задачите, темите и содржините има дотогаш најизразена идеологизацијата, сите ставени во функција на чувар на државата, оправдувајќи ја истата во секој поглед и по секоја цена и ѓ) наставните планови се надоврзуваат на веќе изучуваниот материјал во основното образование.

Ваквото образование според тогашните власти било доволно за повеќето од училиштата, пред се за стручните, по што ќе се појави потреба во духот на самоуправувањето да се надополнат програмите со еден поинаков вид на историско образование, пред се за струките кои претходно биле дел од гимназиското образование, како на пример културолошката струка, каде што историјата се изучувала во четири години.

Во таа смисла во 1984 година се забележуваат Планови и програми за воспитно-образовна дејност во заедничко стручното и посебно стручното образование на насоченото средно образование за образовните профили од културолошката струка, изготвени од Општа самоуправна заедница на насоченото образование Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје[113], а потврдени од

[113] Фонд БРО, Планови и програми за воспитно-образовна дејност во заедничко стручното и посебно стручното образование на насоченото средно образование за образовните профили од културолошката струка, Општа самоуправна заедница на насоченото образование Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, К25.0801-32. Скопје, 1984.

Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, во кој меѓу наставните програми дадена е и историјата која се изучува во 4 години со по 2 часа неделно. За наставните програми по историја карактеристично е што покрај во прва и втора година каде се изучува историјата, истата се изучува и во III и IV клас преку посебно изработени програми дадени во т.н. Програмски содржини. Во споменатите програмски содржини доминира развојот на цивилизацијата, стопанството и културата.

Поконкретно во трети клас се изучува општата или светска истирија, додека во четврта година историјата на југословенските народи, а во двете програми доминираат аспекти кој се претходно споменати и кој не се изучувале во претходните години. Се разбира внимавано е во првите две години да има основа за надградување на знаењето и содржините кои се реализираат во трети и четврти клас. Ова се потврдува и во делот Објаснение[114] кој следува по наставната програма во кој се вели: „Во трети и четврти клас од културолошката насока предметот историја е застапен со по два часа неделно на кои се изучува еден циклус на наставни содржини кои претставуваат нов концентричен круг, но не како оној кај заедничките основи, туку акцентот е ставен на истријата на културата. При концепирањето на програмата се имаше предвид дека учениците имаат одреден фонд на историски знаења стекнати во основното образоваание и во првите две години на заедничките основи ..."[115]

Целата на наставта по историја во овие класови е кај учениците да ги продлабочи познавањата од историското минато и да им даде нови, пошироки знаења од историјата на цивилизацијата на светот; да ги оспособи научно да ги толкуваат историските настани, појави и процеси, а со тоа да се развива критичкото милсење и марксиситичкиот поглед на светот.

Задачите на наставта се:

- учениците да го сватат закономерниот развиток на општеството; да ги запознае учениците со основните поими и процеси на стопанскиот, политичкиот и културниот развиток на човештвото од најстарите времиња до современото општество;

---

[114] Исто, стр 9 и 10.
[115] Исто, стр. 14

- да ги запознае учениците со најзначајните институции и технички достигнувања на цивилизацијата од сите делови на светот од појавата до современата научно техничка цивилизација;

- Кај учениците да развива југолсовенски социјалистички партиотизам, гоовност да го чуваат и бранат нашето самоуправно социјалистичко општество;

- Да развива свесна и активна љубов кон се што е напредно и човечко во историјата и отпор кон се што е назадно, нехумано и реакционерно;

- Да придонесе во запознавањето на учениците со најзначајните научни, културни и технички придобивки на својот и другите народи.

Треба да се напомене дека темите и содржните ја опфаќаат целокупната историја од праисторијата до современието. Имено, во наставната програма во трета година карактеристично е изучувањето на Воведот, во кој се стекнуваат знаења за цивилизацијата, Праистирјата во која се изучува за материјалната и духовна култура на првобитната заедница, потоа стариот век во кој се дадени: Цивилизацијата на народите од страриот исток, Цивилизацијата на народите од маериканскиот континент, Грчкото општество и неговата цивилизација, Римската држава и цивилизација. Во средниот век се изучуваат содржини посветени на средновековната цивилизација на Европа и источниот свет и цивилизацијата на Јужните Словени. Вака поставената наставна програма става акцент на стопанството, општествените односи, културата, религијата, литературата, архитектурата, сликарството и материјалните остатоци од културно-историските споменици.

Наставната програма за четврта година содржи теми од Европа и Југословенските народи кој понекаде се имануваат и како нашите народи. Овде темите и содржините одат паралелно и по периоди, а се однесуваат на новиот век. Така дадена е темата Европа и европската цивилизација од XV до XVIII век, по што следува Нашите народи од XV до XVIII век. Стопанство, општествени односи и култура или Европа во XIX век. Стопанство, општествени односи и култура по што следи нашите народи во XIX век. Стопанство, општествени односи и култура итн.

Во 1988 година ќе биде изготвен и ставен во сила документот за Концепциските и програмски документи на усовршениот концепт на средно

образование за III и IV степен на стручна подготовка[116], по претходно мислење на Републичкиот педагошки совет, а донесен и утврден од страна на собранијата на самоуправните интересни заедници на насоченото образование по дејности. Програмите за општо образовните предмети кои се изучувале се издадени во сепарати За секој наставен предмет или за група предмети. Според самиот документ Плановите и програмите за воспитно-образовната работа во средното образование и воспитание во СР Македонија, што се донесени во 1988 година, биле резултат на насојувањата да се надминат воочените слабости на претходниот концепт.[117] Во таа смисла средното образование повторно било дефинирано како дел од единствениот систем за насочено образование во СФРЈ, но биле изработени нови наставни програми за кои согласност дале сите републики.

Според новиот програмски документ, наставниот предмет историјата бил во делот на општо образовните предмети на тригодишното и четиригодишното насочено образование. При тоа во планот за воспитно образовната работа за стекнување на III и IV степен на стручна подготовка во средното образование историјата се изучува во I и II клас за сите струки, освен за економската, културолошката и правната струка. За овие предмети имало изработено посебни наставни програми по историја. Притоа, во економска струка историја се изучувала две години, со по два часа неделно во I клас и два часа неделно во II клас. Во правната струка историјата се изучувала во три години со по два часа неделно, додека во културолошко-просветната струка историјата се изучувала во четири години, во секоја со по два часа неделно.

Во рамките на наставните програми дадени се цел и задачи, задачи на наставата по историја, оперативни задачи, содржини, Дидактичко-методско упатство ( со основни карактеристики на наставната програма, битни научни и идејно воспитни барања на програмата) и објаснување на содржините и битните барања по тематски целини.

Според наставната програма по историја до 1988 година, целта на наставта по историја е учениците да се стекнат со пошироки познавања за значајните

[116] Фонд БРО, Самоуправни интересни заедници на насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Програмски документи за воспитно-образовната дејност во средното образование, Историја, Скопје 1988. К33.0801-35.8

[117] Исто, стр.1.

општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста, да ги оспособи научно да ги толкуваат како и научно да го развива критичкото мислење, историската свест и марксистичкиот поглед на светот, за да го сфатат закономерниот развој на општеството.[118]

Задачи на наставната програма од 1988 година биле:

- Учениците да ги усвојат потребните знаења за историските појави и настани, за нивните причини и за меѓусебната поврзаност, како и да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото;
- Да се запознаат учениците со минатото на народите и народностите на СФРЈ;
- Да ја сфатат потребата од поврзување на југословенските народи и народности во борбата за слобода и независност и неопходноста од натамошното изградување на самоуправното социјалистичко општество; за уочување на особеностите на епохите и сфаќањата на влијанието на местото и времето на општествените збиднувања;
- Да придонесе во марксистичкото образование на учениците развивајќи ги способностите
- Да се запознаат со дејносата на прогресивните сили во различни фази на историскиот развиток и улогата на масите и личноста во историјата и да го развива сознанието за историското значење на револуционерните промени во одредени етапи од развитокот на општеството;
- Да ги запознаат учениците со НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија, да ги воспита на револуционерните традиции од таа борба и да се запознаат со идеите на СКЈ во минатото и денес;
- Да ги покаже историските корени и постојано да ги одгледува и развива братството и единството на народите и народностите на СФРЈ, почит спрема борбените слободољубиви револуционерни традиции на нашите народи и народности и љубов и приврзаност спрема социјлистичката татковина СФРЈ;

---

[118] Исто, стр. 5.

- Да ги запознава учениците со уставниот развиток на социјалистичките општествени односи во нашата земја и со местото и улогата на СФРЈ во современиот свет;
- Кај учениците да развива југословенски социјалистички патриотизам, готовност да го бранат нашето самоуправно социјалистичко општество;
- Да ги оспособува учениците причините за класните борби во историјата самостојно да ги бараат во спротивностите на економските интереси на експлоатиторската и експлоатираната класа;
- Да ги воспиптува учениците на придобивките од работничкото движење во светот, да развива чувство на солидарност со работничката класа, а со тоа и интернационалистички дух;
- Да ги запознае со историскиот развој на другите народи и да негува свест за потребата од рамноправна соработка меѓу сите народи во светот;
- Да развива свесна и активна љубов кон се што е напредно и човечко во историјата и отпор кон се што е назадно, нехумано и реакционерно;
- Да ги оспособува учениците на активна творечка работа, одговорност и самокритичност, да ја развива способноста за критичко историско мислење;
- Да го сфатат значењето и суштината на општонародната одбрана и општествената самозаштита за зачувување на нашата слобода, независност и мирна изградба на самоуправното социјалистичко општество;
- Да придонесе во запознавањето на учениците со културните придобивки на својот и останатите народи, со нивните најзначајни научни, културни и технички придобивки и
- Да го уочат влијанието на природните фактори на општествениот развиток и значењето на заштита и унапредување на животната средина.

Оваа наставна програма во однос на целта и задачите воопшто не се разликува од претходните наставни програми, а во неа се забележува изразена идеологизација, дополнително обременета со задача која се однесува на марксизмот. Останатите задачи се идентични со претходната програма и се јавува повикување на борба против евентуалниот непријател за зачувување на државата, социјалистичкото самоуправно општество, братството и единството,

придобивките од работничкото движење, солидарноста со работничката класа, интернационалистичкиот дух итн.

Во однос на темите во I година се забележуваат следните теми: 1. Увод, 2. Праисторија; 3. Стар век; 4. Среден век; 5. Југословенските народи и нивните соседи во средниот век; 6. Нов век; 7. Светот и времето на индустриската револуција и либералниот капитализам; 8. Југословенските народи и нивните соседи од XVI до средината на XIX век.

Темите од наставната програма по историја за II година се: 1. Светот во втората половина на XIX и почетокот на XX век; 2. Југословенските народи и нивните соседи во втората половина на XIX и почетокот на XX век; 3. Првата светска војна и октомвриската револуција; 4. Светот меѓу двете светски војни; 5.Југославија меѓу двете светски војни; 6.Втората светска војна; 7.Народноослободителната војна и социјалистичката револуција во Југославија; 8.Тенденции во повоениот развој на светот; 9. Југославија во современиот свет.

Од содржините кои се дел од претходно посочените теми може да се види дека во прва година од вкупно 47 нови содржини, 30 содржини или 63,8% се од светската или општа историја, 11 содржини или 23,4% се од југословенската историја, додека само 6 содржини или 12,8% се од македонската историја.

Во втора година од вкупно 45 содржини, на светската или општа историја и припаѓаат 18 содржини или 40%, југословенската историја е застапена со 19 содржини или 42,2%, а македонската историја со 8 содржини или 17,8%.

Во содржините специфично е неизучувањето на античкиот период, дотогашните тврдења за присуство на Тракијци, Илири и Грци во Македонија и неприсуство на Македонци, акцентирање на словенизацијата на Македонија, на работничкото движење и социјализмот, на народноослободителната борба, социјалистичката револуција и изградба, како и на социјалистичкото самоуправување.

Забележително за оваа програма е постоењето на дидактичко-методско упатство, составено од: 1. Основни карактеристики на наставната програма; 2. Битни научни и идејно воспитни барања на програмата со објаснение на содржините и битни барања со тематски целини; 3. Наставни методи и наставни средства; 4. Корелација на наставта по историја со наставата по сродните предмети; 5. Дополнителна настава; 6. Образовни стандарди во наставата по историја; 7. Следење и вреднување на работата на учениците во наставта по

историја; 8. Додатна настава; 9. Слободни ученички активности и 10. Уште некои објаснениjа на програмата. Ова дидактичко-методско упатство е новина во наставните програми и дава едно ново објаснување на програмата, со определени насоки за нејзината реализација и за работата на наставникот. Она што може да се издвои од овој дел е потврдата дека оваа програма е „наполно усогласена со Заедничкото програмско јадро за наставата по историја“[119] , како и дека наставата не е планирана како втор концентричен круг на основното образование, со што се разликува од програмите од 1982 година. Исто така во овој дел се вели: „Во основното образование преку хронолошкиот-систематски редослед на содржините, се стекнуваат основни познавања од историјата што им овозможува во средното образование со изучувањето на содржините на повисоко ниво, подлабоко да навлезат во смислата на историските настани, појави и процеси. Поради тоа наставната програма во средното образование се темели врз тематско-проблемскиот пристап кон историските содржини, што бара подлабоко и сестрано запознавање на битните историски процеси, како и уочување на причинско-последичната условеност на историските настани и движечките сили на стопанскиот, политичкиот и културниот развој на општеството. Историските информации дадени на синтетизиран начин, заедно со оние знаења што се стекнати во основното образование, овозможуваат подлабоко согледување на клучните настани, потемелна анализа на историскиот развој што придонесува за формирање на историско мислење кај учениците. Со тоа подобро се остварува програмски единство со основното училиште“.[120] Ова објаснување на целото историско образование на учениците од основните и средните училишта фрла едно ново светло на образовните основи кои ќе се постават и ќе се користат уште долги години.

Од претходно наведеното за наставната програма по историја од 1988 година, може да се заклучи дека во наставните програми: а) историјата се изучува во сите историски периоди од праисторијата до современието; б) избегнато е изучување на фактографијата која се изучува во основното образование; в) избегнато е повторување на содржини кои претежно му припаѓаат на предметот марксизам и самоуправување; г) Историјата на македонскиот народ е застапена, но недоволно во однос на светската и југословенската историја и истата започнува со доаѓањето

[119] Исто, стр.17.
[120] Исто, стр. 17-18.

на Словените во Македонија; д) Светската и Југословенската историја се обработена на задоволително ниво, со акцент на НОВ, Социјалистичката револуција и изградба и Социјалистичкото самоуправување; ѓ) дел од материјалот се однесува на оправдувањето на државата, на револуцијата и на општествениот систем, но се појавуваат и делови на националните истории на народите и народностите на Југославија; д) во задачите, темите и содржините има идеологизацијата, а историјата е ставена во функција на чувар на државата; ѓ) наставните планови се надоврзуваат на веќе изучуваниот материјал во основното образование и е) наставната програма содржи дидактичко-методски насоки корисни за наставникот и за реализацијата на наставата.

Последни во овој труд се обработени наставните програми по историја за стручното и гимназиското образование од 1991 година. Од наставниот план може да се види дека наставата по историја е предвидено да се изведува во гимназиското и стручното образование, и тоа во гимназиското образование во: општата, јазичната и природно-математичката гимназија и во стручното образование во: правната струка и во сите струки. Во општата и јазичната гимназија историјата се изучувала четири години, и тоа во првите три години со по три часа неделно, додека во четврта година со по два часа неделно. За разлика од општата и јазичната гимназија, во природно математичката гимназија и во стручното образование во правната струка, историјат се изучувала во три години со по два часа неделно, додека во сите струки се изучувала во две години со по два часа неделно. Но, иако биле донесени овие наставни програми за сите училишта, еден дел од училиштата ќе продолжат да работат по програмите од 1988 година, како и по одерени програми за четиригодишно образование во правната струка, со што се јавило невоедначеност во реализацијата на наставта по историја во стручното образование.

Во однос на другите делови на наставните програми било решено и дефинирано изучувањето на светската и националната историја, и тоа во стручните училишта во една година ќе се изучува општата, а во една националната историја, додека во гимназиското образование изучувањето на општата и националната историја одело паралелно.

Во однос на целта таа се разликувала минимално во стручното и гимназиското образование, но истото е вредно да се спомене поради компарација.

Целта на наставата по историја во стручното образование е учениците да стекнат објективни знаења за основните историски настани и процеси, за општествените системи, за културата, вредностите и способностите за опстанокот и развојот на народите и општеството низ историјата, за развитокот на демократијата, слободата и правата на човекот низ историјата. Кај учениците се развива критичко мислење, историската свест и култура кои ќе им овозможат посигурно, засновано и поконструктивно да се вклучат во современите процеси и настани.[121]

Целта на наставата во гимназиското образование е слична, но поради автентичноста пренесена е во целост. Целта на наставата по историја е учениците да стекнат пошироки познавања за значајните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста, да ги оспособи научно да ги толкуваат како и да го развива критичкото мислење, историската свест и научен поглед на светот, за да го сфатат закономерниот развој на општеството.

Задачите на наставата по историја по наставната програма од 1991 година за општата и за јазичната гимназија се:

- Учениците да се запознаат со најважните појави и процеси од минатото на човековото општество и од минатото на нашите народи и народности укажувајќи на законитостите на општествениот развиток;
- Да се запознаат со дејносата на прогресивните сили во различни фази на историскиот развиток и улогата на масите и личноста во историјата и да го развива сознанието за историското значење на револуционерните промени во одредени етапи од развитокот на општеството;
- Да ја развие способноста за воочување на особеностите на епохите и да го сфатат влијанието на местото и времето во општествените збиднувања;
- Да ги покаже историските корени на појавите и процесите и способностите на современиот свет и да ги оспсоби учениците да се ориентираат во сегашноста, како и да ја разберат смислата на злагањата на најнапредните сили на нашата епоха;

[121] Фонд БРО , К24 0801, Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија, наставни програми по историја за средно образование, Скопје, мај 1991 година

- Да даде придонес во воспитувањето и почитувањето на борбените и слободољубивите традиции на нашите народи и народности и љубов и приврзаност спрема татковината;
- Да го разбере сфаќањето и разбирањето за другите народи: солидарност, рамноправна соработка меѓу народите во духот на интернационалистичката политика;
- Да развива свест и одговорност кај учениците како и да го негува критичкиот дух и хуманизам.

Задачите за природно математичката гимназија се разликуваат од оние во општата и јазичната гимназија, но не се разликуваат многу од задачите на наставата во претходните наставни програми од 1988 година. Тие се:

- Учениците да ги усвојат потребните знаења за историските појави и настани, за нивните причини и за меѓусебната поврзаност, како и да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото;
- Да се запознаат учениците со минатото на народите и народностите на СФРЈ;
- Да ја сфатат потребата од поврзување на југословенските народи и народности во борбата за слобода и независност и неопходноста од натамошното изградување на самоуправното социјалистичко општество; за уочување на особеностите на епохите и сфаќањата на влијанието на местото и времето на општествените збиднувања;
- Да се запознаат со дејноста на прогресивните сили во различни фази на историскиот развиток и улогата на масите и личноста во историјата и да го развива сознанието за историското значење на револуционерните промени во одредени етапи од развитокот на општеството;
- Да ја развие способноста за уочување на особеностите на епохите и да го сфатат влијанието на местото и времето во општествените збиднувања;
- Да ги запознаат учениците со НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија;
- Да ги запознава учениците со уставниот развиток на социјалистичките општествени односи во нашата земја и со местото и улогата на СФРЈ во современиот свет;

- Кај учениците да развива југословенски социјалистички патриотизам, готовност да го бранат нашето самоуправно социјалистичко општество;
- Да ги запознае со историскиот развој на другите народи и да негува свест за потребата од рамноправна соработка меѓу сите народи во светот;
- Да развива свесна и активна љубов кон се што е напредно и човечко во историјата и отпор кон се што е назадно, нехумано и реакционерно;
- Да ги оспособува учениците на активна творечка работа, одговорност и самокритичност, да ја развива способноста за критичко историско мислење;
- Да придонесе во запознавањето на учениците со културните придобивки на својот и останатите народи, со нивните најзначајни научни, културни и технички придобивки и
- Да го уочат влијанието на природните фактори на општествениот развиток и значењето на заштита и унапредување на животната средина.

Вака поставените задачи во 1991 година, истата година во која што Република Македонија прогласи независност се во најмала рака чудни и нереални со актуелните случувања во Македонија и во Југославија. Оттука, во задачите потенцирањето на развивање на југословенски социјалистички патриотизам и готовност да го бранат нашето самоуправно социјалистичко општество, е илузија на луѓето со всаден југословенски дух и без чувство за реалност. Несватливо е како една ваква наставна програма може да биде издадена во предвечерието на македонската самостојност и во време на отворен конфликт меѓу југословенските народи, а нејзините автори и донесувачи да се однесуваат како во времето на најголемиот процвет на југословенското општество. Исто така во задачите се потенцира и социјалистичката револуција и запознавањето на учениците со уставниот развиток на социјалистичките општествени односи и со местото и улогата на СФРЈ во современиот свет. Работите стануваат уште почудни ако се види дека по овие наставни програми ќе продолжи да се работи и по осамостојувањето на Република Македонија.

Наставната програма по историја за општа и јазична гимназија од 1991 година во прва година ги има следните теми: 1. Увод; 2. Праисторија; 3. Стар век; 4. Среден век, додека во втора година содржините распоредени се во темите: 1. Развиен феудализам (XI – XV век) и 2. Нов век. Во трета година содржините се повторно распоредени во две теми: 1. Период на буржоаските револуции и развој на либералниот капитализам; 2. Југословенските народи и нивните соседи во

втората половина на XIX и почетокот на XX век, додека во четврта година имало три теми: 1. Најново време; 2. Втората светска војна, НОВ и Социјалистичката револуција во Југославија и Светот по втората светска војна.

При понатаможната анализа на содржините од темите може да се види дека во прва година од вкупно 44 нови содржини, 28 содржини или 63,6% се од светската или општа историја, 6 содржини или 13,6% се од југословенската историја, а 10 содржини или 22,8% се од македонската историја. Во втора година од вкупно 44 содржини, на светската или општа историја и припаѓаат 25 содржини или 56,8%, југословенската историја е застапена со 15 содржини или 34,1%, а македонската историја со 4 содржини или 9,1%. Во трета година во оваанаставна програма имала 16 содржини или 36,4% посветени на општата, 17 содржини или 38,6% посветени на југословенската и 11 содржини или 25% на македонската историја, односно програмата се состоела од вкупно 44 содржини распоредени во две теми. Четвртата година имала три теми и 43 содржини, и тоа: 18 содржини или 41,9% од светската, 19 содржини илли 44,2 од југословенската и 6 содржини или 13,9% од македонската историја. Од содржините вкупно за четири години во општата и јазична гимназија се изучувале 49,7% од општата или светска историја, 32,6% од југословенската и 17,7% од македонската историја.

Слична е поставеноста на наставните програми за природноматематичката гимназија, со тоа што поставените теми и содржини се изучувале во тригодини.

Во содржините специфично е започунувањето на изучувањето на античкиот период, но останува акцентирање на словенизацијата на Македонија, на работничкото движење и социјализмот, на народноослободителната борба, социјалистичката револуција и изградба, како и на социјалистичкото самоуправување. Исто така, изненадува придржувањето на програмата кон заедничкото југословенско јадро, иако таа е пишувана во времето на почетокот на распадот на СФРЈ и во годината во која ќе биде прогласена независноста на Република Македонија.

Како и во претходната наставна програма, од 1991 година и наставната програма по историја за гимназиите од 1991 година, содржи дидактичко-методско упатство. Ова упатство е составено од: 1. Основни карактеристики на наставната програма; 2. Битни научни и идејно воспитни барања на програмата со објаснение на содржините и битни барања со тематски целини; 3. Наставни методи и

наставни средства; 4. Корелација на наставата по историја со наставата по сродните предмети; 5. Дополнителна настава; 6. Образовни стандарди во наставата по историја; 7. Следење и вреднување на работата на учениците во наставта по историја; 8. Додатна настава и 9. Слободни ученички активности. Ова дидактичко-методско упатство е исто со упатството од 1988 година. Она што може да се издвои, како и во претходно споменатата програма е потврдата дека оваа програма е усогласена со Заедничкото програмско јадро за наставата по историја, како и дека наставата не е планирана како втор концентричен круг на основното образование, со што пак се разликува од програмите од 1982 година. Во делот на упатството сепак може да се констатира дека тоа е практично препишано од претходната програма и од тие причини за овој де важи се што е коментирано претходно.

Заклучоците за наставната програма од 1991 година се: а) историјата се изучува во сите историски периоди од праисторијата до современието; б)недоволно се изучува историјата на македонскиот народ, иако се јавува во сите периоди; в) фактографијата не се изучува како пред 1988 година, како и содржини кои му припаѓале на предметот марксизам и самоуправување; г) Југословенската историја е обработена согласно заедничкото југословенско јадро, со акцент на НОВ, Социјалистичката револуција и изградба и Социјалистичкото самоуправување; ѓ) еден дел од материјалот се однесува на оправдувањето на државата Југославија, на револуцијата и на општествениот систем, иако оваа држава во моментот на пишувањето на програмата се распаѓа, а системот се менува со друг, што претставува еклатантен пример на демагогија и неприфаќање на реалноста; д) во задачите, темите и содржините има идеологизацијата, а историјата е ставена во функција на чувар на СФРЈ; ѓ) наставните планови се надоврзуваат на веќе изучуваниот материјал во основното образование и е) наставната програма содржи дидактичко-методски насоки корисни за наставникот и за реализацијата на наставата.

Од претходно анализираните наставни програми, можат да се извлечат одредени заклучоци кои се однесуваат на повеќе аспекти и кои ни ги покажуваат сличностите и разликите помеѓу споменатите програми.

Во однос на бројот на содржините може да се каже дека од 1945 до 1991 година не се бележат големи разлики во содржините од македонската историја. Бројот на содржини во средното образование неможат да се споредат по

примерот на основното образование каде што изучувањето на историјата е константно во траење од четири години, со што и бројот на содржини може да се спореди. Во средното образование се појавува една специфична состојба на појава на различни наставни програми кои биле изготвени за различни училишта, односно за гимназиско и стручно образование. Од податоците за наставните планови, врз основа на содржините мое да се заклучи дека во 1952 година македонската историја била застапена со 16,6% од вкупниот број на содржини, за во наставните програми за педагошката гимназија се појават 8,55% содржини посветени на македонската историја и 18,65% содржини за македонската историја во наставните програми од 1991 година. Во стручните четиригошни, тригошни и училиштата за двогодишно стручно оспособување изучувањето на македонската историја варира од 9,4 до 21% во зависност од образованието. Во секој случај заеднички заклучок е дека македонската историја се изучувала недоволно споредено со општата и југословенската историја. Исто така може да се каже дека во споредба со основното образование каде што имаме во одредени периоди поголемо изучување на националната историја, во средното образование тоа не е случај. Посебно е забележлива 1991 година кога во основното образование имаме нови наставни програми кои македонската историја ја изучуваат со 38,7%, додека во средното образование во истата година имаме 18,65% од содржините кои се однесуваат на општата историја.

При анализа на задачите од наставните програми може да се забележи дека во наставните програми за средно образование постојано се развива државниот југословенски идентитиет, а развивањето на свеста за националниот не се споменуваат дури ни во програмата од 1991 година, истата година кога македонската држава ќе прогласи независност. Југословенската историја е обработувана и согласно т.н. заедничкото југословенско јадро, со акцент на НОВ, Социјалистичката револуција и изградба и Социјалистичкото самоуправување, со дел од материјалот се однесува на оправдувањето на државата Југославија, на револуцијата и на општествениот систем.

Затоа пак во поглед на идеологизираноста, може да се види дека голем дел од наставните програми, посебно до седумдесетите години повикуваат на омраза кон државниот и класниот непријател. Во средното образование може да се констатира дека преку целите и содржините наставата е целосно идеологизирана, на еден добро смислен и континуиран начин. Постојано ученикот

се воспитува и образува да ги штити државата и општественото уредување на државата. До 1984 година во наставните програми се појавуваат теми и содржини кои се дел од предметот максизам и самоуправување, а програмите ги следат борбата против информбирото, за социјалистичкото самоуправување и за улогата на СКЈ и СКМ во социјалистичката револуција. Интересно е што во моментот на пишувањето на програмата од 1991 година, се брани и штити системот што самата држава го менува, што претставува еклатантен пример на демагогија и неприфаќање на реалноста. Од претходно наведеното можеме да заклучиме дека во задачите, темите и содржините има идеологизацијата, а историјата е ставена во функција на чувар на СФРЈ.

Треба да се истакне дека во наставните програми историјата не се изучува континуирано во сите историски периоди од праисторијата до современието, односно има наставни програми во кои воопшто не се изучува антиката или пак на македонскиот народ му се дава до знаење дека нема право да се повикува на овој дел од историјата. Одредени наставни програми пак одат до таму што во средното образовани историјат почнува да се изучува со социјалистичката револуција, Втората светска војна и развојот на Југословенското општество по војната.

Единствениот напредок кај овие наставни програми за средно образование е во дидактичко-методскиот дел, посебно по формирањето на институцијата којоа стручно ги изработува наставните програми. Последните два наставни програми содржат и дидактичко-методски насоки корисни за наставникот и за реализацијата на наставата кои со повеќе елементи влијаат за реализација на поквалитетна настава.

Но, мора да се истакне дека наставните планови биле основа за понатамошната настава во училиштата и за изработката на учебниците со наставни содржини. Содржините во учебниците ги следеле насоките од наставните програми по историја, што е тематика на следниот дел на трудот.

## 2.6. Учебниците по историја во основното и средното образование

### 2.6.1 Весникот „Нова Македонија" како алтернативна литература

Воспоставувањето на новата власт и институциите со себе повлекле донесување на нови документи за образованието, како и литература на македонски јазик. Реализацијата на наставата е неразделно поврзана со лиетратурата која била неопходна, проблем кој редовно се истакнувал. Во извештаите од околиските и окружните органи за просвета до Поверенството за просвета, кои се однесуваат на годините по завршувањето на Втората светска војна, меѓу најголемите проблемите во реализирањето на наставата се истакнува проблемот со немањето на учебници и друг наставен материјал во училиштата.

По завршувањето на војната непостоењето на учебници бил подеднакво голем проблем како и проблемите со непостоењето на училишта и на наставен кадар. За учебници по наставниот предмет македонски јазик во овој период не може да се зборува бидејќи сеуште не била кодифицирана македонската азбука, немало правопис и граматика, но евидентно е и непостоењето на учебник по историја. Димче Стојанов - Мире, повереник за просвета во 1945 година и министер за просвета од 1947 до 1951 година, дава свое видување во однос на учебниците во првите години по војната: “Во писмата кои им беа упатени на обласните и на околиските органи на власта во областа на просветата им рековме дека ќе работат врз основа на она што сега го имаат, а ние во скоро време очекуваме и руски учебници со кои горе-долу ќе задоволиме дел од оваа потреба”.[122] Според сведочењата и расположливите материјали се користеле учебници од старите режими: српски и бугарски, кои се преведувале на народен македонски јазик, а исто така и руските учебници кои тогаш биле добивани и се преведувале на народен македонски јазик. Преводите на веќе постоечки учебниците можеле да користат, привремено, додека не се направеле нови учебници и тоа по сите предмети освен по т.н. “национална група предмети”: Македонски јазик и Историја[123].

Овие предмети дотогаш непостоеле, бидејќи македонскиот народ бил под долгогодишна окупација и било нормално да не постојат учебници од кои можело да се преведе историјата на македонскиот народ или македонскиот јазик. Затоа тогашниот министер за просвета, Димче Стојанов - Мире и професорот Љубен Лапе, направиле упатство како треба да се предава материјата од областа на историјата, при што се внимавало најмногу да биде застапена националната

---

[122] Иван Глигориевски, Првите учители ... (1943-1948), цит. дело, стр.113 (Сведоштво на Димче Мира)
[123] Во националната група предмети одредени професори и стручни лица сметат дека покрај Македонскиот јазик и Историјата, спаѓа и Географијата.

историја."Гледавме содржината да биде, пред се, од националната историја, зашто дотогаш за неа никој не беше предавал ... никој, никаде во никој учебник, ни за време на окупацијата, ни во периодот меѓу двете светски војни, особено тогаш воопшто не станувало збор за македонска историја[124]" - се вели во сведоштвото на Димче Стојанов Мире.

Бидејќи непостоеле учебници, за наставниот предмет историја учителите се насочувале да го следат весникот "Нова Македонија", во кои требало да има текстови кои ќе одговараат на наставните содржини додека учебници не се напишат. Во периодот по војната печатот бил преполнет со натписи, но не од историјата на македонскиот народ, туку со написи од советската историја, а агенцијата ТАСС ги диктирала содржините на сите натписи, па и на историските. Притоа се играло на картата на националната и духовна сродност (словенството како заеднички именител), а дури потоа на идеолошката сродност. Тоа има своевиден одраз и во наставата по историја, каде до крајни граници е занемарен периодот на антиката, а се инсистира на историјата на Старите Словени, со која не се оправдувало само југословенството, туку и сесловенското братство на рускиот и другите словенски народи.[125]

За недостатокот од учебници имаме сведочење на еден од првите учители: "Учебници немавме, подоцна донесовме учебник по македонски јазик Буквар, тој го донесоа кога беше направен, пошто немавме азбука, граматика. Други книги немаше. Преведувавме руски, српски и бугарски книги и ги користевме за учење. Многу го користевме весникот Нова Македонија, кај што излегуваа текстови за историја и земјопис (географија), текстови размножувавме на шапирограф."[126]

Првите содржини посветени на историјата на македонскиот народ се појавуваат кон крајот на Втората светска војна во весникот „Нова Македонија". Во периодите до појавата на првите учебници весникот „Нова Македонија" ќе одигра улога на учебник кој преку објавување на содржини од историјата ќе им помогне на наставниците и на учениците, но ќе овозможат и обичниот читател да се запознае со македонската историја. На овој начин токму преку весникот „Нова Македонија", иако со скромен обем, ќе започне систематско развивање на македонскиот идентитет.

---

[124] Иван Глигориевски, Првите учители (1943-1948), цит. дело, (Сведоштво на Димче Мира), стр.114
[125] Виолета Ачкоска, Советското влијание врз историското образование во народна Република Македонија 1945 - 1948 година, ... Скопје, 2006, стр.542

[126] Игор Јуруков, Разговор и запис (интервју) од Бојко Стојановски, ... Скопје, 2007

За недостатокот од учебници по историја во почетокот на 1947 година пишува и самиот весник „Нова Македонија" во членокот „Нашите просветни успеси" се вели:„Едно од важните прашања за работата на основните и средните училишта беше прашањето на учебниците. Училиштата кај нас почнаа да работат без ниеден учебник, а немаше ни стручен кадар да изработи учебници."[127] Весникот „Нова Македонија" кој бил единственото гласило на македонски јазик се појавил уште во текот на војната, но и по неа бил посочуван за користење на наставниците при реализација на дел од наставата. Посебно весникот бил посочен за користење и раализирање на наставата по македонски јазик и историја. Во изданијата на „Нова Македонија" од периодот од 1945 до 1950 година се забележуваат содржини од националната и светската историја, како и текстови за аналфабетските курсеви. Но мора да се забележи дека овие содржини не се дадени по некаков ред и немаат некоја посебна структура. Истите, од денешна гледна точка можеби немаат значење за образованието и за изведувањето на наставата, но се смета дека во периодот по војната, во тогашната ситуација содржините биле од непроценлива вредност. Содржините кои се однесуваат на историјата, а се дел од весникот „Нова Македонија" се од периодот на Втората светска војна и социјалистичката револуција, а ретко содржините се однесуваат на македонски настани и дејци, посебно од постариот период. Дел од содржините кои се среќаваат се: Владимир Илич Ленин, Втората светска војна видена низ советските гледишта, АСНОМ и Илинден 1944 година, содржини за Браќата Миладиновци и др, со тоа што содржините се обемни и зафаќаат 20-тина проценти од весникот и излегуваат во продолженија. Во периодот од 1944 до 1948 година под влијание на СССР, на страниците на весникот „Нова Македонија"со нашите луѓе рамо до рамо, се бореле Петар Велики и Катерина, Кутузов и Суворов, Ленин и Сталин, Пушкин и Мајаковски, Толстој и Горки, Туполјев и Курчатов, Балтичката морнарица на Петар Велики и Сталиновата Црвена армија.[128]

Интересно е што другите периоди не се опфаќаат, па дури и оние кои се очекувани да ги има и се од големо значење за историјата на македонскиот народ и се темели за развој на македонскиот национален идентитет. Недостасуваат

[127] Нова Македонија, орган на народниот фронт на Македонија, 10. 01. 1947, Скопје, стр. 1-2
[128] Виолета Ачкоска, Советското влијание врз историското образование во народна Република Македонија 1945 - 1948 година, ... Скопје, 2006, стр.542

текстови за Илинденскиот период 1903, од македонските револуционери и од настаните пред војната. Од друга страна во весникот напишани се текстови за описменувањето, аналфабетските курсеви, проблемите кои се јавуваат и нивното решавање. Во него постојат рубрики како и посебни делови кои се однесуваат на културата, земјоделството, спортот и сл., но никаде нема посебен дел за образованието. Но, бидејќи на наставниците им бил посочуван весникот „Нова Македонија“ кој содржел текстови од историјата, може да се заклучи дека тие биле приморани да го следат весникот.

Од наведеното може да се заклучи дека весникот дава содржини кои наставникот може да ги користи, односно кои можат да помогнат во воспитно образовниот процес, кои се од значење за наставата, но и за објаснувањето и воздигнувањето новата држава, на југословенството, сесловенството, социјализмот, ленинизмот и до 1948 година сталинизмот. Преку содржините се објаснува дека народноослободителната борба и социјалистичката револуција се основа на тогашното настанување, живеење и на понатамошното опстојување на поединецот и на државата. Народноослободителната борба и заедништвото на „братските народи“ се издигнува над се останато и се создава нов државен југословенски идентитет, следен и контролиран од будното око на силниот партиски агитпроп.

За македонскиот национален идентитет содржините се значајни затоа што, за прв пат даваат настани и личности од историјата на македонскиот народ. Иако се крајно идеологизирани, се во мал број и се од поновата истирија овие содржини се значајни за Македонија и за образовнит систем. Содржините за македонските писатели, борци и херои кои дотогаш било незамисливо да се најдат во училиштата во овој период станале дел од наставниот процес, што било од големо значење за Македонците. Тие иако биле дел од најновата историја, односно од периодот на нардоноослободителната борба која тукушто поминала им покажувала на Македонците дека за прв пат ќе бидат третирани како државотворен елемент кои ќе има и своја историја. Затоа ваквите содржини биле прифатени од населението и се од големо значење.

Весникот „Нова Македонија“ преку содржините од историјата кои ги нудел го поставил понатамошното политичко убедување на луѓето, дека југословенскиот идентитет кои го добивале како државен им овозможува еднаквост, братство и единство со нардодите во федеративна Југославија, додека им се одзволувало

да зборуваат на македонски јазик и да имаат македонски идентитет кои е строго ограничен и контролиран и кои не смееле да излезе од определени рамки.

Во ваква насока се движеле и содржините од „Нова Македонија" кои биле препорачувани во замена за учебниците по историја и македонски јазик, а во истата насока ќе се движи историјата на новата југословенска држава. Недостатокот од учебници по историја во првите години по војната можеби нема да бидат адекватно заменети со содржините од весникот „Нова Македонија", но несомнено овие содржини ќе ја одиграат улогата за која што биле наменети.

### 2.6.2 Првите печатени изданија кои биле користени во недостаток на учебници

Непостоењето на наставниот предмет историја во минатото и воедно непостоењето на учебници кои требало да помогнат во изучувањето на истиот, ги наведувале образовните институции на привремени решенија, меѓу кои и употребата на учебници од поранешните режими. Но, кога се работи за наставниот предмет историја, неприфатливи биле учебниците од бившите режими кои го прикажувале македонскиот народ како свој, не го признавале и му ја присвојувале историјата. Затоа се внимавало што ќе се користи. Од литературата на немакедонски јазик најчесто се обработувеле светските настани и овие книги најчесто биле преведувани од српски, хрватски и руски. На пример такви биле Историја на стариот век, од Мишулин- преведена од руски јазик во 1949 година, Историјата на средниот век, од Миодраг Југовиќ- преведена од српски јазик во 1957 година, Историската читанка "Патот кон слободата" од Томо Чубелиќ од 1961 година и др.

За прво дело кое што ја обработувало историјата на македонскиот народ и кое што излегло во недостаток на учебник се смета „Одбрани четива за историјата на Македонскиот народ" чиј уредник бил Љубен Лапе. Одбраните четива за историјата на Македонскиот народ се првиот труд напишан за изучување на историјата во основните и средните училишта од професорот Љубен Лапе, содржи текстови од историјата на македонскиот народ, а издадена е во 1951 година од Државното книгоиздателство на НР Македонија.

Професорот Лапе во предговорот ја опишува целата и суштина на ова дело и истото е вредно да се цитира: „Мислата за една македонска историска читанка никна уште во 1945 година во врска со потребите во наставата по историја на

Македонскиот народ, но нејзиното деломично остварување одвај денеска можев да го извршам. Велам делимично, зошто овде давам само еден дел од замислениот материјал кој го опфаќа периодот од идењето на Словените на Балканот до 18 век.

При немање учебник по историја на нашиот народ, засега четивата ќе пополнуваат една прилична празнотија во тој поглед. Со помош на наставниците, учениците и студентите, на кои им е главно наменета книгата ќе можат да ги продлабочат своитре познавања од историјата на својата татковина. Од друга старана, самиве четива немаат за цел да го заменат ученикот по историја што ќе дојде по нив."[129]

Содржините во голем дел се прилагодени за возраста, тие се повеќе како приказни без датуми, не се преобемни, но се забележува дека има искривување на фактите и има дури и некои историски неправилности и невистини.

Делото има 208 страници и 20 илустрации, од кои: 6 цртежи, 12 слики и 2 копии од натпис со словенско писмо.

Празнината од непостоењето на учебници ја пополнувале и други изданија кои имале содржини од историјата на македонскиот народ како на пример Четиво, народна просвета со календар за 1958 година подготвена од Ѓорѓи Абаџиев, Киро Билбиловски, Душко Брдарски, Велимир Брезовски, Рада Галева, Благој Дрнков, Киро Ѓорѓиевски, Митко Зафировски, Неџет Јашар, Иван Кацарски, Милтијадис Колически, Доксим Муратоски, Борис Поп Ѓорчев, Гого Попов, Борис Стојанов, Коста Трпков, а издадена во 1958 година од Печатница "Нова Македонија" од Скопје.

Во ова дело собрани се текстови од различни дисциплини кои во недостаток на учебници по одредени предмети нудат содржини кои можат да се користат од наставниците и учениците. Во „Четивото" по месеци распоредени се државните празници, содржини од националната и светската историја, просветата, културата, стопанството, како и содржини за совети, спорт и занимливости. Вака концепираната книга имала за цел да поттикне интерес кон историските и општокултурните знаења и интерес кон продлабочување на веќе стекнатите знаења. Во самата книга распоредени се текстови кои во најголем дел се однесуваат на националната историја. Овие текстови се печатени во

[129] Одбраните четива за историјата на Македонскиот народ, Државното книгоиздателство на НР Македонија, 1951 година

печатницата на „Нова Македонија„, што е очигледно бидејќи читанката личи на весник или негови делови со текстови кои само се собрани во книга.

Првиот учебник по историја кој што во текот на истражувањата можеше да се пронајде и кој што е предвесник на излегувањето на учебниците за VI, VII и VIII одделение по 1960 година е учебникот за IV-то одделение од 1959 година. Овој учебник кој што се однесува на историјата на македонскиот и на југословенските народи, на својата прва страница го има цртеж од Цар Самоил, а започнува со словенизацијата која што го покажува карактерот и оправданоста на неопанславистичката држава. Во учебникот голем дел се посветува на НОБ и социјалистичката революција, со што се поставиле контурите на развојот на историјата на македонскиот народ кои ќе бидат дел од следните наставни програми по историја и на содржините на учебниците.

Одбраните четива за историјата на Македонскиот народ, Четиво- народна просвета со календар за 1958 година и Историјата за IV одделение се првите историски дела напишани за образование на учениците, и истите се посебно важни за националната историја на Македонскиот народ, за изучувањето на историјата во училиштата, за Македонците и односот кон нивното потеклото и постоење и за фактот дека за прв пат на Македонците им се дозволува самите да ја напишат својата историја на македонски јазик. Треба да се истакне дека професорот Лапе е првиот кој што се обидел да собере текстови кои се однесуваат на историјата на Македонскиот народ. Секако тие се пишувани во согласност со политиката на Комунистичката партија, социјалистичката револуција и со југословенската историја, но истовремено се остава простор во кој се вели дека ова е само еден дел од историјата на Македонскиот народ.

Сепак овие историски важни дела, први за историјата на македонскиот народ треба да се каже дека имаат свои недостатоци и освен што се пишувани во духот на југословенството, пишувани се и во духот на идеологијата карактеристична за тоа време. Имено, со овој материјал јасно се става на знаење дека југословенските народи потекнуваат од словените, со што се оправдува и се потенцира потеклото на државата, дека државата се родила благодарение на КПЈ кој го раководи работниот народ против капиталистичките и буржоаските елементи. Со овие потенцирања за создавањето на државата и потеклото на државата се дава оправдување за нејзиното постоење и за владеењето на режимот во државата.

2.6.3 Учебниците по историја од основното образование 1960-2000 година и содржините посветени на националниот идентитет

Учебниците по историја со содржините кои ги обработувале ги следеле и се раководеле од наставните планови по историја. Од анализата на учебниците за сите одделенија од основното училиште се доаѓа до заклучок дека историјата се изучувала различно во различни периоди и тоа од повеќе аспекти: од политичко-идеолошки аспект, од аспект на истакнување на националниот идентитиет и од аспект на застапеноста по одделенија. Од првото гледиште содржините по историја во учебниците ја следеле политиката и во одредени периоди таа била идеологизирана и во неа имало политички ставови. Идеологизацијата и политичките ставови поизразено биле присутни до 1972 година, иако може да се каже дека како поминувало времето тие се повеќе биле отфрлани, за во последните наставни планови по историја речиси и да ги нема. Од аспект на истакнувањето на националниот идентитет кај содржините во учебниците исто така бележиме промени. Овие промени заедно со застапеноста по одделенија ќе бидат предмет на понатамошните анализи. Освен податоците за содржините дадени се и показатели за бројот на страници, илустрации и сл.

2.6.1.1. Содржините во V одделение

Содржините во V одделение се изучувале во одредени временски периоди и тоа со различен број на часови. До 1966 година во V одделение наставниот предмет историја се изучувал со 2 часа неделно, додека по оваа година тој не се изучувал во ова одделение. Како наставен предмет историјата во V одделение повторно се појавува во 1972 година и до 1991 година таа се одржувала со 1 час неделно. Од 1991 до 2000 година наставниот предмет историја се изучува со 2 часа неделно или 72 часа годишно.

За периодот во кои се изучувала историјата споредуваме показатели од три учебници, и тоа од 1976, 1984 и 1997 година.

а) Првиот учебник кој се обработува е „Историјата за V одделение“ напишана од Миле Тодоровски и Милка Тодоровска, а истата е издадена во 1976 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.03-58/1 од 5.07.1974 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за V одделение од 1976 содржани се 57 содржини на 144 страни или во просек по 2,5 страни по содржина. Од содржините 50 се посветени на светската, 1 на југословенската и 6 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на настанокот на човекот до пропаѓањето на римското царство. Во него скоро и да не се споменуваат Македонци, туку секаде се споменуваат „нашите народи“ што е во согласност со југословенските гледишта за историјата. Во делот посветен на Античка Македонија се дава податок како и во предходните учебници и наставни помагала по историја дека „во Македонија живееле илирски и тракиски племиња, ... со мешање на македонските племиња со илирски, тракиски и други племиња настанале древните Македонци.“ Ова покрај што е некоректно, напишано е и доста нејасно, посебно за ученици од V одделение.

б) „Историјата за V одделение“ од 1984 година е напишана од Благота Драшковиќ и Иво Макек, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје, со решение на Републичкиот педагошки совет бр.03-58/1 од 5.07.1974 год. со кое се одобрува употреба на учебникот во основните училишта.

Во Историјата за V одделение од 1984 содржани има 119 содржини, распоредени во 23 поголеми теми на 138 страни. Од содржините 110 се посветени на светската, 1 на југословенската и 8 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на настанокот на човекот до пропаѓањето на римското царство. Во учебникот се споменуваат Македонци, но јасно се поистоветуваат со Грците, а секаде се споменува терминот нашите народи што е во согласност со југословенските гледишта за историјата. Во делот посветен на Античка Македонија во споредба со предходниот учебник се вели „На територијата на Македонија во текот на столетијата се населувале Македонци, Илири и Траки. Со нивно мешање настанале Старите Македонци.“ Ова е исто како и во претходниот учебник некоректно напишано, со што се добива нејасна претстава за учениците од петто одделение.

Содржините се прилагодени за возраста - не се обемни, напротив премногу се расцепкани и распоредени по теми, веројатно заради можноста наставникот сам да ги комбинира содржините. Забележителен е големиот број на илустративен материјал и на дополнителни текстови.

в) Историјата за V одделение е напишана од Симо Младеновски, а издадена е во 1997 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.21-421/1 од 28.06.1995 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за V одделение од 1997 година содржани се 39 содржини, распоредени на 156 страни, или во просек 4 страни по содржина. Од содржините 33 се посветени на светската и 6 на македонската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на настанокот на човекот до пропаѓањето на римското царство. Во однос на предходниот учебник наведени се Македонците кои заедно со Бригите и Пајонците се набројуваат како најстари жиели на Античка Македонија. Со ваквото претставување се добива подобра претстава за луѓето кои ја населувале Македонија во однос на претходните учебници за петто одделение. Во учебникот се споменуваат Македонци, Македонската држава со посебен осврт на владетелите.

Ако ја спoредиме процентуалната застапеност на содржините посветени на македонската историја ќе забележиме дека во учебникот од 1976 година има 10,5%, во учебникот од 1984 има 6,7%, додека во учебникот од 1997 година има 15, 4% од содржините посветени на историјата на Македонија.

Од содржините посветени на југословенската историја речиси и да нема.

| | Југословенска историја | Македонска историја | Светска историја |
|---|---|---|---|
| 1976 | 1,8 | 10,5 | 87,7 |
| 1984 | 0,7 | 6,7 | 92,6 |
| 1997 | 0 | 15,4 | 84,6 |

Табела 10. Приказ на застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за V-то одделение




Графички приказ за застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за V-то одделение

Преку учебниците за V одделение неможеме да кажеме дека се гради македонскиот идентитет. Напротив во името на еднаквоста на „јужнословенските народи" кои по Втората светска војна станале дел од една заедничка федерација на братски народи во кои се негувале братството и единството, не се признавала античката историја, односно таа била заедничка придобивка на сите, но не припаѓала на никого. Градејќи теорија дека наследници на антиката и на античките народи нема, се признавало дека ниеден југословенски народ неможел да се повика на античкиот период или било како да е поврзан со него. Од друга страна во учебниците се споменувале термини како „старите Македонци", кои заради неможноста да се поистоветат со Македонците од подоцнежните периоди биле дефинирани како мешавини од разни племиња, но никако и како Македонци. На овој начин се оневозможувало македонскиот народ да се издвои од другите и да покаже дека можеби е наследник на античките народи. Дискусиите околу ова прашање биле забранувaани, а институциите не смееле да го постават или пак да го проучуваат ваквото прашање. Прашањето за пославните народи и истории било забрането и останало подзаборавено и во сенка на еднаквоста и единството. Оттука ќе дојдеме и до одговорот на прашањето зошто немало катедра за античка

историја, зошто не се истражувало, зошто не се вршеле ископувања на македонските локалитети и зошто се немало интерес за овој период.

Како интересен дел од самата анализата на учебниците кој привлекува внимание е и нивната големина според број на страни и нивниот број на илустрации што ги красат и се дел од значајната визуелна меморија, посебно значајна за децата од V одделение.

Ако ги споредиме бројот на страници и големината на содржините ќе видиме дека во учебниците од V одделение имаме од 138 до 156 страници во кои содржините се движат од 2,5 до 4 страни. Големината на содржините и бројот на страните сметам дека се соодветни за возраста, како и дека идеологизацијата доколку ја има е сведена на минимум.

Во однос на илустрациите забележливи се: фотографии, цртежи, документи, постери, карикатури, карти и други, кои се корисни за децата на оваа возраст. Тие се однесуваат и на македонската историја и овие илустрации посебно ќе бидат издвоени во однос на вкупниот број.

Во учебникот од 1976 година има вкупно 93 илустрации од кои 11 или 11,8% се однесуваат на македонската историја. Од вкупниот број на илустрации, 15 се цртежи, 65 се фотографии, 2 се графички претстави и 11 се карти.

Во учебникот од 1984 година има вкупно 213 илустрации од 22 или 10,3% кои се однесуваат на македонската историја. Од илустрациите има: 61 цртеж, 125 фотографии, 6 графички претстави и 21 карта.

Во учебникот од 1997 година од вкупно 211 илустрации 36 или 17% од се македонската историја. Од вкупниот број на илустрации 74 се цртежи, 101 се фотографии, 7 се графички претстави и 29 се карти.

| | Вкупен број на илустрации | Број на илустрации кои се однесуваат на македонската историја | % |
|---|---|---|---|
| 1976 | 93 | 11 | 11,8 |
| 1984 | 213 | 22 | 10,3 |
| 1997 | 211 | 36 | 17 |

Табела 11. Приказ на илустрации во учебниците по историја за V одделение




Графички приказ за бројот на илустрации во учебниците по историја за V одделение

Од податоците може да се види дека илустрациите од македонската историја се минимално застапени со во просек 13,3% од вкупниот број на илустрации. Истотака се забележува дека во учебниците доминираат фотографиите, пред останатите илустации. Значителен е и бројот на картите кои за оваа возраст не се препорачуваат поради сеуште неразвиениот центар за временска и просторна ориентација кај децата.

2.6.1.2. Содржините во VI одделение

Содржините од VI одделение во однос на бројот на часовите се константни и во секоја година бележат по 2 часа неделно, односно наставата по историја се изучувала со 72 часа годишно. Бидејќи предметот се изучувал постојано од периодот по ослободувањето за ова одделение имаме повеќе учебници кои можат да се споредат. Содржини не припаѓаат на исти временски периоди, и започнуваат и завршуваат во зависност од годината на започнувањето на изучувањето на предметот историја во наставата. Во дел од учебниците содржините почнуваат со праисторија, и тоа доколку предметот историја го

немало во V-то одделение. Доколку предметот историја го имало во V-то одделение во зависност од тоа дали предметот се изучувал со 1 или со 2 часа неделно, содржините започнувале разлчично. Меѓутоа без разлика на кој период точно се однесувале, за сите е заедничко непостоењето на доволен број содржини од историјата на македонскиот народ. По годината на излегувањето на учебникот во понатамошниот материјал ќе бидат обработени учебниците по историја од: 1962, 1976, 1982, 1988, 1992 и 1995 година.

а) Историјата за VI одделение е напишана од Митре Ќуксановски и Миле Тодоровски, а издадена е во 1962 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Советот за просвета на НРМ бр.12 од 6.01.1961 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1962 содржани се 44 содржини на 251 страни или во просек по 4,5 страни по содржина, но треба да се нагласи дека на содржините отпаѓаат 200 страници, додека другите 51 страна се состојат од текстови, карти и др. Од содржините 25 се посветени на светската, 12 на југословенската и 7 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со тогашната политиката и со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од настанокот на човекот до XVI век.

Во учебникот застапени се содржини од светската, националната и југословенската историја и тоа:

- во праисторијата и античкиот период има најмногу содржини од светската историја, а само една содржина од историјата на Македонија: Создавањето на македонската држава и освојувањата на Александар Македонски и

-во средновековната историја има мал број на содржини од светската историја и поголем број на содржини од југословенската историја. Меѓу содржините од југословенската историја има и содржини од македонската и сторија и тие се посебно третирани. Содржините од Југословенската средновековна историја се распоредени во следните теми: 1. создавање на првите државни организации кај нашите народи; 2. Југословенските земји во времето на развиениот феудализам и 3. Потпаѓање на нашите средновековни држави под туѓинска власт. Од насловите на темите преку термините „нашите народи", „југословенските земји", „нашите средновековни држави" може да се заклучи дека има содржини од историјата на сите југословенски народи, кои се именувани како „наши", додека пак зачудува појавата на содржини со наслов

„Македонските словени во новата татковина“ и „Првата македонска држава“, кои се смели за периодот во кои е пишуван учебникот. Од друга страна пак преовладува убедувањето за словенското потекло на „нашите народи“ и нивната борба против освојувачите. Од ова се доаѓа до заклучок дека податоци за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник.

Содржините се обемни, има многу податоци и датуми, но учебникот иако не е докрај прилагоден за возраста на учениците е прифатлив и не ги оптоварува учениците.

б) Историјата за VI одделение од 1976 година напишана е од Јордан Димески, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.02-128/10 од 30.01.1975 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1976 содржани се 38 содржини на 132 страни или во просек по 3,5 страни по содржина. Од содржините 14 се посветени на светската, 12 на југословенската и 12 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со тогашната политиката и со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од V до XVII век. Во учебникот речиси рамномерно се застапени содржини од светската, националната и југословенската историја. Податоци за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник. Содржините се обемни, има многу податоци и датуми, но учебникот иако не е докрај прилагоден за возраста на учениците е прифатлив и не ги оптоварува учениците.

в) Истојата за VI одделение од 1982 година е напишана од Јордан Димевски, Благоја Чукарски и Владимир Дунимаглоски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.03-226 од 15.12.1981 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1982 содржани се 42 содржини на 140 страни или во просек по 3,3 страни по содржина. Од содржините 17 се посветени на светската, 15 на југословенската и 10 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со тогашната политиката и со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од V до XVII век. Во учебникот намален е бројот на содржини посветени за Македонија за разлика од

претходниот учебник од 1976 година каде што речиси рамномерно беа застапени содржини од светската, националната и југословенската историја. Содржини за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник. Како и во претходниот учебник содржините се обемни, има многу податоци и датуми, но учебникот иако не е докрај прилагоден за возраста на учениците е прифатлив и не ги оптоварува учениците.

г) Истојата за VI одделение од 1988 година е напишана од Јордан Димевски, Благоја Чукарски и Владимир Дунимаглоски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр. 03-43/1 од 3.05.1985 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1988 содржани се 53 содржини на 156 страни или во просек по 3 страни по содржина. Од содржините 18 се посветени на светската, 24 на југословенската и 11 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со тогашната политиката и со југословенската историја. Во учебникот опфатена е историјата од V до XVII век. Во учебникот намален е бројот на содржини посветени за Македонија за разлика од учебникот од 1976 година каде што речиси рамномерно беа застапени содржини од светската, националната и југословенската историја. Содржини за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник. Содржините се обемни, има многу податоци и датуми, но учебникот иако не е докрај прилагоден за возраста на учениците е прифатлив и не ги оптоварува учениците.

д) Истојата за VI одделение напишана од Бранко Панов издадена е во 1992 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.13-381/1 од 29.06.1992 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1992 година содржани се 46 содржини на 150 страни или во просек по 3,3 страни по содржина. Од содржините 20 се посветени на светската, 6 на југословенската и 20 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со македонската историја. Во учебникот опфатена е историјата од V до XVII век. Во учебникот зголемен е бројот на содржини посветени за Македонија. Содржини за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник. Содржините се обемни, има многу податоци и датуми, но учебникот кој изобилува со илустрации

иако не е докрај прилагоден за возраста на учениците е прифатлив и не ги оптоварува учениците.

ѓ) Историјата за VI одделение напишана од Бранко Панов издадена е во 1995 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.21-416/1 од 28.06.1995 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VI одделение од 1995 содржани се 41 содржини на 123 страни или во просек по 3,5 страни по содржина. Од содржините 19 се посветени на светската, 6 на југословенската и 16 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со македонската историја. Во учебникот опфатена е историјата од V до XVII век. Во учебникот минимално е намален бројот на содржини посветени за Македонија. Содржини за најважните настани од македонската средновековна историја се дел од овој учебник. За прв пат се појавуваат одделени содржини од балканската историја и повеќе содржини посветени на Албанците. Сепак има содржини кои не се неопходни за ученици од оваа возраст. Содржините се прилагодени за возраста - не обемни, има многу податоци и датуми, учебникот изобилува со илустрации, а на крајот од учебникот има хронолошка таблица.

| | Југословенска историја | Македонска историја | Светска историја |
|---|---|---|---|
| 1962 | 27,3 | 15,9 | 56,8 |
| 1976 | 31,6 | 31,6 | 36,8 |
| 1982 | 35,7 | 23,8 | 40,5 |
| 1988 | 45,3 | 20,7 | 34 |
| 1992 | 13 | 43,5 | 43,5 |
| 1995 | 14,7 | 39 | 46,3 |

Табела 12. Приказ на застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VI одделение




Графички приказ за застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VI-то одделение

Со поставувањето на содржините за VI одделение се оправдувало југословенството, а во учебниците требало да се прикаже дека јужните словени преку овој период ја гледаат својата историска оправданост и историските корени на заедничката држава. Имајќи ја на ум идејата за пансловенизмот, како и за неопансловенизмот било логично да се прикаже дека никој немал право да се повика на антиката, која што е наследство на сите, но право да се повикаат на доаѓањето на јужните словени на Балканот имале создавачите на Јужно словенската држава, која била неопанславистичка држава што требало да ја објасни својата историја и своето постоење. Притоа не се споменувало дека доаѓањето на Словените можело да се поврзе со мешањето на народите кои живееле на одредена територија со оние кои што дошле. Едноставно историјата започнува со доаѓањето на Словените, јужните Словени добиле историски корени и историски континуитет и ја оправдувале новата држава која на овој начин имала заедничка и единствена историја.

Понатаму во деловите на историјата кои можат да се поврзат со Македонија не биле потенцирани, што негативно влијаело на градењето на македонскиот идентитет. Не се споменуваат македонските просветители, како Македонци, не се

потенцира дека Богомилството настанало во Македонија, не се даваат прецизни податоци за цар Самоил итн.

Но, со развитокот на слободната мисла и истражувањата во историјата, со ископувањата на локалитетите од средниот век, се создавале непобитни докази за важноста на средниот век за историјата на Македонија и неговата улога во етногенезата на Македонскиот народ и во изградбата на македонскиот национален идентитет.

За појасна претстава за содржините во учебниците и нивното дообјаснување со илустративен материјал, како и за илустрациите кои се однесуваат на македонската историја дадени се показатели во табелата која што следи и графиконот кој е под неа. Збогатените учебници со илустративен материјал ја покажуваат сериозноста на авторите од овој период и нивниот однос кон учебниците, но и кон учениците на кои илустративниот метеријал им е повеќе од потребен. Сепак во учебниците бројот на илустрации посветени на македонската историја можел да биде поголем од скромните 19%.

| | Вкупен број на илустрации | Број на илустрации кои се однесуваат на македонската историја | % |
|---|---|---|---|
| 1962 | 84 | 14 | 16,7 |
| 1976 | 79 | 12 | 15,2 |
| 1982 | 67 | 8 | 11,9 |
| 1988 | 56 | 7 | 12,5 |
| 1992 | 105 | 29 | 27,6 |
| 1995 | 99 | 23 | 23,2 |

Табела 13. Приказ на бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VI-то одделение




Графички приказ за бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VI одделение

Помеѓу бројот на илустрациите доминираат цртежите и фотографиите, додека картите се во голем број и не се соодветни на развојот на учениците од споменатиот период.

Во однос на бројот на страници и големината на содржините може да се види дека во учебниците од VI одделение учебниците се помеѓу 123 и 200 страни во кои содржините се движат од 3,5 до 4,5 страни. Ваквата големината на содржините и бројот на страните сметам дека се преобемни за ученици од оваа возраст. Идеологизацијата во учебниците не е застапена и ако воопшто може да се препознае таа е сведена на минимум, на сметка на словенството кое е предимензионирано.

2.6.1.3. Содржините во VII одделение

Учебниците од VII одделение се богати со содржини кои припаѓаат на различни временски периоди, во зависност од годината на започнувањето на изучувањето на предметот историја во наставата. Наставните содржини се надоврзуваат на содржините од претходното одделение и во зависнот од тоа дали изучувањето на историјата во основните училилшта започнало во V-то одделение. Како и во предходното VI-то одделение, наставниот предмет се

изучува со 2 часа неделно и ја следи наставната програма по историја. Обработени се содржини од 1963, 1969, 1976, 1989, 1992, 1996 година и сите ги поврзува застапеноста на македонската историја и преку неа изградбата на националниот идентитет преку наставата. Покрај показателите за застапоноста на содржините кои го граделе македонскиот национален идентитет во текстот кои следи дадени се и показатели за големината на учебниците и за илустрациите во нив.

а) Историјата за VII одделение е напишана од Р. Динев, Ѓ. Димовски, Ј. Кочанковски и Ѓ. Танковски, а издадена е во 1963 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Советот за просвета на НР Македонија бр.2379 од 31.07.1962 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VII одделение од 1963 содржани се 37 содржини на 158 страни или во просек по 4,2 страни по содржина. Од содржините 9 се посветени на светската, 22 на југословенската и 6 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на Комунистичката партија и социјалистичката револуција и во согласност со југословенската историја и нивната борба за слобода.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на големите географски откритија (XIV век) до почетокот на XX век и Балкаските војни. Во истиот речиси и не се споменуваат Македонци и Македонски народ, туку секаде се споменуваат „нашите народи“ што е во согласност со тогашните југословенски гледишта за историјата. Податоци за Негуското востание немаме, додека за Разловечкото и Кресненското востание во една содржина дадени се оскудни податоци за нив. Од востанијата најголемо внимание му е посветено на Илинденското востание, на периодот пред и по востанието, како и на формирањето на МРО.

Содржините се обемни, со многу податоци и датуми и не се прилагодени за возраста на учениците. Во учебникот има вкупно 49 илустрации, од кои: 34 се цртежи, 8 се фотографии и дадени се 7 карти.

б) Историјата за VII од 1969 година одделение е напишана од Р. Динев, Ѓ. Д. Цолев, Ј. Кочанковски и Ѓ. Танковски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Тој е одобрен за употреба како учебник во основните училишта.

Во Историјата за VII одделение од 1969 содржани се 50 содржини на 230 страни или во просек по 4,6 страни по содржина. Од содржините 12 се посветени на светската, 20 на југословенската и 18 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на големите географски откритија (XIV век) до почетокот на XX век и Балкаските војни. Во учебникот се споменуваат Македонци и Македонски народ, но се споменуваат и „нашите народи" што е во согласност со југословенските гледишта за историјата. За разлика од претходниот учебник каде што не беше третитрано Његушкото востание во овој учебник имаме содржина за ова востание, додека за Разловечкото и Кресненското востание дадени се две содржини, од кои во едната се зборува за почетокот на Разловечкото востание, а во другата за двете востанија. Од востанијата најголемо внимание му е посветено на Илинденското востание, Крушевската република, на периодот пред и по востанието, Младотурската револуција и учеството на македонците во неа. Создавањето на МРО е опфатено во посебна содржина.

Содржините се обемни, со многу податоци и датуми и не се прилагодени за возраста на учениците. Од илустративниот материјал дедн во овој учебник дадени се вкупно 85 илустрации, од кои: 37 цртежи, 31 фотографии, документи 1, графика 1 и 15 карти.

в) Историјата за VII одделение е напишана од Р. Динев, Ѓ. Д. Цолев, Ј. Кочанковски и Ѓ. Танковски, а издадена е во 1976 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Тој е одобрен за употреба како учебник во основните училишта со решение на Републичкиот педагошки совет бр. 03-43/1 од 31.03.1976.

Во Историјата за VII одделение од 1976 содржани се 40 содржини на 196 страни или во просек по 4,9 страни по содржина. Од содржините 13 се посветени на светската, 10 на југословенската и 17 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со југословенската историја, но забележителен е поголемиот број на содржини посветени на Македонија.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на Француската буржоаска револуција до Првата светска војна и Октомвриската револуција во Русија. Во учебникот Македонија и Македонски народ за првпат се повеќе застапени од другите народи во Југословенската федерација. Повеќе не се споменуваат

„нашите народи“ иако се застапени во посебни лекции сите југословенски народи, вклучувајќи го и Албанскиот за кој имаме посебна тема со една содржина - во согласност со југословенските гледишта за историјата. Содржините за македонската историја распоредени се во посебни теми. Во овој учебник во посебни содржини застапени се Његушкото, Разловечкото и Кресненското востание. Од востанијата најголемо внимание му е посветено на Илинденското востание, Крушевската република, на периодот пред и по востанието, Младотурската револуција и учеството на македонците во неа. Создавањето на МРО е опфатено во посебна содржина.

Содржините се обемни, со многу податоци и датуми, но и со многу илустративен материјал. Иако поради големиот број податоци содржините во учебниците не се прилагодени за возраста на учениците, се забележува напредок во однос на предходните учебници. Низ содржините на учебникот распоредени се вкупно 94 илустрации, од кои: 21 цртежи, 48 фотографии, графички претстави 6, плакати (постери) 2 и 17 карти.

г) Историјата за VII одделение од 1989 година е напишана од Р. Динев, Ѓ. Д. Цолев, Ј. Кочанковски и Ѓ. Танковски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Тој е одобрен за употреба како учебник во основните училишта.

Во Историјата за VII одделение од 1989 содржани се 48 содржини на 214 страни или во просек по 4,5 страни по содржина. Од содржините 11 се посветени на светската, 19 на југословенската, 4 на балканската и 14 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на Француската буржоаска револуција до почетокот на XX век и Балкаските војни. Во учебникот се споменуваат Македонци и Македонски народ и другите југословенски народи што е во согласност со југословенските гледишта за историјата. за прв пат во овој учебник опфатени се содржини од историјата на Бугарија и Грција(2), кои заедно со содржините од историјата Албанија (2) кои претходно се имаат појавено како содржини се дел од т.н. Балканска историја. Во овој учебник во посебни содржини застапени се Његушкото, Разловечкото и Кресненското востание, но повторно за нив податоците се дадени оскудно како во учебникот од 1969 година. Содржините за Македонија се намалени во однос на учебникот од 1976 година, а поголемо внимани повторно и се посветува на југословенската историја. Од востанијата

најголемо внимание му е посветено на Илинденското востание, Крушевската република, на периодот пред и по востанието, Младотурската револуција и учеството на македонците во неа. Создавањето на МРО е опфатено во посебна содржина.

Содржините се обемни, со многу податоци и датуми, со доста илустративен материјал. Учебникот е збогатен со вкупно 119 илустрации од кои: 43 цртежи, 51 фотографии, документи 3, постер (плакат) 1, графика 1 и 20 карти.

д) Историјата за VII одделение од 1992 година е напишана од Александар Трајановски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Тој е одобрен за употреба како учебник во основните училишта со решение на Републичкиот педагошки совет бр. 13-359/1 од 5.06.1992.

Во Историјата за VII одделение од 1992 содржани се 41 содржини на 133 страни или во просек по 3,2 страни по содржина. Од содржините 14 се посветени на светската, 8 на балканската и 19 на македонската историја. Како што се забележува ја нема обемната југословенската историја, а се појавува т.н. балканска историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на Француската буржоаска револуција до почетокот на Првата светска војна. Во учебникот Македонија и Македонскиот народ го заземаат централното место и нив им се посветени значителен број на содржини.

Содржините се обемни, со многу податоци и датуми кои можат да се запомнат, но и да претставуваат потешкотија за одредени ученици, со доста илустративен материјал, и не се прилагодени за возраста на учениците. Од илустрациите има вкупно 54, од кои: 5 се цртежи, 37 се фотографии и има 12 карти.

ѓ) Историјата за VII одделение од 1996 година е напишана од Александар Трајановски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Тој е одобрен за употреба како учебник во основните училишта со решение на Републичкиот педагошки совет бр. 21-31/1 од 30.05.1996.

Во Историјата за VII-мо одделение од 1996 содржани се 40 содржини на 133 страни или во просек по 3,4 страни по содржина. Од содржините 11 се посветени на светската, 10 на балканската и 19 на македонската историја. Во учебникот опфатена е историјата од времето на Француската буржоаска револуција до почетокот на Првата светска војна. Во учебникот Македонија и

Македонскиот народ го заземаат централното место и нив им се посветени значителен број на содржини.

Содржините се прилагодени на возраста на учениците, не се обемни, имаат многу илустративен материјал, и како ниеден учебник претходно се прифатливи за учениците. Има вкупно 152 илустрации, или: 29 цртежи, 95 фотографии, 5 документи и 24 карти.

Односот на содржините посветени на југословенската, националната и светската истортија можат да се видат и од следните прегледи, кои ги отсликуваат осцилациите на содржините посветени на македонската историја.

| | Југословенска историја | Македонска историја | Светска историја |
|---|---|---|---|
| 1963 | 59,5 | 16,2 | 24,3 |
| 1969 | 40 | 36 | 24 |
| 1976 | 25 | 42,5 | 32,5 |
| 1989 | 40 | 31 | 29 |
| 1992 | 19,5 | 46,3 | 34,2 |
| 1996 | 25 | 47,5 | 27,5 |

Табела 14. Приказ на застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VII одделение




Графички приказ за застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VII одделение

Односот на содржините по историја и развитокот на нацоналниот идентитет во учебниците по историја можеби се највидливи во учебниците за VII одделение, каде што во првите години нема одредни македонски востанија, односно некои од македонските востанија воопшто не се обработени, за подоцна да се обработат делумно, а по 1976 година и во целост. Вистинската вреност во изградбата на македонскиот идентитет учебниците по историја за VII одделение ќе ја добијат по создавањето на самостојна и независна македонска држава, кога историјата е напишана слободно и го развива македонскиот национален идентитиет.

Илустративниот материјал во учебниците по историја за VII одделение се движи од 49 илустрации во учебникот од 1963 година до 152 илустрации во учебникот од 1996 година. Во поглед на илустрациите оние кои се однесуваат на историјата на македонскиот народ, тие се минимално опфатени во однос на тоа колку илустрациите можат да бидат дел од учебниците од овој период кој е пребогат со настани од македонската историја. Од вкупниот број на илустративен материјал најмногу се застапени фотографиите и цртежите, при што во учебникот од 1963 година доминантни се цртежите, кои заедно со фотографиите речиси еднакво се застапени до учебникот од 1992 година, од кога доминираат фотографиите, а цртежите ги има во помал број.

| | Вкупен број на илустрации | Број на илустрации кои се однесуваат на македонската историја | % |
|---|---|---|---|
| 1963 | 49 | 8 | 16,3 |
| 1969 | 85 | 21 | 24,7 |
| 1976 | 94 | 28 | 29,7 |
| 1989 | 119 | 33 | 27,7 |
| 1992 | 54 | 19 | 35,2 |
| 1996 | 152 | 50 | 33 |

Табела 15. Приказ на бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VII-то одделение




Графички приказ за бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VII одделение

Содржините по историја се со различна големина, и тоа од 1962 до 1992 година нивната големина се движи од 4,2 до 4,9 страни по содржина, додека содржините во 1992 година се 3,2 страни и 3,4 страни од 1996 година. Во учебниците од 1962 до 1992 година започнува појавата на идеологизација, со објаснувањето на сите процеси низ призмата на социјализмот и работничкото движење. Учебниците кои се пишувани по 1992 година се растеретени од ваквата појава. Во однос на вкупниот број на страни учебниците по големина се движат од 133 во 1992 и 1996 година до 230 страни во 1969 година.

2.6.1.4. Содржините во VIII одделение

Учебниците по историја за VIII-мо одделение ги следат наставните планови и наставните програми по историја и се надоврзуваат на содржините на учебниците од VII-мо одделение. Тие не секогаш почнуваат со иста содржина, а завршуваат со содржини што се дел од современието и овозможуваат поглед на историските случувања од одредена временска дистанца. Во понатамошниот материјал дадени обработени се содржините од учебниците од: 1962, 1982, 1990, 1992 и 1998.

а) Историјата за VIII одделение од 1963 година напишана е од Јордан Димески и Војо Кушевски, а издадена е од Издавачкото претпријатие Просветно

дело од Скопје. Со решение на Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта. Треба да се напомене дека овој учебник е реиздаден повеќе пати (последно се сретнува неговото петто издание) со мала разлика само во бројот на страните, но не и со промени на содржините.

Во Историјата за VIII одделение од 1963 година, содржани се 46 содржини на 252 страни или во просек по 5,5 страни по содржина. Од содржините 17 се посветени на светската, 25 на југословенската и само 4 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на Комунистичката партија и социјалистичката револуција и во согласност со југословенската историја и нивната борба за слобода.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на големите светски научни и технички откритија (крајот на XIX век) па до 1963 година. Во учебникот скоро и да не се споменуваат Македонци и Македонски народ, туку секаде се споменуваат Југословени што е во согласност со југословенските гледишта за историјата. Но и да се изнесуваат пројугословенски гледишта фактите се толку искривени, што и некој отстрана да сакал така да ги направи немало тоа да го стори како авторите на овој учебник. Како поткрепа на ваквите наводи наведувам само неколки највоочливи примери. Во Првата светска војна Македонија се споменува со еден поднаслов: „Акциите на Македонскиот народ за решавање на Македонското прашање". Во периодот помеѓу двете светски војни не се споменува Македонија. Слични се содржините и за Втората светска војна, каде што има поднеслов:„Востанието во Македонија" по кое следува лекција „Западна Србија - прво жариште на народноослободителната војна во 1941 година" на 7 страници. Од Македонската историја се забележуваат уште лекциите „Борбата на НО бригади во Македонија и I-то заседание на АСНОМ" и „Завршните борби за ослободување на Србија и Македонија". Покрај овие лекции има и две лекции кои се посветени на македонскиот народ во Пиринска и Егејска Македонија, и тоа: „Македонците во Пиринска и Егејска Македонија од 1918 до 1941 година" и „Народноослободителното движење во Пиринска и Егејска Македонија".

Лекциите се многу обемни и не се прилагодени за возраста, тие се со многу податоци и датуми, кои го заморуваат читателот и не будат интерес. Поткрепа кон овој податок се лекциите: „Октомвриска социјалистичка револуција во Русија" на

14 страни и „Создавање на Народноослободителната војска во огнот на борбите со окупаторот“ на 10 страни.

Постојат и искривени и прилагодени факти, историски неправилности и невистини, како на пример: Јужниот фронт е Солунски - а не Македонски, Македонците во Првата светска војна не биле насилно регрутирани од Српската, Бугарската и Грчката војска - туку во Србија тие биле „доброволечки единици составени од работници-печалбари од сите југословенски краишта. Нема податоци за теророт на Србите, Грците и Бугарите, за разрушените Битола, Сер, Дојран и други градови. Наспроти тоа со восхит се пишува за „херојските битки“ на српската војска, се споменува „нашето јадранско крајбрежје“, а Црна Гора прво се споменува како држава која не сакала да и помогне на Србија, а потоа како спасител на Србија, што е доста контраверзно бидејќи податоците се дел од иста содржина.

б) Историјата за VIII одделение е напишана од Јордан Димески и Војо Кушевски, а издадена е во 1982 година од Издавачкото претпријатие Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура бр.65 од 5.06.1979 година се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VIII одделение од 1982 година содржани се 43 содржини на 182 страни или во просек по 4,2 страни по содржина. Од содржините 8 се посветени на светската, 24 на југословенската и 11 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на Комунистичката партија и социјалистичката револуција и во согласност со југословенската историја.

Во учебникот е опфатена историјата од периодот по Првата светска војна до седумдесетите години на XX век. Во учебникот забележително е постоењето на поголем број на содржини за Македонците и Македонскиот народ, кои иако се споменуваат во согласност со југословенските гледишта за историјата, ги има во поголем број во однос на претходниот учебник. Во периодот помеѓу двете светски војни има содржини за Македонија. Слично е и со содржините за Втората светска војна, каде што има 6 содржини за Македонија, но забележително е присуството на сите непријателски офанзиви водени во Југославија. Меѓу содржините има и содржини кои се посветени на македонскиот народ во Пиринска и Егејска Македонија. Содржините се обемни, но за разлика од предходниот учебник од 1963 година, тие се помали и поприлагодени за возраста на ученици од VIII

одделение. Бројот на податоци и датумите е на задололително ниво, односно во еден пасос од содржината има по околу еден датум. Со други зборови се воочува дека веројатно авторите увиделе дека претходниот учебник е преобемен, па се внимавало учебникот да биде прилагоден на возраста на учениците. Постојат и искривени и прилагодени факти, како и историски неправилности но тоа е направено во интерес и согласност со политиката на Комунистичката партија и со политиката и идеологијата на тогашната држава.

в) Историјата за VIII одделение е напишана од Иван Маневски, а издадена е во 1990 година од РО за издавање на учебници и наставни средства Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.03-24/1 од 29.02.1989 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VIII одделение од 1990 година содржани се 45 содржини на 150 страни или во просек по 3,3 страни по содржина. Од содржините 13 се посветени на светската, 25 на југословенската и 7 на македонската историја. Историјата е пишувана во согласност со политиката на Комунистичката партија и социјалистичката револуција и во согласност со југословенската историја.

Во учебникот опфатена е историјата од времето на Првата светска војна до 80-тите години на XX век. Во учебникот во 7 содржини опфатена е историјата на Македонскиот народ согласност со југословенските гледишта за историјата. Содржините кои се понудени се обемни но се поприлагодени за возраста во однос на претходните учебници. Исто како и во претходните учебници постојат и искривени и прилагодени факти и историски неправилности направени во интерес и согласност со политиката на Комунистичката партија и со идеологијата на тогашната држава.

г) Историјата за VIII одделение е напишана од Стојан Киселиновски, Симо Младеновски, Новица Вељановски, Светозар Наумовски, а издадена е во 1992 година од општественото претпријатие за издавање на учебници и наставни средства Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.13-345/1 од 31.03.1992 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта.

Во Историјата за VIII одделение од 1992 има 49 содржини на 160 страни или во просек по 3,3 страни по содржина. Од содржините 9 се посветени на светската, 9 на југословенската, 5 на балканската и 26 на македонската историја.

Наставниот материјал кои што е претставен преку содржините опфаќа теми од општата, југословенската, балканската и националната историја на македонскиот народ кои се однесуваат на периодот од 1914 до 1990 година. За првпат се појавуваат содржини од македонската историја во поголем број од содржините од југословенската и општата историја. Помеѓу содржините истотака за прв пат се појавува и регионалната или балканска историја. Основна карактеристика на овие содржини е нивната деидеологизацијата.

Содржините кои се понудени се обемни но се поприлагодени за возраста во однос на претходните учебници. Во содржините од учебникот има многу податоци за историските настани, кои не се неопходни за совладување на материјалот.

д) Историјата за VIII одделение од 1998 година е напишана од Стојан Киселиновски, Симо Младеновски, Новица Вељановски, Светозар Наумовски, а издадена е од општественото претпријатие за издавање на учебници и наставни средства Просветно дело од Скопје. Со решение на Републичкиот педагошки совет бр.21-37/1 од 5.06.1998 год. се одобрува употреба на овој учебник во основните училишта. Учебникот е напишан според барањата на новата наставна програма, прифатена од Педагошкиот совет на Република Македонија во септември 1991 година, и според изготвената концепцијата за изготвување на учебници.

Во Историјата за VIII одделение од 1998 има 42 содржина на 109 страни или во просек по 2,6 страни по содржина. Од содржините 7 се посветени на светската, 5 на југословенската, 7 на балканската и 23 на македонската историја. Наставниот материјал кои што е претставен преку содржините опфаќа теми од општата, југословенската, балканската и националната историја на македонскиот народ и се однесува на периодот од 1914 до 1990 година. Во овој учебник за првпат односот на содржини од македонската историја и содржини од југословенската и општата историја е различен во однос на претходните учебници за VIII одделение. Имено, бројот на содржини посветени на македонската историја е соодветен на интересите и барањата на македонскиот народ. Содржините во овој учебник во потполност се деидеологизирани. Исто така за прв пат се појавува името и сликата на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов Ченто, како и слики и имиња на други личности од историјата на

Македонија кои дотогаш биле забранувани, како на пример името и сликата Методија Шаторов Шарло.

Содржините кои се понудени во учебникот не се обемни и се поприлагодени за возраста на учениците во однос на сите претходни учебници. Во содржините од учебникот има податоци за историските настани, кои се неопходни за совладување на материјалот.

Учебниците по историја за VIII одделение на најсликовит начин ни го отсликуваат развојот на македонскиот национален идентитет низ содржините на учебниците по историја и ни прикажуваат како содржините во учебниците можат да бидат различни по повеќе параметри, па дури и кога тие се пишувани од истите автори. Содржините од 1963 до 1991 година се идеологизирани, и тоа највеќе идологијата е присутна во првиот учебник, кој има и најмногу реизданија, додека кај другите два учебника идеологизацијата е помала, но сепак не и занемарлива. Учебниците од VIII одделение се разликуваат по бројот на страните како во ниедено друго одделение. Во учебникот од 1963 година се забележуваат содржини се толку обемни што се губи нивната смисла. Најстрашен пример се содржините „Октомвриска социјалистичка револуција во Русија“ на 14 страни и „Создавање на Народноослободителната војска во огнот на борбите со окупаторот“ на 10 страни. Овие содржини ни покажуваат каква идеологизација се спроведувала преку содржините по историја. Во подоцнежниот период содржините постепено ќе станат поприменливи и поприфатливи за учениците, посебно во учебникот од 1998 година, кога тие ќе бидат во просек 2,6 страни по содржина.

При споредувањето на учебниците неможе а да не се забележи податокот за содржините по историја и развитокот на македонскиот идентитет во учебниците од 1990 и 1992 година. Овие учебници се напишани од исти автори, кои во учебникот од 1990 година посветуваат 55,5% на југословенската историја која константно се провлекува од времето на ослободувањето, ја воздигнува народноослободителната борба, социјалистичката револуција, работниот народ и Комунистичката партија, а македонскиот народ или не е споменат или е во сенка на споменатите содржини. За само две години во 1992 година истите автори напишале учебник, во кој содржините од југословенската историја се преполовени, а македонскиот идентитет конечно го добива своето место и во содржините е застапен со 53% од вкупниот број на содржини.

Учебникот по историја за VIII-мо одделение се разликува од сите претходни и неговите содржини се потполно деидеологизирани. Во однос на македонскиот национален идентитет за поздравување е податокот што за прв пат во учебниците по историја како дел од содржините и илустративниот материјал се појавуваат името и сликата на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов Ченто, како и сликата имиња на други личности од историјата на Македонија кои дотогаш биле избегнувани, како на пример името и сликата Методија Шаторов Шарло.

| | Југословенска историја | Македонска историја | Светска историја |
|---|---|---|---|
| 1963 | 54,3 | 8,7 | 37 |
| 1982 | 55,8 | 25,6 | 18,6 |
| 1990 | 55,5 | 15,5 | 29 |
| 1992 | 28,6 | 53 | 18,4 |
| 1998 | 28,6 | 54,8 | 16,6 |

Табела 16. Приказ на застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VIII одделение




Графички приказ за застапеноста на македонската историја во содржините на учебниците по историја за VIII одделение

Во поглед на илустративниот материјал може да се каже дека тој ги следи содржините на учебниците и го потврдува горе споменатиот однос на илустрациите кои се однесуваат на македонската историја.

| | Вкупен број на илустрации | Број на илустрации кои се однесуваат на македонската историја | % |
|---|---|---|---|
| 1963 | 129 | 11 | 8,5 |
| 1982 | 97 | 23 | 23,7 |
| 1990 | 68 | 16 | 23,5 |
| 1992 | 65 | 30 | 46,2 |
| 1998 | 62 | 48 | 77,4 |

Табела 17. Приказ на бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VIII-то одделение




Графички приказ за бројот на страници и илустрации во учебниците по историја за VIII одделение

Во однос на илустративниот материјал може да се каже дека доминираат фотографиите, додека картите кои истотака ги има во голем број се соодветни за учениците од оваа возраст кај кои се смета дека во осмо одделение веќе е развиен центарот за просторна и временска ориентација.

### 2.6.3. Учебниците во средното образование во Република Македонија (1944 – 1991)

Во средното образование состојбата била слична како и во основното образование, посебно во периодот по војната и во пеесетите години. Поточно карактеристика на непосредно повоениот период била недостатокот на учебници, а наставниците биле упатувани на одредени текстови од весникот Нова Македонија, како и на одредени дела од претходните режими, или пак од српски, храватски, а неретко и од советски автори.

Едно од првите дела кое се забележува во наставта, односно литература користена во образованието во Македонија по втората светска војна била Историјата на СССР - краток курс, напишана и во СССР издадена во 1947 година од проф. А. В. Шестакова за учениците од 4-клас во СССР. Во 1948 година, оваа книга била преведена на српски јазик од страна на Претпријатието за учебници и учила на Н.Р: Србија[130], по што почнала да се користи во образованието во југословенските републики, вклучително и во Македонија. Оваа историја имала 200 страници, на кои имало 116 илустрации, од кои 112 биле цртежи и слики, а 4 биле карти. Историјата на СССР - краток курс се едно од првите историски дела наменето за учениците од СССР, но преведено за потребите на образованието на учениците во Југословенската федерација. Делото е во согласноснт со настојувањата на тогашната политика да се изучува историјата на СССР. Во недостаток на учебници тоа се правело преку текстови од весникот Нова Македонија, како и преку дела како ова, кое било добредојдено за влатите од овој историски период. Поголемиот дел, односно повеќе од половина од делото е посветено на социјалистичката револуција и Втората светска војна, каде што посебно место има идеологизацијата. Забележливо е дека во материјалот најголемо внимание е посветено на историјата на Русија, иако провејуваат и историски податоци за другите народи кои живееле во СССР. За историјата на малите народи кои живееле во СССР, речиси и нема податоци. Секако Историјата на СССР е пишувана во согласност со политиката на Комунистичката партија и социјалистичката револуција и терминологија, споменувајќи постојано поими како

[130] Историја СССР, кратки курс (превод), Предузече за уџбенике и учила Народне Републике Србије, 1948.

„работниот народ", на пример во XVI и XVII век, што е многу интересно. Исто така постојано се споменуваат борби помеѓу селаните, занаетчиите и работниот народ со бољарите, спахиите и царот. Во поглед на описот на одредени личности: цареви, писатели и слично, но и на настани од културната историја описот е направен на мајсторски начин специфичен за руските интелектуалци. Во делото изобилува историја на народите на Советскиот сојуз, но пред се на Русија. Со овој материјал јасно се става на знаење за блискоста на Југославија и СССР непосредно по Втората светска војна. Со истото се потенцира и оправдува социјалистичката револуција во Југославија, федеративното уредување на рамноправни народи по примерот на СССР, со што се дава оправдување за нејзиното постоење и за постоењето на актуелниот општествен систем во државата.

Следното дело кое се сретнува е Нова историја (1870 – 1918) од авторите: Талкин, Зубок, Хотович, Хвостов, и е едно од првите литератури користени во образованието во Македонија. Карактеристично за ова дело и тоа што е издадено од државното книгоиздателство на Македонија и е преведено на некофициран македонски јазик во 1947 год. Ова дело имало 178 страници распоредени во 25 глави и хронолошка таблица и истото немало илустрации и карти. Во посоченото време во неможност да се користи друга литература, иако немало содржини за историјата на македонскиот народ, а преводот е направен на некодифициран македонски јазик, сепак тоа било драгоцено во образованието во Македонија. Делото е во согласноснт со настојувањата на тогашната политика да се изучува историјата гледана низ призмата на социјалистичката револуција. Во недостаток на учебници образованието настојувало да се надополни преку текстови од весникот Нова Македонија, како и преку дела како ова, кое било добредојдено за властите од овој историски период. Делото изобилува со поими како: работнички права, работничко движење, социјалистичко движење, „вооружените работници спроти буржоазијата", „борбата на масите против владата", „работниците, занаетчиите и дребните службеници", комунисти, држава на пролетеријатот, диктатура на пролетеријатот, буржоаски џелати, злото на капитализмот, „диктаторската држава на Бизмарк" ( м.з. се мисли на Германија), германски, англиски империјализам, а има и конструкции на цели реченици од кои како поинтересна се издвојува „работничката аристократија станала агентура на буржоазијата внатре во самата работничка класа". Во однос на Македонија нема

речиси ништо, но забележливо е пишувањето за балканските војни: „Балканските држави – Бугарија, Србија и Грција се готвеле да ги присоединат турските територии населени со нивни едноплеменици". Овде напоменуваме дека се работи за поделбата на Македонија и за Македонците, кој се споменуваат по еднаш, односно Ленин ги споменува „македонските селани – Славјани" и Македонија еднаш се споменува како територија, но не при поделбата туку во дел кој нема никаква важност. Секако се е во согласност со Југословенската политика.

По споменатите дела од советските автори, следуваат дела од српски автори кои се користеле во образованието во Македонија.

Во 1952 година од Државото книгоиздателството на НР Македонија во била издадена Историја за II клас гимназија и VI одделение на осмолетките од авторите Момчило Поповиќ, Смиља Живковиќ и Љубица Чубриловиќ. Овој учебник напишан на 105 страници бил употребуван во македонското образование во учебната 1953/54 година и бил на македонски јазик. Учебникот започнувал со предметот и задачата на историјата, со историските извори по што започнува изучувањето на минатото. Тој го опфаќал периодот од праисторијата до XII век, а негови поглавја биле: 1. Вовед, 2. Праисторија, 3. Антички робовладетелски држави, 4. Рим, 5. Старите Словени и нивните преселби со акцент на јужните словени и 6. Источните и западните словени од IX до XII век. Учебникот избилува со текст и нема ниедна илустрација. Во однос на Македонија и Македонците има многу интересно објаснување кое вели: „Најстарите познати жители на нашите краишта биле Траките, Илирите, Келтите и Македонците"[131], па продолжува „Илирските племиња кои живееле на југоисточниот дел на Балканскиот Полуостров, околу долниот тек на реката Вардар, се викале Македонци. Тие се измешале на исток со Траките, а на југ со Грците.... Тргувајќи со Грците тие ги прифатиле нивниот јазик и обичаи."[132] Овде за поздравување е спомнувањето на Македонците во античкиот период, но збунува објаснувањето за нив. Во овој учебник постои посебна наставна содржина со наслов „Грција под власта на Македонија"[133] каде е дадено повторно објаснување за Македонците, односно се

[131] Момчило Поповиќ, Смиља Живковиќ и Љубица Чубриловиќ, Историја за II клас гимназија и VI одделение на осмолетките, Државото книгоиздателството на НР Македонија, Скопје, 1952. Стр. 15.
[132] Исто, стр. 16
[133] Исто, стр. 31

вели: „Жителите[134] биле сродни со грчките племиња“[135] Овде се споменуваат накратко и државите на Филип II и Александар Македонски. Македонци се споменуваат и во наставната содржина Државата на македонските Словени[136] која е дадена на 4 страни од учебникот. Во овој учебник доминираат термини несоодветни за истиорискиот период, илустрации нема.

Следува Историја на новиот век (1919 – 1946) составена од Јулија Врчанац издадена е од издавачкото претпријатие „Просветно дело“ од Скопје, преведена на македонски јазик во 1954 год од Васил Куновски. Историја на новиот век (1919 – 1946) е една од литературите користени во образованието во Македонија наменета за учениците од Југословенската федерација, и е преведена за потребите на образованието на учениците во Македонија. Од самата поставеност на темите ова дело изгледа сосема необременето со идеологија, но во текстовите се следи терминологијата и интерпретацијата на настаните во согласност со тогаш актуелната мисла на социјалистичката револуција. Сепак настаните се коректно и професионално прикажани со одлично објаснување на дипломатијата и меѓународините односи. Текстовите се долги и за ученици од средно образование сложени, при што се цитираат Маркс, Енгелс, Ленин и други. Во однос на македонското прашање сметам дека тоа е коректно објаснето имајќи го предвид тогашното време. Секако и ова дело се вбројува во оние кои се во согласност со Југословенската политика, но материјалот се издвојува од другите во однос на коректното објаснување на македонското прашање. Делото имало 145 страници распоредени во 10 глави и хронолошка таблица.

Како и претходно обработеното и ова дело, Историјата за II година гимназија[137], е една од првите литератури од југословенски автори користени во образованието во Македонија по втората светска војна. Истото е напишано од Мирко Жежељ во 1961 год за учениците од II-ра година на гимназиското образование. Се сретнува и на хрватски јазик и издадена е од страна на Школска книга, Загреб во 1961 година. Овој учебник имал 344 страници на кои имало 219 илустрации, од кои: 172 се цртежи и слики и 47 се карти. Иако ова е една од првите литератури од југословенски автори наменето за учениците од Хрватска, евидентно е неговото користење и во образованието во Македонија во актуелниот

[134] Се мисли на Македонија
[135] Исто.
[136] Исто, стр. 88
[137] Mirko Zezelj, Historija, 2 razred gimnazije, Skolska knjiga, Zagreb, 1961

период. Делото опфаќа период од втората половина на XI век до XVIII век, при што застапени се светската историја и историјата на југословенските народи. Сепак најголем дел од учебникот е посветен на историјата на хрватскиот народ, додека во однос на македонскиот народ  во духот на српската историографија и веројатно под српско влијание Македонците не се препознаваат во средниот век во Македонија, и секаде во учебникот, па дури и во делот за културата тие се поврзани со српската историја. Учебникот не е обременет идеолошки, иако тој е во согласност со тогашната политика и социјалистичкиот дух. Поголемиот дел, односно повеќе од половина од учебникот или 175 страни биле посветени на историјата на југословенските народи, додека 169 страни имало за светската историја. За историјата на Македонија, ако така може да се нарече има посветено 2 нецели страни, каде освен имео на територијата на Македонија нема речиси ништо друго. Со овој материјал јасно се става на знаење за односот на старите хегемони во Југославија од периодот пред Втората светска војна и нивниот однос кон другите народи. Сепак истиот материјал се сретнува како литература користена во училиштата во Н. Р. Македонија во недостаток од учебници од македонски автори на македонски јазик.

Нов учебник користен во македонското образование во овој период е Историјата на човековото општество и култура (од XII до XVIII век). Споменатиот учебник за II година на гимназиското образование е меѓу првите учебници од југословенски автори користени во образованието во Македонија по втората светска војна. Учебникот е напишан од М. Чирковиќ во 1962 година на српски јазик од Заводот за издавање на учебници на НР Србија, Белград во 1962 година[138]. Всушност овој учебник за II година гимназија е наменет за учениците во Н. Р. Србија. Историјата има 280 страници, на кој се распоредени 112 илустрации, од кој 90 се цртежи и слики и 22 се карти. Делото од своите 280 страници, на 190 страници ја опфаќа светската историја, додека на 90 страници се опишува историјата на Југославија во овој период, при што треба да се напомене дека за македонската историја има 1 страна и 1 пасус. Во учебникот за Македонија се зборува како за територија на Србија, како во делот на политичката историја, така и во делот на уметноста и културата. Најголем дел од учебникот е посветен на историјата на српскиот народ.

---

[138] М. Чирковиќ, Историја људског друштва и културе (од XII до XVIII век), за II разред гимназије, Завод за издавање уџбеника НР Србије, 1962

Историјата за II година гимназија го опфаќа периодот од средината на XI век до втората половина на XVIII век, нема идеолошки објаснувања, веројатно поради карактерот на периодот кои го опфаќа, но ја потенцира заедничката историја на југословенските народи. Во предговорот авторот истакнува дека овој учебник е напишан според наставната програма која ги обединува општата и делови од националната историја, со што се сакало да се покаже „единственоста и законормерноста на историскиот развој“ на народите во историјата. Со овој материјал, како и во претходниот учебник се гледаат остатоците од стариот систем, неприфаќањето на реалноста и јасно се гледа односот на старите историчари кон историјата на македонскиот народ. Сепак, истиот материјал се сретнува како литература користена во училиштата во Н. Р. Македонија во недостаток од учебници од македонски автори на македонски јазик.

Во плеадата српски и хрватски учебници користени во Македонија е и Историјата на најновото време е учебник за IV година на гимназиското образование[139] напишан од Богдан Смиљевиќ и Џорџе Кнежевиќ во 1962 година на српски јазик од Заводот за издавање на учебници на НР Србија, Белград во 1962 година. Овој учебник напишан на 210 страници има 65 илустрации, од кои 53 се цртежи и слики и 12 се карти. На веќе споменатите 210 страни забележливо е дека на 155 од нив зборува за Народноослободителната борба и револуцијата во Југославија, додека останатите 55 страни се посветени на општата историја. Сепак најголем дел од учебникот е посветен на историјата на српскиот народ, додека во однос на македонскиот народ податоците кои се изнесуваат се во духот на српската историографија, истите се непроверени, нереални и недоволно историски потврдени. Затоа пак се пласираат факти кои се во полза на актуелното раководство во НР Македонија, односно се величаат тогашните раководители во НР Македонија. За сметка на нивното величање се омаловажуваат нивните веќе елиминирани „конкуренти“ и за личностите како што е Методија Шаторов Шарло авторите се корситат со погрдни имиња. Но, интересно е и тоа што некои од нив не се ни споменуваат, како Методија Андонов Ченто, Кузман Јосифовски Питу и др. Учебникот е крајно идеологизиран и настаните ги опишува во духот на социјалистичката револуција, во согласност со тогашната политика. Но, како и во претходните случаи и овој учебник се сретнува

[139] Богдан Смиљевиќ, Џорџе Кнежевиќ, Историја најновијег доба, за IV разред гимназије, Завод за издавање уџбеника НР Србије, 1962

како литература користена во училиштата во Н. Р. Македонија во недостаток од учебници од македонски автори на македонски јазик.

Во истиот стил како и претходните во употреба биле и Преглед на историјата од XI до XX век од д-р Иван Божовиќ и истиот учебник од д-р Иван Божовиќ и д-р Рељa Новаковиќ, обете наменети за II година на гимназиите со природно-математичка насока и издадени во 1963 година. За разлика од другите овие учебници имаат илустрации и наликуваат на учебници во вистинска смисла.

Во 1965 година издадена е Историјата за I клас гимназија од Марија Врбетиќ, дело кое е меѓу првите учебници издаден од македонска издавачка куќа, напишан од југословенски автор и користен во образованието во Македонија. Учебникот е издаден е од Издавачкото претпријатие „Просветно дело“ - Скопје на македонски јазик во 1965 година. За разлика од другите претходно споменати учебници Историјата за I клас гимназија од Марија Врбетиќ е наменет за учениците во Н. Р. Македонија. Истата има 366 страници и изобилува со слики, цртежи, графикони, шеми и карти.

За Историјата за I клас гимназија карактеристични се огромните содржини, многуте мали слики и малите и неразбирливи карти. Сепак во учебникот за првпат е дадена македонската историја, која е коректно напишана. Несвојствено за учебниците е терминологијата која се користи, односно за забележува употреба на поими или цели реченици неспецифични за историските настани од периодот кој се обработува. Така како поими се јавуваат „средства за производство, производни сили, стопански развој, општествени односи и сл. кој за периодот на праисторијата се во најмала рака чудни и неприменливи, и со нив текстовите се обременети и идеологизирани. Покрај социјалистичката идеологија се споменуваат и цитираат Маркс, Енгелс, Ленин. Во историјата како поспецифични можат да се издвојат т.н. „насоки“. Ги издвојуваме и следните насоки, како поинтересни: „Прочитајте ги историската читанка одломките од Ленинградските папируси за востанието на работните маси“ или „Размислете дали робовладетелскиот систем го унапредил производството“, кои ја потврдуваат идологизацијата на учебникот. Сепак треба да истакнеме дека ова е еден од првите учебници на македонски јазик, испечатен од македонска издавачка куќа во кои се дава македонската историја. Истиот материјал се користел во училиштата во Н. Р. Македонија во училиштата на македонски јазик.

Првите дела од македонските автори на македонски јазик и во издание на Издавачкото претпријатие „Просветно дело“ од Скопје се појавуваат кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години. Такви се Историјата за I, II и III клас гимназија на општествено-јазичната насока[140]. Последната го опфаќа период од XVIII век до Првата светска војна, има 315 страници од кои 160 се за светската историја, додека 155 страни се посветени на т.н „југословенска историја“, од кои пак на 91 страна е историјата на македонскиот народ, а на 64 страни е историјата на другите југословенски народи. Термините кои преовладуваат во учебникот се во духот на социјалистичката идеологија и времето во кое е пишуван истиот. Од поимите како поспецифични можат да се издвојат: буржоаски парламентаризам, капиталистичко производство, капиталистички облици на експлоатација, првобитна акумулација на капитал, економски либерализам, меркантилизам, плантажно земјоделство, буржоаски поредок на САД. За овој учебник е воочливо дека содржините се предолги и не се во согласност со возраста на учениците, а меѓу другото содржините се обременети со податоци кои не се историски и се апсолутно неинтересни. Но, треба да се истакне дека учебникот има податоци за секојдневното живеење на луѓето, како и биографии на значајни историски, по што се разликува од сите претходно наведени учебници. При анализата на содржините на учебникот и при неговата споредба со учебниците од другите републики може да се забележи дека во овој учебник им се дава значајно место на историјата на другите југословенски народи, отколку што тоа е направено во другите учебници. Кон ова се надоврзува и податокот кој укажува дека за одредени содржини, како на пример Првото и Второто Српско востание кои се дадени на 9 односно на 5 страници, додека Негушкото востание е дадено на 1 страна. По својата големина се издвојуваат содржините за работничките партии, интернационалите и социјалистичката револуција во Русија кои се од 5 до 6 страници. По својата големина од македонската историја се издвојува содржината „Економско-општествените промени во Македонија по Кримската војна“ дадена на 7 страници. Од илустрациите во учебникот забележани се 77 слики, а дадени се и 13 карти.

[140] Кузмановски И., Мицковски Д., Историја за IIIклас гимназија, општествено-јазична насока, Скопје, 1970.

Во овој период издаден е учебникот Историја за IV клас гимназија, за општествено-јазичната насока од авторите Цветковски, Апостолов и Глигоров.[141] Учебникот го опфаќа периодот од I-та светска војна до седумдесетите години на XX век и има 312 страници. Од нив 128 страници се посветени на светската, 153 страници на југословенската, додека само 31 страница или едвај 10% се посветени на македонската историја. Иако овој учебник е пишуван во духот на социјалистичката револуција, сепак поимите умерени во споредба со другите учебници. Но, за разлика од поимите користени во содржините, специфика на учебникот е бројот на страници на одредени содржини, кои очигледно се одвојуваат од другите. Така на пример Октомвриската револуција е дадена на 8 страници, Советскиот Сојуз до 1939 на 9 страници, Револуционерните движења во Европа на 7 страници, Политичката и економската состојба на Кралството СХС на 10 страници, Две етапи од развојот на КПЈ на 10 страници, Нападот на Југославија и Грција на 12 страници. За разлика од воие содржини, другите се на 3 до 4 страници. Учебникот има и илустрации и тоа: 65 слики и 8 карти од споменатопт период.

Во природно-математичката струка на гимназиите се појавуваат исто така учебници[142], кои имаат големи содржини и се со несуштински податоци. Учебникот за II клас гимназија од Битоски К., Стојаноски А., Тодоровски М. од 1970 година, содржи 254 страници на кои на 102 страници е претствена општата, на 98 страници југословенската и на 54 страници македонската историја. Овој учебник дава несуштински податоци несвојствени за историски учебник, како на пример во содржината Технички прогрес во земјоделството и занаетчиството, каде меѓу другото објаснува за двополов и триполов систем на орање. Овој учебник има тежок и неразбирлив стил, максимално е идеологизиран и има неразбирливи поими. Неможе а да не се спомене дека во него сите македонски средновековни владетели се претставени како Срби или Бугари. Затоа пак на историјата на Македонија во XIX век посветено е значително внимание. Истиот изобилува со илустрации, вкупно 67, од кои 50 се слики и 17 се карти.

---

[141] Цветковски Б., Апостолов А., Глигоров Ѓ., Историја за ИВ клас гимназија, општествено-јазична насока, Издавачко претпријатие Просветно дело, Скопје, 19 72.

[142] Битоски К., Стојаноски А., Тодоровски М., Историја за Иклас гимназија, природно-математичка насока, Издавачко претпријатие Просветно дело, Скопје, 1970 и Цветковски Б., Апостолов А., Глигоров Ѓ., Историја за ИИИлас гимназија, природно-математичка насока, Издавачко претпријатие Просветно дело, Скопје, 19 72.

Во 1972 година издадена е Историја за III клас на природно-математичка насока во гимназиското образование, напишана од Цветковски, Апостолов и Глигоров на 224 страници. Учебникот го опфаќа периодот од I-та светска војна до седумдесетите години на XX-от век и од вкупниот број на страници има 84 посветени на светската, 111 на југословенската и 29 страници посветени на македонската историја. Карактеристки на овој учебник е неговата неидеологизираност, умереното споменување на Социјалистичката револуција и Комунистичката партија, нема податоци кои се несуштински и неисториски што е позитива промена во споредба со учебниците по историја од овој период. Еднакво со другите учебници или нешто што не се променило е бројот на страници за наставните содржини, односно одлика и на овој учебник е тоа што содржините се многу големи. Овој учебник има 50 илустрации од кои 45 се слики, а 5 се карти.

Во стручното образование ги издвојуваме учебниците за I и II клас на стручните училишта издадени во 1975 и 1976 година од македонски автор, како важни за прикажувањето на истриското образование во стручното образоване. Учебникот за I клас на стручните училишта од Константин Делиниколов издаден 1976 година како петто издание ја опфаќа историјата од првобитното општество заклучно со капиталистичкото општество. Во него се застапени содржини од историјата на народите и народностите на Југославија и ја следи светската историја. Историјата на народите и народностите на Југославија застапена е со следните содржини: Во првобитното општество и стариот век дадена е содржината за југословенските земји пред и за време на римското владеење и остатоците (археолошки) од тоа време. Од она што е претствено во материјалот, односно во книгата може да се заклучи дека оваа содржина нема врска со историјата на југословенските народи освен со Албанците и власите кои се прикажани како потомци на староседелците на Балканскиот полуостров, односно на тогашните југословенски народи. Од дадените содржини во Историјата за I клас може да се констатира дека во врска со создавањето на првите ранофеудални држави кај Јужните Словени, опфатено е преселувањето на Словените, создавањето на Словеначката држава, српските држави Рашка и Зета, созадавањето на Хрватската држава, каде во куси црти опфатени се општествено-економските односи кај споменатите народи. Нивното создавање се прикажува во преглед, повеќе во споредба со ранофеудалната Хрватска држава,

која е прикажана како најразвиена. Преку овие содржини авторот сметал дека ја опфатил суштината и специфичностите на создавање на државите.

За времето на раниот феудализам и југословенските народи во ова време дадени се четири оодржини на 16 страници. Овој материјал е поврзан со претходниот, односно со времето на раниот феудализам. Прикажано е завладувањето на Хабзбурзите со Словенија, самостојните целски грофови, Хрватска во составот на Унгарија, Дубровничката република со нејзиниот стопански, општествено-политички и културен развиток, создавањето и издигнувањето на Босна со посебен акцент на феудалните односи и на босанската црква, потоа Српската феудална држава и немањиќите, како и освојувањата и ширењето на државата со акцент на времето на Душан. Преку овие содржини авторот извлекува заклучок дека во времето на развиениот феудализам југословенските народи се наоѓаат на разни степени на историски развиток. Исто така, во текстовите истакнува дека некои од нив бил под туѓа, а некои народи биле самостојни, а посебено ги поврзува феудализмот и државата на немањиќите како пример за феудална држава. За потпаѓањето на југословенските народи под османлиска власт дадени се две содржини на седум страници. Тука посебно се акцентирани Маричката и Косовската битка, како и феудалната расцепканост на Балканскиот полуостров. Во содржините опфатено е паѓањето на Србија, Босна и Херцеговина и Аланија под власта на Османлиите. Исто така опфатени се навлегувањето на османлиите во Хрватска и Словенија, потпаѓањето на Црна Гора под османлиска власт и воспоставувањето на воено-феудалниот систем на османската држава на Балканот.

Југословенските народи во времето на доцниот феудализам се обработуваат преку две теми, односно преку содржините: Словенечкиот и Хрватскиот народ под власта на Хабзбурзите до крајот на XVIII век, каде што се опфатени востанијата на селаните во Словенија, завладувањето на Хабзбурзите со Хрватска, востанието на Матија Губец, организирање на воена краина и заговорот на Зрински и Франкопани.

Во дел од содржините опфатени се и дејноста на Пеќската патријаршија и Охридската архиепископија, српскиот народ под власта на османлите до крајот на XVIII век со отпорот кој се јавува во Србија во вид на буни и востанија, а обработена е и преселбата од 1690 година. Набројаните содржини се обработени на пет страни.

Во однос на историјата на Црна Гора во времето на османското владеење до крајот на XVIII век, во учебникот се опфатени најбитните моменти од црногорската историја, претставени преку племенската самоуправа, војните против османлиите, односите со Византија и упревувањето на Данило и Шќепан Мали. Културата на југосовенските народи во времето на феудализмот е дадена збирно, односно заедно.

Во епохата на капиталистичкото општество се обработуваат Првото и Второто српско востание, како што се вели во учебникот „како буржоаско-демократски револуции и како носители на новите општествени односи". Во националната преродба во Хрватска и Словенија според авторот во Словенија имале превласт Германците, додека домашната буржоазија политички и економски била слаба што иимало влијание народната преродба да добие карактер на културно движење.Исто така, се истакнува дека буржоазијата во Хрватска била посамостојна и поборбена, а се потпирала на државно-павните традиции, па за разлика од Словенија преродбата кај Хрватите отишла понапред, добивајќи карактер на национално-културно движење. Во учебникот се дава осврт и на како што се вели „француската окупација на Илирските провинции".

Во учебникот се споменува и историјата на Албанците, која се појавува во некои од содржините на македонската историја.

Општо за I клас за историјата на народите и народностите на Југославија дадени се вкупно 60 страници текст, односно 33% од учебничкиот текст.

Во учебникот за II клас од истиот автор, Костадин Делиниколов, издаден во 1975 година како четврто издание на „историјата на југословенските народи и народности", се забележуваат повеќе содржини од светската (општата), југословенската и македонската историја. На почетокот од учебникот се забележуваат следните содржини од југословенската историја: Револуцијата од 1948 година и југословенските народи; Југословенските народи во борба за национално и социјално ослободување и обединување од 1848 до 1914 година; Положбата на Југословенските народи под власта на Австро-Унгарија; Босна и Херцеговина и источното прашање од 1875 до 1914 година; Црна Гора на почетокот на XX век; Развитокот на капитализмот и развитокот на социјалистичките идеи во Србија; Србија како независна држава до 1912 година. Во содржините кои се наведени истакнато е дека во Хрватска и во Словенија како резултат од поразот на Револуцијата од 1848 година дошло до засилување на

апсолутизмот и германизацијата. Имено, се споменува „Австро-Унгарската спогодба“ според која не биле заштитени правата и интересите на Хрватскиот народ. Тие и политички и национално останале обесправени. Во содржините на неколку пати се наведува, односно акцентирана е идејата за обединување на југословенските народи. Ова било потребни за југословенската држава и за нејзината историја при докажувањето на карактерот и континуитетот на федеративната држава. Низ содржините се истакнува дека Босна и Херцеговина е најзаостанатата покраина на Балканот, верски и национално поделена и раскарана и во која се крева Босанско-Херцеговското востание за според авторот „ослободување од турското ропство, уривање на феудалниот систем и за обединување со Србија и Црна Гора. Исто така низ содржините во овој учебник истакната е мешењето на „големите сили“ во настаните на Балканот што доведува до менување на положбата на Босна и Херцеговина, односно нејзино предавање од османлиите на австроунгарците. Но, за Србија и црна Гора авторот велли дека тие се „буржоаски монархии кои воделе национално-ослободителна политика“. За периодот 1903 – 1914 година, во содржините авторот опишува „стопанска и политичка еманципација на Србија и појавата на борбената работничка класа, надополнета со дејноста на Димитрије Туцовиќ“. Истовремено се наведува јакнеењето на националистичките и освојувачките стремежи на буржоазијата. За Црна Гора се истакнува борбата на Црногорскиот народ со османлиите, што заедно со неповолните стопански услови го попречувало развитокот на земјата. Во наставните содржини се подвлекува и јакнењето на капиталистичките односи и државната организација на Црна Гора.

Во делот од учебникот посветен на Балканските војни се споменува и Македонија, но овие војни според авторот најпрво се окаракретизирани како војни со кои претставуваат „крај на турската феудалната власт во Македонија“. Сепак авторот главното објаснување го насочува кон претензиите на балканските буржоаски држави кон Македонија. Исто така, подвлечени се врските на Македонците и Албанците во овој период против заедничките непријатели.

На четириесет страници следува Првата светска војна и југословенските народи и нивната положба во истата, како и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Во содржините посветени на Првата светска војна потенцирано е дека „империјалистичките сили бараат нова поделба на светот“. Се претставува „обединувањето на југословенските народи“ притоа благо се нагласува нивната

нерамноправност, нееднаквост и неостварувањето на националните права. Сепак се наведува дека Кралството СХС било недемократска држава, која „не ги исполнила очекувањата на народните маси". Кралството Југославија (СХС) во учебникот е претставено во духот на неправдата кон социјализмот, националните прашања, со посебен акцент на развојот на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Се потенцира улогата на КПЈ во организирањето на работничката класа за национална и социјална слобода.

НОВ и социјалистичката револуција, создавањето на социјалистичка Југославија и нејзината изградба по 1945 година во учебникот се обработени на 49 страници, каде на посебен начин специфичен за повеќето учебници од ова време е прикажана историијата на народноослободителната борба (НОБ). Авторот пишува за „класните спротивности и историската улога на работничката класа и на КПЈ и како организатор на НОБ). Истакнати се моментите на заедничката борба и соработката на југословенските народи, а неизбежно е претставувањето на братството и единството н народите и народностите во Југославија. Во овој дел се прикажани и „резултатите од НОБ и социјалистичката револуција, борбата во победата над фашизмот и победата на работничката класа". Во учебникот и неговите содржини од овој дел, низ општата борба на југословенските народи проткаени се и борбите на македонскиот народ и другите народи во Македонија, против окупацијата и дотогашното ропство. Во учебникот прикажана е и изградбата на Југославија која се надоврзува на претходниот материјал, во еден континуиран тек на општествено-политички, економски и културен план. Од повеќето содржини од овој период неизбежен е и Јосип Броз Тито и неговото величање, како што се вели „како поборник за активна и мирољубива коегзистенција, двигател на движењето на неврзаните и општо во светот".

Треба да се истакне дека во седумдесеттите години во пишувањето на учебниците учествувале стручни лица од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, универзитетски професори и лица од праксата со богато искуство, а рецензенти биле искусни универзитетски професори. Вака направените учебници се сметало дека се сублимат на теорија и пракса, надополнети со методолошкиот пристап за наставните предмети. Сепак и покрај начинот на одготовката на учебниците, забелешките кои се посочени оставиле трега од времето во кои биле пишувани.

Во осумдесеттите години се појавиле нови учебници, направени според тогашните наставни програми и истите не се разликувале ни во однос на подготвувачите, ниту пак во однос на каректиристиките кои ги имеле. Така учебникот за II клас на средното гимназиско образование[143] од авторите Динев, Димковски Цолев, Кочанковски и Танковски имал содржини кои по својата содржина биле обемни, но не и оптеретени со идеолошки и неисториски факти. Овој учебник го опфаќал периодот од XI век до правата половина на XIX век и бил напишан на 296 страници, во кои доминираат општата или светска историја со 143 страници и југословенската историја со 120 страници. Иако учебникот е од македонски автори тој содржи многу малку македонска историја на 33 страници што се 11,2% од вкупниот број на страници од учебникот. Слично е и со учебникот за IV година на гимназиско образование од 1983 година[144] кој бил наменет за јакнење на југословенскиот идентитиет, додека македонската историја речиси и да ја нема, Карактеристична е употребата на термини како „буржујски", „пробугарски", но и термини кои се во духот на социјализмот, а сите заедно ги обременуваат содржините и не ги објаснуваат историските настани. Обемните содржини се карактеристика и на овој учебник и тие се од 5 до 6 страни во просек. Учебникот има 271 страница, од кои 100 се од светката, 132 од југословенската и 38 страници се од македонската историја. Од 92 илустрации, 82 се слики, додека учебникот има 10 карти.

За застапеноста на историјата на народите и народностите на Југославија во учебниците за основно и средно образование, како и за марксистичката заснованост во осумдесеттите години, говори информацијата изготвена од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, според која тие содржини биле пишувани согласно наставните планови за основно, гимназиско и средно стручно образование.[145]

---

[143] Динев Ристо, Димовски - Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи, Историја за II клас на средното образование (за гимназиите), Просветно дело, Скопје, 1981

[144] Д-р Апостолов А., Цветковски Б., Глигоров Ѓ., Историја за IV клас на гимназиите (општа насока), Просветно дело, Скопје, 1983

[145] Архив на Македонија, Информација за застапеноста на историјата на народите и народностите на Југославија во учебниците за основно и средно образование, Скопје, 1980, стр. 1

Во учебниците по историја во основното и средното образование, историјата на југословенските народи, општата историја и историјата на македонскиот народ се изучувале синхронизирано.[146]

Од материјалот кој што е опфатен во овој труд во однос на учебниците по историја во основното и средното образование можат да се донесат одредени заклучоци од повеќе аспекти, и тоа: од аспект на појавата и развојот на историски содржини користени во наставата во различни извори; од аспект на идејната заснованост на учебниците; од аспект на застапеноста на воено-политичката историја во учебниците, како и на религијата во учебниците; од аспект на подеднаквото застапување на општата историја од сите делови на светот и од аспект на развојот на идентитетите, а пред се југословенскиот државен и македонскиот национален идентитет преку содржините во учебниците по историја.

Почнувајќи од појавата на учебниците и содржините кои биле употребувани во наставата по историја треба да се нагласи дека тие се разликуваат во основното и средното образование, но имаат и многу заеднички точки врз основа на кои можеме да извлечеме и заклучоци. Имено, во основното и средното образование треба да се напомене дека разликуваме повеќе периоди од развитокот на самите содржини кои се однесувале на општата историја, како и на историјата на македонскиот народ, и тоа:

- Период кога имало недостаток на учебници по повеќето предмети, а воопшто немало учебници и наставни помагала по историја на македонски јазик и кога за светската историја се користела литература од бившите режими и од руски автори, за југословенската и општата историја биле преведувани учебници од хрватски и српски автори кои биле напишани по 1945 година, додека за македонската национална историја се користеле содржините од весникот „Нова Македонија" (1944 - 1951) .

- Период од појавата на првата историска читанка на Љубен Лапе, која е напишана во недостаток на учебник по историја со содржини од историјата на македонскиот народ, до појавата на првите учебници по историја (1951 - 1962). Во овој период се користеле и сите

[146] Исто, стр. 2

претходно споменати форми, односно имаме мноштво на учебници од српски, хрватски, руски автори кои наоѓале свое место во реализацијата на наставната програма.

- Период на појава на учебници по историја изработени според наставните планови по историја, кои содржеле светска, југословенска (по 1991 балканска) и македонска национална историја и кои биле пишувани од македонски автори и на македонски јазик. Треба да се напомене дека сите учебници во сите видови на образование не се промениле одоенаш – во иста година, туку тоа било правено согласно реформите во југословенската федерација.

Од аспект на идејната заснованост на учебниците по историја во основното и средното образование во периодот кој се обработува може да се каже дека прашањето на идејната заснованост на учебниците по било кој наставен предмет, а посебно по историја биле во тесна и нераздвојна врска со идејната заснованост на целокупниот воспитно-образовен, како и со државниот систем. Посебно идејната заснованост бил во врска со целите, задачите и содржините кој се јавуваат во предметот. При тоа, сосема било јасно дека предметот историја имал посебно значење и место во системот, па затоа и идејната заснованост и издржаност на учебниците по историја претставувале подрачје на кое требало иделошки да се делува, но и подрачје кое што било многу чувствително. Токму затоа сосема е разбирливо и вниманието кое во овој период му се посветувало во различни ситуации и средини, по различни поводи и нивоа, почнувајќи од најкомпетентните нивоа. Во документите кој ја опфаќаат оваа проблематика се вели: „Во СР Македонија, на прашањето за идејната заснованост и издржаност на целокупниот воспитно-обрзовен систем за предучилишно, основно и средно воспитание и образование, од секогаш му се пристапувало како на најсуштествено прашање. Во тие рамки и со таков пристап и тертман секогаш е поставувано прашањето на идејноста и воспитноста на наставните програми и учебници по одделни предмети, а тоа значи и по предметот историја.[147]

[147] Идејната заснованост на учебниците по историја во основното и средното образование, Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието, Скопје, 1980.

За прашањето на идејната заснованост како комплексно прашање направен е обид да се изнесат одредени факти и начини на гледање на одредени содржини во учебниците по историја каде што настаните се толкуваат на начин погоден за државата и нејзиното уредување. Во периодот од 1944 до 1991 година, федерација на рамноправни народи и републики требало да ја истакне еднаквоста во секој поглед, па и во претставувањето на историјата. Но, во државата во споментиот период се водела политика на докажување на историскиот континуитет на државата и оправданоста од постоењето на нејзиното постоење. Државниот идентитет и државната историја биле на прво место, додека националните прашања и националните истории биле ставани во втор план. Еднаквоста на народите исто така не била почитувана целосно, поосебно во периодот по војната кога малите народи како македонскиот воопшто неможел да докаже дека одредени делови од историјата на довчерашните окупатори од Кралството Јусославија, ако се претстават не е антидржавно, туку историска вистина. Од општиот увид во тоа колку оваа проблематика се третира во учебниците по историја се добива впечаток дека, и покрај неспорниот придонес што со учебниците по овој предмет се дава за целосна рамноправност во нашата повеќенационална заедница на збратимени народи и народности, сепак некои нации и национални истории добиваат подоминантно место во толкувањето, а други поспоредно место.[148] Историјата и културата на некои народи во овој период биле обработени опширно и целосно, за разлика од историјата на македонскиот народ каде што антиката не се обработувала и Александар Македонски бил заедничка личност на опште културното наследство, долго време Цар Самуил и браќата Кирил и Методиј не биле опфатени со македонската средновековна историја, средновековните локални владетели не биле признвани како Македонци, а востанијата и илинденските борци биле ставени на маргините на претставувањето на историјата. За разлика од нив во Македонија се изучувале сите „достигнувања и територијални проширувања“ на Србија, како и историите на Хрватска, Словенија и другите народи. На овој начин се добива впечаток дека националната рамноправност била само политичка творба, а не нешто што следува од заложбите и придонесот на секоја нација низ целата своја историја и културен развој. Идејната заснованост во учебниците може да се види и преку

[148] Исто, стр. 2

третирањето на „општествените класи и класната борба“ низ историјата и нивното прикажување на тлото на кој се разиле и денес постојат народите од кои била составена Југословенската федерација. Од содржините во учебниците и нивна анализа се добива впечаток дека екои народи секогаш биле порубувачи и окупатори, додека други секогаш биле поробувани, експлатирани и окупирани, при што се гледа дека националното прашање и класната борба никогаш не биле издиференцирани и давале една погрешна слика на општествата. Така на пример османлиската држава е прикажана како крајно негативна, а „Турците“ секогаш биле уништувачи, агресивни, сурови и немилосрдни кон народите на југословенската федерација, притоа неземајќи го податокот дека тие такви биле и против Турците. Овде во примерот се гледа дека не се води сметка за тоа дека Османлиите, а не Турците како народ биле тие што ја воделе државата, во која што турскиот народ живеел под исти правила, дури и „бил под удар на агресивноста, суровоста и немилосрдноста на „својата“ владејачка класа“.[149]

Во некои учебници и наставни програни од шеесеттите години во целите и задачите се забележува отворена омраза кон буржоазијата и повикување на нејзино уништување, што е сосема неприфатливо за една наставна програма или учебник.

Силен впечаток се добива и при претставувањето на германскиот, бугарскиот, грчкиот и албанскиот народ, додека пак кон други народи како кон српскиот се има посебен однос, а во некои случаи и не се споменува неговата окупаторска улога и негативна страна во владеењето. Така се смета дека многу факти се прикриени во духот на братството и единството, како и во заедништвото и неомразата на југословенските народи. Секако се внимавало и на фактот старите хегемони да небидат ставени во сенка на народите од помалите републики кои претходно биле под нивно ропство. Така македонската историја не можела да биде пославн од српската и хрватската, а сосема за да биде потисната биле измислувани разни причини, од историска незаснованост до свртување од курсот на идолошката матрица.

Во учебниците по историја кои се употребувале во основното и средното образование во Република Македонија, во содржините во понагласен обем се

[149] Исто, стр. 3

третирала воено-политилката истирија, на сметка на економската, историјата на секојневниот живот, а посебно на сметка на културната историја. Од содржините се добива впечаток дека најважното во историјата на еден народ се војните и освојувањата што над него ги вршеле другите народи и дека во меѓувреме ништо значајно не се случувало. Спротивно на ова подрачјата кои биле опфатени со војни и немири и кои се изучуваат поради ова, подрачјата кои не биле зафатени со воени дејствија никаде не се претставени, односно тие како да немаат своја историја.

Од аспект на подеднаквото застапување на општата историја од сите делови на светот, може да се констатира дека во сите учебници опфатени со истражувањето преовладува етноцентричкиот пристап на прикажување на историјата. Многу малку, речиси воопшто не се споменуваат другите континенти и нивната историја, односно историските настани кои се случувале на нивно тло. За разлика од нив европската историја е застапена во најголемиот дел од општата историја. Така на пример многу малку се споменуваат цивилизациите во Јужна Америка, а недоволно се обработуваат и цивилизациите на стариот исток. Ваквиот однос кон другите континенти е во текот на целата историја. Според анализите направени од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието „Сам по себе се наметнува заклучокот за супериорноста на белата раса над другите раси на земјината топка, и покарај културните достигнувања во минатото и на народите од другите раси и на другите континенти и другите земјини пространства и тоа многу порано пред експанзијата на евроцивилизацијата“.[150]

Во поглед на содржините и преку нив развитокот на македонскиот национален идентитет, врз основа на направените истражувања се издвојуваат два периода:

- Период од 1945 до 1991 година, кога во учебниците по историја доминира воспоставувањето на југословенскиот идентитиет, а македонскиот национален идентитиет е маргинализиран и неговииот развиток е ограничен.

[150] Исто, стр. 4

- Период од 1991 до 2000 година, кога имаме слободен развој на македонскиот национален идентитет преку содржините на учебниците по историја и содржините во историските читанки.

Од споменатите периоди во учебниците за основно образование првиот период може да се расчлени на два подпериоди и тоа:

- Период од 1945 до 1972 година, кога македонскиот идентитет не се гради како посебен идентитет, туку е маргинализиран во однос на југословенскиот идентитет кој интензивно се гради во овој период.
- Период од 1972 до 1991 година, кога македонскиот идентитет почнува повеќе да доаѓа до израз, но сеуште развитокот на идентитетот е ограничен и се наоѓа во сенка на југословенскиот идентитет.

Треба да се напомене дека ниеден од периодите кои се споменати нема поголемо или помало значење. Секој од нив претставува еден дел од развитокот на националниот идентитет на македонскиот народ низ содржините на учебниците по историја, без разлика дали содржините биле во „Нова Македонија“, во првата историска читанка или во учебниците по историја од шеесетите до двеилјадитата година. Секој од овие периоди носи свои новини и е револуционерен по своите достигнувања.

Првиот период од развитокот на македонскиот идентитет кои го опфаќа периодот по Втората светска војна е значаен бидејќи за прв пат во историјата на македонскиот народ почнала да се изучува македонската историја, во рамките на еден образовен систем. За првпат по војната во наставните планови и програми била предвидена историјата на македонскиот народ, а подоцна настанале и првите содржини за истата. Преку нив се развивал и градел македонскиот национален идентитет. Специфично за содржините е тоа што тие биле во функција на новата држава, односно се градел идентитет кој неможеме да кажеме дека е национален, но можеме да кажеме дека го потиснувал националниот и повеќе бил државен, односно се градел југословенскиот идентитиет. Се градел идентитет кој античкото време го сметал за заедничко и време кое им припаѓало на сите, идентитет кои го воздигнувал словенството и словенизацијата со што ја оправдувал Југославија за која што слободно можеме да кажеме дека била

неопансловенска држава, го прикажувал ограничено создавањето на нациите и националните организации и ја величал НОБ и социјалилстичката револуција.

Од споменатите причини во V одделение во овој период не се изучувала доволно античката историја, за да нема нации кои ќе се повикаат на славното минато, а голема улога им се посветувало на словенството во VI одделение кое исто така било заедничко односно на „нашите народи“. Во VII одделение во првите учебници се до 1972 година не биле опфатени сите востанија на македонскиот народ или биле опфатени површно во една содржина, со мал број на податоци со што не бил развиван македонскиот идентитет. Затоа пак во VIII одделение се величеле НОБ, социјалистичката револуција, се спроведувала идеологизација и се давале поими кои не се адекватни за ученици од оваа возраст.

Промена на ваквата состојбата се забележува по 1972 година кога настанала промена во настаниот план и програмата по историја, пришто најзначајни промени во однос на развитокот на македонскиот национален идентитет има во VII одделение, каде што има поголем број содржини и тие се збогатени со голем број на податоци.

Вториот период од 1991 година е карактеристичен и може да се каже револуционерен по содржините кои се однесуваат на македонскиот национален идентитет. Во овој период се забележуваат повеќе содржини во сите одделенија од V до VIII, кои се реализираат за 72 часа годишно, односно со 2 часа неделно.

На ваков начин се поставиле темелите на проучувањето на историјата на Македонија, поставени биле темелите на проучувањето на македонската етногенеза и почнала да се поврзува антиката со модерното време. Претходно сите имале право да се повикуваат на античкиот период освен Македонците, односно во времето на создавањето на националните држави сите се повикувале на корените од античкиот период. За разлика од нив во времето на создавањето на македонската национална држава, на Македонците им биле воочувани разликите со античките предци, односно им било објаснувано зошто тие не можеле да се повикуваат на античкиот период. Објаснувањата иако биле банални, биле прифаќани како директиви, по што останало да лебди прашањето „Зошто само на Македонците им било забранувано да се повикуваат на антиката?“ Најчесто било објаснувано дека антиката им припаѓа на сите, а не на еден народ и дека тоа е далечен период од каде што нема директни наследници. Иако никој не споменал директно наследство туку само учество во етногенезата, ставовите

не биле прифаќани 45 години. По 1991 година посериозно почнала да се разработува античката македонска историја и содржините за неа станале составен дел од учебниците. Истовремено „словенизацијата“ останала да се проучува и никој не го спорел учеството на словените во етногенезата на македонскиот народ, но во овој период повеќе внимание им се посветувало на Словенските просветители браќата Кирил и Методиј, нивните ученици Климент и Наум, Богомилското движење и Самоиловото царство, како и на наследниците на царот Самоил. Во VII-мо одделение второто полугодие било резервирано за историјата на македонскиот народ, а содржините во VIII-мо одделение исто така биле надополнети со македонската историја. На овој начин историските личности како што бил Методија Андонов Ченто, Методија Шаторов Шарло и др. излегле од темните страни на македонската комунистички конструирана историја и станале составен дел од содржините на настаните по историја.

Македонскиот национелен идентитет на овој начин се развивал и се градел низ содржините на учебниците по историја.

Во однос на учебниците треба да се истакне и нивната слаба употреба на визуелизацијата, односно содржините повеќе или помалку се сиромашни со слики, фотографии и др. На сметка на тоа во содржините провејува фактографскиот , чисто историографски и хронолошки пристап, кој покрај во учебниците се прифаќал и од наставниците. Од анализите претставени во делот во кој се зборуваше за учебниците по историја во основното образование детално е анализирано и графички претставено дека на фактографската меморија и се дава многу поголемо значење над визуелната, иако состојбата се менува во деведесеттите години.

## 2.6.4. Дополнителните наставни средстава за работа во основното и средното образование во Република Македонија

Дополнителните наставни средства во училиштата опфаќаат материјали кои треба да ги користат наставниците за својата надградба и усовршување, како и материјали кои треба да ги користат наставниците и учениците на часовите по историја за збогатување на знаењата на учениците, како и за развивањето на интерсот и љубовта кон историјата. Овие дополнителни наставни средства не биле констатни во поглед на нивното илегување, односно неможе да се каже дека

дополнителните материјали кои им користеле на наставниците излегувале контунуирано и ги надградувале нивните знаења, ниту пак може да се каже дека со излегувањето на одредена наставна програма или учебник биле надополнувани со конкретна дополнителна литература која што требало да ги развие нивните знаења и интерес. Споменатите материјали често не излегувале, а не биле ни задолжителни, посебно за наставниците по историја, па неможе да се каже колку тие биле употребувани. Оттука, истакнувам дека дополнителните материјали кои ќе бидат наведени и за кој е истражувано се дел од можностите дадени на наставниците и учениците за надополнување на знаењата, а нивното користење неможе да се утврди. И покрај тоа тие претставуваат значаен дел од историското образование.

#### 2.6.4.1. Историските читанки и нивното значење

Историските читанки и нивната појава по Втората светска војна во нашиот образовен систем, претставуваат точка од која што почнале да се развиваат учебниците и содржините во учебниците по историја, посебно во поглед на историјата на македонскиот народ или точка од која што почнува да се пишува за македонската историја и да се развива нацоналниот иденитите. По војната неможе со сигурност да се утврди дали читанките биле напишани за потребите на одредена наставна програма или биле во согласност со содржините во одреден учебник, што не го намулува нивното значење, туку напротив во недостаток на друга историска литература имаат огромно значење. Своевидна дилема, исто така е и прашањето за кого биле наменети. Она што може со сигурност да се каже е дека по дефиниција истоприските читанки биле наменети за учениците, односно за надополнување на нивните знаења и за развивање на интересот кон историјата. Но, сепак несомнено во голем број случаи со нив како со примарна литература се користеле и наставниците, посебно во првите повоени години. Така, во периодот по Втората светска војна кога немало учебници по историја и литература која што ќе ја претстави македонската историја, историските читанки биле тие што покрај весникот Нова Македонија преку своите содржини за историјата на македонскиот народ ги замениле содржините кои требало да ги имаат учебниците по историја. Конкретно, првата читанка по историја за која што има податоци излегла во 1951 година и во одредени училишта се користела во

недостаток на учебник, а во некои ги дополнувала содржините, при што имала големо значење, бидејќи дел од нејзините содржини се посветени на историјата на македонскиот народ. Од досегашните податоци не може да се утврди која наставна програма ја следела оваа историска читанка, односно сметам дека таа се користела независно од учебниците, што не е случај и со другите читанки кои излегле од печат подоцна по шеесеттите години и биле поврзани со учебниците по историја.

Една од спецификите за историските читанки до шеестетите години е тоа што тие биле една од основните литератури кои меѓу останатите содржини ја имале и историјата на македонскиот народ. Тоа е и прифатливо од аспект на оправданоста на нивната форма и содржина, секогаш имајќи предвид дека нивната појава била во периодот на зародишот на македонската држава. Оттука, тие биле драгоцена литература за споменатиот период, пред се поради недостатокот на учебници воопшто или од учебници од македонски автори. Оваа дополнителна литература за учениците и наставниците во поглед на застапеноста на историјата на македонскиот народ иако била сиромашна со содржина, била прва која пишувала за настаните и личностите од македонската историја. Во поглед на развивањето на македонскиот национален идентитет неможеме да кажеме дека историските читанки го развивале идентитетот, туку напротив го развивале југословенството како државен идентитет, бидејќи биле преполни со текстови за словените, за „нашите народи", народноослободителната борба и социјалистичката револуција. Сепак, со доза на резерва треба да се истакне дека ваквиот распоред на содржините може да се оправда со времето во кое што биле пишувани. Имено, по којзнае кој пат, идентично како и кај учебниците може да се констатира дека во овој период самите содржини од кои се состоеле читанките го развивале југословенскиот, а го маргинализирале македонскиот идентитет, а истите се идеологизирани и обемни.

Во подоцнежниот период кога ќе се појават специјализирани институции кои се занимавале со образованието, креирањето на наставни планови и програми, на учебници и историските читанки бележат подобрувања. Најголемиот дел од нив, посебно по седумдесеттите години биле напишани според наставната програма по историја изготвена од Завод за унапредување и проучување на

школство[151] и се надоврзуваат на содржините кои се дел од учебниците по историја. Пишувањето на историските читанки согласно програмата овозможувало учебникот и читанката да имаат логична усогласеност и да се надоплнуваат, давјќи можност на сите ученици да ги користат во рамките на своите способности, а на насатвникот да работи по истите на самите часови, како и да задава задачи и по нив. Сепак, секоја од нив има свои карактеристики, а за одредени историски и временски периоди може да се извлече и заклучок.

Имено, во читанките по седумдесеттите години се негласува дека тие се составен дел на учебникот по историја за соодветното одделение. Примери од анализа на историски читанки ќе следат по долу во текстот со заклучок за истите кој е став на авторот.

Значењето на читанките за образовниот систем можеме да го видиме и од примерот со читанката по историја за VIII одделение, каде што се наведени податоци од наставната програма. Специфично за ова дело е што уште во предговорот се потенцира истакнувањето на "најсудбоносните периоди од историјата на човештвото, а посебно на победоносната Народноослободителна борба на нашите народи"[152]. Се посочува дека историската читанка може да се надополнува и со други текстови за НОБ и социјалистичката изградба. Оваа читанка содржи 20 теми од кои ниедна директно не се однесува само на Македонија. Вкупно учебникот содржи 102 текста, од кои 29 се однесуваат на Македонската историја или 28,4%. Интересно е што само три текста за Македонија (10,4%) се однесуваат на периодот од 1918 до 1939 година, додека за периодот од 1939 па до завршетокот на Втората светска војна има 26 текста или од текстовите за Македонија, односно за периодот по 1939 година има 89,6% текстови. Со ова јасно се покажува целта на текстовите кои требало да ги воспитаат идните генерации во духот на југословенството, братството и единството, да го потенцираат југословенството преку терминате: нашите народи, да ја постават социјалистичката револуција и работничкатра класа како основа на новиот систем и воедно да го воздигнат делото на Јосип Броз Тито. Со ова систематско воспитување и образование на генерациите кои во 60-тите биле образувани по овој систем, во подоцнежниот период во Македонија имаме развиен пројугословенски дух, компатибилен со градењето на југословенскиот

[151] Биро за развој на образованието
[152] Исто, стр. 3

идентитет, со што се потврдува улогата на образованието во општеството. Наспроти ова, борбата на Македонскиот народ речиси ја нема освен во текстовите за втората светска војна, со што на Македонската држава и дава пројугословенски карактер, односно се добива впечаток дека таа настанала благодарение на Комунистичката партија на Југославија и врховниот командант Ј. Б. Тито. За време на читањето на повеќето текстови провејува социјалистичкиот дух.

Во истиот стил пишувани се и читанките од седумдесетите и осумдесетите години, кои од претходните се разликуваат само по големината на содржините.

Историските читанки од 1991 до 2000 година се пишувани во согласност со наставните програми по историја, но истовремено се ослободени од идеологизацијата и од обемните содржините. Содржините од споменатиот период се во голем дел посветени на историјата на македонскиот народ, го развиваат македонскиот идентитиет и се вистинско освежување во однос на претходните текстови полни со идеологија.

Но, со промените на наставните програми, не значи дека настанале квалитативно подобри содржини во сите историски читанки од наведенот период. Кај некои читанки содржините иако не се обемни и се посветени на историјата на македонскиот народ често тие се неразбирливи за учениците, несоодејствуваат со нивната возраст и бараат големи други предзнаења.

Таква е историската читанка за VI-то одделение од 1994 година, подготвена од д-р Бранко Панов. Читанката содржи вкупно 75 текста, од кои 43 се однесуваат на Македонската историја и 32 текста кои се однесуваат на светската историја. Во читанката нема илустрации. Текстовите во најголем дел не се прилагодени за возраста, при што се губи досегашната идеологизација, но се нудат документи кои се тешки за читање и објаснување. Текстовите го опфаќаат периодот од 6 до 18 век и и се однесуваат на настани и личности од националната и светската историја.

За разлика од оваа читанка, содржините во читанките за V-то одделение од 1995 година и од читанката за VIII-мо одделение од 1992 година. Читанките не се задолжителни, туку само се препорачуваат.

Содржините во најголем дел се прилагодени за возраста, но има и текстови кои се преобемни за оваа возраст. Во читанката јасно се покажува целта на текстовите кои требало да ги воспитаат идните генерации во духот на славната македонска историја и на духот на борбата на македонскиот народ за слобода.

Од споменатиот материјал можеме да заклучиме дека во седумдесеттите години историските читанки ќе почнат да ги следат настаните програми по историја и со своите содржини претставувале материјал кој го надополнувал учебникот по историја.

Севкупно може да се заклучи дека историските читанки имале големо значење, бидејќи во периодот до појавата на учебниците историските читанки одиграле улога на примарна литература, додека подоцна ќе ги следат програмите и учебниците по историја, преку кои се истакнувала борабата на македонскиот народ и биле во согласност со политичките прилики преку кој се претставувал македонскиот нацоионален идентитиет.

### 2.6.4.2. „Историски преглед" и „Наставата по историја"

За разлика од историските читанки за кои се однесуваше претходниот дел и кои дефиниравме дека се наменети за ученици, со веќе наведената забелешка дека некој од нив биле користени и од наставници, за наставниците по историја и нивната надградба постоеле и специјализирани списанија. Конкретно, во почетокот на шеесеттите години во рамките на Југословенската федерација се појавиле првите списанија кои што биле поврзани со наставата по историја.

Првото спипсание за наставата по историја почнало да излегува во 1954 година и го носело името „Историски преглед".Излегувањето на ова списание веќе во 1955 година била прекинато, за истото редовно да продолжи да излегува од 1957 до 1964 година, кога заради недостаток на материјални средства списанието и конечно ќе престане да излегува под ова негово име. Целта на списанието било да им „пружи помош на наставниците по историја од сите врсти на училишта и да се занимава со проблемите на наставата по историја воопшто и во специфични околности во определени републики и региони при што постепено би можеле да се искристализираат општојугословенските проблеми во подрачјето на самата дисциплина, а со самото тоа и успешно да се решаваат"[153].

Историски преглед е списание за наставата по историја, орган на сојузот на историските друштва на ФНРЈ[154] и списание од „педагошки и научен карактер"[155].

---

[153] Настава историје (Настава по историја) бр. 1, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб, (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1967, стр. 1

[154] Федеративна Народна Република Југославија

[155] Хисториски преглед у десетој години, Историски преглед, часопис за наставу историје, бр. 3-4, Орган савеза историских друштва ФНРЈ, Загреб, 1964, стр.1.

Издавач на списанието бил Сојузот на историските друштва на ФНРЈ, а редакцијата била во 1954 и 1955 (кога излегол само еден број) со седиште во Белград, за при неговото повторно излегување во 1957 година редакцијата да биде преместена во Загреб. Во меѓувреме било издавано и Југословенското историско списание (Југословенски историски часопис)[156] како ново општојугословенско историско списание, кое го поставило прашањето за оправданоста од излегувањето на списанието „Историски преглед“. При расправата кое од нив е постручно и покорисно, се дошло до заклучок дека Југословенското историско списание е научно и не опфаќа теми од областа на педагошко-дидактичката работа. Затоа по 1962 година „Историски преглед“ нема повеќе да биде од „педагошки и научен карактер“, туку ќе го задржи само педагошкиот карактер, отстапувајќи му место на Југословенското историско списание за списание со научен карактер. Треба да се напомене дека во Македонија во времето кога излегувале овие списанија за историја, поради недостаток на материјални средства немало учебници од македонски автори во основното и средното образование, додека за стручното образование немало ниту интерес да се издадат.

Според достапните ракописи целта на списанието „Историски преглед“ било да им „пружи помош на наставниците по историја од сите врсти на училишта и да се занимава со проблемите на наставата по историја воопшто и во специфични околности во определени републики и региони при што постепено би можеле да се искристализираат општо југословенските проблеми во подрачјето на самата дисциплина, а со самото тоа и успешно да се решаваат“[157].

Стручното списание било содржински богато, односно содржело повеќе делови, распоредени во целини, и тоа: Вовед, Наставата по историја, Статии и дискусии, Прикази, Од странските списанија, Документи, Библиографија и Хроника. Списанието опфаќало теми кои кои ги следеле појавите кои се јавувале во наставата по историја во секојдневната пракса и кои опфаќале изнесување на ставови и мислења за различни прашања за наставата по историја, за наставните програми, учебниците, но и од друга педагошка проблематика. Покрај ова во дел

---

[156] Југословенското списание за историја (Југословенски хисториски цасопис) започнало да излегува во 1962 година како орган на Сојузот на историските друштва. Прв главен уредник на списанието бил др Бранислав Ѓурѓев, а потесната редакција формирана во 1962 година ја сочинувале др Јарослав Шидек, др Бого Графенауер, др Јован Марјановиќ и др Душан Перовиќ. Ова списание излегувало четири пати годишно.

[157] Настава историје (Настава по историја) бр. 1, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб, (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1967, стр. 1

од списанието биле пишувани или пренесувани текстови кои се однесувале на потесни стучни историски теми со што тоа добивало и научен карактер, но и им помагало на наставниците за полесна обработка на одредени наставни содржини. Во делот статии и дискусии биле распоредени прилози кои имаат научно-аналитички карактер, но кои исто така се сметало дека биле корисни за наставниците. Прилозите кои биле дел од списанието биле посветени на одбележување на одредени годишници, „теоретски проблеми на општествената наука или марксистичката теорија“.[158] Приказите кои биле објавувани се осврти на историски изданија кои можеле да бидат прирачна литература, важна за реализацијата на наставата. За поттикнување на што поактивна настава објавувани биле и историски документи кои можеле да бидат употребувани во наставата. Исто така, во делот *информации* се објавувале податоци за новоизлезени книги, зборници, спиасанија, а за некои од нив била објавувана и кратка содржина. Со ваква структура списанието имало тежина на добро обмилсено стручно списание несомнено интересно за наставниците по историја, но и за другите научни работници, професори на факултети и стручни лица кои директно или индиректно се занимавале со наставата по историја.

Списанието дава содржини од наставта по историја корисни за наставниците, како и текстови кои треба да послужат за нива надградба во стручна, но и во идеолошка смисла, првенствено за јакнење на социјализмот и на југословенството. Текстовите посветени на овие теми биле ставани на ударните места, односно на првите страни на списанието. Така на пример бројот 3-4 од 1960 година започнува со текстот „Поводом другог светског рата „Историја народа Југославије“, белешке о настајању књиге“[159] и говори и анализира за пишувањето на Историјата на народите на Југославија, додека броевите од 1961 година се посвтетени на народното востание во Хрватска и Црна Гора, а од 1963 година се насочуваат наставниците кон историската терминологија, како и кон чување на историското ниво во учебниците. Исто така, по повод 20 годишнината од Второто заседание на АВНОЈ напишана е статијата „Граѓанската опозиција во привременото народно собрание против решенијата на Второто заседание на АВНОЈ“[160] која што е дел од македонската историја. Ова се само мал дел на текстови кои што имале функција да го надградат историчарот, наставникот и

[158] Исто, стр.2.
[159] Историски преглед, часопис за наставу историје, бр. 3-4, Орган савеза историских друштва ФНРЈ, Загреб, 1960.
[160] Историски преглед, часопис за наставу историје, бр. 4, Орган савеза историских друштва ФНРЈ, Загреб, 1963.

стручните служби со државно „правилни“ содржини за тој да не скршне од вистинскиот пат. Списанието нескриено вршело индоктринација и насочување на наставата по историја секогаш следејќи ги содржините во наставните планови по историја и давајќи придонес во штитењето на државните интереси преку потенцирањето на словенството, еднаквоста и братството на народите, народноослободителната борба, социјалистичката револуција и југословенството.

Во списанието се пишува покрај за наставата и за улогата на наставникот во наставниот процес, а посебно е забележливо експлицитното нагласување на неговото насочување кон т.н „вистински цели“ својствени за тоа време. Така во текстот насловен како „Наставата по историја во основното училиште“, во третото поглавје со наслов „Историјата како наука и наставен предмет, наглесено е дека наставникот мора во текот на својата работа да укажува на поврзаноста на народната револуција и актуелното време, при што тој морал да ги потенцира: демократската слобода, народната власт, братството и единството. Во овој дел се истакнува дека историскиот материјал е важен за идејно-политичкиот развој и за развојот на идните градетели на социјализмот. Во овој контекст во текстот се вели „Во создавањето на социјалистичкиот човек и во формирањето на сестрано развиената личност моралниот развој зазема централно место“[161]. Оттука се гледа и улогата на наставникот, како и вниманието на системот кон наставникот и неговото насочување во развојот на личност по „мерка“ на државата. Историјата пак во моралниот развој на личноста се наоѓа на високо место на скалата на вредности во социјалистички уредената федерација, бидејќи преку неа се потенцираат веќе повеќе пати споменатото социјалистичко уредување, народната револуција и словенството - постулати врз кој се темелела Југословенската федерација по втората светска војна. Со оглед на тоа дека списанието „Историски преглед“ било распространето низ целата држава, кај наставниците од основните и средните училишта несомнено дека тоа имало значајна улога во реализацијата на наставата, како и во воспитувањето на учениците и насочувањето на наставниците.

Текстовите кои се даваат во списанието и се посветени на надградбата на наставата се исклучиво во функцијата на државата и во прикажувањето на

[161] Приручник за методику наставе хисторије (Јосип Демарин: Настава повјести у основној сколи, Педагоско-књизевни збор, Загреб, 1961), Хисториски преглед, Загреб, 1962, стр.6

сликата на непријателот кој припаѓа или на минатиот режим или на буржоаските елементи, иако може да се забележат и други текстови кои се посветени на градењето на наставникот и на наставата воопшто. Со ваквата поставеност јасно е дека ова списание е наменски направено, првенствено за индоктринација на наставниците.

Списанието престанало да се издава во 1964 година. Нездавањето на ова списание ќе наиде на реакција кај наставниците, кој барале продолжување на неговото издавање. За тоа сведочи и првиот број на следното списание наменето за наставниците по историја. Според редакцијата на програмата на следното списанието „Наставата по историја", списанието „Историски преглед" стекнало афирмација кај наставниците и во духот на неговата традиција било барано да продолжи издавањето. Оттука, во 1967 година со помош на повеќе издавачки куќи од републиките во Југословенската федерација започнало да излегува списанието „Наставата по историја", со истите цели кои се наведени за списанието „Хисториски преглед", при што секој број требало да биде посветен на едно од прашањата на наставата. Така од учебната 1967/68 година првиот број бил посветен на октомвриската револуција, вториот на проблематиката на наставата по историја во средните училишта, третиот на некои аспекти од наставата во основните училишта и.т.н. „Наставата по историја" требала да ги следи резултатите на наставата по историја, да даде приказ на резултатите од општата педагогија и дидактика и од развојот на наставата во СФР Југославија и во други држави со што се сметало дека ќе им се помогне на наставниците по историја. Се предвидувало списанието да излегува четири пати во рамките на една учебна година. Ова списание ќе заживее и излегувало подолго време, односно до 1988 година. Списанието имало три главни дела: настава, научни резултати и информации, а се однесувало на сите типови на училишта.

При анализата на овие списанија од 1967 до 1988 година несомнена е желбата да се помогне на наставникот, но и тој правилно да се усмери за да ја интерпретира историјата согласно државното уредување и интересите на Југословенската држава. Во списанијата се пишува за општата историја, при што во повеќе наврати се констатира дека таа е проевропска или евроцентрична, односно дека опфаќа голем број на содржини кои се посветени на европската историја, со што во сенка се фрлени посебно историите на Азија, Африка и Латинско американските држави. Покрај за светската историја во списанието

многу повеќе внимание се посветува на историјата на народите од Југославенската федерација и на специфичноста на наставата на Југославија како социјалистичка држава, при што наставниците, а преку нив и учениците конкретно се усмеруваат во правец кој е од интерес на државата. Се истакнува дека, во однос на народите кои живееле во Југословенската федерација се поставиле повеќе концепти на пишување на наставните програми и учебниците, а со самото тоа и на наставата по историја и нејзиното интерпретирање. Првото гледиште било дека можат да постојат повеќе наставни програми по историја кои од република до република би се разликувале, второто било дека треба да постои заедничко јадро за сите народи во Југословенската федерација, на кои ќе се додава дополнителен материјал кој би бил ист или различен од една до друга република, додека третото гледиште било дека наставните програми за целата територија на федерацијата требало да бидат унифицирани. Од споменатите концепти бил прифатен концепротот со заедничкото историско јадро за сите народи кои ќе биде надополнет. Во однос на специфичноста на наставата по историја во Југославија како социјалистичка држава се истакнувало дека во процесот на наставата посебно внимание требало да се посвети на социјалистичката револуција, во која се „школувале самоуправувачи“[162] бидејќи наставата по историја можела да „има значително влијание на формирање на погледот на свет и да има големо значење за разбирањето на современите процеси кај нас и во светот, а посебно за создавање на братство и единство на нашите (м.з југословенските) народи, за разбирање на народната револуција и социјалистичката револуција“.[163] За остваување на наведените цели и специфичности според списанието требало да се влијае на наставниците, наставните програми, наставните методи и сретства, како и на научните истражувања. Со сето претходно наведено се поставувале темелите на изградбата на историјата во интереса, односно како алатка на државата.

Сепак по историски период во списанието се јавуваат одредени други карактеристики.

Почнувајќи од 1967 година списанието ја поддржува политиката на т.н. „заедничко историско јадро“ на југословенските народи, кое се воведува заради различните наставни планови и во нив различните наставни програми по историја,

[162] Исто, стр. 6.
[163] Исто.

нееднаквите години на изучување и фонд на часови во републиките на федерација, при што се бара оправдување за определување на заеднички параметри при креирањето на наставните планови и местото на историјата во нив. Предходно уште во 1965 година Југословенскиот завод за проучување на училишните и образовни прашања предлага, а Републичкиот завод за унапредување на школството на СРМ прифаќа во училиштата да се изучува историјата во прва и втора година од средното стручно образование. На оваа образовна политика списанието дава посебна поддршка и помош, најповеќе кон наставниците по историја од стручните училишта, но и кон сите други наставници, професори по историја и стручни работници кои се занимаваат со посочената проблематика. Карактеристично е и тоа што во списанието од 1967 до 1970 година често се обработуваат и теми поврзани со наставните предмети општество и општествено-политичко уредување и нивниот однос кон историјата. Исто така, карактеристино е тоа што постојано се споменува терминот „нашите народи", „нашата историја", кои се однесуваат на градењето на заедничкиот идентитет на Југословенските народи.

Во материјалот посветен на периодот по 1970 година повторно доминира идеологизацијата на историја, што докажува и пишувањето дека наставните програми ќе развиваат личности врз принципот: ученик - човек - свесен градител на социјализмот. Преку ова се дава на знаење дека наставните програми, следствено на нив учебниицте и другите наставни помагала нема да се менуваат во идеолошка правец. Во центарот на учењето на историјата во основните и средните училишта не е ученикот, туку социјализмот како општествено-политички систем и народноослободителната борба и народната револуција во Југославија.

Сепак разликите се јавуваат во однос на националните истории. За разлика од претходниот период кога се споменуваат сите народи и нивната историја, во „Наставата по историја" од 1974 година, при изучувањето на истата се јавува националната историја. Значењето на историјата воопшто и нејзиното место во наставните програми се анализираат од Вукашин Радоњиќ и Миомир Дашиќ, со посебен осврт на прашањето колку се изучувала историјата на другите народи, а колку националната, при што се предлага да се дефинира колку минимално треба да се изучува одредена историја на другите народи, а колку националната историја. Со други зборови, во овој период започнува да се зборува за националните истории на народите на Југославија. Според нив во наставата

„нужно би требало да се прецизираат оние содржини кои на учениците ќе им овозможат да се запознаат со најзначајните настани и историски појави, значајни за развојот на човештвото и на секој народ“.[164] Авторите на овој текст сметаат дека историјата има посебно место во формирањето на личноста на ученикот, воглавно заради две причини: 1. Им дава на учениците најнужни податоци и ги збогатува нивните сознанија за процесите во минатото, врз основа на што тие полесно ја сфаќаат современоста; 2. врши на нив секако одредено воспитно влијание овозможувајќи им правилно да ги разберат општествените појави кои се случувале во минатото, да изградат критички став кон негативностите во минатото и врз основа на тоа идејно да се усмерат кон современите текови.[165] Исто така се споменува и терминот „социјалистички југословенски патриотизам“. следи споредбената анализа на наставните плнови и програми која првично заклучува дека наставните планови и програмите по историја се разликуваат од република до република. Се заклучува дека во основните училишта и гимназиите, како и во наставните програми од средината на шеесетите години разликите во програмите по историја не биле големи. Во основните училишта врз основа на реформираниот концепт за основно училиште донесен 1959 година од Сојузниот завод за проучување на училишните и образовните прашања биле пропишани заедничките основи на југословенските наставни програми. Но, двапати следеле дополнувања на наставните програми по историја и тие почнале да се разликуваат еден од друг. Имено, со промените на општествено-економските односи по 1970 година, до израз дошло јакнењето на републиките и самоуправувањето, по што почнало да се нагласува она што е национално. Така, наставните програми на Македонија, Хрватска и Босна и Херцеговина биле сменети во 1972 година, додека во Словенија и Црна Гора промени на наставните програми по историја настале во 1973 година. Со сите промени се повеќе и повеќе се отстапувало од заедничката основа од 1959 година. Поконкретно во 1959 година се тргнувало од гледиштето дека основна задача на историјата е на учениците да им ги прикаже најзначајните периоди во развојот на југословенските народи, не нагласувајќи ја притоа историја на ниеден народ посебно, додека со измените и дополнувањата на наставните програми по 1970 година се истакнува дека задача на историјата е да ги запознае учениците со историјата на својот

[164] Настава историје (Настава по историја) бр. 1, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб, (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1974, стр. 16
[165] Исто.

народ. Така во наставната програма на СР Словенија се истакнува дека целта на историјата е: „учениците да ги запознаат најважните историски настани, појави и појмови од словенечката, југословенската и светската историја“[166]. Во СР Хрватска наставната програма уште попрецизно ги одредува задачите на предметот, при што учениците треба да „развиваат национално чувство, приврзаност кон својот народ, солидарност со другите народи...“[167]. Наставната програма по историја во СР Црна Гора, исто така, ги формулира задачите на следните начин: „да ги запознае учениците со најважните настани од минатото на црногорскиот и другите југословенски народи и народности“[168]. Единствено во наставната програма по историја на СР Босна и Херцеговина задачата на историјата е формулирана на поинаков начин, и тоа: „да овозможи учениците да се стекнат со знаења за најважните процеси, случувања, културни текови, најзначајни личности од историјата на југословенските народи“[169] со што се зачувува основаната задача од наставните програми од 1959 година за заедничкото историско јадро. Во СР Македонија наставната програма од 1972 година се следи истакнувањето на историјата на македонскиот народ, каде што можеби за првпат се овозможува во исучувањето на историјата да се спомене отворено историјата и минатото на македонскиот народ во сите негови период, помалку обременето со идејата на југословенството и заедничката историја на народите. Така во наставните програми се формулирани следните задачи: „да се запознае со минатото на македонскиот народ и на другите народи и народности во Југославија, да се развие чусвтво на гордост што припаќа на народ кој се борел за слобода и човечко достоинство“[170]. Вака прикажани задачите во наставните планови доведуваат до заклучок дека се напушта идејата за заедничкото југословенско јадро, дека во наставните програми по историја постојат разлики, но и дека суштински програмите се слични во поглед на истакнувањето на својата историја на сметка на југословенската и општата. Исклучок е Босна и Херцеговина каде се истакнува југословенската историја пред националните, додека Србија нема направено измени и дополнувања на наставните програми по историја, па истата не е коментирана и не е дел од анализите.

[166] Наставна програма по историја на СР Словенија, Љубљана, 1973 година.
[167] Наставна програма по историја на СР Хрватска, Загреб, 1972 година.
[168] Наставна програма по историја на СР Црна Гора, Титоград, 1973 година.
[169] Наставна програма по историја на СР Босна и Херцеговина, Сараево, 1972 година.
[170] Наставна програма по историја на СР Македонија, Скопје, 1972 година.

По бројот на часови, исто така се напушта гледиштето дека бројот на југословенската историја треба да бида најголем, по што во наставните програми од 1972 и 1973 година најголем е бројот на часовите за националаната историја, освен во наставниот план на СР Босна и Херцеговина.

Но, она што исто така може да се воочи врз основа на компаративната анализа е и претставувањето на историите, кои намерно или ненемерно при именувањето се поставени на следниот начин: кога се зборува за Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија не се користат термините историја на Македонскиот или на Црногорскиот народ, туку се користат термините историја на Црна Гора, Босна и Херцеговина, односно историја на Македонија. Ова не е случај со историјата на српскиот народ, историјата на словеничкиот народ и историјата на хрватскиот народ, со што се прави разлика помеѓу историите на републилките и на народите.

Во списаниејата често е цитиран и Јосип Броз Тито и неговите говори, што директно влијаело на наставата и на наставниците. Така, се издвојува рефератот на Јосип Броз Тито од VIII конгрес на Сојузот на Комунистите на Југославија во кој тој зборува за сосотојбата околу историјата. Во него, меѓу другото вели: „Многу често наидуваме на немарксистички, некритички и ненаучни оцени на настани и личности од националната историја. Понекогаш дури и директно се преземаат одредени националистичко-буржоаски оцени. Се истакнува, на пример, само позитивната страна на одредени движења, настани и личности, а за нивната негативна страна воглавно и не се зборува, или тоа се прави многу воопштено и срамежливо.“[171]

Покрај ваквите обраќања на личности списанијата даваат известувања од конгреси, конференции, симпозиуми кои на добро смислен начин се прераскажуваат обраќањата и презентираните трудови. Како пример може да се наведе единаесетиот историски симпозиум за наставата по историја, со основна тема „Научните, идеолошките и методолошките проблеми на наставата по историја во повоениот период“, за кој има осврт во списанието „Наставата по историја“. Имено, во осумдесетите години се повеќе се истакнува националната историја и постепено се напушта старото југословенско историско јадро, иако тоа официјално постои и од некои личности во државата било настојувано истото да

[171] Настава историје (Настава по историја) бр. 1, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб, (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1974, стр. 22

продолжи да се развива. За оваа тематика од 28 до 30 август 1985 година во Маврово е одржан единаесетиот историски симпозиум за наставата по историја, со основна тема „Научните, идеолошките и методолошките проблеми на наставата по историја во повоениот период“ (од 1945 до денес[172]). Еден од позначајните трудови на симпозиумот, кој ја отсликува и неговата структура е „Најзначајните современи општествени и политички процеси кои треба да се изучуваат во наставата по историја“ од Наум Димовски, советник по историја во Педагошкиот заводот на Македонија. Трудот говори за недоволната застапеност на современата историја, односно повоената историја, иако таа може да биде роб на т.н. „историска дистанца“, односно да биде интерпретирана на несоодветен начин под притисок на актуелното време.[173] При анализата кои содржини по историја се обработуваат според заедничкото југословенско јадро, се доаѓа до заклучок дека содржините од современата историја не се доволно обработени, на сметка на содржините од периодот на социјалистичката револуција и Втарата светска војна. Од друга страна едидентно е дека се зборува е период кога националниот идентитет во одредени републики на СФРЈ јакнее, но истовремено во наставните програми присутна е и социјалистичката идеологија во наставните планови по историја, како и во учебниците, односно покрај јакнењето на патриотизмот и националното чувство не се напуштала доктрината за социјалистикиот систем на уредување. На националаизмот ќе му се спротивстават водечките личности на Југословенската федерација, кои ја истакнувале унитарноста на државата. Во многунационалната структура на Југославија тоа може во одредени услови да стане дури и доминантен облик на антисоцијалистичка акција“.[174] Ова мислење го прифаќале и го делеле голем број на историчари од периодот по втората светска војна, се до кризата на социјализмот. Според анализата на Димовски во гореспомантото дело, која е поткрепена со аргументација за секоја посебна тема, во наставните програми по историја недостасува материјал за следните теми од современата историја: Односите на Југослевија со соседните земји, Националното прашање во современиот свет, Современите кризи, Активноста на црквата и клерикализмот,

[172] Се мисли на времето кога е одржан симпозиумот, односно на 1985 година.
[173] Историската дитсанца не е почитувана од многу луѓе на кои истата не им била од интерес. Така Карл Маркс и Јосип Броз Тито се примери за непочитувањето на историската дисатанца од наведените причини.
[174] Наум Димовски, Најзначајните современи општествени и политички процеси кои треба да се изучуваат во наставата по историја,Настава историје (Настава по историја) бр. 1-2, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб, (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1986, стр. 5

Политичките партии во современиот свет, Ослободителните движења во третиот свет, Општетствено-економските процеси на земјите во развој, Мировните движења во Европа и Светот, Социјализмот и проблемот на мирот, работничкото, комунистичкото и другите прогресивни движења во Светот. Во истиот контекст, пренесен во списанието е Едвард Кардељ кој го цитира своето „Нацијата и меѓународните односи" во кое напишал: „Секој национализам во нашите услови (м.з. југословенските) нужно добива облик на реакционарен и антихуманистички шовинизам и како таков секогаш претставува кочница за напредок на социјализмот.

Слично на претходните гледишта се истакнува се поизразеното национално чувство во однос на југословенството и во списанието „Наставта по историја" од 1988 година, при што се потенцира дека интересот за историјата е голем, но од нејзиното место во системот биле незадоволни научните работници, професорите на факултетите, наставниците од основните и средните училишта, но и обичните луѓе и учениците. Оттука се поставувало прашањето каква историја е потребна? Според пишувањата на проф. др Миомир Дашиќ, кој бил претседател на Сојузот на друштвото на историчарите на Југославија, „меѓу историчарите имало и такви  кои гласно го напаѓаат југословенството и југословенскиот патриотизам и интернационализмот. Проф. др Миомир Дашиќ истакнал дека "Во одредени средини, за жал и во училиштата, за југословенските родољуби се зборува (и пишува) како за неисториска и измислена категорија, вештачка творба или се прогласува еденоставно за унитаристичко страшило".[175] За надминување на ваквата состојба се предлагале одредени промени од кои се издвојуваат: зголемувањето на неделниот односно годишниот број на часови по историја и јакнењето на југословенството преку наставните програми по историја. Во однос на зголемувањето на неделниот односно годишниот број на часови по историја се предвидувало како во гимназиското образование, така и во сите стручни училишта бројот на часови да биде зголемен, со што би можело да се зборува за континуирано историско образование на учениците, а цикличното програмирање во овој случај би било реално и можно, но и дидактички најоправдан пристап во наставата по историја. Заради ова повторно се актуелизира прашањето за заедничкото историско јадро за основно и средно образование со што би се

[175] Миомир Дашиќ, Местото на наставта по историја во нашиот образовно воспитен систем, Настава историје (Настава по историја) бр. 1-2, Часопис Савеза друштва хисторичара Југославије, Школска књига, Загреб,  (За Македонија Просветно дело, Скопје), 1986, стр. 87

одбегнала насоченоста на историјата кон тесно националистичките гледишта и запоставувањето на општото и заедничкото. Само под услов историјата да се изучува со заедничкото историско јадро се сметало дека може да се даде придонес кон единствениот систем на образование и воспитание во цела СФРЈ. Во однос на јакнењето на југословенството преку наставните програми по историја се настојувало наставните програми да бидат концепирани така што би ги опфатиле сите позначајни настани и историски појави на југословенско ниво, од доаѓањето на Слевените на Балканскиот полуостров. Во еден од последните броеви на списанието настават по историја дадени се дидактички начела на кои се темелат наставните програми по историрија, и тоа: 1. наставниот материјал мора да биде веродостоен, односно заснован на науката; 2. Наставните содржини треба да бидат во согласност со општествените определби, односно во скалад со целите на социјалистичкото самостојно општество; 3. наставните содржини треба да се во согласност со степенот и профилот на училиштето, како и со возрасните можности на учениците; 4. Содржините треба да бидат поврзани хоризонтално и вертикално; 5. Содржините треба да бидат поврзани со работната и општата пракса. [176]

---

[176] Исто.

# III ГЛАВА

## Историската наука во високото образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија

### 3.1. Улогата на Филозофскиот факултет во образованието во Народна/ Социјалистичка Република Македонија

Историското високо образование во Македонија во институционална смисла започнува со отварањето на првите факултети и универзитети. Водени од благородната идеја за проучување на историските извори, истражувањето и пишувањето на историјата, виското образование се стремело кон истражување и пишување, но и кон создавањето на кадри кои ќе ги образоваат учениците, а со желба за воспоставување на влијание кај народот кој требало да ја прифати државата во која што живеел со сите нејзини карактеристики.

Кога зборуваме за почетокот на високото образование на територијата на денешна Република Македонија, мора да истакнеме дека тоа започнува во 1920 година со основањето на Филозофскиот факултет во Скопје. Имено, високото образование започнува со иницијативата на властите од Белград или поточно од Владата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кои преку основање на универзитет во Македонија гледале начин на приближување кон народот и создвање на кадар кој ќе им биде наклонет. Мора да истакнеме дека властите делумно ќе успеат во нивните намери и на новоосвена територија преку сите институции, вклучително и преку факултетите ќе наоѓаат начини за воспоставување на влијание на сите нивоа. Основањето на Филозофскиот факултет во Скопје, каде патем речено историјата ќе заземе централно место, се поврзува со иницијативата на министерот за просвета на Кралството. Имено, на 11 декември 1919 година на отварањето на универзитетот и факултетот му претходело писмо на министерот за просвета на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Павле Маринковиќ до ректорот на Белградскиот универзитет со кое тој отворено зборува за влијанието кое требало да се воспостави во делот на Македонија кој бил под српска власт. Со ова писмо започнува преписката помеѓу министерот и ректорот на белградскиот универзитет. Преписката резултирала со

започнување на подготовки за отпочнување со работа и почеток на работата на Универзитетот во Скопје.

Како дел од подготовките биле донесувањето на правни акти кои биле неопходни. Поточно на 2 февруари 1920 година донесена била Уредбата за Филозофскиот факултет во Скопје и Правниот факултет во Суботица[177], во која во член 5 е наведено кои предмети ќе се предаваат на Филозофскиот факултет во Скопје. Наведени се следните предмети: филозофија со педагодија, географија, историја со етнологија, српски јазик со јужнословенски јазици, останати јужнословенски јазици со нивните литератури, историја на српската книжевност со јужнословенска книжевност, класична филологија, историја на Србите, Хрватите и Словенците со историја на Балканскиот полуостров, општа историја, византологија, археологија со историја на старата уметност. (1919-1949).[178] Од наведените предмети, како и од претходно изнесените пишувања на министерот Маринковиќ јасно се гледа дека факултетот се отвара со конкретна цел, односно заради воспоствување на српското влијание во делот на Македонија кој бил под српска власт, а повторно се напоменува дека најголемиот дел од предметите се посветени на историјата или ја вклучуваат истата во својот материјал. Од наставните предметите кои се изучуваат според имињата се воочува дека тие се од тематиката на српскиот јазик и јужнословенските јазици, како и историјата која е дадена во повеќе наставни предмети. Во одредени документни од периодот по 1920 година стои дека на Универзитетот во Скопје со Филозофски факултет се проучуваат историско-филозофски науки на четири катедри: етнографија, географија, класичен јазик и литературен јазик. Исто така, од документите во кои се зборува за списокот за универзитетските професори дознаваме дека се споменуваат следните катедри: катедра за историја на јужнословенската книжевност, катедра за јужнословенската филологија, катедра за историја на Србите, Хрватите и Словенците, катедра за историја на Србите, катедра за историја на филозофија, логика и психологија, катедра за педагогија и методика, катедра за историја на средниот век, катедра за археологија и историја на уметност, катедра за историја на новиот век и катедра за српски јазик. Од наведените катедри исто како и кај наставните предмети се гледа присуството и

[177] ДАРМ, фонд Филозофски Факултет, арх. бр. 323, докуметите за високото образование се дадени во „Институционален развиток на високото образование во Република Македонија (1919-1949), Документи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, стр 53.
[178] Исто.

застапеноста на српскиот јазик и српската историја, кои за државата биле најпотребни за воспоставување на влијание меѓу населението. Во расположливата документација се дадени податоци од основањето на Универзитетот до зимскиот семестар во учебната 1940/41 година, по што нема податоци за неговата работа. Ова е периодот на почетокот на Втората светска војна и помена на окупацискиот режим во Македонија, па и дејствата во универзитетот се менуваат согласно настанатата состојба.

По промената на окупациската власт во делот од Македонија за кој претходно зборувавме, а кој бил под српска власт, новиот бугарски окупатор продолжува со работата во високото образование, со исти цели како и српскиот. Така, во периодот од 1941 до 1943 година организиран е историско-филозофскиот факултет кој врши подготовки за работа до 1943 година, а пред почетокот на работењето е наречен Универзитет „Цар Борис Трети - Обединител". Поточно универзитетот започнива со работа на 22 октомври 1943 година и до 1945 година ќе запише две генерации на студенти, на кои при студирањето повторно ќе им биде ставен акцент на историјата и јазикот.

По Првото заседание на АСНОМ и воспоставувањето на темелите на современата македонска држава, историското образование за првпат почнало да се развива посамостојно.[179] Двете дисциплини кои дотогаш не се развивале во Македонија, а биле важни за македонскиот национален идентитет се македонскиот јазик и македонска историја. По овој датум ( 2. август) започнува кодифицирањето на македонскиот литературен јазик и истражувањето и проучувањето на македонската национална историја. Македонската држава по своето формирање во 1944 година, при воспоставувањето на образовниот систем, на сите нивоа, односно во основното, средното и високото образование можела да организира настава по сите предмети освен по македонски јазик и по историја, односно по наставните предмети кои дотогаш не само што не постоеле, туку биле и забранувани. Согласно на ова не постоел ниту кадар, ниту пак елементарни учебници за јазикот и историја. Општа констатација е дека во историјата на образованието во Република Македонија, а посебно во развојот на историското образование свое посебно место има високото образование, а

---

[179] Даринка Петреска, 60 години Институт за историја - 60 години историско образование и наука во Република Македонија (1946-2006), 60 години Институт за историја: зборник на трудови од меѓународна научна конференција, „Македонија и соседите", Скопје, 8-9 12. 2006 година, Скопје, Филозофски факултет, Институт за историја, 2010.

неговото значење е дотолку поголемо поради фактот што историско образование во Република Македонија по Втората светска војна станува дел од првиот македонски универзитет, каде за прв пат се отворени катедрите за мекедонски јазик и македонска историја.

Свесен за состојбата во слободна Македонија и за потребите од високообразован кадар од различни струки, Президиумот на АСНОМ како највисок орган на власта на својата трета седница одржана од 2 до 5 септември 1944 година на дневен ред го поставил и барањето за отварање на Универзитет.[180] Веќе на 16 април 1945 година, Народното собрание на Македонија донело два законски акта кои се однесувале на универзитетското образование.[181] Со првиот од споменатите законски акти се овластува Президиумот на Народното собрание на Македонија да изработи Закон за универзитет во Скопје (ДАРМ, фонд: 157, к.18, а.е. 19/209.), додека пак со вториот законски акт се овластува Народната влада на Македонија да пропише уредба за високите школи и академии. (ДАРМ, фонд: 157, к.18, а.е. 20/210.). За исполнување на законските акти Министерството за просвета на Македонија со заповед бр. 375 од 7-ми ноември 1945 година, формирало Комисија составена од д-р Михаил Петрушевски, д-р Георги Шоптрајанов и Блаже Коневски која требала да направи подготовки околу отварањето на Универзитетот и да достави извештај до Министерството за просвета со заклучок. Формираната комисија доставила извештај до Министерството со следниот заклучок: „да се отвори Универзитет во Скопје, а како прва факултетска установа да биде Филозофскиот факултет, со јасна дефиниција за постоењето на два отсека: Историско-филолошки и Природно-математички".[182] Подоцна оваа комисија се проширила со уште два члена: Љубен Лапе и Јован Трифуновски, со што работата на Комисијата добива на инитензитет, а решени биле одредени прашања околу обезбедувањето на кадар, литература и наставни средства.

Заради што побрзо отварање на Универзитетот во Скопје, со Општа уредба на комитетите на Владата на ФНРЈ во април 1946 година формиран бил Комитетот за школство и наука, кој заедно со Министерството за просвета на НР Македонија во рамките на комитетот формирале Централен одбор за

---

[180] ДАРМ, фонд: АСНОМ, к.4, арх. единица 7.

[181] Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Институт за национална историја, Скопје, 1990, стр. 117

[182] ДАРМ, фонд: 170, к.5, арх. единица 11.

организирање на Универзитетот во Скопје. Во Централниот одбор за организирање на Универзитетот во Скопје именувани биле еминентни професори од другите факултети во ФНРЈ, и тоа: проф. д-р Петар Колендиќ од белградскиот универзитет (претседател на одборот), проф. д-р Фран Туќан од загребскиот универзитет и проф. д-р Антон Мелик од универзитетот во Љубљана. Ова тело направило анализа на претходно доставената писмена документација и прилози, при што извршило одобрување за назначување на првите осум професори на филозофскиот факултет во Скопје. Со ова биле исполнети сите услови за отворањето на филозофскиот факултет во 1946 година.

На 29 ноември 1946 година во зградата на Народната и универзитетска библиотека во Скопје на свечен начин бил отворен Филозофскиот факултет во Скопје. Факултетот започнал со работа на 16 декември 1946 година кога биле одржани првите предавања. Филозофскиот факултет се состоел од два оддела: историско-филолошки оддел со шест наставни групи, од кои посебно значење имале групите Македонски јазик и Историја со историја на уметност, кои за првпат го опфаќаат изучувањето на македонскиот народ и историја во една високообразовна институција. Од достапната документација се дознава дека првите дваесет наставници биле назначени од министерот за просвета на НР Македонија по претходна согласност од претседателот на Владата на НР Македонија. За прв декан на факултетот бил избран проф. д-р Михаил Петрушевски.[183]

За планирање во областа на научната работа, како и за остварување на единствено раководство со Универзитетот, високите школи и научните установи, но и за планско подигање на виши стручни кадри, врз основа на член 79 став 2 од Уставот на НР Македонија, Владата донела Уредба за основање на Комитет за универзитет, виши школи и научни установи, како установа при Владата на Република Македонија.[184] Задачите на Комитетот биле да ја координира научната работа, да ги потврдува научните планови, да дава согласност за поставување на научни раководители во институтите, установите и заводите. Комитетот во согласност со Претседателот на Владата, именувал и потврдувал ректор и проректор, декани и продекани, наставно-професорски и помошен наставен

[183] Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Институт за национална историја, Скопје, 1990, стр. 121.
[184] „Службен весник на НРМ" бр. 34/47.

персонал, како и предлагал отварање на нови факултети, ги потврдувал нивните наставни планови и др.

По основањето на Филозофскиот факултет, во 1947 година биле основани Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет, а на 26.01.1949 година Народното собрание на НР Македонија го донела Законот за Универзитетот во Скопје според кој Филозофскиот, Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет го сочинувале Универзитетот во Скопје.[185]

Како и кога беше наведено за отворањето, целта и дејноста на другите факултети од страна на окупаторските бугарски и српски власти, централно место и на македонските факултети заземала историјата, со тоа што акцент се ставал на македонската историја. Токму со отпочнувањето на работата на овој универзитет поврзано е истражувањето и пишувањето на македонската историја. Темелите на македонската национална историја биле ставени со почетокот на работата на Филозофскиот факултет во Скопје кој требало на еден институционален начин да произведе научен и стручен кадар кој ќе се занимава со пишување на историјата, со истражување и со воспитно-образовна работа. Во недостаток на воспитно образовен кадар кој би работел во училиштата во Република Македонија по 1944 година, во првите години бил приспособен кадар кој бил образован на семинари. Во овој период ќе се појават и лица кои претходно имале „историско“ образование, односно завршиле историја во времето на Кралството Југославија.

Филозофскиот факултет во Скопје својата работа ја започнал на 16 декември 1946 година, а во неговите рамки ќе почне да работи и групата за историја, која во 1949/50 година ќе прерасне во катедра за историја. Историското високо образование во Република Македонија ќе се развива првенствено преку Катедрата по историја при Филозофскиот факултет каде ќе биде образован кадар за повеќе намени, односно за воспитно образовна работа на учениците во училиштата, за работа на високо образовните институции и за научно-истражувачка работа.

Како поддршка во развојот на историското образование на 22 јули бил основан Научниот институтот за национална историја, денес Институт за

[185] „Службен весник на НРМ бр.4 од 25.02.1949 година.

национална историја, додека на 1 април 1951 година бил основан Државниот архив на Народна република Македонија.

Во 1954 година во високото образование направена е реформа, при што е донесен Општ закон за универзитети.[186] Реформата пред се имала за цел по претходно согледување на актуелната состојба да се формираат тела кои ќе работат на конкретни прашања кои требало да го насочат високото образование во правец на создавање на високообразовани кадри кои и биле потребни на државата. Врз основа на Општиот закон за универзитети Сојузното народно собрание во јули 1958 година донесело повеќе препораки, од кои носечка била препораката за создавање услови за редовно образование на висококвалификуван стручен кадар на факултетите. По донесувањето на препораката постигнати биле успеси и унапредување на наставата во поглед на изведувањето и модернизацијата на наставата. Подобрувањата се состоеле во подобрување на односот наставник-студент, потоа во универзитетските статути дефинирани биле траењето на наставата, а должината на студиите е сведедна во рокови дадени со препораката. Исто така ќе започне проучувањето на високообразовниот систем заради развојност на истиот и постигање на подобри резултати.

Истовремено со препораките биле формирани тела. Едно од телата била Заедничката комисија на Сојузното собрание и сојузниот извршен совет за работата на универзитетите, високите и вишите школи која подготвила извештај. Во октомври 1959 година разгледан е Извештајот на Заедничката комисија на Сојузното собрание и сојузниот извршен совет за работата на универзитетите, високите и вишите школи, како и Заклучоците на Сојузниот извршен совет за реорганизација на високото школство.

Заедничката комисија на Сојузното собрание и сојузниот извршен совет за работата на универзитетите, високите и вишите школи сметала дека и покрај измените кои биле направени и постигантиот напредок потребни биле нови измени на Законот за високо образование. Измените кои требало да бидат направени се поклопувале со петогодишниот план 1961-1965, во кој се јавила потреба од обезбедување на вкупно 60 000 високо стручни кадри. Бил донесен и ориентационен план кој предвидувал во споменатиот период да се образуваат

---

[186] Крсте Црвенковски, Реформа вискошколског система, Савремена школа, Београд, 1960

кадри на факултетите со број на студенти. Според планот се предвидувало запишување на 13 400 студенти на земјоделско - шумарскиот факултет, 13 950 студенти на техничките факултети и 14 200 студенти на филозофските и природно-математичките факултети. На овој начин се правел баланс помеѓу потребите од идеолошко докажување на постоењето на државата и потребите од образован кадар во индустријата и стопанството. Со други зборови, ако претходно бил ставан акцент на историјата и јазикот, како и на образување на кадри кои требало да го описменат населението, во периодот на се поголемата индустријализација на државата се појавила и потреба од поголем број на високо образован кадар во кој требало да даде придонес во индустријата и стопанството.

Во периодот на шеесеттите години се сметало дека било потребно оспособување на кадарот и правење на напори за забрзување на наставата, како и дополнување на законот за високо образование во ставовите каде што имало пречки во успешното развивање на високообразовниот систем.[187] Затоа, Универзитетите освен за научна дејност било предвидено да оспособуваат кадри кои можеле веднаш да се вклучат во призводството, односно со практични знаења.

Во правец на претходно наведеното во 1960 година веќе бил подготвен предлог закон, со кој вишите школи се вклучувале во високообразовниот систем и тие требало да произведуваат кадар кој е високообучен за работа. Во однос на степените на образование се предлагале: виша стручна спрема, висока стручна спрема и специјализација и научно усовршување. На овој начин вишите школи кои иако претходно биле основани со закон влегле во системот на високото образование. Имено, Народното собрание на Народна Република Македонија врз основа на член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општеството и почитување на на устројството и органите на власта прогласувала со указ закони со кои основало виши школи. Така , на пример на 27 јули 1960 година на седница на Републичкиот собор, Народното собрание на Народна Република Македонија го усвоило Указот за прогласување на Вишата школа за социјални работи[188], која била специјализирана во својата дејност. Отворањето на оваа виша школа е пример за започнувањето на работата на школи кои ќе создаваат кадар кој е значаен за државата и истата нема значење за историското образование кое во

[187] Крсте Црвенковски, Реформа високошколског образовања, Савремена школа, Београд, 1960.
[188] ДАРМ, К5, Виша школа за социјални работници во Скопје, 1960, Скопје

својата програма не го ни изучува, но е даден заради создавање на општа слика за високото образование. Во Извештајот за остварување на реформата во наставата доставен до Народното собрание се сведочи за вишите педагошки школи кои требало според наведеното да прераснат во педагошки академии и иститие требало да обезбедат кадар за основите училишта. Воедно со решавањето на статусот на вишите педагошки школи се решава и се дефинира прашањето на учителските школи кои што веќе постоеле и продуцирале кадар. Во извештајот се вели: „Парелелно со решавањето на проблемот во педагошките академии, решено е и прашањето на учителските школи, како институции кои и понатаму ќе школуваат учители во одделенска настава во основните училишта“.[189]

Високото образование ќе продолжи и натаму да се развива и ќе бележи промени, но основата ќе остане иста се до крајот на постоењето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а се состои првенствено од развивање на доктрина која ќе го чува и надградува државниот идентитиет и иделогија, а потоа и од задоволување на потребата од кадри за стопанството и индустријата во државата. Оттука историјата, како при појавата на високото образование во дваесеттите години на дваесеттиот век, така и подоцна кога ќе биде формирана катедрата по историја на Филозофско-историскиот факултет, ќе зазема едно од централните места во образованието на сите нивоа, а посебно во високото образование кое преку неа гледало начин за воспоставување на влијание во општеството.

Катедрата по историја при основањето, но и при понатамошната работа ќе се развива во повеќе правци, односно се развивал наставниот кадар кој бил носител на активностите, предметите, наставата и др. Така, посебен белег за развојот на високото образование по историја ќе оставаат првите професори на Катедрата по историја, кои воедно ќе ги поставаат темелите на наставните предмети кои почнале да се изучуваат. Во првата група професори со кои ќе започне работата на групата, подоцна катедра по историја се вбројуваат: Љубен Лапе, Томо Томовски, Методија Соколовски, Димче Коцо[190], како и професорите

---

[189] Архив на Македонија, Извештај за остварување на реформата во наставата, Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје, 24. 10. 1961

[190] Даринка Петреска, 60 години Институт за историја - 60 години историско образование и наука во Република Македонија (1946-2006)60 години Институт за историја : зборник на трудови од меѓународна научна конференција, „Македонија и соседите“, Скопје, 8-9 12. 2006 година, Скопје, Филозофски факултет, Институт за историја, 2010. Стр.11

од другите делови на Југословенската федерација со кои соработувале Петар Поповиќ, Петар Лисичар, Стјепан Антољак и др. Од оваа прва генерација на македонски професори имало и такви кои своето образование го стекнале пред почетокот на Втората светска војна. Меѓу нив посебно место имаат професорот Љубен Лапе и Димче Мире кои не работеле само на развојот на историската наука во Македонија, туку тие уште од првите денови по ослободувањето на Македонија ќе учествуваат воопшто во организирањето на училишната мрежа, организирање на курсеви за учители. Истите се творци, односно работеле во создавањето на првите наставни програми по историја. Од мноштвото функции кои ги вршеле можеме да ги издвоиме оние на професорот Љубен Лапе во 1945 и 1946 година кога бил помошник министер за просвета на НРМ, додека Димче Мире бил на повеќе раководнни функции од кои дел биле и во образованието.

Развојот на кадрите и на катедрата продолжуваат со стекнување на звања на професорите на самиот Филозофски факултет. Така, во 1958 година на Катердата по историја одбранета е првата докторска дисертација од Христо Андонов Пољански. Како што забележува проф. д-р Даринка Петреска по повод 60 годишнината опд Филозофскиот факултет, „во втората деценија од постоењето на катедрата по историја, една група историчари: Христо Андонов Пољански, Бранко Панов, Александар Апостолов, Војо Кушевски, Славка Фиданова, Душица Петрушевска, успеаја, со големи напори и енузујазам, да ги исполнат академските критериуми за универзитетски наставници преку хабилитирање и докторирање“[191]. Како наставен кадар на споменатите професори се надоврзуваат Димитар Димевски и Христо Меловски, а нешто подоцна и Коста Аџиевски, Даринка Петревска, Кочо Сидовски, Методија Манојловски, Маргарита Пешевска, Михајло Миновски, Наде Проева, Светозар Наумовски и Виолета Ачкоска. Сите овие професори со својата работа ја направија Катедрата по историја достојна за респект, ја градеа македонската историска наука, истражуваа и твореа, но истовремно подготвуваа кадри кои можеа да работат во воспитно-образованат дејност и во научните институции.

Професорите по историја активно учествувале во пишувањето на дела за историјата на македонскиот народ. Од професорите на катдрата по историја произлезе првата Историја на македонскиот народ во 1969 година, во три тома,

---

[191] Исто, стр.12.

која претставува патоказ во историското образование на сите нивоа, (студентите, наставниците, професорите и другите соработници) кои имаа можност македонскат историја да ја видат на едно место, обработена и структурирана на еден начин кој нудел преглед на развојот на македонскиот народ. Учебниците по историја за основно и средно образование, исто така, во почетокот на шеесетите години почнале да бидат пишувани од македонски автори меѓу кои имало и универзитетски професори. Ова е период кога катедрата учествува и во дообразовањето на наставниците преку одржувањето на семинари за перманентно образование на наставниците.

По 1991 година новина во македонската историографија е вклучувањето на слободното проучување на античката историја, која во периодот на југословенскта федерација е потисната поради политиката на братството и единството и желбата за историска оправданост на историчарите од федерацијата кои постојано ги докажуваат заедничките словенски, односно јужнословенски корени на народите во Југославија, прогласувајќи ја антиката за заедничко наследство на сите народи.

Катедрата по историја до периодот кој е дел на овој труд ја продолжи работата со формирање на нов кадар на самата катедра, и тоа: Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Бобан Петрески, Никола Жежов, Војкан Саракински и Борче Илиевски, кои преку своите трудови продолжиле со развојот на историското образование во Македонија.

Во периодот од осамостојувањето на Република Македонија до денес се настојува во историското образование да се вклучат сите личности кои живееле и твореле во Македонија без разлика на нивната национална, верска, политичка, идеолошка или било каква друга припадност, погледнати низ призмата на мултиперспективноста. Сите тие даваат една посебна слика на македонската историја.

Со споментите активности членовите на катедрата по историја ставиле темели на просветата, на истражувачката работа, на толкувањето и на пишувањето на историјата на македонскиот народ. Тие учествувале и учествуваат и денес во обелоденувањето на историските настани во истражувањата и презентирањето на новите факти, преку пишување на истории, учебници и слично, во Југословенската федерација и во самостојна Македонија, како и во создавање на документарни филмови и други содржини.

## 3.2. Појавата и развојот на други високо-образовните институции на историското образование

Историски гледано, Вишата педагошка школа имала посебно и значајно место во македонскиот образовен систем, бидејќи образувала кадри за кои општеството имало директна потреба. Улогата на оваа школа дополнително се зголемува и бидејќи ионака неопходниот кадар бил директно вклучуван во наставата и истиот образувал население кое во голем дел било неписмено и никогаш не посетувало училиште. На квалитетот на кадарот кој предавал, како и на оној кој завршувал ваков вид на образование се обрнувало посебно внимание. Оваа институција секако се развивала и постои и денес, под името Педагошка академија и има исклучително значење во целокупниот образовен систем во Република Македонија.

Од самиот почеток на својата работа по основањето во 1947 година, Вишата педагошка школа за потребите на образовниот систем ќе започне да образува наставници од одделенската и од предметната настава. Една од групите кои биле образовани и кои постоеле од самото основање во 1947 година била и наставната група историја – географија.

Наставната група историја – географија во текот на своето постоење бележи успех во работата, како и развој проткаен со организациски измени, кои биле последица на согледувања за потребите од соодветен наставен кадар во училиштата за кои школата, односно подоцна академијата подготвувала наставен кадар. Во текот на целото свое работење оваа институција тежнеела на сите наставници да им даде што посолидна стручна подготовка за исполнување на нивната идна професија.

Неопходноста од наставен кадар во 1947 година налагала наставата да ги третира двата наставни предмети, историја и географија како рамноправни, а ваквата определба била поткрепена со потребите од теренот. Но, по првите согледувања веќе во генерацијата 1949/1950 година групата била трансформирана во две наставни групи: историја со географија и географија со историја (Адријана Улчар, Наставна група историја - географија, Зборник на Вишата педагочка школа (1947 – 1972), Скопје, 1972, стр. 27), во кои првиот

предмет бил третиран како главен. Оваа концепција иако се сметала за несоодветна во однос на реалните потреби, била прифатена со намера на студентитие да им се обезбеди посолидна стручна подготовка по главниот предмет. Наставниците кои ќе завршеле една од двете групи требало да предаваат еден предмет, освен во крајна нужда кога поради непостоење на друг кадар ќе требало да ги предаваат двата предмети. Меѓутоа праксата наврзо ја демантирала исправноста на оваа концепција, затоа што најголем број од завршените студенти биле ангажирани во наставата и по двата наставни предммети. Поради тоа, се дојло до заклучок дека се потребни повторини измени за функционирањето на оваа група. Третата измена на наставната група историја – географија била направена во учебната 1952/53 година, од кога повторно двата предмети се третирале рамноправно. Обезбедувањето посолидна стручна подготовка на студентите по третата реорганизација требала да се постигне со: растеретувањето на наставните програми од историцизам и се што претставува баласт, воведување на нови наставни форми и осовременување на наставата. (Адријана Улчар, Наставна група историја - географија, Зборник на Вишата педагочка школа (1947 – 1972), Скопје, 1972, стр. 27). Од учебната 1965/66 година на групата била организирана и настава на албански наставен јазик.

## IV ГЛАВА

## Влијанието на историската наука и на историското образование на развојот на свеста на граѓаните во Република Македонија

Со конституирањето на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ и постепеното формирање на образовните и научните институции, се создавале услови за национално творење и пишување на дела посветени на македонската историја. По Втората светска војна, може да се констатира дека се поставувале темелите на македонското образование во кое дотогаш недостасувале содржини од македонската национална историја. Со поставувањето на првиот наставен план од Президиумот на АСНОМ во кои во наставната програма по историја се предвидувало изучување на историјата од античкиот период до крајот на Втората светска војна, биле всушност поставени темелите на македонската историја. Со ова, за жал краткотрајно решение, биле влеани надежи дека ќе биде почнато со изучувањето на историјата и слободно пишување на дела од националната историја. Овие надежи исчезнале многу брзо, бидејќи со нив биле загрозени балканските хегемони кои пред војната владееле со македонскиот народ, а по војната како републики станале дел од југословенската федерација. Истите тие дотогашни историчари од Кралството Југославија, сега требало да ја напишат историјата на Југословенската федерација и да го признаат постоењето на народите кои истите претходно не ги признавале. Криејќи се зад немањето на проверени историски факти, тие не го смениле ставот за непостоењето на македонскиот народ, туку со сите сили се труделе да го оневозможат говорењето на македонски јазик, споменувањето на името Македонија и пишување на дела кои се однесувале на македонската историја. Под превезот на нестбилната повоена социјалистичка држава и искористувајќи го малиот број македонски историчари довчерашните хегемони се обидувале во повоениот период да го претставаат македонскиот народ како новосоздаден и народ на кој историјата треба да почне да му се пишува по Втората светска војна.

Од друга страна пак, очекувањата на македонските историчари биле сосема спротивни. Од самата појава на можноста за образование по војната,

несомненена била желбата за изучување на историјата. Чувстата кон историјата биле посебни особено кај Македонците кои долго го чекале моментот на ослободување на нивната татковина или на еден нејзин дел за да можат слободно да творат и да се изразуваат. Периодот по Втората светска војна за Македонците бил бесценет, бидејќи истовремено со создавањето на државата во Македонија се водела борба и за воспоставувањето на слободен систем со сите негови епитети. За жал, во повоениот период не се изучувала националана историја, а причините биле реални и повеќесложни. За дело кое ја опфаќало историјата на македонскиот народ во првите повоени години не станувало ниту збор. Од литературата може да се види дека за светската историја и историјата на другите народи имало одредена литература. Историска литература имало од српскиот и бугарскиот режим, а голем историски фонд на книги имало и од Советскиот сојуз, кој ја опшишувал советската историја и ставал акцент на социјалистичката револуција. Македонскиот народ во овој поглед го платил данокот на дотогашното непостоење на држава, а оттука и институции кои се занимавале со национална историја. Историјата на македонскиот народ до 1944 година, како и потоа, била дел од историите на соседните народи кои сметале дека имаат ексклузивитет на некои настани, процеси, имиња и слично, а истиот веруваат дека го имаат и денес. Во занесот на слободата и формирањето на македонската држава, голем број на македонски интелектуалци се понадевале дека конечно македонскиот народ ќе има можност да целосно да ги исползува плодовите на слободата, да твори слободно и со силата на фактите да ја пишува својата историја. Историчарите во Југославија или најголем дел од нив избегнувале да зборуваат за историјата на македонскиот народ долго и по војната, бидејќи можеле да бидат контрадикторни не само со претходните дела, туку и со нивните ставови и мислења околу постоењето на македонскиот народ. Тие биле свесни и дека ако почне да се пишува истиријата од најраните времиња, нивните „славни" истории можеле да паднат во сенка на некои други. Оттука, била голема можноста од контрадикторност на фактите кои ги давале историчарите пред и во овој период, како и неприфаќањето на фактите предочувани од македонските историчари кои биле отфрлани, како неприфатливи и недоволно проверени. Од ретките интелектуалци кои се осмелиле да напишат нешто за историјата на македонскиот народ, едниот од нив бил постепено деградиран, уништен како човек и интерниран, како најголем државен непријател, а другиот го издал своето дело,

по напишано согласно југословенската идеолошка матрица. Посебна тема е неприфаќањето на македонските историчари и нивните дела при пишувањето на Историјата на народите на Југославија. Едноставно нивните докази, факти и теории биле отфрлани и надгласувани како некомпатибилни со заедничката матрица. Дури во седумдесетите години, во периодот на либерализмот кога почнало послободно да се пишува, се појавиле одредени текстови за македонската нацинална историја, карти на Македонија и слично, но секако „другарот“ кој што пишувал и поттикнувал послободно изразување бил пензиониран, иако бил сеуште млад и способен за работа.

Но, ако тргнеме по ред непосредно по Втората светска војна ретки биле луѓето кои пишувале за македонската историја и ретки биле делата каде што македонските автори можеле да ја прикажат историјата на македонскиот народ. Прв кој што се обидел да го направи тоа бил Павел Шатев. Неговото дело *„Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени“* иако стои дека било напишано на 16.03.1944 било објавено дури во 2011 година.

Меѓу ракописите на Павел Шатев освен „Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени“, објавени се материјали кои ја содржат биографија на Борис Сарафов, ракописи за античка Македонија, за Александар Македонски како балкански мит, за односите на Македонија со Грција и Рим. Овие дела ќе излезат откако биле предадени од неговата сестра на македонскиот новинар и публицист Предраг Димитриевски кои ќе ги обработува и постепено ќе ги објавува како делови од дневни и неделни весници, како и интегрално како текствови.[192]

Во своето дело „Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени“, Павел Шатев тргнува од античкиот период и се повикува на различни извори. Од објаснувањата за антиката зборува со марксистички речник следејќи објаснувања од Ленин, Сталин, Ковалев и др. Шатев дава објаснување за Македонците и нивното потекло, сакајќи да прикаже што повеќе податоци од што повеќе автори. Сепак некогаш користи и премногу извори сакајќи да даде мултиперспективност, па понекаде заради ваквиот голем број на податоци и автори може кај некои од податоците да се јави и контрадикторност. Но, во најголем дел, Шатев дава податоци за историјата на Македонија каде што е јасно дека Македонците јасно и недвојбено ги смета само за Македонци. Тој притоа често го цитира Квинт Курциј

[192] Предраг Димитровски, Публика, 16 април 2011

Руф, историчар од римско време кој зборува претежно за Александар како за Македонец, а се повикува на овој историчар кој често обработува и прашања од македонската историја во периодот за кој пишува. Треба да се спомене дека ги споменува и користи писателите, посебно од грчкиот период кои зборуваат за Македонија како посебна територија или област.

Во делото на Шатев исто така карактеристично е што во периодот кога Македонија се наоѓа под римското и византиското владеење, тој секаде ја споменува Македонија како територија, неспоменувајќи го народот, односно луѓето кои живеат на територијата на Македонија ги нарекува жители, население и слично. За оваа специфика Шатев не дава посебни објаснувања. Потоа следува делот кој го опишува периодот на доаѓањето на Словените на Балканот и периодот на преселувањето на некои од словенските племиња во Македонија. Според Шатев со доаѓањето на Словените во Македонија тие на оваа територија затекнале племиња од различно потекло, главно Македонци, Траки, Илири и др. Шатев вели дека „невозможно е какви и да биле тогашните и подоцнежните услови за живот и собитијата, целото население целосно да изчезне, да згине и да се загуби засекогаш.“[193] Мора да се истакне дека ова негово гледиште е идентично со гледиштата на денешните историчари, како и дека е една од причините на неговото отстранување од политичката сцена во Југословенската федерација, а потоа и негово физичко и психичко уништување.

Според шатевите пишувања кои се базираат највеќе на Прокопиј Кесариски и житијата на Свети Димитрија Солунски словените со сила влегувале во градовите и селата, освојувале ограбувале, убивале, разурнувале итн. Тој ги набројува словенските племиња и кажува дека дошло до големи промени во етнографскиот состав на населението. Во дел од пишувањата тој ги цитира Острогорски, Василевски, Успенски и други византолози кои објаснуваат разни појави и процеси, како што е богомилството на пример, како и византиското селанство, земјоделскиот закон, словенската колонизација и друго. Сите набројани периоди од средниот век ги следи и објаснува низ призмата на марксизмот, при што користи како термини „задруги“, „колективна сопственост“, несвојствени за периодот за кој што пишува, но својствени за периодот за кој живее.

[193] Павел Шатев, „Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени“, стр 164

Значајно е и тоа што Шатев во ова дело јасно и со факти го одвојува потеклото на Бугарите и нивната етногенеза од потеклото и етногенезата на Македонците. Јасно го потенцира и постоењето на средновековната македонска држава и нејзината улога во етногенезата на македонскиот народ. Во однос на македонската средновековна историја тој посебно се осврнува на Самуиловото царство, при што за цар Сауил пишува како за Македонец, за војската како за македонска. Јован Владислав пак е споменат како последен цар на Македонската држава. Интересно е неговото пишување за браќата Кирил и Методиј, кој во делото на Шатев најпрво се именувани како словени од Солун, за подоцна при цитирањето на Фридрих Енгелс да ги именува како Македонци нив и нивните ученици Климент и Наум. Овде се гледа дека тој се повикува на изворите и пишува за личностите цитирајќи повеќе од изворите. Со ваквите констатации го завршува првиот дел од историјата на македонскиот народ до доаѓањето на турците на балканскиот полуостров.

Доаѓањето на Турците на балканскиот полуостров е вториот дел од историјата на Македонија. Овој дел започнува со Ропство под владеењето на турските султани, каде се дава осврт на турската историја, настанокот и развојот на турската држава и со посебен осврт на историјата на балканските народи, а најмногу на бугарската историја. Тој ја опишува надворешната политика и односот на големите сили кон Турција и кон македонското прашање. Исто така, Шатев дава приказ на стопанството, увозот и извозот, приходот кој го остварувала Македонија, развојот на селанството, но и на градскиот живот.

Во посебно поглавје за македонската борба, Шатев ги поврзува Македонците и македонското револуционерно движење со случувањата во земјите кои ја опкружуваат Македонија. Шатев во овој дел дава објаснува за работењето на Македонците во другите најчесто балкански, но и други држави, нивното селење, според него најмногу во Романија и Бугарија и за нивната положба во овие држави. Според него 1/3 од жителите на Софија смета дека се пребегнати Македонци, а нивниот број е голем и во целата Бугарска држава со што тие станувааат значаен фактор. Во своето пишување Шатев цитира повеќе извори и оние кои го потенцираат чистото македонско потекло, но и оние кои го истакнуваат бугарското потекло на македонскиот народ. На пример Шатев пишува за Санстефанска Бугарија и Македонците ги именува како Словено-бугари, како што нашол во некој од изворите, потоа пишува за првиот устав на ВМРО каде се

вели дека „член може да биде секој Бугарин“ и вториот устав на ВМРО во кој се вели дека „член може да биде секој Македонец и Одринец“, не споменувајќи воопшто Бугари. Потоа ги коментира востанијата нарачани од бугарскиот двор на територијата на Македонија, востанија кои предизвикале убиства, прогонства и колежи на населението. За нив тој вели: Како акција подготвена однадвор без да се праша волјата и желбата на Македонија, но на нејзина сметка, движењето од 1895 година е значаен преседан. Бунтот на угнетените - класа или нација секогаш се раѓа преку прекаленост на угнетувањето, туку како едно ехо, една реакција настаната во една нова генерација, кога таа самата е веќе подготвена и наклонета кон желбата за слобода“(„Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени стр. 250). Кај Шатев постои и јасен став околу односите на ВМРО со другите субјекти кои се појавиле на општествената и политичка сцена. Во овој контекс Шатев пишува за односите помеѓу ВМРО и ВМК, за провалите и аферите, а во сите негови пишувања тој ги користи термините Македонија, Македонци, македонското револуционерно дело, студиозно опишувајќи ги настаните со точни датуми, имиња и факти. За илинденското востание Шатев вели: општото востание избувна на Свети Илија. Тој ден, Илинден, стана за македонците и за поголемиот дел од Бугарите еден свечен датум, истовремено и славен и тажен...

Во следното поглавје Македонија и европската дипломатија, дава три подпоглавја Австро -руските спогодби и поличитиката на Австрија и Германија на Балканот; Политиката на Русија на Балканот и Автро-руската спогодба од 1897 година. Во овие поглавја зборувајќи за Македонците вели: Организацијата ги регрутираше сите македонци, без разлика на вера, народност и јазик. Во неа влегоа како сите словени, така и власи и грци. Во овие документи дава податок дека во 1899 година Бугарија се откажува од митот за Санстефанска Бугарија, но се залага за автономија на Македонија со престолнина во Солун и губернатор од владеечката мнозинска нација. („Македонија низ вековите - мисли, белешки и спомени, стр. 285). Потоа тој дава податок дека во 1902 госдина Англија има проект за автономна Македонија, на кој Русија се спротивставила.

Со чувство на голем познавач на историјата Шатев, перфектно ја опишува руско-турската војна од 1877 година и настанувањето на Санстефанска Бугарија, а Бугарија во однос на Македонците ја дефинира како блиска според јазиккот, братска држава во која живеат Бугари. Од друга страна за оснивачите на ВМРО вели дека ги продолжиле делата на Ботев, Левски, Каравелов. Во контекст на ова

вели: Основањето на ВМРО е едно големо дело и во историјата на македонскиот народ и е еден противречен датум, кој стави крај на минатото и отвори нова ера и нов пат кон иднината. Во своето пишување Шатев јасно ги одвојува македонските од бугарските дејци давајќи им одредени карактеристики. Свое мислење Шатев дава и за револуционерите, при што отворено пишува дека Македонците само ги земале примерите од бугарските револуционери, како што бугарските револуционери земале пример од грчите и српските. На крајот од делото Шатев зборува и за пропагандите и нивната штетност, односно заклучува дека бугарската пропаганда и активности се штетни за Македонија, подеднакво како што се штетни и српската и грчката пропаганда и активности.

Делата на Павел Шатев, вклучувајќи го и ова, ќе ја видат светлината на денот околу седумдесетина години од нивното пишување. Причината за тоа е неговиот третман од властите на Југословенската федерација по војната, кои ќе се обидат да го вклучат во своето владеење Македонецот кој се борел за својата држава под повеќе режими, но нема да успеат во тоа бидејќи нема да им се покори на нивните пориви. Павел Шатев крајот на својот живот ќе го дочека интерниран во италијанскиот конзулат во Битола, чуван во домашен притвор со стража, без средства за егзистенција, без пријатели, со оскудна облека, храна и без греење. Кога некој животот ќе го заврши во вакви услови поради своите идеали и принципи и поради љубовта кон сопствената држава, не би требало воопшто да го поставуваме прашањето зошто истиот не ги издал своите дела. За среќа сестрата на Павел Шатев успеала да ги сочува неговите ракописи и да дозволи нивно публикување во 2011 година и потоа.

Вториот интелектуалец кој ќе посегне по пишувањето на историја на Македонија, односно на македонскиот народ е Димитар Влахов. Овој македонски деец во делото „Од историјата на македонскиот народ“[194], ќе успее од еден поинаков, во однос на Павел Шатев, агол да ја претстави македонската историја. Со оглед дека се работи за периодот по Втората светска војна кога издавањето на ова дело може да се смета за вистинско чудо, може да констатираме дека тоа е исклучително значајно, како по својата содржина, така и по својот карактер. Ова дело има свои специфики, истите оние што го одликувале и Димитар Влахов.

[194] „Из историје македонског народа“, Просвета, Издавачко предузече Србије, Белград, 1950.

Димитар Влахов го застапува социјалистичкото гледиште за настанувањето на народите воопшто, како и мислењето дека народите на балканот својата вистинска етногенеза ја започнуваат по големата преселба на народите. Тој има своја теорија во однос на сите периоди од историјата, а неговите гледишта во однос на етногенезата на народте се идентични со југословенските. Воден од своите убедувања Влахов смета дека периодот на антиката им припаѓа на сите народи, односно дава гледиште за заедничко историско наследство во антиката. Ова веројатно за Влахов е карактеристично само во однос на југословенските народи, односно не се добива впечаток дека и придобивките и културата од периодот на антиката во Европа им припаѓаат и на Македонците. Во однос на Македонија тврди дека пред доаѓањето на Словените во неа живееле Илири, Тракијци и Грци. Македонците и македонските кралеви, вклучувајќи ги и Александар III, за кој смета дека е исклучителна личност, се само споменати без посебно објаснување. Сите други толкувања се исто така во духот на југословенската идеологија и гледишта за историјата.

Но, ако се тргне од почеток може да се воочи дека ова дело содржи предговор напишан од И. Караиванов, во кој има осврт за писателот и осум глави секоја посветена на посебен дел од историјата.

Првата глава носи наслов „Доаѓањето и сместувањето на Македонците на Балканскиот полуостров - населување на Македонија со Словени, - Самуилово царство, - Македонија во политичко, културно и социјално-економско ропство". Од овие наслови воочлив е првиот „Доаѓањето и сместувањето на Македонците на Балканскиот полуостров", кој ако се погледне подетално може да постави две прашања: Првото „за кој период се работи?" и второто „од каде Македонците дошле во Македонија?". Оваа тема патем речено е прва и остава доста голем впечаток на истоијата на македонскиот народ напишана од Влахов. Значењето на претходно кажаното е дотолку поголемо ако видиме дека доаѓањето на Словените на Балканскиот полуостров и населувањето во Македонија се централна тема на првата глава. Според пишувањето на авторот се добива впечаток дека во Македонија со доаѓањето на Словените се било словенизирано и дека не останало покрај словенското друго население. Се споменуваат и Илирите, Тракијците и Грците, кои вели Влахов дека го сочинувале населението во Македонија, додека Македонци се споменуваат, но нивното споменување е многу нејасно. Она што е јасно и што се потенцира од авторот е дека сите кои живееле

во Македонија биле претопени од Словените. Забележителен е еден од поднасловите „Доаѓањето на Македонците на Балканот“, што доплнително збунува, бидејќи се поставува веже погоре споменатото прашање: Од каде дошле Македонците во Македонија?

Втората глава носи наслов „Борбата на Македонскиот народ за културно, национално и социјално-економско ослободување“. Во овој дел Самуил е прикажан како македонски крал, односно како дел од македонското кралство. По ова следува како што го нарекува авторот „турско ропство“, по што се опишува просветителството. Развојот на просветителството авторот го поврзува со македонското национално ослободително движење и развојот на свеста на народот.

Третата глава „Македонско револиционерно движење“ дава малку податоци за историјата на македонскиот народ во овој приод. Во споменатиот метеријал авторот не напишал за буните и востанијата во Македонија, односно ги нема мариовско-прилепската буна, Карпошевото востание, Његушкото востание, Разловечкото востание и Кресненското востание, а револуционерите од предилинденскиот и илинденскиот период ниеден не е споменат, освен Гоце Делчев и Даме Груев. Можеби во овој дел револуционерите не се дадени, ниту споменати бидејќи за нив е посветен посебен дел на крајот од ова дело. Потоа, во „Историјата на македонскиот народ“ Влахов пишува за Мајскиот манифест и ВМРО Обединета, каде се споменува Јане Сандански, како и револуционерите од овој период меѓу двете светски војни. Исто така, се објаснува за МАНАПО. Забележливо е тоа што авторот го изоставил периодот на Балканските војни, кои не се споменуваат иако припаѓаат на периодот кој се обработува. Ова и поделбата на Македонија не е направено веројатно за да не се повредат чувствата на некои од народите во федерацијата кои биле дел од настаните - Србите и Црногорците. Затоа пак Втората светска војна и учесниците во неа Влахов добро ги опишал, скоро во детали.

Во четвртата глава „Формирање на македонската нација и на македонскиот јазик“ Димитар Влахов пишува за основањето на македонската држава во рамките на Федеративна Народна Република Југославија со што како што смета авторот се решава прашањето на македонската нација и македонскиот јазик. Авторот често зборува за Македонија како целина, но ги користи и термините Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија. Во случајов во формирањето на македонската

нација и македонскиот јазик авторот зборува за македонскиот јазик во трите дела на Македонија, за емигрантите во Бугарија, во државите на Европа, Америка и Австралија. Посебно се интересни изнесените ставови за т.н. „великосрби“ и „великобугари“ . Имено, авторот за великосрбите зборува во минато време, односно ги поистоветува со србите кои имале аспирации кон Македонија. Од нив ги разликува србите кои се дел од „народот кој управува сам, бира влада и органи на власта“. (Димитар Влахов, Од историјата на македонскиот народ, стр. 58) за второспоменатите се вели дека го почитувале Македонскиот народ со искрени желби за слободно развивање и создавање на национална култура. Во оваа глава авторот објаснува зошто некои Македонци се сметале и се нарекувале срби, грци и бугари, иако него зборуваат јазикот на споменатите ниту пак се дел од овие народи. Како главни виновници за ова се посочуваат пропагандите, за кои авторот објаснува. Потоа се зборува за средината на XIX век кога авторот потенцира дека се појавиле учебници на повеќе дијалекти на македонскиот јазик. Од учебникарите наведени се Партение Зографски (Свештена историја на галички дијалект), Димитар Миладинов, Димитар Македонски, Кузман Шапкарев (Свештена историја и катахезис, Првоначална познанија за мали деца), Бенџамин Мачуковски, Ѓорѓија Пулевски (Речник на три јазици, Речник на четири јазици, Свето благовестување, мајчин јазик и др.). Како што веќе претходно споменав македонските востанија од 1822, 1876 и 1878 година не се споменуваат, но се споменуваат востанијата на балканските народи (1875 - 1878). Во текот на пишувањето авторот повеќе пати се навраќа на пропагандите на другите народи во Македонија. Така авторот објаснува за осамостојувањето на Бугарија и нејзиното влијание над македонското население, пред се врз интелектуалците кои емигрирале во Бугарија според Влахов од „социо-економски и политички причини“. Исто така, се потенцира и отварањето на училишта на бугарски јазик во Македонија со преземањето на дел од т.н. црковно училишни општини од страна на Бугарија. Се наведува дека македонските револуционери покрај со османлиската власт се бореле и со пропагандите. Потоа во една реченица се споменува Илинденското востание, Крушевската република, Балканските војни и поделбата на Македонија. По ова интензивно се потенцира терминот „јужнословенска нација“[195] вбројувајќи ги и Македонците во друштвото на т.н. јужнословенски нации.

---

[195] Димитар Влахов, Од историјата на македонскиот народ, стр. 61

Во овој дел исто така се опишува и борбата за ослободување на македонскиот народ во Втората светска војна, улогата на Комунистичката партија и Јосип Броз Тито. Во овој дел ја издвојуваме следната реченица која зборува за начинот на пишувањето, идеологизацијата и карактерот на материјалот: „ И кога во 1941 година другарот Тито, после долга и тешка подготовка успеал под едно знаме да ги обедини во борба против агресорите и домашните предавници сите чесни луѓе во Југославија, истакнувајќи го братството и единството, слободата и рамноправноста на сите народи на Југославија. Карактеристично е за Влахов што постојано, како што е веќе споменато се потенцира борбата за целовитоста на македонската држава, се потенцира значењето на Солун како економски центар и територјалната целовитост како важна за економијата, сточарството, занаетчиството, културата, образованието и.т.н. Во делот на науката и културата се споменуваат Кирил и Методиј, Климент и Наум, Горазд, Ангелариј, народната уметност, песните, иконографијата, копаничарството и мислењето на некои научници дека ренесансата е родена токму во црквите и манистирите во Македонија. Во овој дел се цитира Сталин, што е зачудувачки, бидејќи во овој период е актуелен судирот на Југославија и Тито со Информбиротот и Сталин. Во однос на јазикот Димитар Влахов смета дека сите јужнословенски јазици потекнуваат од иста основа поставена од Кирил и Методиј, а јазиците подоцна се развиваат во посебни. Како носители на културата се споменуваат: Војдан Чернодрински со првата напишана драма на македонски јазик „Македонска крвава свадба", Васил Иљовски со „Ленче Кумановче" како прва изведена драма на македонски јазик, делото „Бели Мугри" на Кочо Рацин и др.

Следува петтата глава со наслов „ Големите успеси на Народна Република Македонија во Федеративна Народна Република Југославија - петтогодишен стопански Титов план". На почетокот на оваа глава се нагласува дека се пристапило кон обнова на земјата. се даваат податоци за огромните загуби по војната, можеби предимензионирани и истовремено се потенцираат придобивките од новата власт преку учеството на сите граѓани и народи во власта, односно во институциите Президиум, подоцна Влада на Македонија, Народното собрание на НР Македонија и на ФНР Југославија. Исто така, се потенцираат аграрната реформа, т.н. според авторот „културна револуција" која се манифестира преку отворањето на кина, театри, библиотеки, читални, потоа реформата во образованието и неговиот развој преку описменување на

населението, изградба на училишта, развивање на мрежа на училишта и отварање на факултети, развивање на градинки, детски домови и домови за доенчиња, како центри за грижа и заштита на децата. Посебо внимание се посветува на развојот на весниците и литературата на македонски, српски и турски јазик. Во однос на здравството се даваат податоци за бесплатните болници, советувалишта и др. Во сите овие области поставени се параметри кои го отсликуваат напредокот кој е неспорен, иако тој е поврзан со стилот на авторот кој користи термини како „во името на народот, го потенцира големото значање на социјалистичката револуција, го идеализира новиот систем, а за сметка на тоа дотогашните системи ги омаловажува и сатанизира. Во однос на финансискиот систем се даваат податоци кои се најблаго речено зачудувачки и одат до таму со тврдењата дека боновите се добри, дека тоа што нема артикли во продавниците е добро и сл. На карајот од текстот авторот вели: „Со остварувањето на овој сопствен петтогодишен план, НР Македонија ќе ја претвори својата република во развиена индустриска и еликтрифицирана земја со напредно земјоделство.“[196]

Во понатамошниот текст од делото „Од историјата на македонскиот народ“ се даваат посебни делови за Пиринска и Егејска Македонија, распоредени во посебни глави (VI и VII). Ова е своевиден преседан за југословенската историографија, од причини што по ова дело па до седумдесттите години никаде повеќе не се споменува целокупната територија на Македонија, ниту пак е прикажана на карта. Најверојатно Влахов ја пишувал „Од историјата на македонскиот народ“ пред резолуцијата на информбирото и промената на ставовите на југословенското раководство кон Бугарија и Грција. Но, во ова дело во делот посветен за Пиринска Македонија се зборува за настаните по 9-ти септември 1944 година и за односите на НР Македонија со Пиринска Македонија. Впечатливо е што народот секаде се именува како „наши браќа“, се нагласуваат посетите на луѓето од Пиринска и Вардарска Македонија, врските помеѓу нив и развојот на културата, големиот број на писмени луѓе и многуте културни установи. Влахов вели: „Потребно е да се напомене дека националната и политичка свест на нашиот народ во Пиринска Македонија е развиен на висок степен. Нашите браќа од Пиринска Македонија во апсолутно мнозинство, 75%, се

---

[196] Исто, стр. 102.

чувствуваат како претставници на македонската нација, која ја извојува својата слобода“.[197]

Во овој дел се даваат и податоци за населението, за начинот на живот, за природните богатства, тутунот, шумите, сточарството, слабо развиената индустрија. Попатно се споменува уништувањето на Ванчо Михајлов.

Мошне значајно е присоединувањата на Вардарска и Пиринска Македонија за кој зборува Димитар Влахов. Тој вели: „Треба да истакнам уште нешто што утврдив за време на мојот престој во Пиринска Македонија. Констатирав дека целиот народ во тој крај сака да се присоедини кон НР Македонија и ФНР Југославија.“[198] Исто така се нагласува како општ рефрен на сите „Бараме присоединување со нашите браќа од Вардарска Македонија во НР Македонија во сојуз на Јужните Словени.“[199]

Потоа се врши известување во оваа насока, се споменува Бледскиот договор, размената на наставници помеѓу Пиринска и Вардарска Македонија, пред се по македонски јазик и историја. Исто така, се нагласува резолуцијата на Информбирото која уништила се што претходно било направено. Влахов навлегувајќи во проблемот кој настанал помеѓу НР Македонија и Бугарија околу Пиринска Македонија, поставува едно реторичко прашање и воедно на него одговара во стилот на новата држава и идеологија. Влахов вели:„дали сме ние издаици кои сме основале прав пат во нашата историја во една демократска македонска држава, каде народот ги ликвидирал своите експлататори, каде раководи сам со својата судбина, каде народот има суверени права како и другите народи на Југославија што имаат свои суверени народни републики, каде се изградува социјализмот и се постигнуваат гигантски успеси на политичко и економско поле, како и на сите гранки на општествената дејност, каде се поставени здрави темели на македонската култура, каде македонската националност може потполно слободно да се манифестира, и најпосле, каде нашата република е во најтесна врска и близок сојуз со другите републики на Југославија“.[200] Исто како во оваа реченица бесконечно долга и полна со идеологија и идеализација, се претставуваат и случајот со Венко Марковски, се влегува во реторички полемики со Поптомов, Мадолев, Југов, Тодор Павлов,

---

[197] Исто, стр.105.
[198] Исто, стр. 106.
[199] Исто.
[200] Исто, стр. 112.

против кои се пишува со навредливи зборови и истите имаат етикети како „лакеи“, „лижисахани“, „блудници“, „кариеристи“ и т.н. Овој дел завршува со пораката дека македонската историја ќе ги казни оние кои постапиле споротивно на интересите на македонскиот народ.

Во однос на седмата глава посветена на Егејска Македонија текстот изобилува со термините „монархфашисти“, „шовинисти“, „грчки управувачи“, „шовинистички организации“, „империјалистичка Грција“, „грчки терористи“ и др. Во оваа глава опфатена е историјата на Егејска Македонија по поделбата на Македонија, односно по заземањето на делот од Грците. На почетокот има краток осврт на борбите на Грција за ослободување од Турција, борбата за проширување на Грција и заземањето на Македонија. Потенцирани се насилните акции на Грците пред и за време на балканските војни, убиствата кои се случувале, палењата на градовите и селата каде живеело македонското население и сл. Исто така се опишува и состојбата по втората Балканска војна кога се уништувало се што е македонско. Следи дел кој ја потенцира борбата за слобода на македонскиот народ во овој дел на Македонија во Втората светска војна кој се борел заедно со другите народи кои живееле на оваа територија против Италијанците и Германците и во Граѓанската војна (1946-1949). За периодот на граѓанската војна се потенцира улогата на СССР кој ги поддржувал Македонците се до Резолуцијата на Информбирото. По резолуцијата, СССР веднаш побарал блага капитулација преку пораката дека „СССР се труди во Грција да се најде мирно решение“.[201] И во овој дел се идеализира ФНР Југославија, Јосип Броз Тито и Комунистичката партија.

Во последниот дел дадени се биографиите на осум видни македонски револуционери од периодот на крајот на XVIII и почетокот на XIX век, односно од периодот на Илинденското востание, формирањето на МРО и поилинденскиот период. Биографиите се гледани низ една идеолошка призма и се испреплетени со нагласен социјалистички дух на револуционерите. Дадени се биографиите на следните револуционери: Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Петар Поп Арсов и Никола Карев.

---

[201] Исто, стр. 128.

Со ова завршува делото „Од историјата на македонскиот народ“ од Димитар Влахов кое е издадно во 1950 година и е едно од првите македонски истории.

Наведените две дела кои ја прикажуваат македонската историја, се сметаат за први кои ја третираат историјата на македонскиот народ започнуваат со опишување на историјата во различни временски периоди, односно Шатев започнува со праисторијата и антиката и завршува со почетокот на XX век, додека Влахов започнува со доаѓањето на Словените на Балканот, а завршува со периодот непоредно по Втората светска војна. Од друга страна овие дела освен што имаат разлики имаат и сличности што се гледа во некои од термините кои кај Шатев и Влахов се несвојствени за историските дела, како идеологијата која помалку или повеќе е присутна и во двете дела. Но, најмногу овие дела се разликуваат во сваќањата во однос на етногенезата на македонскиот народ, при што Шатев смета дека дел од етногенезата се Античките Македонци, за разлика од Влахов чие становиште е дека во Македонија пред доаѓањето на Македонците или Словените (како што некаде ги именува) живееле Илири, Тракијци и Грци кои биле асимилирани од страна на мнозинското македонско словенско население. Оваа суштинска разлика била најеклатантен пример за разликите кои ги има на повеќе места во делата. Но, сепак Димитар Влахов ја издал својата книга во 1950 година, а Павел Шатев не. Самото неиздавање на книгата на Павел Шатев доволно зборува за разликите меѓу изнесеното од него и официјалните југословенски ставови и спротивностите кои се јавуваат помеѓу ставовите на споменатите. Но, исто така можеме да кажеме дека напишаните историски и други дела можеме да ги скриеме или да не ги публикуваме во одреден период, но не можеме да гарантираме дека тие нема еден ден да ја дочекаат својата светлина на денот и да бидат публикувани и достапни до јавноста. Така денес можеме да кажеме дека сите дела на Павел Шатев се достапни за јавноста и претставуваат драгоцен историски материјал.

Вредни да се споменат се и првите дела кои се користеле во образованието а влијаеле на свеста на народот, како по својата структура така и по содржината и темите кои ги обработуваат. Овие дела се веќе споменати и детално опишани кога се зборува за првите учебници и материјали за работа по предметот историја. Несомнено најзначајно меѓу нив, посебно имајќи го во предвид и неговото излегување во 1951 година е „Одбрани четива за историјата на Македонскиот

народ" чиј уредник бил Љубен Лапе. Ова е првото дело кое што ја обработувало историјата на македонскиот народ и кое што излегло во недостаток на учебник. Преку предговорот на ова дело професорот Лапе ја опишува целта и суштина на ова дело кое при немање учебник по историја преку четивата ја пополнува прилична празнотија во тој поглед. Содржините во ова дело во голем дел се идеологизирани и напишани во како приказни без датуми, кои почнуваат од периодот на доаѓањето на Словените на Балканот, што повторно потврдува дека Македонците се поврзуваат со своето југо - словенско потекло. Не може да не се забележи дека има искривување на фактите и има дури дека делото содржи одредени историски невистини.

Историски текстови исто така можат да се забележат уште во едно дело, односно во „Четиво", издадено во 1958 година, кое служело за надополнување на празнината која се јавува во недостаток на учебници. Делото е збир на повеќе текстови од повеќе области, меѓу кои има и историски текстови што во овој период биле драгоцени. И ова дело како и претходното е подетално обработено во втората глава.

На федеративно ниво не може а да не ја споменеме „Историјата на народите на Југославија" во која најпрво неучествувале македонски историчари, а потоа учествувале и се бореле за прифаќање и на нивните текстови во ова повеќетомно дело. Пишувањето на ова капитално дело ни ја отсликува вистинската состојба во однос на местото на македонската историја и нејзино прифаќање од страна на југословенските историчари. Историјата на народите на Југославија - втор том, излегла во 1959 година на словенечки јазик, односно во 1960 година на српско-хрватски јазик и ја опфаќа историјата на југословенските народи од средината на XV до средината на XX век.

На прв поглед „Историјата на народите на Југославија" опфаќа и теми од македонската историја и во нејзиното пишување учествуваат македонски историчари, но сепак би било наивно ако не се запрашаме какво е местото на македонската историја во однос на историите на другите југословенски народи и дали сеуште историчарите во Југославија се однесувале кон помалите народи хегемонистички како во времето кога не ги признавале. Одговорите на овие прашања можеме да ги видиме при обработката на делото, но и при критичките осврти и мислењата по неговото пишување. Едно од критичките мислења, кое го опишува седумгодишното пишување на „Историјата на народите на Југославија"

е даден на почетокот од двобројот 3-4 на списанието Историски преглед од 1960 година. Во ова списание даден е текстот „По повод вториот том од „Историјата на народите на Југославија“ - Белешки за настанување на книгата“. Овој текст посветен на седумгодишната работа на вториот том од историјата на Југославија, содржи критички осврт за самата седумгодишната работа на овој том, како и на содржините кои се дадени во неа. Во текстот се коментира за содржините кои се дадени, но и оние кои не се опфатени или не се доволно опфатени во вториот том, како што е случајот со македонската историја. Потоа критиката ги третира причините поради кои не е опфатена оваа тематика и за односот на „постарите, поголемите и позначајните народи“ во Југословенската федерација на шесте „рамноправни“ републики кон помалите и подоцна конституираните.

Во текстот набројани се темите кои се работат, но и други карактеристики кои ја отсликуваат работата на редакцијата.

Карактеристика на овој осврт на вториот том е што можеби за прв пат јавно се кажува дека за некои теми нема заеднички решенија на историчарите во Југословенската федерација, конкретно што ги задоволуваат сите членови на редакцијата на оваа историја, односно дека околу некои историски прашања нема заедничко мислење или заклучок, или поточно како што се вели „постојат спорни прашања“. Редакцијата на Историјата на Југославија отворено и недвосмислени укажува дека посебно внимание посветува на надворешниот фактор и осетливоста, односно одмереноста кон чувствата на соседите. Од историите на народите од Југословенската федерација се издвојува и се истакнува односот кон македонскиот народ и гледиштата кон него при што се вели: „Посебно во погледот на македонската историја - некои од научните гледни точки се со неодржлива конструкција, заради што редакцијата во поширок состав не ги изложила своите гледишта околу осетливите прашања“.[202]

Односот кон македонскиот народ и неговата историја остава сомнеж и при прегледот на составот на редакцијата на почетокот на пишувањето на вториот том, бидејќи има само еден македонец, проф. д-р Љубен Лапе, кој е дел од четиринаесетчлената редакција.

Вториот том од „Историјата на народите на Југославија“ содржински дава еден споредбен приказ на историите на народите на Југославија, и тоа во овој

[202] Д-р Бого Графенуаер, Поводом другог свеска “Хисторије народа Југославије, Хисториски преглед, бр. 3-4, Загреб, 1960, стр. 159

дел од историјата под турска и австроунгарска власт. Настојување на редакцијата било кај сите народи да бидат дадени подеднаков број на страници во делото, но на крајот од работата може да се констатира дека историјата на накои народи е поопширно напишана, додека историјата на другите народи е покуса, а пак во однос на македонскиот народ таа била недоволно потврдена и надвор од југословенските гледишта. Шестоидесетте страници на историјата на југословенските народи распоредена е на следниот начин: 1. Вовед: 30 страни или 5%, 2. Нашите народи под Турците: 210 страни или 35%, Хрватска (со Истра и Далмација): 150 страни или 25%, Словенија: 110 страни или 17,5%, Дубровник, Црна Гора и Војводина 110 страни или 17,5%.[203]

На почетокот од пишувањето македонската историја во наведените содржини иако експлицитно не фигурира, таа се наоѓа во составот на делот каде што се зборува за „нашите народи". Сепак на реакција на соработниците на вториот том на историјата на Југославија делот посветен на „нашите народи" бил поделен на истории на народите од Југословенската федерација. Според споменатата поделба од бројот на страници кои требало да содржат историја на Југословенските народи под турска власт се предвидувале 60 страници или 4,2 % да бидат посветени за историјата на Македонија од XV до XIX век. Во контекст на бројот на страници и компарацијата со македонската историја во ова дело застапеноста на историјата на Србија е 34,3%, историјата на Хрватска е 32,8%, словенечката историја е застапена на 20% од делото, додека историјата на Босна е застапена со 8,7%.[204] Застапеноста на страниците во делото за кое зборуваме е само еден показател и мал сегмент, кој не е безначаен и кој е поврзан со суштинското пишување на историјата на Југославија и застапеноста односно незастапеноста на македонската истторија во ова дело.

Според критичкиот осврт на д-р Бого Графенауер бројот на страните и односнот кон македонскат историја се должи на недоволно разработените прашања од историјата на македонскиот народ, а некои прашања се вели дека во научен поглед не се ни поставни до пишувањето на текстовите во 1955 и 1956 година, што се должи и на недоволната ангажираност на македонските историчари чиј текстови почнуваат да се јавуваат во 1959 година. За текстот кој

[203] Исто, стр. 165.
[204] Исто, стр. 174.

бил испратен според др Графенауер, не бил кратен, а делови биле и надополнувани.

Затоа за историјата на македонскиот народ, југословенските историчари доаѓаат до заклучок дека во текстовите во првиот и вториот том не се даваат елементи кои укажуваат на историскиот развиток на македонскиот народ во средниот век. За овој период и периодот на турското навлегување на Балканот воспоставуваат и ваква конструкција за Македонците: „Турскиот продор на Балканот ја спречил не само коноследацијата на српската и бугарскта држава туку и стапувањето на Србите и Македноците во еден народ... “[205]. Продолжува констатацијата на немакедонските автори дека „во ова време македонскиот народ нема изразени манифестации за припадност на посебен народ, па во XVIII век и пред тоа Македонците највеќе биле нарекувани Срби или Бугари. Кај западните пак писатели познато е името Македонија за оваа покраина, понекогаш се употребува и името Македонец за нејзиното население. Според Д-р Бого Графенуаер кој ја чини основата на југословенската историска мисла посебна македоонска нација се појавува во XIX век и понатаму.

Овие како и други гледишта за македонската историја се причини поради кои таа не е застапена во овој том. Југословенските историчари ќе отидат и подалеку не прифаќајќи останати историски настани и личности кои биле темел на македонската историографија, како цар Самуил и востанието на комитупулите, Карпош и неговото востание, браќата Кирил и Методиј и т.н. Оттука, ако се навратиме на делата на Павел Шатев и посебно на делото кое е обработено во овој труд и ако истите ги споредиме со настојувањата и делата на југословенските власти, историчари, политичари и нивниот однос кон македонското прашање, ќе го добиеме одговорот зошто Шатев бил маргинализиран и отстранет од политичкиот и општествен живот, а неговите дела не биле публикувани.

Во подоцнежниот период Институтот за национална историја во 1969 ќе ја издаде „Историјата на македонскиот народ“ во три тома, како капитално дело кое дотогаш никогаш не било публикувано. Од трите тома на Историја на македонскиот народ, првиот том или „книга прва“ го обработувала периодот од предисториското време до крајот на XVIII век, вториот том („книга втора“) го опфаќал периодот од почетокот на XIX почетокот на Првата светска војна,

[205] Исто, стр. 176

додека третиот том или „книга трета" го обработувала периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918 – 1945). Сите три тома била во редакција на акад. Михаило Апостолски, д-р Данчо Зографски, д-р Иван Катарџиев, акад. Блаже Конески, проф. Љубен Лапе, акад. Димитар Митрев и д-р Христо Андонов Полјански.

Покрај ова тротомно издание во 1972 година Институтот за национална историја ќе издаде и скратено издание на Историјата на македонскиот народ во редакција на акад. Михаило Апостолски, д-р Данчо Зографски, д-р Александар Стојановски и д-р Глигор Тодоровски.

Историјата на македонскиот народ во три тома од 1969 година, како скратеното издание од 1972 година самите по себе се достигнување за историјата на македонскиот народ и се значајни за историското образование во Македонија. Податокот што тие се првата официјализирана Историја на македонскиот народ издадена и напишана од Инстритутот за наионална историја, пишувана од македонски автори имаат големо значење за македонскиот народ воопшто. Она што може да се изанализира, коментира и да се даде критика доколку подлабоко се погледне во содржината на делата и доколку се навлезе во содржината на содржините е исто така важно, но во споредба со податокот дека е издадена првата историја на македоонскиот народ е од секундарно значење. Но, сепак имајќи ја во предвид дотогашната југословенска државна политика околу историјата на македонскиот народ и преку историјата и образованието влијанието на свеста на граѓаните во Македонија, овие дела имаат огромно значење, чии последици ги чувствуваме и денес. Кога во содржината на првото дело би погледнале секако би виделе дека тоа опфаќа период од историјата на македонскиот народ од предисториското време до крајот на XVIII век, значи вклучувајќи го и Античкиот период, како и сите други периоди. Но, ако погледнеме што пишува во делот посветен на праистирија и античкиот на период, ќе забележиме дека постои поглавје со наслов Македонија во времето на првобитното општество и робовладетелскиот поредок во кој според тритомната историја од 1969 година ... додека во Историјата на македонскиот народ од 1972 година има три содржини: Првобитно општество, Создавање и развиток на древната македонска држава и Македонија под римско владеење. Овој дел од историјата е претставен на вкупно 14 страници од кои за Создавањето и развиток

на македонската држава отпаѓаат 7 страници. Многу позначајно е она што е напишано на овие 7 страници, а тоа е дека во Македонија живееле ...

Бидејќи овој труд го обработува периодот до 1991 година, може да се каже дека по 1969, односно по 1972 година нема напишано и публикувано издание на „Историјата на македонскиот народ", па македонските граѓани нема да можат да прочитаат текстови од историјата на македонскиот народ издадени од најеминентнта институција која требала да ја пишува и надополнува Историјата на македонскиот народ со нови текстови, сознанија и да работи на развивање на свеста на македонскиот граѓанин. Со други зборови се очекувало во овој период до 1991 година веќе да имаме историја на македонскиот народ и историја на Македонија од сите периоди од историјата со факти, податоци и докази.

Секако сите споменати дела биле вклучени во историското образование во Македонија, пред се со користење на податоци и текстови од самите предавачи на историја, наставниците во основното и средното образование, потаоа од академската јавност, односно од професорите и студентите, како и од обичниот граѓанин. Токму овие корисници на делата директно ја развивале свеста на македонскиот граѓанин за историјата, за неговиот национален и државен идентитет и биле дел од креирањето на јавното мислење.

Со до 1991 година издадените дела, кои биле во согласност со југословенската историја се градел идентитетот на македонскиот народ кој велел дека на државниот идентитет е на прво место, односно сите се југослеовени и треба првенствено да се изјаснуваат како такви. Во одбрана на тезата македонскиот народ нема историја во античкиот период, кој патем речено им припаѓа на сите, туку историјата на македонскиот народ започнува од доаѓањето на Словените на Балканот, а најголем подем доживува во периодот на Втората светска војна и "народната револуција". Ваквото педесетгодишно учење пред се во основните и средните училишта, како и на факултетите довел до создавање на граѓани на кои Јосип Броз Тито, Комунистичката партија и Југословенската федерација им биле пред се во историска смисла. Затоа пак најголемиот број од овие граѓани не ја познавале етногенезата на македонскиот народ, а оние кои се интересирале за неа ги прогласувале за националисти. Оттука во подоцнежниот временски период дел од историчарите и добрите познавачи на историјата кои билеројугословенски ориентирани успеале да го вулгаризирале поврзувањето на Македонија и Македонците со Антиката, велејќи дека е невозможно денес да

постојат Антички Македонци, што всушност и никој не го опсорува. Но истите не кажуваат зошто античкиот период и докажувањето околу него, податоците за вклучување на античкиот период во етногенезата на македонскиот народ цели педесет години биле забранети за споменување. Единствениот кој ќе се обиде да напише ваков став, Павел Шатев, бил интерниран во Битола, каде што и починал. Историското образование во Македонија, на ваков начин останало посиромашно за податоците од еден голем историски период, се повикувале на своето потекло кое во етногенезата на Грците ги вклучувало Хелените, Италијанците на Италите, Латините и Римјаните, Бугарите на Траките, Албанците на Илирите, голем број на европски племиње на Германите и т. н. Кога македонските историчари се обиделе во етногенезата со докази да ги вклучат античките Македонци, се појавиле различни структури на личности кои почнале да сејат пропаганда дека постојат антички, словенски или какви не други македонци, свесно не истакнувајќи дека античкиот како и перодот на слевенизација и ссите други периоди се дел од етногенезата на македонскиот народ и историјата на Македонија.

Заради ова делата кои се обработени во овој труд и нивната структура, сметав дека се важни за историското образование во Македонија.

# V ГЛАВА

## 5. Предизвици и влијанија на историското образование во Република Македонија

### 5.1. Односот на етногенезата, национализмот и национален идентитет, и историското образование во Република Македонија

На историското образование во Македонија свое влијалие имале разбирањата и дефинирањата за етногенезата, национализмот и национален идентитет. За подобро разбирање на процесите и појавите и за разоткривање на одредени сфаќања за историјата потребно е споменатите поими да бидат дефинирани, објаснети и јасни. Од друга страна дефинирањето на поимите од било која дисциплина е предизвик, кој што бара поглед на поимите од повеќе перспективи и давање на заклучок кој треба да тежнееме да биде правилен и точен. Дефинирањето на поими кои пак имаат големо значење за луѓето, кои се од чувствителна природа и кои навлегуваат во нивната интима ја зголемуваат тежината на едно правилно и точно објаснување. Поимите „етнитет", „етногенеза", „национализам" и „национален идентитет" кои заради разбирање на одредени процеси поврзани со историското образование се од големо значење, се комплексни и за нивното дефинирање потребно е да се обработат и да се објаснат мултидисциплинарно, внимавајќи и на тоа во самите дисциплини секој од поимите да биде правилно дефиниран од страна на еминентни професори, научници и мислители.

Кога зборуваме за идентитетите треба да се спомене дека етничкиот и националниот идентитет се поими кои се навидум блиски, но се сепак различни по својата суштина и значење, а во случајот со историското образование во обработуваниот период често нема дисктинкција и меѓу националниот и државниот идентитет. Но, ако тргнеме по некаков ред, етничката група е поим што означува група на луѓе чиј заеднички идентитет се темели на иста култура, традиција, религија, историја, ист јазик, етничко потекло и др. Етничките групи се врзани за историјата на човештвото и присутни се во сите делови на светот. Од кога знаеме за историјата на човештвото, за што сведочат археолошките наоди, материјалната култура, многу пишани документи и целокупниот историски развој,

секаде наоѓаме на културна и етничка разноликост.[206] Оттука, процесот на создавање на еден народ, неговиот историски развој кои се повикува на археологијата, етнологијата, историјата во сите временски периоди се нарекува етногенеза. За етничките групи, етногенезата и етничкиот идентитиет со сигурност може да се каже дека се постари историски појави од нацијата и националниот идентитет, кои по правило се поврзани, односно националналниот секогаш се повикува на етничкиот идентитет и бара свој историски корени, историска оправданост и континуитет. Овие поими често се поистоветуваат, или кога се зборува за националниот идентитет често се мисли на етничкиот идентитет. Во контекст на темата во историското образование во Македонија веќе неколкупати споменавме дека било оновозможено да се изложи етногенезата на македонскиот народ и за Македонците и Македонија да се пишува во сите периоди од историјата. Исто така, било оневозможувано да се истражува и твори за периодот до доаѓањето на Словените во Македонија, а луѓето кои истражувале во ова време биле посебно опсервирани и се наоѓале под лупата на државните институции. Така првиот од нив, кои истражувал и изложувал во своето во тоа време необјавено дело факти, пишувал и творел, завршил интерниран и напуштен од сите. За југословенските историчари било специфично тоа што за историските периоди на праисторијата и Антиката се зборувало како за периоди кој им припаѓале на сите народи. За македонските историчари, по ослободувањето, а посебно кон крајот на шеесетите години јасно била поставена етногенезата на македонскиот народ. Веќе неколку пати ја истакнавме нерамноправноста во овој поглед и правата на одредени народи на истакнување на своето минато во сите временски период и неможноста на други да го направат истото. Така македонскиот народ нема да може до 1969 година да ја прикаже својата етногенеза, кога ќе излезе капиталното тротомно дело „Историја на македонскиот народ". Сепак слободно и на адекватен начин, историјата ќе почне да се пишува по 1991 година, односно по самостојувањето на Република Македонија. Ваквото истражување, пишување и интерпретирање на историја ќе остави длабоки последици чиј резултати гедаме и денес. Мора да се истакне дека и она што е дадено како антички период е незначително во однос на потребите. Како резултат на учањата бројни се прашањата на Македонците кои учеле дека

[206] Петар Корунић, Нација и национализам, Згодовински часопис 57, Љубљана, 2003, стр.1

потекнуваат од Словените, за античките корени, бројни се прашањата какви Македонци сме Антички, Словенски или други? Бројни се и луѓето кои од различни побуди ја злоупотребуваат историјата и ги поттикнуват луѓето на мислење, дека еве дошол некој кој што ви вели дека сте 2000 години стари и дека сте антички македонци, кој има намера да ве подели, не кажувајќи им дека периодот на Антиката е само период од етногенезата на Македонија и Македонците. Различните толкувања и свесни вулгаризирања на историјата, кај луѓето кои изучувале една историја педесет години, создадава забуна и иститe со онолку знаење колку што имаат не ретко им пркосат и се докажуваат дека се се но не и Македонци кои имаат своја славна историја. Се ова е направено со цел уште од времето на комунизмот на Македонците да им се даде до знаење дека немаат врска со оние во антиката, дека се едни од ретките кои немаат етногенеза и дека не треба ни да прашуваат ни да истражуваат за тоа. Македонците според комунистите и јавното мислење до 1991 година треба само да бидат благодарни што воопшто имаат држава. Сите кои се спротивставиле на ваквото мислење биле прогласени за непријатели на народот и на државата или биле елиминирани.

Национализмот во поошта смила, во енциклопедиската литература е дефиниран како „лојалност и верност, посветеност кон својот народ или својата земја која ја надминува лојалноста кон други групи или лични интереси."[207] Раните националилстички движења од XVIII и XIX век во Европа биле либерални и интернационални, но со текот на времето тие постепено станувале се поконзервативни и тесногледи. Во стручните расправи за национализмот, нацијата и националниот идентитет научниците се согласни дека овие поими настанале во 18 век, но дека сите се повикуваат и се поврзуваат со етничкиот идентитет, односно потеклото го врзуваат длабоко во историјата.

Според филозофските гледишта кои ги застапува и ги објаснува Бенедикт Андерсон, нацијата и националната пропадност во филозофијата се дефинирани на различни начини. Според Андерсон нациите се измислени групи на луѓе кои имаат одредени заеднички карактеристики, односно тоа се според него „замислени заедници" кои почнуваат да се јавуваат кон крајот на XVIII век кога

[207] Британика Енциклопедиски речник: 1- 10 (книга 6), превод, Топер, Скопје, 2005, стр. 204

доаѓа до „сложено вкрстување на одделни историски сили кои докажуваат дека се со широка разноликост и политички и идеолошки специфичности”.[208]

За социолозите и психолозите не постои единствена и јасна дефиниција за национализмот, туку постојат две групи на дефиниции. Првата го изедначува национализмот со националната свест воопшто и „национализмот, националната лојалност, патриотизмот и чувството за национална поврзаност се синоними чија заедничка карактеристика е да претставуваат предиспозиција поединецот да реагира со позитивна поддршка кон својата национална држава, било таа вистински да постои или таквата национална држава треба да постои ( постои желба да се воспостави). (Х. Грицков). Втората група на дефиниции го разликуваат национализмот од другите облици на национална поврзаност и нагласуваат дека „национализмот е состојба на свеста при која лојалноста кон својата национална држава е супериорна над сите лојалности и за која се карактеристични изразената гордост на својата нација и уверувањето во нејзината посебност и светска мисија”. Најистакнат застапник на втората теорија е Дуб (Л. Њ. Дуб) според кого „национализмот е специфичен вид на национална поврзаност и лојалност и исклучително поврзаност со својата нација“.[209] И двете групи на дефиниции се точни и вклучуваат секојдневна употреба на национализмот како поим и во социологијата и во психологијата.

Постојат и такви кои го дефинираат национализмот, како „природна припадност добиена со раѓањето во одредена држава и се стекнува како што се стекнуваме природно со пол, родители и семејство” (Ова објаснување е специфично за помал број држави во светот и е познат како грчки модел).

Мултидисциплинарниот поглед на поимите „национализам” и „национален идентитет” ни даваат една основа за објаснувањето за улогата на националниот идентитет и неговиот однос во градењето на народите, нациите и етнитетите во историското образование во Македонија. Еден од значајните елементи на нацијата и националниот идентитет е секако историското образование, од праисторијата до современието и образованието преку кое таа се пласирала и го градела идентитетот. Содржините кои ги содржат наставните програми, учебниците по историја, делата кои се издадени од Институтите за национална

---

[208] Бенедикт Андерсон, Замислени заедници размислувања за потеклото и ширењето на националилзмот, 341
[209] Др. Никола Рот, Основи на социјалната психологија, Белград, 1994, стр. 341

историја ја отсликуваат улогата на историјата во изградбата на македонскиот идентитет и вклучувањето или избегнувањето на различни историски периоди во истите. Проблемот со македонскиот идентитет е истакнувањето на еден друг вид на идентитет кој и не се споменува, а се применува во федеративна Југославија, односно тоа е државниот идентитет кој се наметнувал. Зошто било тоа така ќе биде објаснето во понатамошниот текст.

## 5. 2. Европските држави, Југославија, градењето на националниот и државниот идентитет и влијанието на историското образование

Појавата на нациите обично историчарите ја поврзуваат со француската буржоаска револуција. Се смета дека во времето на француската буржоаска револуција (1789) се јавил најпрво францускиот национализам, а потоа и други национализми, од кои посебно место заземал германскиот национализам. Германскиот национален идентитет се појавил во времето кога на тлото на Европа веќе биле присутни повеќе големи држави кои имале изградено национален идентитет. Прва задача на германскиот национализам била да се обединат малите германски државички во големиот германски Рајх, за да може да се изедначи со другите европски сили, па дури и да ги надмине. Германскиот национален идентитет својата идеологија ја темелел на заедничка пангерманска држава на сите гераманци во Европа, односно на сите кои го зборувале германскиот јазик. Оваа идеологија ја вклучувала и Австро-Унгарија и директно ги загрозила интересите на словенските народи во оваа држава.

Како резултат на појавата на пангерманизмот се појавил панславенизмот. Сесловенската идеологија како романтичарска идеологизација на општо словенското единство, „ги обединувала словенските народи од Балтикот до Јадранското и од Црното до Северното море во борбата пред се против надмоќните соседи". Оваа идеологија се зајакнала по наполеоновите војни, кога Русија почнала да се „грижи" за словените, посебно за словените кои биле во составот на Австро-Унгарија и на Отоманската империја. Претпоставките на панславенизмот биле дека сите словени му припаѓаат на едно народно стебло и сочинуваат еден народ, дека ќе изградат една силна нација која што ќе зборува еден ист јазик, ќе има една култура и историја. На заштитничката улога на Русија имало различни реакции во различни земји. Имено, идејата за панславенизам

била поприфатена од Словените кои биле во Отоманското царство, кој претходно произлегле од Византија, а помалку прифатена од Словените во рамките на Австро-Унгарија, кој произлегле од Римското царство. Словените биле различни и по верска припадност, односно словените кои се развивале во Византија биле под влијание на Православната црква, додека пак Словените кои произлегле од Западното римско царство биле под влијание на римокатоличката црква. Дополнителен проблем претставувало и непријателството на некои словенски народи како тривековното непријателство и сударот помеѓу Русија и Полска, како и судирите помеѓу Словените околу Украина (Полско-руски судир), околу Русините (Руско-украински и Полско-украински судир), околу Босна и Херцеговина (српско-хрватски судир), околу Македонија (Српско-бугарски судир) и Чешко-словачкиот судир. Сите спротивставности покажале дека пансловенската држава е мит и погрешна идеологија. Пансловенската теза за еден словенски народ и за заемни словенски интереси во одбрана на експанзионистичките и асимилаторските стремежи на несловенските европски народи се покажала како неплодотворен слоган, бидејќи ниту во најмала можна мера не била кадарна да ги намали постојните спротивставености меѓу одделни словенски народи.[210]

Во 1908 година во Прага се одржал сесловенски конгрес на кој биле поставени основите на следното дејствување на словенските држави и од кои произлегол поимот „неопанславенизам". Неопанславенизмот бил обид да се форммираат поголеми регионални словенски држави. Имено, се видело дека идејата за пансловенизмот неможе да успее и дека не е можно формирање на сесловенска држава која што ќе биде под руско влијание. Затоа се отпочнало со формирање на регионални словенски држави како што биле Чешко-словачката и Југословенската држава. Нерешените национални прашања биле основата овие држави да не функционираат по принципот на рамноправност и заедништво, при што се чекале првата можност овие држави да се разединат и да пропаднат.

Услови за создавање на јужнословенската држава биле создадени со Првата балканска војна, но набрзо настанал судир околу Македонија кој резултирал со Втората балканска војна, која пак ги урнала сите можности за формирање на словенска држава во чиј состав ќе влезеле покрај териториите на Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и териториите на

[210] Туѓман Фрањо, Историска судба на народите, Скопје, Институт за национална историја, 1998, стр. 21

Македонија и на Бугарската држава. Се разбира неопанславистичката идеологија и понатаму се користела, со цел да се зголеми својата територија на сметка на помалите словенски држави. Во својот стремеж засекогаш да го задушат македонското национално битие големобугарските и големосрпските експанзионисти, покрај оружјето ја користеле и панславистичката и неославистичката идеологија, според која конституирањето на малите народи е спротивно на историскиот развој и интересите на словенството, а на македонското население со неговата геополитичка положба му е предодредено да се стопи со бугарскиот или со српскиот народ.[211] Обединувањето на јужнословенските народи било уништено и осудено на неуспех со борбата околу поделбата на Македонија и со идеите дека Македонците мораат да се претопат со Бугарите и Србите, а Хрватите со Србите. Со ова биле уништени неопанславистичките идеи, разоткривајќи ги империјалистичките борби за превласт на Балканот. Наспроти бугарските и српските тврдења, Македонците верувале во словенството и од формирањето на големи словенски држави во кои тие би биле рамноправен субјект. Оттука е и нерешеното македонско национално прашање, како и присвојувањето на македонскиот народ на српската или на бугарската страна. Македонското прашање не било решено од православните држави, во кој Македонците најмногу верувале, ниту пак биле дел од пансловенските и неопансловенските идеи до завршетокот на Втората светска војна.

За Македонците решавањето на националното прашење било дел од платформите на Владимир Илиќ Ленин и на Томас Вудро Вилсон. На Вториот конгрес на Советите од 8 ноември 1917 година В. И. Ленин повикал „за мир без анексии и контрибуции". На 8 јануари 1908 година Вудро Вилсон со „програмата за светски мир и за повоено уредување на светот врз начелата за признавање на суверената волја на народите", во 14 точки ја претставил идејата за самоопределување и национално осамостојување на сите народи. Овие две платформи биле основа и поттик за сите неослободени народи, да се ослободат од туѓата власт. Чешкословачката држава и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците биле направени врз заедничките национални интереси на споменатите народи, но поради докрај нерешените националните прашања во

---

[211] Исто,, стр. 58.

овие држави чехословакизмот и југословенизмот останале само романтичарска илузија и утопија.

Фашизмот и борбата против словенството повторно ги зближило словенските народи, чиј обединител бил Советскиот сојуз, кој пак се залагал за национално ослободување на неослободените народи. Ленинистичкото начело за самоопределување на народите довело до нови национаноослободителни движења кој биле поддржани од социјалистичките и комунистичките движења. На современите национално ослободителни движења социјализмот им дал нова содржина, а правото за самоопредлување било средство за општествено историски напредок. Лениновото начело за самоопределување успешно го применил Јосип Броз Тито во времето на Втората светска војна, односно во времето на ослободителната војна и социјалистичката револуција, при што решавањето на националните прашања биле суштински и основни. Јосип Броз се залагал за создавање на неопансловенска држава на национални самостојни држави со национална еднаквост. Оваа држава од своето основање на 29. 11. 1943 година, почнала со признавање и еднаквост на сите народи и национални малцинства, но постојано се стремела кон формирање на нов југословенски идентитет. Оваа држава не успеала да го искорени национализмот, кој бил една од причините за нејзино распад.

Македонскиот народ во најголемиот дел од споменатиот период верувал во словенството, во заедничка словенска држава која ќе му даде можност за самоопределување и признавање. Но, процесот на ослободувањето македонскиот народ го зафатил нешто подоцна од другите балкански народи и од тие причини имаме појави кои го оневозможувале неговото постоење, а соседите ја делеле Македонската територија.

Градењето на националниот идентитет ги зафатил народите од цела Европа, а овој историски процес неможеле да го избегнат ниту Македонија, ниту нејзините соседи. Веднаш кога ќе се споменат Македонија и соседите се поставува и прашањето за „правото над Македонија", над луѓето и историјата и се создава впечаток дека сите можат да говорат за националните права на Македонците освен самите тие. Затоа во овој дел накратко ќе бидат објаснети формирањето на националната држава и националниот идентитет на соседите на Македонија, споменувањето на Македонија и на Македонците во нивните држави

при формирањето на нивните нации и вклучувањето на територијата и населението на Македонија во подоцнежниот период во т.н. „големи држави".

Македонија и сите нејзини соседи до XIX век биле под османска власт . Со зајакнувањето на Русија и појавата на нејзини аспирации за воспоставување на влијание на Балканот биле поттикнати и ослободителните борби кај народите под османска власт. Истовремено се појавил и процесот на формирањето на националната свест кај овие народи кои започнале да формираат националноослободителни организации и движења кои ќе поведат борба за слобода.

Бугарската национална свест и процесот на национално ослободување се појавил во XIX век, во времето на слабеењето на османската империја и нејзините постојани војни со Русија и Австро-Унгарија. Појавата на националната свест и националното ослободување во Бугарија е специфична по тоа што бугарските револуционери биле поврзани со два соседа на Бугарија, односно со Србија и Влашка (Романија). Бугарските револуционерни дејци од овој период биле поврзани со Србија и Влашка (Романија). Георги С. Раковски (1821 - 1867) кој живеел и работел во Белград се залагал за федерација на Бугарија и Србија, која би била царство. Љубен Каравелов (1834 - 1879) кој исто како и Раковски живеел и работел во Белград, се залагал за слога на сите балкански народи и за Српско - Бугарско - Романска федерација. Васил Левски (1837 - 1873) и Христо Ботев (1848 - 1876) се залагале за рамноправна соработка на балканските народи. Интересно е што самите дејци при националноослободителната борба на Бугарија во ниеден случај, во ниедна нивна платформа не ја споменал Македонија како дел од Бугарија, ниту пак Македонскиот народ како дел од Бугарскиот.

Санстефанскиот мировен договор ги разбудил аспирациите на новата недокрај формирана Бугарија за зголемување на својата територија. Првпат Македонија како дел од Бугарија се појавува по споменатиот договор, кој иако никогаш не профункционирал до ден денес ги бранува страстите за т.н. „Голема Бугарија". Од 1878 година како дел од бугарската национална свест се пласираат идеите за големата бугарска нација. Територијалните претензии биле манифестирани во времето на балканските и на светските војни, кога Бугарија заземала територии од Македонија, а дел од териоторијата е сеуште под бугарска власт. Иако во одредени периоди постоело расположение за признавање на Македонскиот народ, јазик и култура и за културна автономија на Македонците,

до денес не е признаен народот, јазикот, а за Бугарија е спорно и минатото на македонскиот народ.

Во споменатиот период треба да се нагласи дека Бугарите немале претензии над Македонија до Санстфанскиот мировен договор, од кога преку институциите ќе почнат систематски да работат врз повеќе сегменти преку кои ќе се обидат да воспостават влијание во Македонија. Еден од начините за воспоставување на влијание било образованието, а негови суштински важни делови биле бугарскиот јазик и историјата. Во т.н. „патријаршиски училишта" во Македонија се предавале предмети кои преку своите содржини македонската историја ја прикажувале како бугарска и на македонскиот народ кои сакал да биде зафатен со процесот на образование го насочувале во за нив точно определена насока, при што одредени Македонци се испраќале и на понатамошно образование. Дел од образованите луѓе биле враќани во Македонија и распоредувани во училиштата од каде што потекнале. По Балканските војни во делот од Македонија кој го заземала Бугарија преку образованиот систем се вршела денационализација на населението, кое што и покрај тоа што се спротивставувало на ваквите притисоци било немоќно и дел од нив подлегнале на притисоците. Со завршувањето на Втората светска војна Македонците се понадевале дека ќе им биде дозволено да зборуваат на македонски јазик и да учат за македонската историја, се понадевале дека културната автономија на Македонците конечно значела и признавање на националниот идентитет на Македонците, но нивните надежи и напори траеле до 1948 година кога настанал судирот на Југославија со Информбирото, а во судирот најмногу настрадале Македонците. Со формирање на институциите во Република Македонија по Втората светска војна, македонскиот народ за прв пат можел да ја прикаже својата историја и преку образовниот систем да ги спротивстави своите аргументи наспроти другите, како и да оневозможи присвојување на својата историја. Судирот околу историјата на македонскиот народ, вклучувајќи ги и содржините во учебниците по историја траела и во периодот кој е опчатен со трудот и сеуште трае со тоа што денес слободно и без влијанија може да се зборува, истражува, пишува и да се учи за историјата на македонскиот народ.

Развитокот на грчката национална свест се поврзани со формирањето на организацијата „Друштво на пријателите" (Фелики Етерија), во Одеса во 1814 година и борбата за ослободувањето од турската власт. По формирањето на

„Друштвото на пријателите", организацијата не била прифатена од самите Грци, односно од буржоазијата и патријаршиското светштенство, кои имале свои интереси. Идеите за ослободување биле прифатени само од најобесправените делови на грчкото општество, односно од селаните, ситната градска буржоазија и безимотните. Тие станале основа на грчкото национално ослободително движење. Во 1920 година на чело на организацијата застанал Александар Ипсилантис, кој почнал веднаш да подготвува востание, и тоа синхронизирано на повеќе места на кои биле под турска власт. Востанија биле подигнати во Влашка и на Пелопонез и тие имале променлив тек. Набрзо по кревањето востанието во Влашка било задушено, а на Пелопонез Турците извршиле невиден колеж, уништувајќи ги и дотогашните грчки сојузници. По неочекуваната бруталност на турската војска сите во Грција застанале на страната на востаниците, по што тие почнале да бележат успеси во континеталниот дел и на островите.

Во 1921 година донесена била декларација за независност на Грција. Истовремено со ослободителната борба, помеѓу Грците започнала и внатрешна борба за власт. Благодарение на внарешните немири и на помошта на Турција од Египетскиот вазал, Грција повторно била покорена. Сите сметале дека востанието е задушено и дека нема да има повеќе немири, но по кратко време одново се појавиле нови револуционерни сили, по што Европските држави почнале повеќе да се интересираат за состојбата во Грција, како и да го гледаат нивниот интерес во неа. По појавата на револуционерните сили Англија, Франција и Русија започнале да преземаат конкретни активности: во 1826 година Англија и Русија потпишале протокол според кој се залагале Грција да стане вазално автономно кнежевство, а во јули 1927 година помеѓу Русија, Англија и Франција бил потпишан „Лондонски договор" кој предвидувал воена интервенција на трите сили за постигнување на мир во Грција и за воспоставување на вазално автономно кнежевство. По интервенцијата на трите држави и посебно по турскиот пораз во битката кај Наварин во октомври 1827 година, Турција го омекнала својот став и почнала преговори. Дефинитивно ослободување на Грција настанало по поразот на Турција во руско-турската војна (1828-1829), по што бил склучен Одринскиот мир според кој се признавала автономија на Грција. Со посебен протокол потпишан во Лондон во 1930 година Грција била прогласена за наследна монархија. Во 1931 година за владетел бил избран баварскиот принц Отон I, а независноста на Грција била признаена од Турција. Во времето на Отон I биле

поставени контурите на грчката држава. Отон I успеал да го донесе првиот Устав и да ја формира првата Влада (1844). Треба да се истакне дека со овие актвности завршиле предвидените активности на „Друштвото на пријателите", односно националното ослободување на Грција. Притоа во ниту еден момент не се споменала Македонија или некој незин дел како грчка територија или како територија на која што живеат Грци.

Со доаѓањето на власт на првата влада на Јоан Колети, за прв пат била лансирана т.н. „Мегали идеја" или идеја за „Голема Грција". Јоан Колети ќе истакне: „Кралството Грција е само еден дел од Грција, најмалиот и најбедниот. Грк не е само тој што живее во Грција, туку и тој што живее во Турција. Еленизмот има два центра: Атина и Цариград, а Цариград е најголемата престолнина на сите Грци.[212] Колети сметал дека во остварувањето на неговата цел треба да му помогнат Франција и Русија. Наскоро тој во грчкиот парламент вклучил и претставници од Македонија и со тоа јасно ги посочил своите идеи. За време на Кримската војна (1853-1856), грчки одреди биле префрлени во Епир, Тесалија и во Македонија, без забележителни дејства. Почнувајќи од 70 години на XIX век Грција спроведувала организирана антисловенска пропаганда, а населението во Македонија било прогласено за грчко. Ваквата политика немала успех меѓу луѓето во Македонија, па Грција се откажала од борбата за целата територија на Македонија, по што почнала да врши подготовки и да прави договори за поделба на територијата на Македонија. Во 1867 година Грција склучила договор со Србија според кој двете држави требало да се борат за ослободување на балканските територии од Турција и нивно приклучување кон својата територија. Така според договорот на Србија требало да и „припадне" Босна, а на Грција требало да и „припаднат": Македонија, Тесалија, Епир, Тракија и Јонските острови. Но ваквите намери на Грција не биле поддржани од големите сили. Во 1877-1878 година избила нова руско-турска војна која што завршила со Санстефанскиот мировен договор и формирањето на Голема Бугарија и кој подоцна бил ревидиран со Берлинскиот конгрес. Во сите споменати настани Грција не се споменува. Аспирациите на Грција биле остварени подоцна со понатамошното слабеење на Турција и со Балканските војни и Првата светска војна, кога територијата на Македонија била поделена помеѓу Србија, Грција и Бугарија.

[212] Д-р Бранко Панов, Албанците од V до XIV век, Прилози за наставата по историја за основно и средно образование, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1992, стр. 39

Како и кај другите соседи на Македонија, кои национално се ослободиле во XIX и XX век, во почетокот на национално ослободителната борба на Грците не се споменувала територијата на Македонија и немало аспирации кон неа. Во 1844 година со формирањето на првата влада на Грција на чие чело стоел Јоан Колети за прв пат биле споменати претензии кон територијата на Македонија, а луѓе од Македонија учествувале и во работата на грчкото собрание. Овој период е почеток на борбата за воспоставување на грчко влијание во Македонија, период кој е препознатлив по црковното влијание, но и по отварањето на училилшта на грчки јазик со што се воспоставувало и влијание преку образованието. Влијанието врз македонскиот народ се засилил по поделбата на Македонија, кога во делот кој бил под грчка власт насилно со воведување на нечовечки присилни мерки бил воведен грчкиот јазик, а македонскиот јазик бил забранет дури и во секојдневната употреба помеѓу луѓето во семејствата и на јавните места. Во пропагандата пред и по окупацијата на делот од Македонија, кој и денес е под грчка власт во образованието употребувани биле и содржините од учебниците по историја кои ги потврдувале непостоењето на Македонците, а дел од македонската историја од античкиот период била претставувана како дел од грчката историја. Несогласувањата околу античкиот период, но и околу другите периоди кои го негираат постоењето на македонскиот народ продолжиле и по формирањето на македонската држава по Втората светска војна, а посебно се актуелизирале по прогласувањето на самостојноста на Република Македонија во 1991 година. По 1991 година од министерството за образование на Грција до наставниците испратени биле конкретни мерки со кои требало да се засили изучувањето на историјата од одредени периоди. Несогласувањата се сеуште актуелни, а содржините на учебниците ги поткрепуваат грчките настојувања на прикажувањето на настаните и личностите кои припаѓаат на македонската историја во историјата на Грција како Грци.

Националниот идентитет во Србија се појавил во време на османското и хабзбуршкото владеење со Србија. Создавањето на српската држава е врзано за востанието во Босна и Херцеговина (1875) и Руско-турската војна (1877-78) во кои Србија зела учество во борбата против османлиите и по кои бил одржан Берлинскиот конгрес (1878). На Берлинскиот конгрес била призната независноста на Србија.

До добивањето на автономно кнежевство Србија немала аспирации за проширување на својата територија и за асимилација на соседните народи. Првите вакви намери на Србија се појавуваат во „Начертанијето“ на Илија Гарашанин од 1844 година. Тој територијата на Македонија не ја споменува, но ги спомеува границите до каде што треба да се простира Српската држава, правејќи притоа поделби и договори за поделба на Македонија со Грција и Бугарија. Овие идеи ќе се реализираат со Балканските војни кога Македонија беше поделена помеѓу Србија, Бугарија и Грција, а ќе бидат потврдени со Версајскиот мировен договор по Првата светска војна. Посебно силна ќе биде асимилаторската и колонизаторската политика во периодот меѓу двете светски војни, а желбите за српска доминација се задржале и во наредниот период. Со формирањето на Македонската држава на Првото заседание на АСНОМ, наводно бил ставен крај на српската власт во Македонија, која на најразлични начини влијаела на политиката на македонската држава и делувала во правец на поставување кадар кои би имал пројугословенски и просрпски ставови.

Од времето на Владата на Илија Гарашанин (1844) до формирањето на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ (1944), српската држава преку нејзините институции воспоставувала српско влијание во Македонија. Влијанието покрај другото се воспоставувало и преку образованието, со отворање на училишта на српски јазик во времето на турското владеење во Македонија и посебно по Балканските војни, кога српскиот државен апарат бил посветен на претопување и асимилација на македонскиот народ кој живеел во делот кој го окупирала Србија. Учебниците по историја од овој период со своите содржини ја прикажувал Македонија како дел од српската држава, а Македонците како дел од српскиот народ. Ваквата образовна политика била прекината по Втората светска војна, кога била формирана македонска држава како рамноправен член на федерацијата во која што била и Србија. Србија и во подоцнежниот период се обидела да влијае на целокупната политика во Југославија, како и на образовната политика во Република Македонија преку различни форми на притисок и мешање во внатрешните работи и преку поставување на кадри од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина кои требало да влијаат на развојот на македонскиот национален идентитет и на поставувањето на државниот југословенски идентитет пред националниот македонски идентитет. Влијанието кое постепено се губело ќе

биде надминато по 1991 година со донесувањето на новата наставна програма по историја и содржините по историја кои ја следеле наставната програма.

Заедничко за сите соседи на Македонија во однос на македонскиот народ е тоа што државите и нивните водачи не покажувале отворени аспирации кон Македонија додека се бореле за национално ослободување, додека не стекнале државотворност и не формирале институции кои подоцна систематски работеле на ширењето на влијанието и територијата на државата. Исто така заедничко е постоењето на аспирации кон Македонија во периодот по националното ослободување , формирањето на државите, нивните институции и користењето на образованието и историјата како негов мошне важен дел. Карактеристична е борбата на Србија, Грција и Бугарија за прикажување на македонскиот народ како свој „однароден елемент“ и асимилацијата која што ја вршеле токму преку образованието и историјата. Треба да споменеме дека истите држави и денес во потполност не ги признаваат Македонците, а ја користат и македонската историја како своја.

### 5. 3. Улогата на образованието и наставниот предмет историја, во изградбата на идентитетот и националната свест

При создавањето на националниот идентитет, се создаваат одредени вредности кои треба да влијаат на свеста на луѓето за тие да станат дел од нивата свест. Образованието е еден од најзначајните сегменти преку кој вредностите треба да се воспостават трајно и систематски, почнувајќи од најраната возраст на детето, вредности кои че го следат и ќе се надградуваат во текот на целиот живот. Посебна улога во животот на човекот претставува основното образование кое е важно и денес, но кое во периодот за кој се однесува темата (1944 - 2000) имало големо и суштинско значење. Во основното образование детето се описменува и за прв пат систематски се стекнува со знаења. Значењето на ова образование било дотолку поголемо ако се знае дека по Втората светска војна бројот на неписменото население во Македонија бил голем, луѓето требало да се описменат и да се стекнат со податоци од различни области, од кои од големо значење била историјата, а посебно историјата на македонскиот народ преку која требало да се гради и јакнее националниот идентитет.

Наставните планови и програми по историја и учебниците по историја преку своите содржини треба да придонесат историјата целосно да биде претставена, во сите периоди, со што повеќе настани и личности од светската и националната историја и треба на ученикот да му даде слика на минатото и одговор на прашањето за потеклото на цивилизацијата и на народот на кој што припаѓа.

Наставните програми по историја ги дефинирале целите, задачите и содржините и претставувале основа за наставникот, кој требало да ја реализира наставната програма. На наставникот во денешни услови реализацијата на наставната програма му овозможува мноштво од средства за реализација на наставната програма, но во периодот за кој што зборуваме наставните средства на наставникот биле ограничени. Ограниченоста била дотолку поголема ако се знае дека македонска историја не постоела ниту пак некој дотогаш ја предавал. Затоа улогата на учебниците направени по наставните програми по историја и наставните помагала: историските читанки, атласи и слично биле големи. Тие во повоените години биле средство за ученикот и наставникот, без кои неможела да се замисли наставата. Треба да се напомене дека во првите повоени години улогата на учебниците по историја ја замениле текстови во весникот „Нова Македонија" и од историските читанки. Улогата на учебниците по историја во изградбата на националниот идентитиет на македонскиот народ била голема, иако во некој периоди таа не се развивала слободно и не ги прикажувала докажаните настани и личности во вистинско светло, не ги прикажувала рамномерно сите периоди и недавала можност да се истражува за одредени настани и личности. Така наставните програми преку учебниците граделе еден заеднички за сите – југословенски идентитет и давале ограничени можности секој народ во југословенската федерација да го гради својот национален идентитиет.

Југословенското заедништво, блискоста на народите, братството и единството, култот кон личноста на Јосип Броз Тито и идејата за рамноправна неопансловенска заедница на народите биле дел од содржините на учебниците преку кои се образувале младите генерации. Во рамките на образовниот систем постоеле т.н. национална група предмети, во кои се вбројувале српско-хрватскиот јазик, јазикот на кои се зборувало во републиката, историјата и географијата. Оправдување на постоењето на словенството и југо-словенството се правело преку наставните програми и учебниците по историја. Преку фаворизирањето на „југословенството" од една страна се декларирало дека се почитува посебноста

на сите народи, вклучувајќи ги и Македонците, но од друга страна се претпочитало луѓето да се изјаснуваат најпрво за Југословени, а потоа за Македонци, Хрвати, Словенци, Срби, Црногорци и.т.н. Во претставувањето и одбраната на словенството и на еднаквоста на народите се доведувала во прашање историјата пред доаѓањето на Словените на Балканот и различниот историски развој на народите, што се разбира влијаело на еднаквоста на народите во рамките на федерацијата. Кој има пославна и постара историја? Кој има и какви историски права? се прашањата кој не се барале одговори и биле забранувани. Така одредени историски периоди воопшто не постоеле, не биле опфатени со програмите по историја како и низ соодветните учебници или биле објаснувани површно и нејасно. Затоа во развојот на националната свест се всадувале југословенството, словенското потекло, еднаквоста, братството и единство. Тоа се правело на систематски начин преку содржините на учебниците по историја. Избраните содржини трабало да ја објаснат и да и дадат легитимитет на новата држава, историски да го оправдаат нејзиното создавање и постоење и да прикажат историска еднаквост на нејзините народи.

Сето тоа можело да се направи преку истакнувањето на словенството и на социјалистичката револуција, на сметка на развитокот на посебниот национален идентитет на народите кои живееја во Југословенската федерација.

Учебниците по историја имале посебна поставеност на содржините кои најчесто биле распоредени по теми или делови кои се однесувале на општата или светската и државната односно југословенската историја. Општата историја ги претставувала светските настани, секогаш внимавајќи тие да бидат во склад со државните интереси и идеологијата на државата. Државната или Југословенската историја преку содржините во учебниците по историја го оправдувала создавањето и постоењето на државата. Во учебниците се издвојуваат содржините посветени на словенството, на социјалистичката револуција и на народноослободителната борба на народите на Југославија, а многу често се забележуваат поими како „нашите народи“ и „југословенските народи“. Во рамките на содржините посветени на државната историја се издвојуваат содржините кои биле заеднички - југословенски и оние кои биле посветени на народите во југоловенската федерација. Содржините посветени на народите биле еден вид на национални истории, но треба да се нагласи дека тие секогаш биле пишувани така да бидат во согласност со југословенството, еднаквоста и братството и

единството. Тоа значело дека ниту еден народ не смеел да се издвои и да прикаже минато пославно од друг народ во Југославија без притоа да добие согласност од највисоките државни органи на федерацијата. Во рамките на историјата на „нашите народи“ или „југословенските народи“ постоеле содржини од историјата на сите народи во Југославија вклучувајќи го и македонскиот народ. Треба да се забележи дека за прв пат историјата на македонскиот народ станала дел од содржините во учебниците по историја, но исто така треба да се забележи дека оваа историја била пишувана во обем кои од југословенските власти бил сметан за прифатлив. Во темата која се обработува „Македонскиот национален идентитет низ содржините на учебниците по историја во основното образование“ споредени се токму содржините од општата историја, од југословенската историја и историјата на македонскиот народ. Со ваквата споредба на содржините и односот помеѓу нив се гледа движењето на историјата на македонскиот народ во наставните планови, во наставните програми по историја, во содржините од учебниците и застапеноста на македонската историја во различни историски периоди. За подобра прегледност и за потребите на темата содржините во учебниците по историја кои се однесуваат на историјата на македонскиот народ се именувани како „македонска историја“, а истиот термин се користи и при обработката на наставните програми по историја. Историјата на сите други народи во Југославија, како и насловите кои се однесуваат на заедничката југословенска историја во трудот се именувани како „југословенска историја“. Со ваквата обработка на содржините сметав дека реално ќе биде прикажан односот помеѓу македонската, југословенската и општата историја и нивното меѓусебно влијание при формирањето на идентитетите, пред се на македонскиот национален идентитет и југословенскиот државен идентитиет.

Историјата и историскиот развој на еден народ неможе да се скрие и како што рекол германскиот историчар Делбрик „секој народ е дете на својата историја и на своето минато и од неа неможе да се оддалечи, како што човекот неможе да се оддалечи од својата младост”.

Историскиот развиток на Македонија и историската мисла преточена во содржините на учебниците по историја можела да го оправда југословенството, но никако неможела да го скрие и да го спречи развој на идентитетот на македонскиот народ преку не опфаќањето на содржини, периоди од историјата на Македонија и нивно неизучување во текот на образованието. Првите историски

наставни планови на Президиумот на АСНОМ смело ги опфатиле сите периоди од историјата, но по ослободувањето акцентот се ставил на словенството, социјалистичката револуција, еднаквоста и братството и единството. Се работи за содржини преку кои се создавала нова општествена свест, односно воспитанието преку наставата по историја било идеолошки насочувано. Со текот на развитокот на слободата на мислата во историјата на Македонија и пред се развитокот на историската мисла во содржините на учебниците по историја се вклучувале се повеќе содржини со кои почнала да се комплетира историјата. Фактот што историјата има свој континуитет и што недозволува цели векови и периоди да се прескокнуваат или да им се дава незначително значење покажуваат дека историјата треба да се претставува континуирано како непрекинат процес од праисторијата до денес, опфаќајќи ја историјата во светски и во национални рамки.

## Заклучок

Проучувањето на историското образование во Република Македонија (1944– 1991) преку истражувањето на еден дел од историјата е всушност пишување на труд за развојот не само на историското образование и образованието воопшто, туку проучување, истражување и пишување за развојот на Македонската држава во споменатиот период. Леснотијата со која пристапив кон оваа тема и почетниот ентузијазам со текот на времето беа заменети со загриженост дали при мојата работа ќе успеам да опфатам се што е позначајно за историското образование. На крајот на оваа тема доаѓам до заклучок дека со темата е опфатено најважното, но никако не е завршено истражувањето и проучувањето во целост. Во „океанот“ од факти, документи, биографии, податоци во секој дел во кој што го истражував наидов на информации една од друга поважни, а што подлабоко навлегував во темата се чинеше дека таа нема крај. Развојот на основното, средното и високото образование, испреплетено со настанувањето на институциите за образованието во Република Македонија и образовниот процес по Втората светска војна воопшто, изградбата на училиштата, законите, реформите и промените кои настанувале, учебниците по историја и историските читанки, обуките на наставниците и историската литерура, даваат еден сплет на факти важни и неодминливи, секој на свој начин. На ова се надоврзуваат личностите кои со своите дела, знаења и несебични залагања оставиле неизбришлив печат на своето време, односно на историскиот период кој е проучуван.

Од документите во поглед на образованието во целиот овој период од 1944 до 1991, сметам дека можат да се издвојат два потпериода првиот од 1944 до седумдесеттите години и вториот од седумдесеттите години до 1991 година. Веднаш можам да констатирам дека двата се подеднакво важни, како што се важни сите настани и личности кои се споменати во овој труд. Сите тие се дел од историјата на една држава, на образовниот процес и на историското образование во Република Македонија. Мноштвото настани во образованието воопшто, а посебно на историското образование се издвојуваат и поради значајната карактеристиката на образованието - дефинирано како развоен процес. Комплексноста е уште подлабока ако се има во предвид дека до 1944

година историското образование во однос на македонскот народ и на Македонија како држава не постоело, а неговиот развој се следи до 1991 година.

Хронолошки во првиот период имаме појава на историјата на Македонскиот народ за прв пат во историјата, појава на првите институции за историја, првите наставни планови по историја, првите статии и историски читанки со историјата на Македонија, првата напишана историја на Македонскиот народ и првите специјализирани државни институции кои се занимавале со образованието во поширока смисла, а во рамките на него и со историското образование во Македонија. Паралелно со споменатото изразени се и развитокот на инфраструктурата, градбата на училиштата, нивното опремување со наставни средства и обезбедувањето на материјални средства за наставниците. Во рамките на создавањето и развојот на образованието во Македонија воопшто, свое посебно место има литературата која за првпат се појавува во една самостојна македонска држава. Тоа е дотолку позначајно бидејќи за првпат преку институциите на системот се појавуваат дела посветени на македонската историја, се формираат книгоиздателства, но позначајно е што се создава државно-правно организиран систем на основни, средни и високо образовни институции за историја, како мрежа преку која што се изучува историјата како наставен предмет.

На овој период како на добро поставен темел се надоврзува вториот период во кој продолжила работата на усовршувањето на наставните програми по историја, учебниците од македонски автори на македонски јазик, дејноста на факултетите во делот на произведувањто на наставници по историја, научната дејност на факултетите и на институтот, книгите од типот на Историите на Македонскиот народ во повеќе томови и.т.н. Односнот кон македонската историја и воедно кон македонскиот народ се менува во седумдесетите години, кога се дава пoслободно изразување на националниот идентитет, но истовремено се погласни се настаојувањата да се пишува заедничката историја на југословенските народи преку т.н „историски јадра". Покрај ова историското образование е збогатено и со книги, учебници, историски читанки и учебни помагала по историја кои како се движиме кон 1991 година се во се поголем број. Учебниците се надоврзуваат на наставните планови и програмите по историја, обработени систематски за основното, средното и високото образование во споменатиот период, кои се менувале, дополнувале со

податоци и се развивале во согласност со моменталната идеолошка матрица. Наставните планови и учебниците се нужно меѓусебно поврзани и даваат посебна тежина темата. Поради нивната важност и големата употреба, посебно, во трудот се опфатени одредени аспекти кои се однесуваат на учебниците по историја во основното и средeното образование, како и друга литература.

Во темата се дадени и различните концепти и доктрини на гледањето на македонската историја, почнувајќи од дела пишувани во приближно иста временска рамка кои се однесуваат на ист историски период, но едното е објавено во 1950 година, а другото објавено во 2012 година. Во двата труда се наоѓаат записи за македонската историја и видување на историјата на Македонија, првиот на Димитар Влахов за кои историјата на македонскиот народ е започнува со доаѓањето на Словените во Македонија, а вториот на Павел Шатев каде е претставена македонската историја која се обработува од античкиот период. На овие трудови се надоврзуваат гледиштата на југословенските и македонските историчари изразени преку Историјата на југословенските народи и Историјата на македонскиот народ, кои се проткаени со помалку или повеќе идеологија, како и со надворешните и внатрешните влијанија на сите кои биле засегнати од третирањето на историјата на македонскиот народ. За првото од овие дела голем дел од настаните и личностите кои се дел од етногенезата на македонскиот народ се спорни и се добива впечаток дека тие да можат ќе напишат експлицитно дека историјата на македонскиот народ започнува со Првото заседание на АСНОМ. Историчарите од Македонија, долго време нема да обработуваат трудови од периодот пред доаѓањето на Словените во Македонија, па така и нивните историски искажувања и пишувања ќе бидат во контекст на потекнувањата на Македонците од задкарпатите. Македонија својата самостојност ќе ја дочека со ваквите тврдења кои се дадени во Историјта на македонскиот народ и кои по 1991 година ќе бидат корегирани, од историчарите на кои се дало право на глас. Меѓутоа ваквите теории кои го образувале населението педесет години на сите нивоа, ќе придонесат за градење на ставови кои ќе имаат несогледливи последици за македонскиот народ, кои влијаеле на свеста на луѓето во Македонија и давале можност за манипулација со нивните чувства. Затоа за македонскиот народ кои бил образуван во претходниот систем, ќе се

поставуваат прашања кои за некои луѓе ќе бидат побрзо сватливи и надминати, за некои ќе бидат поставени со знак на прашалник на кои треба да се докажуваме и да одговараме, додека за трети ќе бидат потполно неприфатливи и вештачки.

Во контекст на претходното, а во однос на целокупно искажаното при обработката на темата секогаш се имаше во предвид фактот дека образованието во Република Македонија и историското образование од 1944 до 1991 година било дел од југословенскиот федеративен образовен систем и дека основното, средното, високото образование и науката се развивале во рамките на истиот. Оттука, процесите кои се одвивале во Република Македонија се државно и идеолошки поврзани со оние на федерално ниво. И покрај тоа, македонскиот образовен систем, македонската историска наука и македонското историско образование имаат свои специфичности и карактеристики, кои се најзабележителни во пишувањето на историја, во наставните програми по историја во основното и средното образование, односно при формирањето на наставните предмети во рамките на високото образование. Обиди за пишување и изучување на историјата во контекст на етногенезата на македонскиот народ се направени преку првиот наставен план кога бил опфатен и античкиот период и во делата на Павел Шатев. Сосема друго е прашењето за кое повеќепати се пишува во темата, а се однесува на неприфаќањето на античкиот период во етногенезата на македонскиот народ. Развојот на овие процеси не значело само развој на историското образование и научната мисла, туку и развој на свеста кај луѓето за нивната историја и за националниот идентитет.

За „Историското образование во Македонија“ досега е пишувано и истражувано, проучувани се сегменти кои чинат целини, но во ниедно претходно дело не се обединети историското образование во основното, средното и високото, во учебниците и во другата литература. Уникатноста на овој труд е токму тоа, што дава голем број на податоци на едно место, не за да се покаже квантитетот и обемноста на материјалот, туку за што подетелно да се проучи историското образование во Македонија во периодот 1944 – 1991 година. Да се истражува историското образование во Македонија во периодот од 1944 до 1991 година за еден историчар е чест, посебно ако искуството во образовниот процес и образовните институции му дозволуваат да донесува историски заклучоци кои во темата ќе го допрат и идентиетот и идеологиите присутни во овој период.

На крајот сметам дека ова дело ќе претставува основа за многу други понатамошни истражувања кои ќе ја збогатат ризницата од трудови, но и ќе влијаат на самото образование и на развитокот на историските образование и наука. На сите споменати во овој процес, во оваа комплексна тема кој опфаќа еден голем временски период исполнет со различни настани и личности кои се значајни за создавањето и развојот на историското образование во Македонија, можеме да им одадеме почит и да им се заблагодариме за искрените намери во развојот на историското образование во Македонија.

## Извори и литература

### Необјавени извори

### Државен архив на Република Македонија - (ДАРМ)

- Фонд: Биро за развој на образованието.
- Фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945 – 1950).
- Фонд: 157, АСНОМ (1944-1945).

### Објавени извори


- Наставен план и програма за основните училишта, Народна Република Македонија, Министерство за просвета, Државно книгоиздателство на Македонија, 1946.
- Наставни планови за општо-образовните школи за учебната 1952/53 година, Совет за просвета, наука и култура на НРМ, Печатница при Филозофскиот факултет, Скопје, 1952.
- Наставен програм по историја за вишитеодделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Совет за просвета, наука и култура на НРМ, Печатница при Филозофскиот факултет, Скопје, 1952.
- Наставни планови и програми за основните училишта во НР Македонија, Завод за унапредување на школството на НРМ, Просветно дело, Скопје, 1959.
- Наставен план и програма за основните училишта во Социјалистичка република Македонија, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Просветно дело, Скопје, 1966.
- Основно училиште општа програмска структура со наставен план и програми, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Просветно дело, Скопје, 1973.
- Општа програмска структура со наставен план за основно воспитаие и образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието на СР Македонија, Просветно дело, Скопје, 1981.
- План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование, Историја за V, VI, VII, VIII одделение, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Просветно дело, Скопје, 1989.
- Наставен план за основното училиште и наставни програми за I одделение, Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1996.

- План и програма за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование, Историја, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето на СР Македонија, Скопје, февруари, 1980.
- План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование по историја за V, VI, VII и VIII одделение, Педагошки завод на Македонија, Министерство за образование и физичка култура, Скопје, 1991.
- Измени и дополнувања на наставната програма по историја за основното образование, Педагошки завод на Македонија, Министерство за образование и физичка култура, Скопје, 1994.
- Растоварување на наставната програма по историја за основното образование, Педагошки завод на Македонија, Министерство за образование и физичка култура, Скопје, 1995.
- Наставен план и наставни програми, Историја, Педагошки завод на Македонија, Министерство за образование и физичка култура, Скопје, 1998.
- Состојби и проблеми во остварувањето на основното воспитание и образование во Социјалистичка Република Македонија, Скопје, 1983.
- Анализа за ефикасноста на основното воспитание и образование во СР Македонија, Скопје, 1984.
- Негување на револуционерните традиции во НОВ и Социјалистичката револуција во воспитно-образовните организации, Скопје, 1985.
- Институционалниот развиток на високото, образование во Република Македонија (1919 – 1949), документи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007.


## Периодика


- Историски преглед (Хисторискi преглед), Часопис за наставу хисторије, Орган Савеза хисториских друштва ФНРЈ, Загреб.
- Настава по историја (Поук зговодине/ Настава историје/ настава повијести), часопис, Просветно дело, Скопје (Државна заложба Словеније, Љубљана, Школска књига, Загреб ... ).
- Историја - списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија, Скопје
- Филозофски факултет, 1946 – 1996 педесет години, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1996.
- 65 години Министерство за образование и наука на Република Македонија (1944-2009), Скопје, 2009.

## Учебници и дополнителна литература


- Д-р Апостолов А., Цветковски Б., Глигоров Ѓ., Историја за IV клас на гимназиите (општа насока), Просветно дело, Скопје, 1983
- Д-р Битовски К., Д-р Стојановски А., Д-р Тодоровски М., Историја за II клас гимназија, природно-математичка насока, Издавачко претпријатие „Просветно дело", Скопје, 1970.
- Д-р Божиќ Иван, Преглед историје од XI до XIX века за II разред гимназије природно-математичког смера, завод за издавање уџбеника Социјалилстичке Републике Србије, Београд, 1963.
- Д-р Божиќ Иван, Д-р Реља Новаковиќ, Преглед историје од XI до XIX века за II разред гимназије природно-математичког смера, завод за издавање уџбеника Социјалилстичке Републике Србије, Београд, 1963.
- Врбетиќ Марија, Историја за I клас гимназија, Издавачко претпријатие „Просветно дело", Скопје, 1965.
- Врчинац Јулијана, Историја на новиот век (1919 – 1946), Издавачко претпријатие „Просветно дело", Скопје, 1954.
- Галкин, Зубок, Нотович, Хвостов, Нова историја (1870 – 1918), Државно книгоиздателство на Македонија, 1947
- Драшковиќ Благота, Макек Иво, Историја за V одделение, Просветно дело, Скопје, 1991
- Драшковиќ Благота, Макек Иво, Историја за V одделение, Просветно дело, Скопје, 1984
- Димовски, Јордан, Кушевски, Војо, Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1982
- Димовски Јордан, Кушевски Војо, Историска читанка за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1964
- Димески Јордан, Историја за VI одделение, Просветно дело, Скопје, 1976
- Димовски Јордан, Кушевски Војо, Историска читанка за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1969
- Динев Ристо, Димовски - Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1963
- Динев Ристо, Димовски - Цолев, Ѓорѓи, Кочанковски, Јован, Танковски, Ѓорѓи, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1974
- Динев Ристо, Ѓорѓи Димовски - Цолев, Јован Кочанковски, Ѓорѓи Танковски, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1990
- Маневски Иван, Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1990

- Динев Ристо, Димовски - Цолев, Ѓорѓи, Кочанковски, Јован, Танковски, Ѓорѓи, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1976
- Динев Ристо, Димовски - Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи, Историска читанка за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1972
- Динев Ристо, Димовски - Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1983
- Динев Ристо, Димовски - Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи, Историја за II клас на средното образование (за гимназиите), Просветно дело, Скопје, 1981
- Жежељ Мирко, Хисторија за II разред гимназије, Школска књига, Загреб, 1961.
- Маневски, Иван, Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1990
- Јордан Димевски, Благој Чукарски, Владимир Дунимаглоски, Историја за VI одделение, Просветно дело, Скопје, 1988
- Александар Трајановски, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1996
- Александар Трајановски, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1992
- Новица Велјановски, Симо Младеновски, Стојан Киселиновски, Светозар Наумовски, Историја за VIII одделение, Александар Трајановски, Историја за 7 одделение, Просветно дело, Скопје, 1992
- Новица Велјановски, Симо Младеновски, Стојан Киселиновски, Светозар Наумовски, Историја за VIII одделение, Александар Трајановски, Историја за 7 одделение, Просветно дело, Скопје, 1998
- Иван Маневски, Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1989
- Ристо Динев, Ѓорѓи Димовски - Цолев, Јован Кочанковски, Ѓорѓи Танковски, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1989
- Јордан Димовски, Војо Кушевски, Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1972
- Кузмановски И., Мицковски Д., Историја за III клас гимназија, општествено-јазична насока, Издавачко претпријатие „Просветно дело", Скопје, 1970.
- Симо Младеновски, Историја за V одделение, Просветно дело, Скопје, 1997
- Смиљевиќ Богдан, Кнежевиќ Џорџе, Историја најновијег доба за IV разред гимназије, Завод за издавање уџбеника Народне Републике Србије, Београд, 1962.
- Соколович Павле, Ѓорѓевич Димитрије, Загорка М. Павлович, Новица Шчепанович, Географија за IV клас гимназија, Федеративна Народна Република Југославија, Државно книгоиздателство на Македонија, 1947.

- Коста Аџиевски, Јосиф Милчевски, Љубомир Трајковски, Историја за VI одделение, Просветно дело, Скопје, 2002
- Јордан Димевски, Благој Чукарски, Владимир Дунимаглоски, Историја за VI одделение, Просветно дело, Скопје, 1982
- Д-р Миле Тодоровски, Милка Тодоровска, Историја за V одделение, Просветно дело, Скопје, 1976
- Симо Младеновски, Историска читанка за V одделение, Просветно дело, Скопје, 1995
- Новица Велјановски, Симо Младеновски, Стојан Киселиновски, Светозар Наумовски, Историска читанка за VIII одделение, Александар Трајановски, Историја за VII одделение, Просветно дело, Скопје, 1992
- Јордан Димовски, Војо Кушевски, Историска читанка за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1977
- Љубен Лапе, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, Државно книгоиздателство на НР Македонија,Скопје, 1951
- Павел Шатев
- Д-р Панов Бранко, Историја за VI одделние, Просветно дело, Скопје, 1982
- Д-р Панов Бранко, Историја за VI одделние, Просветно дело, Скопје, 1995
- Бранко Панов, Историска читанка за VI одделение, Просветно дело, Скопје, 1994
- Петреска Даринка, Ачкоска Виолета, Аџиевски Коста, Животот на луѓето во стариот век - работна тетратка со избор текстови за историја за V одделение, Табернакул, Скопје, 2005
- Поповиќ Момчило, Живковиќ Смиља, Љубица Чубриловиќ, Историја за II клас гимназија и VI одделение на осмолетките, Државно книгоиздателство на НР Македонија, Скопје, 1952.
- Јордан Димески, Историја за IV одделение, Просветно дело, Скопје, 1959.
- А. В. Мишкулин, Историја на стариот век, Државно книгоиздателство на Македонија, Скопје, 1949
- Новица Вељановски, Симо Младеновски, Стојан Киселиновски, Светозар Наумовски; Историја за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1992
- Зборник на материјали за реализација на новите програми по историја во основното и средното образование, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1991
- Прилози за наставата по историја во основното и во средното образование, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1992
- Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1995

- Д-р Ќирковиќ М. Сима, Историја људског друштва и културе за ученике II разреда гимназије друштвено-језичког смера, Завод за издавање уџбеника Народне Републике Србије, Београд, 1962.
- Цветковски Б.,Апостолов А.,Глигоров Г., Историја за IV клас гимназија, општествено-јазична насока, Просветно дело, Скопје, 1972.
- Цветковски Б.,Апостолов А.,Глигоров Г., Историја за III клас гимназија, природно-математичка насока, Просветно дело, Скопје, 1972.
- Чубелиќ Томо, Патот кон слободата - историска читанка за VIII одделение, Просветно дело, Скопје, 1961
- Шестакова А., Историја СССР, кратки курс, Предузече за уџбенике и учила Народне Републике Србије, Београд, 1948.


## Литература


- Ачкоска Виолета, Методиката на наставта по историја, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2001
- Бенедикт Андерсон, Замислени заедници: размислувања за потеклото и ширењето на национализмот, ревидирано издание, Култура, Скопје, 1998
- Безданов Стефан, Воспитанието и образованието во документите и револуционерната акција на КПЈ/СКЈ ( 1919-1979), Просветно дело, Скопје, 1981.
- Гогоска Ленка, Основното воспитание и образование во Скопје 1944/45 – 1984/85.
- Гелнер Ернст, Нациите и национализмот, Скопје, Култура, 2001
- Додевски Сашо, 65 години Министерство за образование и наука на Република Македонија, просветно дело, Скопје, 2009
- Јелавич Барбара, Историја на Балканот, осумнаесетти и деветнаесетти век, том I и II, Скопје, 1999
- Институт за национална историја, Историја на македонскиот народ, книга I-III, НИП Нова Македонија, Скопје, 1969.
- Митев Даниел, Образованието и културата во Пробиштипско-злетовската област (1945 – 1975), магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за историја, Скопје, 2011.
- Д-р Никола Рот, Основи социјалне психологије, Завод за уџбенике и наставна средства, Белград, 1994
- Основна настава у ФНРЈ, ИЗДАЊЕ Комитета за школе и науку Владе ФНРЈ, Југословенско штампарско предузече, Београд, 1948.
- Образовање у Југославији, Развој и промене у образовању у СФР Југославији (1971-1973), Београд, 1973.

- Симов Владимир, Просветната политика во Народна Република Македонија (1944 – 1953), магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за историја, Скопје, 2010.
- Стојановски Александар, Иван Катарџиев, Данчо Зографски, Михаило Апостолски, Историја на македонскиот народ, Наша книга, Скопје, 1988.
- Д-р Терзиоски Растислав, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни инстутуции во Македонија (скопска и битолска окупациона област) 1941 - 1944, Институт за национална историја, Скопје, 1974.
- Ќела Еди, Културно-просветниот живот во Струга и Струшко (1944 – 1959) со посебен осврт на Турците, магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за историја, Скопје, 2007.
- Филозофски факултет во Скопје, монографија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 2006.
- Фрањо Туѓман, Историска судба на народите, Институт за национална историја, Скопје, 1998
- Хобсбаум Ерик, Нациите и национализмот по 1870: програма, мит, стварност, Култура, Скопје, 1993
- Црвенковски Крсте, Реформа високошколског образовања, Савремена школа, Београд, 1960.
- Шатев Павел, Историја на Македонија (материјали), Државен Архив на Република Македонија, Македоника литера, Скопје, 2012.


## Статии


- Ачкоска, Виолета, Политиката и историографијата 1944 - 1998, Македонската историска наука - достигнувања и проблеми, прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17 - 19 ноември 1998 година по повод 50-годишнината од работата на Институтот за национална историја, Институт за национална историја, Скопје, 2000 стр. 478 - 503.
- Ачкоска, Виолета, Советското влијание врз историското образование во народна Република Македонија 1945 - 1948 година, Руско-македонски јазични, литературни и културни врски (Материјали од Третата македонско-руска славистичка конференција, Охрид, 9-11 август 2001 г.), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет „Блаже Конески", Скопје, 2006, стр.533-549.
- Ачкоска, Виолета, Првите чекори на просветната политика во НРМ со посебен осврт на Велес и Велешко (1944 - 1950), Велес, Друштво за наука и уметност, Велес, год. VI, бр. 6, стр. 38 - 51. Наум Димовски, Улогата на наставата по историја

во марксистичкото образование и воспитание на учениците, Историја - списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија, Скопје, стр. 401 - 413.

- Воислав Кушевски, За потребата од поцелосна обработка на личноста на Јосип Броз Тито во наставата по историја, Самоуправна култура, Универзитет „Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 1989, стр. 199 - 215.
- Наум Димовски, Демократијата и наставата по историја, Просветно дело, Скопје, 1990, стр. 5 - 13.
- Христо Христовски, Објективи и субјективни тешкотии во наставата по историја, Просветно дело, Скопје, 1991, стр. 47 - 52.
- Југослав Миновски, Наставата по историја во граѓанското општество: Современи гледања и програмски решенија, Напредок, Тетово, 1997
- Виолета Ачкоска, Современоста и осовременувањето на наставата по историја, Историја - списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија, бр. 1 - 4, Скопје, 1995/1996 стр. 111 - 123.
- Сејфедин Елези, Наставата по историја во основното образование од 1945 - 1990, докторска дисертација, Институт за историја, Филозофски факултет, Скопје, 2000
- Воислав Кушевски, Личноста на Гоце Делчев во наставата по историја - некои дидактички опсервации Гоце Делчев и македонското национално револуционерно движење, Македонска академија на науките и уметностите и Иниститут за национална историја, Скопје, 1976, стр 327 – 338
- Македонска нација: независно списание за општествени прашања и култура, Македонски национален фронт, Брисел, 1971
- Ристовски, Г. Историја на нашата историја, Македонија, 42 / бр. 506, Скопје, 1995, стр.31 Ѓорѓи Старделов, За македонската нација и култура, Македонски иселенички алманах, 1987, стр 37 - 40.
- Душан Симовски, Околу поимот нација: некои забелешки во врска со проблемот на дефинирање на нацијата, Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, 3/ 1, Скопје, 1977, стр. 203 - 228.
- Воислав Кушевски, Кон прашањето за местото и третманот на историјата на нашите народи и народности во југословенските учебници по историја, Историја - списание на историските друштва на СР Македонија, 1983, стр. 223 - 230.
- Ристо Елемов, Факелот од Серменин, Општинска конференција на ССРНМ - Гевгелија, Тетово, 1974
- Петар Коруниќ, Нација и национални идентитет, Зградовински часопис 57, Љубљана 2003
- Д. Страњаковиќ, Како је постало Гарашаниново „Начертаније", Споменик СКА, XCI, Белград, 1939, стр 76 - 102.